РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА



# ПРАВЕН ВОДИЧ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ

Правниот водич за инвеститорите е подготвен за Министерството за економија на Република Македонија од страна на Институтот за стратешки истражувања (ИСИЕ), Скопје.

Водичот е подготвен за информативни потреби, но не претставува замена за официјалната база на законски акти, ниту за употребата на професионални правни совети и анализи при носењето на одлуки. ИСИЕ и Министерството за економија вложија напори да обезбедат точни, доследни и што е можно посеопфатни податоци во Водичот. ИСИЕ и Министерството за економија не преземаат одговорност и не прифаќаат барања за надомест на штета за евентуални грешки во текстовите на актите, неусогласеност или нецелосност на податоците.

**Република Македонија**
**Министерство за економија**

**Скопје, 2011**

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД ........ 9**

**УСТАВНО-ПРАВНИ РАМКИ ........ 13**

**ДЕЛ ПРВ – ОСНОВАЊЕ НА БИЗНИС ........ 15**

ЗАКОН ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА (Сл. бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007; 87/2008; 42/2010; 47/2010; 24/2011) (У. бр. 177/2008; 153/2008; 75/2010; 169/2010) ........ 16

ЗАКОН ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА (Сл. бр. 84/2005; 13/2007; 150/2007; 140/2008; 17/2011; 53/2011) (У. бр. 68/2007; 68/2009) ........ 22

ЗАКОН ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР (Сл. бр. 50/2001; 49/2003; 109/2005; 88/2008; 35/2011) ........ 26

ЗАКОН ЗА КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО (Сл. бр. 7/2008; 139/2008; 64/2009; 52/2010) ........ 28

ЗАКОН ЗА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ (Сл. бр. 24/2007; 88/2008,52/2009; 6/2010; 158/2010; 53/2011; 136/2011) ........ 34

ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТИКА (Сл. бр. 16/2011; 136/2011) ........ 39

ЗАКОН ЗА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ (Сл. бр. 62/2004; 89/2008; 12/2009; 17/2011; 47/2011; 53/2011) ........ 50

ЗАКОН ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ (Сл. бр. 62/2004; 89/2008; 115/2010; 53/2011) ........ 51

ЗАКОН ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (Сл. бр. 95/2005; 25/2007; 7/2008; 57/2010; 135/2011) (У. бр. 66/2006; 214/2005; 48/2006; 220/2005; 119/2008) ........ 52

ЗАКОН ЗА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ФОНДОВИ (Сл. бр. 12/2009; 67/2010; 24/2011) ........ 56

ЗАКОН ЗА ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ (Сл. бр. 34/2001; 49/2001; 103/2001; 54/2002; 51/2003; 81/2008; 24/2011; 135/2011) (У. бр. 32/2003) ........ 62

ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Сл. бр. 57/2010; 36/2011) (У. бр. 191/2010) ........ 65

ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Сл. бр. 60/2003; 161/2009; 171/2010) ........ 66

**ДЕЛ ВТОР – РАБОТНИ ОДНОСИ ........ 69**

ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ (пречистен текст Сл. бр. 158/2010; 47/2011) ........ 70

ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ (пречистен текст Сл. бр. 144/2008; 161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011) (У. бр. 84/2008; 103/2010; 173/2010) ........ 75

ЗАКОН ЗА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА (Сл. бр. 49/2006; 102/2008; 145/2010; 136/2011) ........ 75

ЗАКОН ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ (Сл. бр. 80/1993; 3/1994; 14/1995; 71/1996; 32/1997; 24/2000; 96/2000; 5/2001; 50/2001; 85/2003; 50/2004; 4/2005; 84/2005; 101/2005; 70/2006; 153/2007; 152/2008; 81/2009; 156/2009; 83/2010; 156/2010; 24/2011; 51/2011) (У. бр. 128/1995; 229/1995; 178/1996; 202/1996; 98/2000; 23/2001; 24/2001; 48/2001; 193/2005; 151/2006; 25/2008; 266/2007; 83/2009) ........ 77

ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ (Сл. бр. 70/2007; 5/2009; 35/2010; 148/2011) (У. бр. 2/2008; 230/2009) ........ 84

ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА (Сл. бр. 44/2000; 16/2004; 62/2005; 113/2005; 29/2007; 88/2008; 161/2008; 99/2009; 136/2011) ........ 90

ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА (Сл. бр. 92/2007; 136/2011) (У. бр. 255/2009; 160/2010) ........ 91

ЗАКОН ЗА МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ (Сл. бр. 87/2007) ........ 94

**ДЕЛ ТРЕТ – ОТПОЧНУВАЊЕ СО БИЗНИС ........................................................................ 97**

*1. КРЕДИТИРАЊЕ И ОСИГУРУВАЊЕ ........................................................................................ 98*
ЗАКОН ЗА БАНКИТЕ
(Сл. бр. 67/2007; 90/2009; 67/2010) (У .бр. 228/2007; 182/2007; 229/2007; 149/2008) ......................... 98
ЗАКОН ЗА ЛИЗИНГ (Сл. бр. 4/2002; 49/2003; 13/2006; 88/2008; 35/2011; 51;2011) ............................ 101
ЗАКОН ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ (Сл. бр. 5/2003; 4/2005; 87/2007; 51/2011)........................................ 102
*2. СОПСТВЕНОСТ ............................................................................................................ 104*
ЗАКОН ЗА СОПСТВЕНОСТ И ДРУГИ СТВАРНИ ПРАВА
(Сл. бр. 18/2001; 92/2008; 139/2009; 35/2010) (У. бр. 173/2007) ........................................................ 104
ЗАКОН ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ (Сл. бр. 40/2008; 158/2010; 17/2011; 51/2011) .................. 108
ЗАКОН ЗА ГРАДЕЊЕ (пречистен текст, Сл. бр. 59/2011)..................................................................... 109
ЗАКОН ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (Сл. бр. 17/2011; 53/2011) ............................................................. 110
*3. ЖИВОТНА СРЕДИНА........................................................................................................ 111*
ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (Сл. бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 47/2010;
124/2010; 51/2011) (У. бр. 151/2005; 233/2005; 154/2005; 152/2005; 146/2009;146/2009)............... 111
ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА
(Сл. бр. 67/2004; 14/2006; 84/2007; 35/2010; 47/2011; 148/2011) ...................................................... 116
ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ (пречистен текст, Сл. бр. 9/2011; 51/2011) ............................ 118
*4. СЛОБОДНИ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ ........................................................................................ 121*
ЗАКОН ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ
(Сл. бр. 14/2007; 103/2008; 130/2008; 139/2009; 156/2010)............................................................... 121

**ДЕЛ ЧЕТВРТИ – ДАНОЧНО ОПТОВАРУВАЊЕ................................................................... 131**

ЗАКОН ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА (Сл. бр. 80/1993; 33/1995; 43/1995;
71/1996; 5/1997; 28/1998; 11/2001; 2/2002; 44/2002; 51/2003; 120/2005;
139/2006; 160/2007; 159/2008; 85/2010; 47/2011; 135/2011) (У. бр. 51/2008).................................. 132
ЗАКОН ЗА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД (пречистен текст Сл. бр. 74/2006; 139/2006;
06/2007; 160/2007; 159/2008; 20/2009; 139/2009; 171/2010; 135/2011) (У. бр. 27/1996; 43/1996).... 138
ЗАКОН ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ (Сл. бр. 44/1999; 59/1999; 86/1999; 11/2000;
8/2001; 21/2003; 19/2004; 33/2006; 45/2006; 101/2006; 114/2007; 103/2008; 114/2009; 133/2009;
95/2010; 102/2010; 24/2011; 135/2011) (У. бр. 154/1999; 164/1999; 233/1999; 37/2000; 189/2003).. 141
ЗАКОН ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ (Сл. бр. 61/2004; 92/2007; 102/2008; 35/2011; 53/2011) ................. 143
ЗАКОН ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ (Сл. бр. 61/2004; 64/2005; 92/2007) ............................................... 145
ЗАКОН ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ (Сл. бр. 17/1993;
20/1996; 7/1998; 13/2001; 24/2003; 19/2004; 61/2004; 95/2005;
7/2006; 70/2006; 92/2007; 88/2008; 130/2008; 6/2010; 145/2010; 17/2011)...................................... 145
ДОГОВОРИ ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ ....................................................... 147

**ДЕЛ ПЕТТИ – ДОГОВОРНИ ОБВРСКИ/УСЛОВИ ЗА ТРГУВАЊЕ ............................................ 151**

ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА (Сл. бр. 15/2004; 129/2006; 63/2007; 88/2008;
159/2008; 20/2009; 99/2009; 105/2009; 115/2010; 158/2010; 36/2011; 53/2011) ............................. 152
ЗАКОН ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ТРГОВИЈА (Сл. бр. 133/2007; 17/2011)....................................................... 154
ЗАКОН ЗА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ
(Сл. бр. 113/2007; 22/2008; 159/2008; 133/2009; 145/2010; 35/2011) ................................................ 156
ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА (Сл. бр. 145/2010; 136/2011) ......................................... 158
ЗАКОН ЗА КОНТРОЛА НА ДРЖАВНАТА ПОМОШ (Сл. бр.145/2010) ................................................... 159
ЗАКОН ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА (Сл. бр. 4/2002; 36/2007, 67/2010; 35/2011)... 160
ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ (Сл. бр. 38/2004; 77/2007; 103/2008; 24/2011) ............... 163
ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ (Сл. бр. 33/2006; 63/2007; 24/2011; 51/2011; 148/2011) 164
ЗАКОН ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ (Сл. бр. 47/2010)............................................................................. 165

ЦАРИНСКИ ЗАКОН
(Сл. бр. 39/2005; 4/2008; 47/2010; 158/2010; 44/2011; 53/2011) (У. бр. 251/2008; 1/2009) ................ 166
ЗАКОН ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО
ДВОЈНА УПОТРЕБА (Сл. бр. 82/2005; 84/2007; 158/2010; 136/2011)................................................... 172
ЗАКОН ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ (Сл. бр. 27/2002; 79/2007;
88/2008; 67/2010; 44/2011) (У. бр. 100/2002; 203/2003; 154/2007; 218/2008; 121/2011) .................. 174
*ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ........................................................................................................... 176*
ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД (Сл. бр. 35/1997; 29/2002; 36/2011) ........................................... 176
ЗАКОН ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ (Сл. бр. 81/2005;
81/2008; 105/2009; 145/2010) (У. бр. 169/2006; 112/2009; 218/2010) ................................................. 176
ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (Сл. бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 47/2010;
124/2010; 51/2011) (У. бр. 151/2005; 233/2005; 154/2005; 152/2005; 146/2009;146/2009)............... 177
ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА (Сл. бр. 157/2010; 53/2011)...................................................... 178
ЗАКОН ЗА ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ (Сл. бр. 24/2007; 81/2007; 36/2011) (У. бр. 184/2007). 179
ЗАКОН ЗА САНИТАРНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ИНСПЕКЦИЈА
(Сл. бр. 71/2006; 139/2008; 88/2010; 18/2011; 53/2011)..................................................................... 180
ЗАКОН ЗА ТЕХНИЧКАТА ИНСПЕКЦИЈА
(Сл. бр. 88/2008; 119/2010; 36/2011; 136/2011) (У. бр. 9/2009) .......................................................... 181
ЗАКОН ЗА ГРАДЕЊЕ (пречистен текст, Сл. бр. 59/2011)......................................................................... 182
*МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА.......................................................................... 183*
МУЛТИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ ............................................................................................................ 183
БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ.................................................................................................................. 185

**ДЕЛ ШЕСТИ – ЗАШТИТА НА ИНВЕСТИТОРИТЕ.......................................................................187**

ЗАКОН ЗА МЕЃУНАРОДНА ТРГОВСКА АРБИТРАЖА (Сл. бр. 39/2006) ................................................... 188
ЗАКОН ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ (Сл. бр. 21/2009; 24/2011)................................................... 189
ЗАКОН ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА (Сл. бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007;
87/2008; 42/2010; 47/2010; 24/2011) (У. бр. 177/2008; 153/2008; 75/2010; 169/2010) ...................... 190
КРИВИЧЕН ЗАКОНИК (Сл. бр. 37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006;
7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 135/2011) (У. бр. 220/2000; 210/2001; 206/2003; 228/2005).. 192
ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА (Сл. бр. 28/2002; 46/2004;
126/2006; 10/2008; 161/2008; 145/2010) (У. бр. 190/2002; 44/2005; 160/2006)................................. 201
ДОГОВОРИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ВЗАЕМНА ЗАШТИТА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ......................................... 202

**ДЕЛ СЕДМИ – ЗАТВОРАЊЕ НА БИЗНИС ........................................................................205**

ЗАКОН ЗА СТЕЧАЈ (Сл. бр. 34/2006; 126/2006; 84/2007; 47/2011) (У. бр. 184/2007; 11/2009) ............. 206



# ВОВЕД

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – АТРАКТИВНА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

Економијата на Република Македонија, која од почетокот на деведесеттите до почетокот на новиот милениум помина низ процесот на транзиција, прераснува во пазарно ориентирана економија за која се повеќе се зголемува интересот на инвеститорите од целиот свет. Имено, националниот третман на странските инвеститори, заштитата на сопственоста, и стабилното правно и деловно опкружување го зголемува интересот на инвеститорите. Подобрувањето на инвестициониот амбиент, способната и квалификувана работна сила, поволната даночна политика преточена во најниски даночни стапки во Европа влијаат на тоа инвеститорите да ја имаат предвид Република Македонија како потенцијална земја за инвестирање на нивниот капитал.

Правниот систем во Македонија постојано се подобрува во насока на непречено поттикнување и поддржување на економскиот прогрес на земјата, глобализациските текови и политичкиот развој. Поради прилагодувањето на домашното законодавство кон она на Европската Унија, инвеститорите ќе препознаат многу законски решенија кои се слични на оние во развиените европски држави во кои веќе воделе бизниси. Во изминатиот период, беа спроведени неколку циклуси регулаторни анализи преку кои се утврди постоење на пречки и недостатоци кои имаа влијание на времетраењето на управните постапки во однос на реализирањето на потребните чекори за инвестирање и развивање на претприемништвото во Република Македонија. Врз основа на овие наоди и сознанија, Владата презеде чекори за отстранување на пречките и недостатоците што резултираше со зголемување на ефикасноста и ефективноста на управните постапки. Во таа насока, многу од владините мерки се во насока на побрза реализација на бизнис-плановите и проектите на инвеститорите. Тука спаѓаат мерките за унапредување на даночната политика, човечките потенцијали, забрзувањето на процесот на давање на услуги и поедноставувањето на управните постапки, развојот во областа на заштитата на интелектуалната и индустриската сопственост. Токму овие параметри и области се најчесто круцијалните предуслови за влез на странските инвеститори во една држава.

ЗОШТО ПРАВЕН ВОДИЧ?

И покрај фактот што водењето бизнис во Македонија е полесно од било кога, запознавањето со домашното законодавство е од исклучително значење за да се увидат тековните и препознаат идни можности. Затоа, Министерството за економија го изготви овој документ кој претставува збир на правни одредби од многу закони кои директно или индиректно имаат влијание врз бизнисите на инвеститорите. Истиот треба да биде корисна алатка за сегашните и потенцијалните инвеститори која ќе им користи во сите циклуси и фази од инвестирањето и водењето бизнис во Република Македонија.

Имајќи ги предвид постојаните измени и дополнувања на законите и нередовното утврдување на официјални пречистени текстови на законите кои би им помогнале на инвеститорите при проучувањето на македонското законодавство, Министерството за економија во декември 2011 г. го ажурираше Водичот за инвеститори. Притоа се пристапи кон анализа и скенирање на последната верзија од Водичот од април 2009 г. со цел да се утврдат законите кои во меѓувреме претрпеле измени и/или дополнувања, како и кон истражување на домашното законодавство со цел идентификување на дополнителни закони кои се релевантни и значајни за водењето бизнис на потенцијалните и постојните инвеститори во Република Македонија. Во таа смисла, се издвоија 63 закони и истите се анализираа во насока на утврдување на членовите и одредбите кои се суштествени за инвеститорите, имајќи предвид дека од техничка и практична гледна точка не е можно да се вклучат сите закони во целост. Во анализата беа опфатени сите закони и нивни измени и дополнувања, како и одлуки на Уставниот суд заклучно со декември 2011 г.

Со инкорпорирањето на одредбите од разни области и со вметнувањето на најновите измени на опфатените закони на некој начин се изврши одредена „кодификација“ на законодавството од оваа област и се добија „пречистени текстови“ на повеќе закони, така што читателот не мора да губи време во изнаоѓање на измените и дополнувањата во членовите што се опфатени со овој Водич. За таа цел, по насловот на секој закон наведени се броевите на „Службен весник на РМ“ од кои јасно може да се види

кои измени и дополнувања се опфатени, како и броевите на релевантните одлуките на Уставниот суд.

Во Водичот кај сите закони на почетокот се започнува со општите одредби настојувајќи инвеститорот да се запознае со предметот и материјата што се уредува со односниот закон, а потоа се преминува кон суштинските членови и одредби кои ја регулираат предметната материја. Интенцијата е законските одредби да се прикажат изворно и оригинално, без нивно разработување, прераскажување или толкување, со цел на инвеститорите да им се заштеди драгоценото време со тоа што ќе се насочат во анализа на прописите за кои се заинтересирани. Со ова се настојува Водичот да претставува многу корисна и функционална алатка во насока на првично запознавање на правните тимови на инвеститорите со македонското законодавство.

Врз основа на компаративна анализа на најновите трендови и најдобрите практики на изработка на ваков вид прирачници се воспостави концепт и структура што претставува вообичаен инвестициски циклус, по хронолошки ред започнувајќи од регистрирањето на бизнис, водењето на бизнис па се до затворањето на бизнис:

1. **Основање на бизнис** – овој дел ги опфаќа можностите за регистрирање на трговско друштво и најзначајните области кои би можеле да бидат предмет на интерес за инвеститорите, како што се концесиите и јавното приватно партнерство, минералните суровини, енергетиката, трговијата со хартии од вредност, фондови, берзи итн. Значи, овој дел опфаќа сѐ што е значајно пред да се започне со водење на бизнисот.
2. **Работни односи** – без работници е невозможно да се влезе во сериозни инвестиции, па овој дел ги опфаќа сите најзначајни закони и одредби од оваа сфера што ги тангираат инвеститорите.
3. **Отпочнување со бизнис** – овој дел е поделен на четири поднаслови, имено: кредити, сопственост, животна средина и слободни економски зони. Истите се идентификувани како суштествени при започнувањето на еден инвеститор со бизнис. На самиот старт секој инвеститор е заинтересиран за можностите за кредитирање и финансирање на бизнис плановите, обезбедувањето на разни дозволи и лиценци, обврските кои произлегуваат од водењето сметка за животната средина, разните погодности што ги нудат технолошките индустриски развојни зони и секако сопственичките односи како фундамент на цивилизацијата.
4. **Даночно оптоварување** – можеби најважниот дел при одлуката за инвестирање но и во време на водењето на бизнис. Овој дел ги опфаќа најважните законски решенија од областа на даноците, вклучително и даночните олеснувања и погодности, како и договорите за одбегнување на двојното оданочување што Република Македонија ги има ратификувано со други држави.
5. **Договорни обврски/Услови за тргување** – кога веќе инвеститорот го води својот бизнис во Република Македонија, од исклучителна важност за него се областите како што се трговијата, увозот и извозот, царинските давачки, слободата на пазарот и конкуренцијата, како и инспекцискиот надзор. Тука се опфатени и мултилатералните и билатералните договори за слободна трговија што ги има склучено Република Македонија.
6. **Заштита на инвеститорите** – широк спектар на законски прописи ја уредуваат оваа материја, започнувајќи од Уставот на Република Македонија. За таа цел, опфатени се неколку прописи со кои би можел инвеститорот да се сретне во текот на работењето во Република Македонија, вклучително и договорите за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите со Република Македонија.
7. **Затворање на бизнис** – конечно, стечајот и ликвидацијата, времетраењето и начинот на водење на овие постапки се особено значење за инвеститорите и некако природно го заокружуваат циклусот на инвестирање.

Со цел да се олесни употребата на овој прирачник за странските инвеститори, истиот се изработи и на англиски јазик, при што главно се користеа преводите на законите кои можат да се најдат на веб-страниците на органите на државна управа.



# УСТАВНО-ПРАВНИ РАМКИ

Република Македонија со осамостојувањето и со донесување на Уставот во ноември 1991 година ги постави уставно-правните рамки за новото општествено уредување и меѓу другото и воспоставување на нов економски систем т.е. преминување од планирана во пазарна економија. Очигледната намерата за засновање на економија која би се базирала на пазарните принципи најпрвин беше утврдена како една од темелните вредности предвидени во Уставот на Република Македонија, дефинирана во членот 8, став 1 точката 7 „слободата на пазарот и претприемништвото“.

Понатаму, во Делот „Економски, социјални и културни права“, Уставот дополнително ги утврдува пазарните принципи врз кои се засноваат новите економски односи, предвидувајќи гаранции и ограничувања на истите.

**“Член 55**

Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.”

Земајќи ги предвид капацитетите на економијата и економските субјекти во Република Македонија, Уставот дополнително дава за поттик за влез на странски инвеститори преку гарантирање на сигурноста за изнесување на вложениот капитал и правата кои произлегуваат од истиот и добивката на инвеститорите кои својот капитал го инвестирале во Република Македонија.

**“Член 59**

На странските вложувачи им се гарантира правото на слободно изнесување на вложениот капитал и добивката.

Правата стекнати врз основа на вложениот капитал не можат да се намалуваат со закон или друг пропис.”



# ДЕЛ ПРВ – ОСНОВАЊЕ НА БИЗНИС

Првиот дел на Правниот водич за инвеститорите е посветен на правната регулатива поврзана со основањето на бизнис во Република Македонија. Во таа насока, во овој дел се опфатени прописите кои ја уредуваат постапката на регистрирање на сопствен бизнис, државните институции кои се надлежни за поддршка на инвеститорите при процесот на започнување со бизнис како и прописите што ја уредуваат постапката за започнување со работа на инвестициските фондови, берзите и работата со хартии од вредност.

Надлежна институција за започнување и регистрирање на сопствен бизнис во Република Македонија е **ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР** (www.crm.com.mk). Со помош на едношалтерскиот систем на едно место и за само четири часа може да се отвори едно од следниве видови трговски друштва:

- трговец - поединец
- јавно трговско друштво
- друштво со ограничена одговорност – „ДОО“
- друштво со ограничена одговорност од едно лице – „ДООЕЛ“
- акционерско друштво
- командитно друштво
- командитно друштво со акции.

Тоа значително ги намалува административните бариери и трошоците за основање на бизнис во земјата. Отворањето на трговските друштва може да се изврши во 32 регионални канцеларии на Централниот регистар на Република Македонија. Наскоро, преку развојот на услугите на е-влада, основањето на бизнис ќе се врши онлајн.

Во рамите на Централниот регистар се формирани и Технички бироа кои ја подготвуваат целокупната документација за основање на фирма со што дополнително ќе се намалат трошоците и времето потребни за регистрација на фирма, а инвеститорите ќе имаат повеќе време за реализација на своите идеи и бизнис планови.

Од друга страна, ***Министерството за економија (Сектор за поттикнување на инвестиции)*** (www.economy.gov.mk) ја креира инвестиционата политика во земјата со цел елиминирање на административните бариери, подобрување на деловното опкружување и зголемување на приливот на странски инвестиции. Една од најзначајните активности претставува донесувањето на Програмата за поттикнување на инвестициите на секои 3 години и реализација и имплементација на мерките од Акциониот план од Програмата. Последната усвоена Програма за поттикнување на странските инвестиции се однесува на периодот 2011 – 2014 година.

Конечно, на инвеститорите на располагање им стои ***Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија*** (www.investinmacedonia.com) во било која фаза од инвестирањето. Поволната клима за инвестиции резултираше во зголемување на странските инвестиции во земјата од 159,1 милион евра во 2010 година на 303,5 милиони евра во 2011 година.

За потребите на претприемачите и поддршка на нивните бизниси е формирана ***Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија*** (www.apprm.gov.mk). Оваа агенција претставува централна државна институција за поддршка на претприемништвото и развојот на малото стопанство во Република Македонија.

***Комисијата за хартии од вредност*** (www.sec.gov.mk) пак, е одговорна за ефикасно и законито функционирање на пазарот на долгорочни хартии од вредност и заштита на правата на инвеститорите. Оваа институција е одговорна за спроведување на Законот за хартии од вредност, Законот за инвестициски фондови и Законот за преземање на акционерските друштва.

***ЗАКОН ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА (Сл. бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007; 87/2008; 42/2010; 47/2010; 24/2011) (У. бр. 177/2008; 153/2008; 75/2010; 169/2010)***

*ПРВ ДЕЛ*
ОПШТИ ОДРЕДБИ

*Предмет на уредување*
Член 1

Со овој закон се уредува/уредуваат: трговецот (според дејноста, формата, природата и обемот на дејноста, уписот); трговецот - поединец; основната главнина; уделите и акциите; договорот за друштвото; односно статутот на друштвото; преддруштвото; времето на траење на друштвото; својството на правно лице на друштвото (правниот субјективитет); подружниците; одговорноста за обврските на друштвото; посебната одговорност на содружниците, односно на акционерите; лицата кои можат, односно лицата кои не можат да основаат друштво; условите под кои странско лице може да биде содружник, односно акционер; правата на странските лица; ништовноста на друштвото; влоговите (парични и непарични); забраната за ослободување од обврската за уплата, односно внесување на влог; учеството во добивката; правото на информираност на содружникот, односно на акционерот; правниот режим на имотот на друштвото; заштитата на правата на содружниците, односно на акционерите пред судот; оцената на законитоста; белезите на трговското друштво (фирмата, седиштето, предметот на работење); застапувањето (застапник по закон, застапник по полномошно и полномошник по вработување); трговскиот полномошник; трговскиот патник; трговскиот регистар; уписите во трговскиот регистар и нивното објавување; условите за основање, управувањето, надзорот; намалувањето и зголемувањето на основната главнина; односите меѓу содружниците, односно акционерите; и другите прашања коишто се од значење за различните форми на трговските друштва-јавното трговско друштво, командитното друштво, друштвото со ограничена одговорност,акционерското друштво и командитното друштво со акции; големите зделки и зделките на друштвото со заинтересирана страна; трговските книги; годишните сметки и финансиските извештаи и нивната ревизија; дивидендата; учеството во други трговски друштва (поврзани друштва); консолидираните годишни сметки и консолидираните финансиски извештаи; преобразбата на друштвото од една во друга форма на друштво; присоединувањето, спојувањето и поделбата на друштвата; ликвидацијата на друштвото; стопанската интересна заедница; тајното друштво; странското трговско друштво и странскиот трговец-поединец; подружниците на странско друштво, односно на странски трговец-поединец и претставништва на странски друштва; контролата и надзорот; казнените одредби како и на преодниот режим за примената на овој закон.

*ВТОР ДЕЛ*
ТРГОВЕЦ

*Трговец според дејноста*
Член 4

(1) Трговец во смисла на овој закон е секое лице кое самостојно трајно во вид на занимање врши трговска дејност заради остварување добивка со производство, трговија и давање услуги на пазарот и тоа со:
1) купување на подвижни ствари со цел да ги продаде во првобитен, преработен или обработен вид;
2) продажба на подвижни ствари во преработен или обработен вид од сопствено производство;
3) тргување со хартии од вредност и управување со фондови;
4) банкарски, менувачки и други финансиски дејности;
5) дејности на осигурување;
6) превоз на лица и стока;
7) комисиони работи, шпедитерски услуги, складишни (магацински) услуги и лизинг;
8) трговско застапување и посредување;
9) угостителско-туристичка дејност, информативна дејност, маркетинг и други интелектуални услуги;
10) производство на филмови, видеокасети, аудиовизуелни записи, софтвер, како и други слични

дејности;
11) издавачка и печатарска дејност и други работи поврзани со трговијата со книги и уметнички творби и
12) купување, изградба и уредување на недвижни ствари со цел продажба и издавање.
(2) Дејностите што трговецот ќе ги врши во согласност со ставот (1) од овој член се класифицираат според дејностите утврдени во Националната класификација на дејности.

*Трговец според формата*
Член 5

Трговските друштва определени со овој закон се трговци според формата.

*Трговец според природата и обемот на дејноста*
Член 6

(1) За трговец, во смисла на овој закон, се смета и секое лице кое, во вид на занимање, води претпријатие коешто според природата и обемот на дејноста бара да биде организирано и водено на начин на којшто се водат трговските дејности иако не се наведени во членот 2 од овој закон, под услов фирмата да е запишана во трговскиот регистар.
(2) Одредбата од ставот (1) на овој член се применува и во обласна на земјоделството и шумарството само во поглед на претпријатијата за обработување или преработување на сопствени земјоделски или шумски производи.

*Трговец според уписот*
Член 7

Ако фирмата е запишана во трговскиот регистар, не може да се истакнува дека претпријатието што се води под таа фирма не е трговско.

*ТРЕТ ДЕЛ*
ТРГОВЕЦ-ПОЕДИНЕЦ

*Поим*
Член 12

(1) Трговецот-поединец е физичко лице кое, во вид на занимање, врши некоја од трговските дејности определени со овој закон.
(2) Трговецот-поединец одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.
(3) Како трговец-поединец може да се запише во трговскиот регистар секое деловно способно физичко лице со постојано место на живеење во Република Македонија.
(4) Својство на трговец-поединец се стекнува со уписот во трговскиот регистар.
(5) Одредбите од овој закон што се однесуваат за трговското друштво соодветно се применуваат и на трговецот-поединец, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

ЧЕТВРТИ ДЕЛ
ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА, ЗАСТАПУВАЊЕ, ТРГОВСКИ РЕГИСТАР И ПОСТАПКА НА УПИС
ПРВА ГЛАВА
ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

*Поим*
Член 19

(1) Трговското друштво е правно лице во коешто едно или повеќе лица вложуваат пари,ствари или права

во имот што го користат за заедничко работење и заеднички ја делат добивката и загубата од работењето.
(2) Трговското друштво самостојно трајно врши дејност, заради остварување добивка.

*Форми на трговски друштва*
*Член 20*

(1) Трговско друштво, според формата, без оглед на тоа дали врши трговска или некоја друга дејност, е:
1) јавното трговско друштво;
2) командитното друштво;
3) друштвото со ограничена одговорност;
4) акционерското друштво и
5) командитното друштво со акции.
(2) Трговско друштво може да биде основано само во форма и на начин определени со овој закон.
(3) Основачот слободно ја избира формата на трговското друштво, освен ако со закон поинаку не е определено.

*Основна главнина, удели и акции,содружници и акционери*
Член 21

(1) Имотот создаден со вложувања во трговското друштво се изразува во пари и ја претставува основната главнина на друштвото. Основната главнина на трговското друштво гласи во денари или во странска валута и задолжително се наведува во меморандумот.
(2) Правата и обврските што содружникот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина на трговското друштво се негов удел во друштвото (во натамошниот текст: удел).
(3) Правата и обврските што акционерот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина на акционерското друштвото, односно на командитното друштво со акции се негов удел во друштвото за којшто добива акции (во натамошниот текст: акции).
(4) Лицата кои вложуваат во јавното трговско друштво, во командитното друштво, во друштвото со ограничена одговорност и комплементарите во командитното друштво со акции се содружници на друштвото (во натамошниот текст: содружници).
(5) Лицата кои вложуваат во акционерското друштво и командиторите во командитното друштво со акции се акционери на друштвото (во натамошниот текст: акционери).

*Странско лице-содружник,односно акционер*
Член 30

(1) Содружник, односно акционер може да биде и секое странско лице.
(2) Странско лице може да стекнува удел или акции на начинот и под условите предвиде-ни за државјаните на Република Македонија и за правните лица запишани во трговскиот регистар на територијата на Република Македонија, освен ако со закон поинаку не е определено.
(3) Учеството на странско лице во новоосновано и во постојно трговско друштво не е ограничено, освен ако со друг закон поинаку не е определено.
(4) Трговското друштво со странско учество ги има сите права и обврски, како и трговското друштво без странско учество, освен во случаите определени со закон.

*Права на странски лица*
Член 31

(1) Правата стекнати врз основа на вложувања на странски лица во трговско друштво не можат да се намалуваат со закон или со друг пропис.
(2) Делот од добивката на трговското друштво што му припаѓа на странско лице, односно износот во случај на делумно или целосно отуѓување на уделот или на акциите на странското лице може, по налог на странското лице, слободно, без дозвола, да се дозначи во странство во валутата на вложувањето ако

друштвото располага со парично покритие, под условите определени со закон.
(3) Ако се спроведе стечај или ликвидација на трговско друштво, по завршувањето на стечајната, односно на ликвидационата постапка, странското лице има право да си го врати назад внесениот непаричен влог под условите определени со закон.
(4) Привилегиите и посебните погодности за вложување и стопанисување на странски лица се определуваат со закон.

*ОДДЕЛ 2*
СЕДИШТЕ

*Поим*
Член 60

Седиштето на трговското друштво е местото коешто е запишано во трговскиот регистар.

*ОДДЕЛ 3*
ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ

*Слобода на вршење дејност*
Член 62

(1) Трговското друштво може, како предмет на работење, да ги врши сите дејности што не се забранети со закон.
(2) Ако за одделни дејности со закон е пропишано дека можат да се вршат само врз основа на согласност, дозвола или на друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, тие дејности можат да се вршат само врз основа на согласноста, дозволата или друг акт на тој орган.
(3) Трговското друштво може без упис во трговскиот регистар да врши и други дејности коишто се потребни за неговото постоење и за вршење на работите од предметот на работење, но коишто не спаѓаат непосредно во рамките на вршењето на работите од предметот на работење.

*Субјекти што се запишуваат во трговскиот регистар*
Член 90

(1) Субјекти коишто се запишуваат во трговскиот регистар (субјекти на упис) се:
1) трговец-поединец;
2) јавно трговско друштво;
3) командитно друштво;
4) друштво со ограничена одговорност;
5) акционерско друштво;
6) командитно друштво со акции;
7) стопанска интересна заедница и
8) подружница на странско трговско друштво (во натамошниот текст: странско друштво), односно подружница на странски трговец-поединец.
(2) Сите субјекти на упис во трговскиот регистар ги запишуваат податоците определени со овој закон.
(3) Податоците што се запишуваат во трговскиот регистар се водат за секој субјект на упис одделно.
(4) Во регистарот се запишуваат и сите промени на податоците за кои, со овој закон е определено дека се запишуваат во трговскиот регистар.

*ПЕТТИ ДЕЛ*
ФОРМИ НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

ПРВА ГЛАВА
ЈАВНО ТРГОВСКО ДРУШТВО

*ОДДЕЛ 1*
*ПОИМ И ОСНОВАЊЕ*

Поим
Член 110

(1) Јавно трговско друштво (во натамошниот текст: јавно друштво) е трговско друштво во кое се здружуваат две или повеќе физички и правни лица, кои на доверителите за обврските на друштвото им одговараат неограничено и солидарно со сиот свој имот.
(2) Јавно друштво се основа со договор за друштвото склучен меѓу основачите.

ВТОРА ГЛАВА
КОМАНДИТНО ДРУШТВО

*ОДДЕЛ 1*
ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

*Поим*
Член 148

(1) Командитно друштво е трговско друштво во коешто се здружуваат две или повеќе физички и правни лица од кои најмалку еден содружник одговара за обврските на друштвото лично со сиот свој имот, односно неограничено и солидарно ако се најмалку два содружника (во натамошниот текст: комплементар), а најмалку еден содружник одговара за обврските на друштвото само до износот на запишаниот влог во друштвото (во натамошниот текст: командитор). Влогот на командиторот не може да биде во труд и услуги.
(2) Комплементарите учествуваат најмалку со една петтина во вкупниот износ на влоговите.

ТРЕТА ГЛАВА
ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

*ОДДЕЛ 1*
ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

*Поим*
Член 166

(1) Друштво со ограничена одговорност е трговско друштво во коешто едно или повеќе физички и правни лица учествуваат со по еден влог во однапред договорената основна главнина на друштвото.
(2) Влоговите на содружниците можат да бидат со различна големина.
(3) Содружниците не одговараат за обврските на друштвото.

ЧЕТВРТА ГЛАВА
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

*ОДДЕЛ 1*
ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

*Поим*
Член 270

(1) Акционерското друштво е трговско друштво во кое акционерите учествуваат со влогови во основната главнина, којашто е поделена на акции.
(2) Акционерите не одговараат за обврските на акционерското друштво.
(3) Од одредбите од овој закон, со коишто се уредува акционерското друштво, може да се отстапува на начин и според условите пропишани со овој закон и со други закони.

ШЕСТА ГЛАВА
КОМАНДИТНО ДРУШТВО СО АКЦИИ

*Поим*
Член 461

(1) Командитно друштво со акции е трговско друштво чијашто основна главнина е разделена на акции и во коешто еден или повеќе содружници одговараат неограничено и солидарно за обврските на друштвото, со сиот свој имот (во натамошниот текст: комплементари) и неколку содружници кои имаат својство на акционери и кои одговараат до износот на нивните влогови и кои не одговараат за обврските на друштвото (во натамошниот текст: комплементари).
(2) Бројот на командиторите не може да биде помал од три.
(3) Правните односи на комплементарите меѓу себе и спрема командиторите, како и спрема трети лица, како и во поглед на правото на комплементарите на управување и застапување на командитното друштво со акции се уредуваат соодветно со одредбите за командитно друштво определени со овој закон.
(4) Ако со овој закон поинаку не е определено, за командитните друштва со акции се применуваат соодветно одредбите на овој закон за акционерските друштва, освен одредбите со коишто се уредува управувањето со акционерско друштво.
(5) Фирмата на командитно друштво со акции ги содржи и зборовите „командитно друштво со акции“ или ознаката „КДА“.

СТОПАНСКА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА
*Поим*
Член 553

(1) Две или повеќе физички и правни лица можат меѓу себе за неопределено или определено време да основаат стопанска интересна заедница со цел да го олеснат и да го унапредат вршењето на трговските дејности кои го сочинуваат предметот на нивното работење и да го зголемат или подобрат нивниот резултат.
(2) Лицата од ставот (1) на овој член можат да бидат асоцијативен член во соодветна стопанска интересна заедница основана во странство.
(3) Стопанската интересна заедница не може да биде член на друга стопанска интересна заедница.

*ОСМИ ДЕЛ*
СТРАНСКО ТРГОВСКО ДРУШТВО И СТРАНСКИ ТРГОВЕЦ - ПОЕДИНЕЦ

ПРВА ГЛАВА
*СТРАНСКО ДРУШТВО И СТРАНСКИ ТРГОВЕЦ - ПОЕДИНЕЦ*

*Поим*
Член 579

(1) Странско трговско друштво, според овој закон, е секое трговско друштво основано според правото во земјата во којашто го има регистрирано седиштето (во натамошниот текст: странско друштво).
(2) Странски трговец - поединец, според овој закон, е секое физичко лице на кое тоа својство му е признато надвор од територијата на Република Македонија, во земјата чиј државјанин е, во којашто го има регистрирано седиштето и во којашто го води работењето на претпријатието.

ВТОРА ГЛАВА
ПОДРУЖНИЦИ И ПРЕТСТАВНИШТВА НА СТРАНСКИ ЛИЦА

*Подружници и претставништва на странски друштва*
Член 585

(1) Странското друштво има право да организира подружници и претставништва како свои организациони единици или на друг начин да врши определени работи и да презема обврски, да остварува право на пристап пред судовите и другите органи на Република Македонија под условите определени со закон.
(2) Правното постоење и обемот на својата правна способност во случај на сомневање или оспорување го докажува странското друштво.

*ОДДЕЛ 1*
ПОДРУЖНИЦИ НА СТРАНСКИ ЛИЦА

*Основање подружници*
Член 586

(1) Странското друштво има право, преку својата подружница, да ги врши, според формата и предметот на работење, сите работи, да стекнува и да презема обврски, право на пристап пред судовите и другите органи на Република Македонија под истите услови како и домашните друштва од иста или сродна форма и предмет на работење, освен ако со закон поинаку не е определено.
(2) Странското друштво, односно странскиот трговец - поединец, може со одлука во писмена форма да организира подружница во Република Македонија само ако е запишано во регистарот на државата во којашто има седиште.
(3) Странски трговец - поединец може да организира само една подружница.

## ***ЗАКОН ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА (Сл. бр. 84/2005; 13/2007; 150/2007; 140/2008; 17/2011; 53/2011) (У. бр. 68/2007; 68/2009)***

Член 1

(1) Со овој закон се уредува/уредуваат едношалтерскиот систем, водењето на трговскиот регистар и на регистарот на други правни лица, регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност, регистар на казни за сторените кривични дела на правни лица од страна на Централниот регистар на

Република Македонија (во натамошниот текст: Централниот регистар), во писмена и електронска форма како и преземањето на водењето на трговскиот регистар, судскиот регистар, регистарот на водните заедници, регистарот на водостопанства, регистарот на здруженија и фондации и регистарот на комори од надлежните судови од страна на Централниот регистар.

(2) Ако со закон со кој е определено водењето на регистар не е определена постапката за водењето на тој регистар, уписот ќе се врши според правилата за постапката утврдена во овој закон.

Член 3

Преку едношалтерскиот систем се овозможува:
1) обезбедување на податоци кои се задолжителни за почеток на работењето на субјектите на упис;
2) обединување на сите правно релевантни податоци во едно решение правно валидно за почеток на работењето и остварување на правата на одреден субјект и достапност на податоците;
3) достапност до уписите во основните и посебните регистри или бази на податоци кои што согласно со закон се водат во Република Македонија или надвор од неа кога тоа е од значење за воспоставување и функционирање на едношалтерскиот систем и
4) користење на податоци од субјекти кои врз договорна основа внесуваат одредени податоци од значење за едношалтерскиот систем.

Член 3-а
(1) Стечајните управници преку едношалтерскиот систем внесуваат податоци за стечајните постапки кои се водат пред надлежните судови во Република Македонија согласно со Законот за стечај.
(2) Министерот за економија ја пропишува формата, содржината и начинот на внесување на податоци преку едношалтерскиот систем за стечајните постапки кои се водат пред надлежните судови во Република Македонија согласно со Законот за стечај.

РАБОТИ КОИ СЕ ВРШАТ ПРЕКУ ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ
Член 4

(1) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем врши:
- определување и доделување на единствен матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС);
- определување на назив и шифра на приоритетна дејност според НКД;
- определување на шифра на организациониот облик на субјектот;
- внесување на единствениот даночен број (ЕДБ) на субјектот на упис;
- внесување на сметка од банка по избор на субјектот на упис;
- други податоци од значење на субјектот на упис;
- внесување на податоци за првото вработување на лицата овластени за застапување(застапник по закон) на субјектите на упис и нивно вклучување во задолжителното социјално осигурување (пензиско, инвалидско и здравствено осигурување) доколку е поднесена пријава и
- давање на електронски сертификати на субјектите на упис кои се издадени од овластените издавачи на електронски сертификати.
(2) Податоците од ставот (1) на овој член Централниот регистар ги внесува во соодветниот образец за упис, согласно со прописот од членот 23 на овој закон.
(3) Централниот регистар ја доделува и менува главната приходна шифра.
(4) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем обезбедува електронско решение за внесување на податоците од членот 3-а став (1) на овој закон.
(5) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем обезбедува електронско решение за водење на регистарот на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва во Република Македонија согласно со одредбите од Законот за трговските друштва.
(6) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем обезбедува изразување на деловните и финансиските податоци за субјектите кои се запишани во регистрите и на другите податоци со кои располага, во меѓународно прифатен стандардизиран софтверски јазик.

Член 7

(1) Општата клаузула за бизнис му овозможува на субјектот упис во трговскиот регистар и вршење на сите дејности според Националната класификација на дејности (НКД).
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член дејностите за кои според НКД со закон е пропишано да се вршат само врз основа на согласност, дозвола или друг акт на државен орган, субјектот на упис може да ги врши откако за дејностите добил согласност, дозвола или друг акт на државен орган согласно со закон.
(3) За субјектите на упис во регистарот на други правни лица се внесуваат податоци кои се од значење за вршење на дејноста.

ПРИОРИТЕТНА ДЕЈНОСТ
Член 7-а

(1) Според приоритетната дејност Централниот регистар го вклучува новиот субјект на упис во податоците за секторската распределба на субјектите по дејности во Република Македонија.
(2) Приоритетната дејност не ја исклучува, ниту ограничува примената на општата клаузула за бизнис во однос на ниту еден субјект на упис.
(3) Овластеното лице за упис во регистарот е должно да ја наведе во пријавата за упис приоритетната дејност.
(4) Приоритетната дејност има важност до доделувањето на главната приходна шифра.

Член 8

НКД ја донесува Владата на Република Македонија по предлог на Државниот завод за статистика.

УСЛОВИ И НАЧИН НА ДОДЕЛУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ НА ГЛАВНАТА ПРИХОДНА ШИФРА

Член 9

(1) Главната приходна шифра одговара на соодветната дејност од НКД од која субјектот остварил најголем приход во тековната година.
(2) Централниот регистар автоматски доделува главна приходна шифра на субјектите кои се упишани во трговскиот регистар врз основа на првиот поднесен Образец за распределба на остварени приходи по дејности на субјектот за претходната година.
(3) Централниот регистар автоматски врши проверка на главната приходна шифра и во случај да утврди дека најголемиот остварен приход е од друга дејност, различна од онаа чија приходна шифра е упишана како главна, ќе ја внесе за главна шифрата на дејноста од која е остварен најголемиот приход.
(4) За новите субјекти кои ќе бидат упишани во трговскиот регистар, се до поднесувањето на првиот Образец за распределба на остварените приходи по дејности, ќе им биде доделена главна приходна шифра врз основа на избраната и упишана приоритетна дејност.

НАЧИН НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ШИФРА НА ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОБЛИК НА СУБЈЕКТОТ
Член 10

(1) Централниот регистар врши определување на шифра на организациониот облик на субјектот на упис.
(2) Стандардните шифри на облиците на организирање на деловните субјекти и другите правни лица ги пропишува Централниот регистар, по претходно мислење од Државниот завод за статистика.

НАЧИН НА ВНЕСУВАЊЕ НА ЕДБ НА СУБЈЕКТОТ НА УПИС
Член 11

(1) Централниот регистар покрај ЕМБС врши внесување на ЕДБ на субјектите на упис.
(2) На сите субјекти на кои им се доделува ЕМБС, внесувањето на ЕДБ определен од Управата за јавни

приходи, се врши само според одредбите на овој закон.
(3) Внесувањето на ЕДБ се врши со електронска размена меѓу Управата за јавни приходи и Централниот регистар. Управата за јавни приходи доставувањето на ЕДБ го врши во рок од 90 минути од доставувањето на податоците од страна на Централниот регистар.

СМЕТКА НА СУБЈЕКТОТ НА УПИС
Член 12

(1) Субјектот на упис избира банка во која ќе ја отвори првата сметка.
(2) Податоците за банката во која ќе ја отвори првата сметка, субјектот на упис ги внесува во соодветниот образец за упис, согласно со членот 23 на овој закон.
(3) Отворањето на првата сметка на субјектот на упис се врши со електронска размена на пратки во реално време меѓу деловната банка во која се отвора првата сметка и Централниот регистар, преку единствениот регистар на трансакциски сметки.

ВНЕСУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА ПРВОТО ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ОВЛАСТЕНИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ
Член 12-а

(1) Внесување на податоци за првото вработување на лицата овластени за застапување (застапник по закон) се врши доколку е поднесена пријава од субјектот на упис.
(2) Субјектот на упис пријавата за првото вработување на лицата овластени за застапување (застапник по закон) го поднесува на посебен образец согласно со членот 23 од овој закон.
(3) Внесување на податоци за првото вработување на лицата овластени за застапување (застапник по закон) и нивното вклучување во задолжителното социјално осигурување (пензиско, инвалидско и здравствено осигурување), Централниот регистар го врши електронски, преку електронско поврзување на своите регистри со регистрите и базите на податоци коишто се водат во Агенцијата за вработување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување и Фондот за здравствено осигурување.
(4) Трошоците за електронско поврзување и за дистрибуирање на податоците ги поднесува секоја страна учесник наведени во ставот (3) на овој член, а утврдени со посебни договори, склучени меѓу Централниот регистар и страните учесници.

3. ПОСТАПКА ЗА УПИС ВО РЕГИСТАР
ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

Член 32

Постапката за упис во регистарот се поведува со поднесување на пријава за упис во писмена форма до канцеларијата на Централниот регистар, или со поднесување на пријава за упис во електронска форма преку едношалтерскиот систем, доколку со друг закон поинаку не е определено.

СОДРЖИНА НА ПРИЈАВАТА ЗА УПИС

Член 33
(1) Пријавата за упис се поднесува на пропишан образец кој ги содржи податоците што согласно со закон се запишуваат во соодветниот регистар. Ако не е пропишан образец, пријавата за упис се поднесува како поднесок во којшто се наведуваат податоците коишто според закон се запишуваат во регистарот.
(2) Кон пријавата за упис се приложуваат прилозите определени со закон според видот на уписот, односно податокот што се запишува во регистарот и доказот за уплатениот надоместок на трошоците.
(3) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем овозможува сите подносители на пријави за упис во трговскиот регистар кои поднесувањето го вршат по електронски пат надвор од територијата на Република Македонија да користат опција на јазична поддршка на друг службен јазик на земја членка на Европската унија кој одговара на македонската поддршка за истото решение.

ПОДНОСИТЕЛ НА ПРИЈАВАТА
Член 34

Подносител на пријавата е лице кое со закон е овластено да поднесува пријава за упис.

ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА
Член 35

(1) Пријавата за упис се поднесува во писмена или во електронска форма. Кога пријавата се поднесува во електронска форма се потпишува со електронски потпис.
(2) Пријавата се поднесува во регистрационите канцеларии во Централниот регистар или преку самостојни регистрациони агенти.
(3) Самостојните регистрациони агенти имаат статус на овластени лица под услови и на начин утврден со членот 20 од овој закон.
(4) Кога пријавата се поднесува во писмена форма се поднесува во еден примерок.
(5) Ако пријавата за упис се поднесува во писмена форма преку пошта, како датум и време на нејзиното поднесување се смета датумот и времето на приемот во канцеларијата за упис.

РЕШЕНИЕ ЗА УПИС
Член 41

(1) Ако регистраторот утврди дека се исполнети условите за упис согласно со членот 39 од овој закон, во рок од 4 часа од моментот на доставување на комплетната документација ќе донесе решение за упис.
(2) Решението за упис во регистарот се донесува без образложение.
(3) Кога пријавата за упис се поднесува во електронска форма рокот од ставот (1) на овој член се смета од денот на приемот на пријавата и прилозите кон пријавата во писмена форма.
(4) Решението за упис се извршува со денот на неговото донесување.
(5) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението.
(6) Предбележба на податоците, за коишто е определено со закон се врши со заклучок со кој се констатира предбележбата на податоците.

БРИШЕЊЕ НА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ
Член 58

Кога се исполнети условите за бришење на запишан субјект на упис во регистар или на некој запишан податок на субјект на упис врз основа на правосилната одлука или врз основа на закон регистраторот, по службена должност, донесува решение за бришење на упис од регистар.

## *ЗАКОН ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР (Сл. бр. 50/2001; 49/2003; 109/2005; 88/2008; 35/2011)*

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ
Член 1

Со овој закон се уредува: основањето, организацијата и делокругот на работа на Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централен регистар); односите меѓу овој регистар и другите основни регистри (во натамошниот текст: основни регистри) и нивните корисници; односите со други правни субјекти; како и прашањата сврзани со внесувањето, обработката, чувањето и дистрибуирањето на релевантни податоци од Централниот регистар до корисниците на тие податоци.

II.ОСНОВАЊЕ
Член 2

Централен регистар се основа, како централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци, кои согласно со овој или друг закон или со договор се внесуваат во него.
Централниот регистар има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со овој закон.
Седиштето на Централниот регистар е во Скопје.

Член 3

Во Централниот регистар се основаат основни регистри врз основа на други закони, во кои се конституираат права, како и регистри во кои не се конституираат права.
Во Централниот регистар се водат и основни регистри кои се предвидени со други закони надвор од Централниот регистар.

III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА
Внесување на податоци

Член 8

Податоците кои се утврдени со овој закон и друг закон се внесуваат во Централниот регистар каде што електронски се обработуваат, обединуваат, селектираат, чуваат и прават достапни до заинтересираните корисници. Обработката, обединувањето и класифицирањето на внесените податоци, Централниот регистар ги врши според свои постапки и обрасци.
При внесувањето и постапувањето со податоците, Централниот регистар се придржува на начелото на стручност, независност, објективност, економичност и ефикасност.

Член 9

Во Централниот регистар се внесуваат податоците од основните регистри со и без својство на правно лице, како и податоци од други правни и физички лица. Податоците кои се однесуваат на конституираните права на сопствениот и стварните права врз туѓи ствари (залог, хипотека, службеност, реални товари, долгорочен закуп и пренос на сопственост на предмети и пренос на права заради обезбедување), стекнат статус на трговско друштво или статус на друг вид на правно лице и годишни сметки и финансиски извештаи задолжително се внесуваат во Централниот регистар.
Внесувањето на другите видови податоци, како што се: кредитни информации, брачни договори, разни видови осигурувања и слично, се врши врз основа на договор, освен ако за одреден вид податоци не е нешто друго предвидено со закон.

Член 10

Внесувањето на податоците во Централниот регистар, основните регистри и другите субјекти и Централниот регистар, ги вршат врз основа на единствени постапки и обрасци во електронски или друг облик (форма), заради постигнување рационалност во работењето и нивна полесна и побрза достапност до заинтересираните корисници.

Користење на податоците
Член 14

Податоците од Централниот регистар можат да ги користат органите на државната управа, сите физички и правни лица, домашни и странски, освен ако за некои од нив поинаку не е определено со закон или со договор.

Член 16

Заинтересираните корисници можат да добијат информации и заверен препис од податоците внесени во регистрите.
Информациите наведени во ставот 1 од овој член можат да се добијат лично и по електронски пат, со исклучок на заверениот препис кој се добива исклучиво лично.

Член 17

Централниот регистар податоците внесени во него може да ги направи достапни за корисниците во вид на информација како необработени, обработени или во друга форма предвидена со овој или друг закон.

## *ЗАКОН ЗА КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО (Сл. бр. 7/2008; 139/2008; 64/2009; 52/2010)*

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Предмет

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за доделување на концесија, содржината на договорот за концесија, правата и обврските на концедентот и концесионерите, правната заштита во постапката за доделување на концесијата, начинот и постапката за доделување на договори за други видови на јавно приватно партнерство, содржината на договорот за јавно приватно партнерство, правата и обврските на јавниот и приватниот партнер и правната заштита во постапката за доделување на договори за јавно приватно партнерство.

Член 2
Цел

Целта на овој закон е да се промовира и овозможи приватната иницијатива во финансирањето на јавните услуги, да се утврди еднаков пристап, транспарентност во постапката за доделување на концесија и договори за други видови на јавно приватно партнерство, како и квалитетно и ефикасно вршење на работите и услугите од доделената концесија и доделените договори за други видови на јавно приватно партнерство.

Член 4
Форми на концесија и на јавно приватно партнерство

Концесијата и јавното приватно партнерство можат да се воспостават како:
- договорно партнерство и
- институционално партнерство.

Член 7
Начела

Доделувањето на концесијата/договорот за јавно приватно партнерство се врши во согласност со начелата на транспарентност, недискриминација, пропорционалност и ефикасност.

Член 10
Предмет на концесија

Предмет на концесија можат да бидат изведување на градба, вршење на јавните услуги и користење на добрата од општ интерес за Република Македонија.

Член 11
Концесија на градба

Концесија на градба има за предмет изградба на објекти на концесија со право на негово управување, користење и одржување, кое се состои од:
- правото да го гради, управува, користи и одржува објектот на концесијата без плаќање од страна на концедентот или
- правото да го гради, управува, користи и одржува објектот на концесија со целосно или делумно плаќање од страна на концедентот.

Член 12
Концесија на јавни услуги

Концесијата на јавни услуги има за предмет вршење на дејности кои со закон се определени како јавни услуги односно работи од јавен интерес и се состои од:
- правото да се врши јавната услуга без плаќање од страна на концедентот или
- правото да се врши јавната услуга целосно или делумно со плаќање од страна на концедентот и
- правото да се врши јавната услуга вклучувајќи го и управувањето, користењето и одржувањето на објектите на концесијата неопходни за вршење на јавната услуга.

Концесијата на јавни услуги може да вклучи и изведување на делумна реконструкција, конзервација или ремонт на објектите на концесијата во случаите кога се налага неопходност од:
1) довршување на започнатата градба и
2)делумно проширување, делумна реконструкција или ремонт на инсталации, постројки или други средства неопходни за вршење на концесиската дејност.

Член 13

Концесија на добра од општ интерес

Концесија на добра од општ интерес има за предмет користење на добрата од општ интерес за Република Македонија и се извршува со средства на концесионерот.

Член 19
Дејствија и постапка за доделување на концесија

Доделувањето на концесијата вклучува:
1) спроведување на подготвителни дејствија;
2) спроведување на постапка за доделување на концесија и
3) склучување на договор за концесија.

Постапката за доделување на концесија вклучува:
1) донесување на одлука за отпочнување на постапка за доделување на концесија;
2) спроведување на отворен повик, ограничен повик или конкурентен дијалог за доделување на концесија и
3) определување - избор на концесионер.

## 5. ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 39
Содржина на тендерската документација

Комисијата е должна да ја подготви тендерската документација во рокот определен со одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија, по претходно прибавена согласност од концедентот. Комисијата може изготвувањето на тендерската документација да го довери на научна или стручна организација или на експерти од соодветната област.

Во зависност од природата на концесијата, тендерската документација особено ги содржи следниве елементи:
- поканата за поднесување на понуда со инструкција,
- условите на коишто мора да одговара, вклучувајќи ги и техничките спецификации,
- инвестиционите проекти - за концесија за градба, ако такви се изработени,
- студијата за концесиски проект од членот 28 на овој закон,
- податоците за потребните гаранции,
- минималните барања на кои треба да одговараат понудите, ако во себе вклучуваат варијанти со кои се нуди алтернатива на техничките спецификации, ако тоа е претходно утврдено во јавниот повик,
- критериумите за оцена на понудите,
- инструкцијата за понудувачите за подготовка на понудата,
- податоците за објектите на концесијат што му се отстапуваат на концесионерот за време на концесискиот период,
- описот на локацијата, начинот на стекнување на земјиштето и други прашања врзани за користењето или уредувањето на локацијата,
- временската динамика за завршување на изградбата, конзервацијата, уредувањето или унапредувањето на објектите, постројките, инсталациите или другиот имот,
- периодот за кој се издава концесијата,
- основните финансиски барања на проектот, вклучувајќи го и минималниот износ на ангажиран капитал,
- предложената цена за услуги-тарифа,
- обврската за плаќање надоместок согласно со членот 17 на овој закон;
- назначувањето на објектот на концесијата што е предмет на враќање и условите за враќање согласно со членот 25 на овој закон,
- прописите и стандардите за заштита на животната средина и природата и начинот за оценување на влијанијата врз животната средина и природата,
- нацртот на текстот на договорот за концесија и
- други барања во зависност од предметот на концесијата и предвидената постапка.

Кон тендерската документација за учество во постапката се доставува и копие од одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија, како и нацрт на договорот за концесија.

Комисијата може да определи дека податоците или дел од податоците содржани во тендерската документација се сметаат за службена тајна. Во таков случај учесниците во постапката се должни да поднесат изјава, приложена кон документацијата со која се обврзуваат дека нема да ги објавуваат податоците кои се сметаат за службена тајна.

Министерот надлежен за областа за која се доделува концесија, односно градоначалникот на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје ја одобрува тендерската документација.

8. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ И ГАРАНЦИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ПОСТАПКАТА

Член 49
Начин на доставување на понуди

Понудата и барањето за учество се доставува на начин и во форма утврдени со јавниот повик.

Право да доставуваат понуди и барање за учество имаат лица кои ја подигнале тендерската документација.

Понудувачот, односно кандидатот може да поднесе само една понуда, односно барање за учество. Поднесено барање за учество во постапката, односно понуда може да се повлече или да се замени со ново барање за учество, односно понуда до истекот на рокот за доставување на барања за учество во постапката, односно понуди.

Член 49-а
Посебни правила за конзорциум

Во случаите кога кандидат или понудувач е конзорциум, членовите на конзорциумот треба да определат водечки член и јасно да го назначат. Правно или физичко лице истовремено може да биде член само на еден конзорциум кој доставува барање за учество или само на еден конзорциум кој доставува понуда.

Кога постапката за доделување концесија се спроведува како ограничен повик, а кандидатот до кој е доставена писмена покана за поднесување понуда е конзорциум, кандидатот може да изврши измена во составот на конзорциумот (промена на членови на конзорциумот, вклучување на нови членови или намалување на бројот на членови), пред поднесување на понуда, под услов водечкиот член на конзорциумот да остане непроменет и кандидатот да докаже дека променетиот конзорциум ја задржал најмалку истата економско-финансиска и техничка способност која ја поседувал конзорциумот кој учествувал во постапката на претквалификација на кандидатите.

Членовите на конзорциумиот солидарно и неограничено одговараат за обврските од договорот за концесија освен во случајот од членот 21-а став 2 на овој закон.

Член 66
Критериуми за избор на најдобра понуда

Критериум врз основа на кој концедентот ќе го заснова изборот на најдобра понуда е финасиски најповолна понуда или економски најповолна понуда.

Економски најповолната понуда се евалуира врз основа на критериумите поврзани со изведбените и функционалните барања кои вклучуваат квалитет, цена на работите и услугите, техничка вредност, естетски и функционални карактеристики, карактеристики во однос на животната средина, тековни трошоци, економска исплатливост во однос на трошоците, техничка помош и период на завршување на изведбените работи.

Методологијата за изразување на критериумите во бодови, по предлог на Советот, ја донесува министерот за финансии.

Член 72
Одлука

Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесијата по спроведената постапка до концедентот доставува предлог за:

- избор на најповолна понуда со ранг листа на кандидати и
- прекинување на постапката.

Концедентот врз основа на предлогот од ставот 1 на овој член и извештајот за евалуација, донесува одлука за:
- избор на прворангираниот кандидат за најповолен понудувач или
- задолжување на комисијата да ги отстрани констатираните недостатоци во постапката за доделување на концесија и да изврши ново рангирање на понудите или
- прекинување на постапката во случаите утврдени во членот 74 став 1 на овој закон.

Одлуката од ставот 2 на овој член се доставува до сите понудувачи или кандидати во рок не подолг од 15 дена од денот на донесувањето.

Одлуката за избор на најповолен понудувач се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 75
Склучување на договор за концесија

Договорот за концесија го склучуваат концедентот и прворангираниот кандидат, во рок кој не може да биде подолг од 180 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на најповолен понудувач.

Договорот за концесија во случаите од членот 21-а на овој закон го склучуваат концедентот и правното лице основано од најповолниот понудувач, во рок кој не може да биде подолг од 180 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на прворангираниот кандидат за најповолен понудувач.

Концедентот и најповолниот понудувач, на барање на најповолниот понудувач, можат да водат преговори заради детализирање на концесискиот договор при што се должни да постапуваат согласно со условите за доделување на концесијата утврдени во тендерска документација. Предмет на преговори не може да бидат условите за кои во тендерската документација е означено дека нема да се преговара.

Договорот за концесија мора да биде во согласност со овој закон, посебниот закон и прописите донесен врз основа на овие закони. Одредбите од договорот за концесија спротивни со овој закон, посебниот закон и прописи донесен врз основа на овие закони, се ништовни и не произведуваат правно дејство.

Во случаите од членот 73 став 3 на овој закон договорот за концесија може да се склучи со второрангираниот понудувач, односно со правното лице основано согласно со членот 21-а од овој закон од страна на второрангираниот понудувач, под исти услови и во ист рок кој важел за прворангираниот понудувач, при што рокот за склучување на договорот започнува да тече од моментот на доставување на писмена покана до второрангираниот понудувач.

Пренос на концесија

Договорот за концесија и правата и обврските кои произлегуваат од истиот можат да се пренесат целосно или делумно, по претходна одлука за согласност, доколку со посебен закон не е предвидено дека концесијата не може да се пренесе и со тоа да не се загрозува континуираното и квалитетното спроведување на концесијата.

13. ПРЕСТАНОК НА КОНЦЕСИЈА

Член 79
Случаи на престанок на концесија

Концесијата престанува да важи со:

- истекот на рокот на важењето на договорот за концесија,
- едностран раскин на договорот за концесија од страна на концедентот,
- едностран раскин на договорот за концесија од страна на концесионерот,
- спогодбено раскинување на договорот,
- стечај или ликвидација на концесионерот и
- други случаи предвидени со закон и договорот за концесија.

1.ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 86
Предмет на договор

Предмет на договорот за јавно приватно партнерство е потфат преземен од страна на приватен партнер за потребите и во корист на јавен партнер со надомест.

Надоместот на приватниот партнер од ставот 1 на овој член може да се состои од право на приватниот партнер да се стекне со добивка или да се стекне со друга корист од потфатот или на плаќање од страна на јавниот партнер согласно со договорот.

Приватниот партнер целосно или делумно ќе ги сноси трошоците за преземениот потфат или ќе обезбеди трошоците да бидат покриени од страна на други субјекти согласно со договорот.

Член 87
Оправданост од потребата за јавно приватно партнерство

Кон потфат за јавно приватно партнерство може да се пристапи ако тоа носи придобивка од јавен интерес која ги надминува придобивките кои произлегуваат од вообичаениот начин на обезбедување на услови за вршење на јавните услуги.

Придобивка од јавен интерес значи особено заштеда на трошоци за јавниот партнер, повисок стандард на дадените јавни услуги или други јавни погодности.

Член 88
Форми на потфат

Со јавното приватно партнерство се обезбедува вклучување на приватен партнер во финансирање на:
- проектирање, опремување и изведување на инвестиционен проект за извршување на јавен интерес како и за инвестициони проекти кои се од значење за јавниот партнер,
- давање на услуги за определен временски период доколку тоа покрива работење или одржување на имотна компонента суштинска за таа цел,
- активности кои имаат за цел економски и социјален развој вклучувајќи заживување или развој на општините и градот Скопје врз основа на проект на јавниот партнер или со проект на приватниот партнер,
- изготвување на пилот проекти, промотивен, образовен, научен или културен потфат кој го поддржува извршувањето на јавниот интерес и
- други облици на соработка во согласност со закон.

***ЗАКОН ЗА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ (Сл. бр. 24/2007; 88/2008,52/2009; 6/2010; 158/2010; 53/2011; 136/2011)***

ДЕЛ I
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Предмет и цел на законот

Со овој закон се уредуваат:
условите и начинот на вршење геолошки истражувања, експлоатација, подготовка и преработка на минерални суровини со цел да се обезбеди нивна оптимална искористеност во согласност со начелата на одржлив развој и заштита на животната средина и
поттикнувањето и унапредувањето на геолошките истражувања, експлоатацијата, подготовката и преработката на минералните суровини, како и зајакнување на мерките за безбедност, заштита на животната средина, здравјето на луѓето, надзорот и условите при вршењето на геолошките истражувања и експлоатација на минералните суровини.

ДЕЛ II
ОСНОВНИ И ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

Член 6
Услови за вршење на основни и детални геолошки истражувања

Основни и детални геолошки истражувања можат да изведуваат правни и физички лица кои се запишани во Централниот регистар на Република Македонија и поседуваат овластување за изработка на геолошка документација, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на таа дејност и кои имаат вработено најмалку едно лице кое поседува лиценца за изработка на геолошка документација.
Детални геолошки истражувања на минерални суровини не можат да се вршат на простори кои се наоѓаат во населени места, јавни патишта, водостопански објекти, речни корита, езера и нивни брегови, воени објекти, споменици на културата, заштитени подрачја на природата, на подрачја кои согласно со Просторниот план на Република Македонија, просторните планови и законите кои ги спроведуваат, е забрането вршење експлоатација на минерални суровини, како и на други простори на кои се наоѓаат објекти од јавен интерес.
По исклучок на ставот (2) од овој член, за минералните суровини кои се од јавен интерес определен во членовите 65 и 66 од овој закон, можат да се вршат детални геолошки истражувања на минерални суровини и на просторите од ставот (2) на овој член, по претходна согласност на органите на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област.
Доколку при вршењето на деталните геолошки истражувања се откријат и други видови на минерални суровини, освен оние за кои е доделена концесија за детални геолошки истражувања, истите треба да бидат опфатени со елаборатот од извршените детални геолошки истражувања и соодветно прикажани по квалитет и квантитет.
Техничко водење и надзорот над вршењето на геолошките истражувања врши лице кое поседува лиценца за изработка на геолошка документација.
Поблиските услови и начинот на издавање на лиценцата и овластувањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини ги евидентира, документира и чува податоците добиени од извршените основни и детални геолошки истражувања.
Начинот на евидентирање, документирање, чување и издавање на заинтересирани лица на податоците добиени од извршените основни и детални геолошки истражувања го пропишува министерот кој

раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Глава 2
ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

Член 10
Концесија за детални геолошки истражувања

Право за вршење на детални геолошки истражувања се стекнува со добивање на концесија за детални геолошки истражувања.
Концесија за детални геолошки истражувања доделува Владата.
Концесија за детални геолошки истражувања се доделува врз основа на јавен повик.
По исклучок од ставот (1) на овој член на субјектите од членот 5-а на овој закон, концесија за детални геолошки истражувања се доделува врз основа на барање.
Право за добивање на концесија за детални геолошки истражувања има секое правно или физичко лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница
запишана во Централниот регистар на Република Македонија, а кои ги исполнуваат условите пропишани со овој и друг закон.
Со концесијата за вршење на детални геолошки истражувања, концедентот на концесионерот му отстапува простор за вршење на детални геолошки истражувања, дефиниран со координати нанесени на топографската карта во мерка 1 : 25 000 или 1 : 50 000.
Концесијата од ставот (1) на овој член се доделува на земјиште кое е во сопственост на Република Македонија, како и на земјиште кое е во сопственост на други лица.
Иницијатива за започнување на постапка за доделување концесија за вршење на детални геолошки истражувања може да поднесе секое заинтересирано правно или физичко лице, при што е должно да приложи:
образложение и основни податоци за подносителот на иницијативата;
предложен период на кој би се доделила концесијата и
простор на кој би се вршеле деталните геолошки истражувања вцртан на топографска карта.
По доставувањето на иницијативата од ставот (8) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, врши увид на локалитетот и усогласување на просторот во рок од 14 дена, при што по службена должност бара мислење од единиците на локалната самоуправа и од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, како и од други органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област, а за доставените барања за добивање на мислења се известува Државниот управен инспекторат заедно со копија од доставените барања за мислења.
10) Органите на државната управа од ставот (9) на овој член се должни своето мислење да го дадат во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето на мислење. Во спротивно ќе се смета дека е дадено позитивно мислење во врска со иницијативата за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.
Доколку органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од став (9) на овој член во определениот рок не достават мислење, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од три работни дена го известува Државниот управен инспекторат.
Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (11) на овој член да изврши надзор во органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од ставот (9) на овој член дали е спроведена постапката согласно законот и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно закон донесува решение со кој го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на

единицата на локалната самоуправа од ставот (9) на овој член, во рок од десет дена да даде мислење и да го извести инспекторот за истото. Кон известувањето се доставува копија од мислењето.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (9) на овој член не одлучи во рокот од ставот (13) од овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот и единицата на локална самоуправа ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (9) на овој член не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (14) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од пет работни дена го известува директорот на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот, да го разгледа известувањето од ставот (16) на овој член, и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од ставовите (11) и (12) или не поднесе пријава согласно ставовите (14) и (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Во случајот на ставот (18) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите на ставот (19) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно ставот (17) од овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (9) на овој член не одлучи во рокот од ставот (15) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.

Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 60 дена, сметано од денот на приемот на иницијативата од ставот (8) на овој член ќе го извести подносителот на иницијативата за прифаќање на истата.

Постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања ја спроведува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини согласно со овој закон и Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство.

Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 60 дена сметано од денот на приемот на иницијативата од ставот (8) на овој член со решение ќе ја одбие истата, ако:

- не ја приложи документацијата од ставот (8) на овој член,
- на просторот за кој е поднесена иницијатива за вршење на детални геолошки истражувања е веќе доделена дозвола или концесија за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини,
- со вршењето на деталните геолошки истражувања се загрозуваат природните ресурси, животната средина, културното наследство, шумите, земјоделското земјиште, водите, инфраструктурата или други добра чија заштита е во јавен интерес врз основа на претходно добиено мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштита на културното наследство, транспортот и врските, земјоделството, шумарството и водостопанството, како и од другите органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област согласно со закон и
- не е во согласност со годишната програма за вршење на детални геолошки истражувања.

Против решението од ставот (26) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ДЕЛ III
ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ
КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 23
Концесија за експлоатација на минерални суровини

Право за вршење на експлоатација на минерални суровини се стекнува со добивање на концесија за експлоатација на минерални суровини.
Концесија за експлоатација на минерални суровини доделува Владата (во натамошниот текст: концедент).
Право за добивање на концесија има секое правно или физичко лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија, а кои ги исполнуваат условите пропишани со овој и друг закон.

ДОЗВОЛА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 41
Дозвола за експлоатација на минерални суровини

Со експлоатација на минерални суровини и изведување на рударски работи може да се отпочне откако концесионерот ќе добие дозвола за експлоатација на минерални суровини.
Дозволата од ставот (1) на овој член ја издава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
Дозволата за експлоатација се издава со рок на важење кој не може да биде подолг од рокот на важење на концесијата за експлоатација.

ИЗВЕДУВАЊЕ НА РУДАРСКИ РАБОТИ

Член 50
Услови за изведување на рударски работи

Рударски работи можат да изведуваат правни и физички лица кои се запишани во Централниот регистар и поседуваат овластување за изведување на рударски работи, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на таа дејност, а кои ги исполнуваат условите пропишани со овој и друг закон.
Поблиските услови и начинот на издавање на овластувањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

За издавање на овластувањето од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок во износ од 3.000 денари, кој е приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 58
Субјекти за изработка на геолошка документација

Геолошка документација од членот 9 став (1) точки 1, 2 и 4, како и од членот 22 став (1) точка 1 и 3 на овој закон можат да ја изработуваат правни или физички лица кои се запишани во Централниот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија и кои поседуваат овластување за изработка на геолошка документација.
Лицето кое изработува геолошка документација од ставот (1) на овој член, мора да поседува лиценца за изработка на геолошка документација.
Поблиските услови и начинот на добивање на лиценцата и овластувањето за изработка на геолошка документација од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
За добивање на лиценцата од ставот (2) на овој член се полага стручен испит пред испитна комисија која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
На членовите на комисијата од ставот (4) на овој член на надворешните членови -експерти кои не се вработени во органите на државната управа им следува надоместок, чија висина ја определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работа на членовите на комисијата.
За издавањето на лиценцата од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок во износ од 5.000 денари, кој е приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 59
Субјекти за изработка на рударски проекти

Рударските проекти од членот 49 став (1) точки 1, 2 и 4 на овој закон можат да ја изработуваат правни или физички лица кои се запишани во Централниот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија и кои поседуваат овластување за изработка на рударски проекти.
Лицето кое изработува рударски проекти од ставот (1) на овој член, мора да поседува лиценца за изработка на рударски проекти.
Поблиските услови и начинот на добивање на лиценцата и овластувањето за изработка на рударските проекти од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
За добивање на лиценцата од ставот (2) на овој член се полага стручен испит пред испитна комисија која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
На членовите на комисијата од ставот (4) на овој член на надворешните членови -експерти кои не се вработени во органите на државната управа им следува надоместок, чија висина ја определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работа на членовите на комисијата.
За издавањето на лиценцата од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок во износ од 5.000 денари, кој е приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 60
Стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударски проекти

Заради проверка и контрола во поглед на пропишаните мерки, стандарди и технички нормативи за

заштита при работа, сигурноста на луѓето , на подземните, површинските и соседните објекти и заштитата на животната средина, како и во поглед на примената на современите достигнувања и методи во рударството, геологијата и другите научни и технички дисциплини над изработената геолошка документација и рударски проекти, се врши стручна оцена (ревизија).

Геолошката документација од членот 9 став (1) точки 2, 4 и 5 и од членот 22 став (1) точка 3 на овој закон, како и рударските проекти од членот 49 став (1) точки 1, 2 и 4 на овој закон подлежат на стручна оцена (ревизија).

Геолошка документација и рударските проекти од ставот (2) на овој член изработени во странство подлежат на стручна оцена (ревизија).

Стручната оцена (ревизија) на геолошката документација од ставот (1) на овој член ја врши Комисијата за ревизија на геолошка документација која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини. За членови на оваа комисија може да бидат именувани лица од редот на стручни и научни работници од областа на геологијата.

Стручната оцена (ревизија) на рударските проекти од ставот (1) на овој член ја врши Комисијата за ревизија на рударските проекти која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини. За членови на оваа комисија може да бидат именувани лица од редот на стручни и научни работници од областа на рударството.

Комисиите од ставовите (4) и (5) на овој член се состојат од претседател, најмалку двајца членови и секретар. На претседателот, членовите и секретарот за секоја извршена стручна оцена (ревизија) им следува надоместок, кој е на товар на подносителот на барањето за вршење на стручната оцена (ревизија).

Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, донесува Тарифник со кој се утврдува висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти.

Барање за вршење на стручната оцена (ревизија) поднесува имателот на концесијата за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини.

## *ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТИКА (Сл. бр. 16/2011; 136/2011)*

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат:

1) целите на енергетската политика и начинот на нејзината реализација;
2) енергетските дејности и начинот на регулирањето на енергетските дејности;
3) изградбата на енергетските објекти;
4) статусот и надлежноста на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;
5) пазарот на електрична енергија, пазарот на природен гас, пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт и пазарот на топлинска енергија;
6) условите за остварување на енергетска ефикасност и промоција на користењето на обновливите извори на енергија и
7) други прашања од значење за енергетиката.

Член 2

Целта на овој закон е да се обезбеди:

1) сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и енергенти;
2) создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор;
3) поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари со почитување на начелата на

недискриминација, објективност и транспарентност;
4) интегрирање на енергетските пазари на Република Македонија во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори;
5) зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на искористувањето на обновливите извори на енергија и
6) заштита на животната средина од негативните влијанија при вршењето на одделни дејности од областа на енергетиката.

Член 4

(1) Дејности од областа на енергетиката, во смисла на овој закон, се:
1) пренос на електрична енергија;
2) организирање и управување со пазарот на електрична енергија;
3) дистрибуција на електрична енергија;
4) пренос на природен гас;
5) управување со систем за пренос на природен гас;
6) дистрибуција на природен гас;
7) дистрибуција на топлинска енергија;
8) снабдување во краен случај со електрична енергија;
9) снабдување во краен случај со природен гас;
10) производство на електрична енергија;
11) снабдување со електрична енергија;
12) трговија со електрична енергија;
13) снабдување со природен гас;
14) трговија со природен гас,
15) производство на топлинска енергија;
16) снабдување со топлинска енергија;
17) преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати;
18) производство на биогорива;
19) производство на горива наменети за транспорт со намешување на фосилни и биогорива;
20) транспорт на сурова нафта или нафтени деривати преку нафтоводи, односно продуктоводи;
21) складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт и
22) трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

(2) Дејностите наведени во ставот (1) точки 1 до 9 од овој член се регулирани енергетски дејности.

(3) Производството на електрична енергија за потребите на снабдувачот во краен случај на електрична енергија се смета за регулирана енергетска дејност.

(4) Производството на топлинска енергија од објекти за производство на топлинска енергија или од комбинирани постројки ќе се смета за регулирана енергетска дејност, во смисла на овој закон, кога дејноста ја врши правно лице на кое му е издадена лиценца за регулирано производство на топлинска енергија во согласност со членот 113 од овој закон.

Член 5

(1) Дејностите од членот 4 на овој закон можат да ги вршат домашни и странски лица врз основа на лиценца издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика за секоја од енергетските дејности одделно, освен во случаите од членот 37 ставови (5) и (6) на овој закон. За да се стекнат со лиценца за вршење на енергетска дејност, странските лица основаат подружница регистрирана во трговскиот регистар што го води централниот регистар на Република Македонија.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност може да

се издаде само на трговски друштва или јавни претпријатија регистрирани во Република Македонија. За стекнување на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност, странското лице основа трговско друштво кое се регистрира во Република Македонија.

(3) Дејностите од членот 4 на овој закон се вршат во согласност со овој закон или други закони и други прописи, како и прописите и правилата донесени или одобрени од Регулаторната комисија за енергетика и издадените лиценци.

(4) Правното лице кое врши една или повеќе регулирани енергетски дејности не може да врши друга енергетска дејност или друга дејност, освен ако поинаку не е уредено со овој закон.

(5) Во случај кога правното лице врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, е должно да води сметководствена евиденција за секоја регулирана енергетска дејност одделно. За нерегулираните енергетски дејности или за другите дејности правното лице може да води консолидирана сметководствена евиденција.

(6) Правното лице кое врши регулирана енергетска дејност е должно до Регулаторната комисија за енергетика да доставува годишни ревидирани финансиски извештаи и истите да ги објавува на својата веб страница.

(7) Финансиските извештаи од ставот (6) на овој член се изготвуваат, доставуваат и објавуваат за секоја регулирана енергетска дејност одделно, а за нерегулираните енергетски и другите дејности, финансискиот извештај што се доставува до Регулаторната комисија за енергетика може да биде консолидиран.

(8) Покрај финансиските извештаи од ставот (6) на овој член што треба да бидат изготвени со примена на меѓународните сметководствени стандарди, Регулаторната комисија за енергетика може да пропише обврска за доставување на други извештаи, како и да ги пропише нивната форма и содржина.

(9) По исклучок од ставот (4) на овој член правното лице што врши дејност снабдување со електрична енергија, односно дејност снабдување со природен гас може да врши и дејност снабдување во краен случај со електрична енергија, односно снабдување во краен случај со природен гас, при што правното лице е должно да ги применува одредбите од ставот (5) на овој член со цел да се избегне вкрстено субвенционирање во полза на нерегулираната енергетска дејност.

IV. ЛИЦЕНЦИ

Член 37

(1) Вршителите на дејностите од членот 4 на овој закон не можат да започнат со вршењето на дејноста без да им биде издадена лиценца од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Лиценца не е потребна за:
1) производство на електрична или топлинска енергија наменето за сопствена потрошувачка, при што не се користи соодветниот енергетски систем;
2) пренесување на електрична енергија или природен гас преку директни водови;
3) складирање на нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт наменети за сопствена потрошувачка;
4) складирање на нафтени деривати и горива за транспорт во објектите за трговија на мало;
5) трговија на мало со нафтени деривати и горива за транспорт и трговија со течен нафтен гас во садови под притисок и
6) трговија со природен гас во случаите кога за транспортот на природниот гас не се користи систем

пренос или дистрибуција на природен гас.

(3) Лиценцата се издава за период од три до 35 години во зависност од видот на енергетската дејност, видот и обемот на обврската за обезбедување на јавна услуга во вршењето на енергетската дејност, обемот на средствата потребни за извршување на енергетската дејност, времетраењето на правото за користење на соодветниот енергетски ресурс, како и барањето на вршителот на енергетската дејност.

(4) Лиценцата престанува со истекот на периодот за кој е издадена, со одземање или по барање на носителот на лиценцата. Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе одлука за престанување на важењето на лиценцата кога лиценцата престанува да важи по барање на носителот на лиценцата.

(5) На едно лице може да му се издаде една лиценца за вршење на две или повеќе енергетски дејности во следниве случаи:
1) производство на топлинска и електрична енергија во постројки за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија и
2) производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија добиена од геотермални извори.

(6) На исто лице по негово барање може да му се издадат повеќе лиценци за вршење на иста енергетска дејност кога дејноста ја врши преку енергетски објекти кои претставуваат засебна техничко-технолошка целина.

(7) Органите на државната управа кои во рамките на своите надлежности утврдени со закон вршат инспекциски надзор над работењето во енергетските дејности за кои е потребна лиценца, по барање од Регулаторната комисија за енергетика, се должни да достават информации кои се од значење за издавање или одземање на лиценцата, вклучувајќи и информации за тековното работење на носителот на лиценцата.

Член 38

(1) Лиценцата не може да се пренесе на друго лице.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член лиценцата може да се пренесе на друго лице во случај кога:
1) енергетската дејност за која е издадена лиценцата се врши врз основа на концесија за користење на природно добро или врз основа на концесија на градба на енергетски објект, а концедентот во согласност со овој или друг закон донел одлука за пренесување на концесијата или
2) постројката за производство на електрична или топлинска енергија е во состав на објект кој не е енергетски и истата не може да биде одвоена од него, а нееенергетскиот објект го променил сопственикот.

(3) Кон барањето за пренос на лиценцата, новиот вршител на енергетската дејност е должен да ја достави соодветната одлука на концедентот од ставот (2) точка 1 на овој член, односно договорот за купопродажба на објектот од ставот (2) точка 2 на овој член.

Член 39

(1) Инвеститорот може да побара да му се издаде лиценца и пред добивање на одобрение за употреба на енергетскиот објект, или пред добивање на извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер за објектите за кои не е потребно издавање на одобрение за употреба, или пред добивање на решение за ставање во употреба на енергетскиот објект, ако:
1) за енергетскиот објект, односно систем е издадено овластување за изградба во согласност со овој закон или
2) е издадено одобрение за градење на објектот, во случај кога за изградбата на објектот не е потребно овластување за изградба на енергетски објект или
3) инвеститорот се стекнал со право на градење на објектот врз основа на спроведена постапка по јавен

повик за изградба на објекти за производство на електрична енергија или комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија или
4) инвеститорот стекнал право на градење на објектот, односно системот врз основа на концесија за користење на природно добро, односно изградба на систем и вршење дејност.

(2) Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе одлука за влегување во сила на лиценцата издадена во согласност со ставот (1) на овој член откако инвеститорот ќе достави одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер за објектите за кои не е потребно издавање на одобрение за употреба или решение за ставање во употреба на опремата што е вградена во постоечки градежен објект изграден во согласност со закон.

Член 40

(1) По барање на инвеститорот на енергетски објект, Регулаторната комисија за енергетика, во рок од седум дена од денот на приемот на барањето, ќе му издаде времена лиценца за работа на енергетскиот објект за кој е издадена лиценца според членот 39 од овој закон.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член, инвеститорот ја доставува следнава документација:
1) изјава од производителите на главната опрема за вршење на соодветната енергетска дејност заверена од нотар со која се потврдува дека главната опрема е монтирана во согласност со упатствата на производителите и соодветните технички прописи и стандарди за таков вид на опрема;
2) изјава од инвеститорот заверена од нотар со која се потврдува дека за опремата инсталирана во енергетскиот објект може да почне испитување;
3) изјава од инвеститорот заверена на нотар со која се потврдува дека за време на важноста на времената лиценца инвеститорот е целосно одговорен за сите евентуални проблеми кои можат да настанат кон операторите на соодветните енергетски системи и/или кон трети лица приклучени кон истите енергетски системи за време на испитувањето на енергетскиот објект за кој се издава времена лиценца и
4) договори со операторите на соодветните енергетски систем за времено приклучување на енергетскиот објект, како и за начинот на приклучок и работа за времетраење на времената лиценца.

(3) Начинот, условите и постапката за времено приклучување на преносната, односно дистрибутивната мрежа, како и работата на енергетските објекти со времена лиценца се уредуваат со соодветните мрежни правила.

(4) Времената лиценца за енергетскиот објект се издава само еднаш и е со важност од најмногу девет месеци со можност за нејзино продолжување за најмногу шест месеци.

(5) Носителот на времената лиценца за времетраењето на времената лиценца ги има сите права и обврски како да е носител на лиценца.

Член 40-а

(1) Доколку Регулаторната комисијата за енергетика не одлучи во рокот од членот 40 став (1) од овој закон, подносителот на барањето може во рок од три работни дена да поднесе барање за издавање на времена лиценца до писарницата на Регулаторната комисијата за енергетика.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува Регулаторната комисијата за енергетика.

(3) Регулаторната комисијата за енергетика е должна во рок од пет работни дена од приемот на барањето од ставот (1) на овој член да одлучи по барањето за издавање на времена лиценца.

(4) Доколку Регулаторната комисијата за енергетика не одлучи во рокот од ставот (3) на овој член,

подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(5) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (4) на овој член да изврши инспекциски надзор во Регулаторната комисијата за енергетика и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот инспекциски надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(6) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое ја задолжува Регулаторната комисија за енергетика во рок од десет дена да одлучи по барањето, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(7) Доколку Регулаторната комисијата за енергетика не одлучи во рокот од ставот (6) на овој член инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција против претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој Регулаторната комисија за енергетика ќе одлучи по барањето за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по барањето. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(8) Доколку Регулаторната комисија за енергетика не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (7) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(10) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (9) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (4) или не поднесе барање, односно пријава согласно со ставовите (7) и (8) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Регулаторната комисија за енергетика дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот на постапи и во дополнителниот рок од ставот (10) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Во случајот од ставот (11) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(13) Во случаите од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител, во рок од

осум работни дена.

(15) Доколку Регулаторната комисија за енергетика не одлучи во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(16) Постапката пред Управниот суд е итна.

Член 43

(1) Лиценцата може да се менува по барање на носителот на лиценцата, ако промената не е во спротивност со овој закон.

(2) Регулаторната комисија за енергетика ќе поведе постапка за менување на лиценцата по службена должност ако настане промена на законите и другите прописи со кои се уредува вршењето на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

Член 44

(1) Лиценцата може да се продолжи по писмено барање на носителот на лиценцата кое се доставува до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна 60 дена пред истекот на рокот на важење на лиценцата.

(2) Носителот на лиценцата за вршење на регулирана енергетска дејност е должен, една година пред истекот на рокот на важење на лиценцата, да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за тоа дали ќе бара продолжување на лиценцата.

Член 45

Носителот на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност не може да престане да ја исполнува обврската за обезбедување на јавната услуга кон поединечен корисник на јавната услуга, освен во случај кога корисникот на јавната услуга:
1) не ги исполнува своите обврски утврдени со закон или други прописи, како и обврските од договорите за користење на соодветните системи и/или снабдување со енергија, односно енергент или
2) со начинот на користење јавната услуга може да предизвика загрозување на животот и здравјето на луѓето, животната средина и природата и имотот или го попречува обезбедувањето на јавната услуга на други корисници.

Член 46

(1) Носителот на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност не може без претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика привремено да прекине со вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, носителот на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност може привремено да прекине со вршењето на дејноста без претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, ако:

1) со вршењето на дејноста може да настане или настанала опасност по животот и здравјето на луѓето, животната средина и природата и имотот, за функционирање на енергетските објекти или системи или
2) дејноста не може да се извршува поради виша сила.

(3) За случаите од ставот (2) на овој член, носителот на лиценцата најдоцна во рок од осум часа по прекинот на вршењето на дејноста е должен да побара од Регулаторната комисија за енергетика одобрување за привременото прекинување на вршењето на дејноста.

(4) Одредбите од овој член не се однесуваат на случаите кога вршителот на регулираната енергетска дејност треба делумно да прекине со вршење на дејноста поради одржување, надградба и изградба на мрежите и/или постројките.

Член 47

(1) Регулаторната комисија за енергетика може да донесе одлука за суспендирање на лиценцата, ако на носителот на лиценцата надлежен инспекциски или друг државен орган со решение му изрекол мерка за забрана за вршење на енергетска дејност за определен период.

(2) Во одлуката од ставот (1) на овој член ќе се наведат мерките што треба да бидат преземени од носителот на лиценцата неопходни за обезбедување на потребното ниво на јавната услуга во периодот во кој е суспендирана лиценцата.

(3) Суспендирањето на лиценцата е за периодот за кој е изречена мерката забрана за вршење на енергетска дејност.

(4) Против одлуката за суспендирање на лиценцата од ставот (1) на овој член, носителот на лиценцата има право на жалба до Комисијата за жалби. Жалбата не го одлага извршувањето на одлуката.

V.1. Изградба на нови објекти за производство на енергија

Член 49

(1) Нови објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија можат да се градат ако за тоа е издадено овластување за изградба на нови објекти за производство на електрична и/или топлинска енергија, во согласност со овој закон.

(2) Овластување од ставот (1) на овој член е потребно и во случај на зголемување на инсталираната моќност на постојните енергетски објекти.

(3) Овластување не е потребно, ако:
1) производниот енергетски објект е со вкупна инсталирана електрична и/или топлинска моќност помала или еднаква на 10 MW;
2) со проширувањето на производниот енергетски објект вкупната инсталирана електрична и/или топлинска моќност се зголемува за најмногу 10 MW и
3) произведената енергија во енергетскиот објект ќе се користи исклучиво за сопствени потреби.

(4) Овластување за изградба на енергетски објекти од ставот (1) на овој член не е потребно ако вршењето на енергетската дејност производство на соодветниот вид енергија е условено со обезбедување на концесија за користење на природно добро. Условите за изградба на соодветниот енергетски објект се утврдуваат во концесискиот договор.

(5) Изградбата на нови или проширувањето на постојните објекти за производство на електрична и/или топлинска енергија се врши во согласност со законите и другите прописи со кои се уредува градењето.

(6) Одлуката за овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на електрична енергија или комбинирано производство на електрична и топлинска енергија ја донесува Владата на Република Македонија.

(7) Одлуката за овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство

на топлинска енергија ја донесува советот на единицата на локалната самоуправа.

(8) Заради заштита и унапредување на животната средина постројките за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, како и од високоефикасните комбинирани постројки што ги исполнуваат условите пропишани во согласност со членот 151 од овој закон се објекти од јавен интерес.
V.2. Изградба на нови преносни и дистрибутивни системи и директни водови

Член 61

(1) Изградбата на нови системи за дистрибуција на електрична енергија, на нови мрежи за пренос на природен гас и на нови објекти за транспорт на сурова нафта и нафтени деривати се врши од страна на правни лица врз основа на овластување.

(2) На предлог на министерот, Владата на Република Македонија донесува одлука за овластување за изградба на нови системи, мрежи или објекти од ставот (1) на овој член.

(3) За постапката за издавање на овластувањата од ставот (1) на овој член се применуваат одредбите од членовите 50 до 58 на овој закон.

VI. ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 65

(1) Производителот на електрична енергија може да врши продажба на електрична енергија и/или системски услуги во земјата и странство на трговци, снабдувачи со електрична енергија и операторот на електропреносниот систем и операторите на електродистрибутивните системи.

(2) Производителот на електрична енергија е должен:
1) да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
2) да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила и условите определени во лиценците;
3) да доставува извештаи, податоци и информации до Регулаторната комисија за енергетика во согласност со условите пропишани со лиценцата;
4) да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
5) да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила и
6) да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар.

(3) Со цел за обезбедување на сигурност во снабдувањето со електрична енергија, производителите на електрична енергија кои користат мазут како гориво, се должни во секое време да имаат оперативни резерви од мазут кои се најмалку еднакви на петнаесетдневните потреби за работа со максимален капацитет.

VII. ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС

Член 84

(1) Операторот на преносната мрежа за природен гас врши пренос на природен гас преку преносна мрежа

за природен гас во негова сопственост или преку мрежа на која има право на користење и ќе соработува со операторот на системот за пренос на природен гас заради одржување, надградба и проширување на преносната мрежа.

(2) Операторот на преносната мрежа е одговорен за:
1) финансирање на инвестициите во преносната мрежа, во согласност со планот за развој на преносниот систем изготвен од страна на операторот на системот за пренос на природен гас, а одобрен од Регулаторната комисија за енергетика;
2) одржување на мрежата по налог на операторот на системот за пренос на природен гас, во согласност со постапките утврдени во мрежните правила за пренос;
3) изградба на приклучоците и приклучување на нови корисници на преносниот систем или други оператори на преносни мрежи врз основа на согласност за приклучување издадена од операторот на системот за пренос на природен гас;
4) соработка со другите мрежни оператори и со операторот на преносот и
5) доверливост на комерцијалните и деловните податоци на корисниците поврзани на преносната мрежа.

(3) Заради обезбедување на поддршка на операторот на системот за пренос во исполнување на неговите надлежности, операторот на преносната мрежа е должен да соработува со операторот на системот за пренос и да му ги обезбеди сите неопходни информации и за таа цел е должен да:
1) инсталира и да ги одржува мерните уреди на мерните места од неговата мрежа преку кои природниот гас се прима во или испорачува од преносниот систем;
2) ги мери количините на природниот гас во точките преку кои природниот гас се прима во или испорачува од преносниот систем и да ги доставува податоците од мерењата до операторот на системот за пренос;
3) им овозможи пристап до мерните уреди на корисниците на преносниот систем и операторот на преносот, во согласност со овој закон и мрежните правила за пренос и
4) ги доставува сите релевантни информации до операторот на системот и другите оператори на мрежи, во согласност со мрежните правила и правилата за пазарот на природен гас.

(4) Операторот на преносна мрежа е должен на операторот на системот за пренос да му ги предаде во владение деловите на преносната мрежа неопходни за управување со системот за пренос на денот на правосилноста на одобрението за употреба на соодветните објекти од преносната мрежа.

## VIII. ПАЗАР НА СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

### Член 101

(1) Вршителите на енергетските дејности:
1) преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати;
2) производство на биогорива;
3) производство на горива наменети за транспорт со намешување на фосилни и биогорива;
4) транспорт на сурова нафта или нафтени деривати преку нафтоводи, односно продуктоводи;
5) складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт и
6) трговија со сурова нафта, нафтени деривати, горива за транспорт и биогорива, се должни објектите, уредите и постројките за вршење на енергетските дејности да ги користат и одржуваат во согласност со техничките прописи и стандарди и другите прописи за сигурно и безбедно работење и заштита на животната средина.

(2) Техничките прописи од ставот (1) на овој член ги донесува министерот по претходна согласност на министерот надлежен за работите од областа на транспортот и врските, министерот надлежен за работите од областа на заштита на животната средина и министерот надлежен за работите од областа на внатрешните работи.

Член 102

(1) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта и/или нафтени деривати преку нафтовод и/или продуктовод е должен да донесе правила за работа на нафтоводот, односно продуктоводот и истите да ги објави на својата веб страница. Во овие правила особено ќе бидат уредени:
1) техничките услови за транспорт на сурова нафта, односно нафтени деривати;
2) техничките услови за одржување и безбедно функционирање на нафтоводот, односно продуктоводот;
3) мерките и постапките во случај на хаварии;
4) начинот, условите и постапката за договорен пристап на трети страни до системот за транспорт на сурова нафта, односно нафтени деривати;
5) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на транспортираните количини на сурова нафта, односно нафтените деривати и
6) другите услови неопходни за безбеден и сигурен транспорт.

(2) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта и/или нафтени деривати преку нафтовод и/или продуктовод е должен правилата од ставот (1) на овој член да ги изготви во согласност со техничките прописи од членот 101 на овој закон. Правилата од ставот (1) на овој член се доставуваат до министерството заради одобрување, по претходно добиени мислења од министрите од членот 101 став (2) на овој закон. Министерствата се должни мислењата да ги достават до министерството во рок не подолг од 60 дена.

IX. ПАЗАР НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Член 111

Заради сигурно, безбедно, непрекинато и квалитетно снабдување со топлинска енергија на потрошувачите на своето подрачје единиците на локалната самоуправа се должни да овозможат извршување на следниве енергетски дејности:
1) производство на топлинска енергија;
2) дистрибуција на топлинска енергија и
3) снабдување со топлинска енергија.

Член 112

(1) Производителот на топлинска енергија поседува и управува со работата на постројка за производство на топлинска енергија во согласност со закон, други прописи, мрежните правила и условите и критериумите пропишани во лиценцата и врши продажба на топлинска енергија на операторот на системот на дистрибуција на топлинска енергија на кој е приклучен, под услови определени со овој закон.

(2) Производителот на топлинска енергија може да продава топлинска енергија и на потрошувачи кои не се приклучени во системот за дистрибуција на топлинска енергија, а се директно поврзани на неговата производна постројка.

(3) Производителот на топлинската енергија, во согласност со издадената лиценца, е должен да доставува годишни извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и до градоначалникот на единицата на локалната самоуправа во врска со опремата, капацитетите, плановите за одржување, како и планираната расположливост.

(4) Со цел да се обезбеди сигурност во снабдувањето со топлинска енергија производителите на топлинска енергија, кои користат мазут како гориво, се должни во секое време да имаат оперативни резерви од мазут кои се најмалку еднакви на петнаесетдневни потреби за работа со максимален капацитет.

XI. ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Член 129

(1) Политиката на енергетската ефикасност се остварува преку мерки и активности за ефикасно користење на енергијата, донесување на програми и планови за подобрување и унапредување на енергетската ефикасност и нивно спроведување, вршењето на услуги за енергетска ефикасност и енергетските контроли, како и преку исполнување на обврските на јавниот сектор во поглед на енергетската ефикасност и заштедата на енергија.

(2) Со политиката на енергетската ефикасност се обезбедува остварување на целите на одржливиот енергетски развој, намалување на негативните влијанија врз животната средина при вршењето на енергетските дејности и потрошувачката на енергија, подобрување на сигурноста во снабдувањето со енергија, како и исполнување на меѓународните обврски на Република Македонија во врска со намалувањето на емисијата на стакленичките гасови.

XIII. ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 149

Со цел да се стимулира изградбата на нови електроцентрали за обновливи извори или на високоефикасни комбинирани постројки, овие производни објекти можат да се стекнат со статус на повластен производител, а со тоа и со право за продажба на произведената електрична енергија по повластени тарифи.

## ***ЗАКОН ЗА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ (Сл. бр. 62/2004; 89/2008; 12/2009; 17/2011; 47/2011; 53/2011)***

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот за вршење на туристичката дејност.

Член 3

Туристичка дејност можат да вршат трговски друштва и трговци поединци регистрирани во трговскиот регистар (вршители на туристичка дејност) под услови и начин утврдени со овој закон.

Физичките лица кои согласно со одредбите на овој закон вршат туристичка дејност се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ја пропишува формата и содржината како и начинот на водење на регистарот од ставот 2 на овој член.

Член 4

Основачи на туристички агенции и туристички бироа можат да бидат домашни и странски правни лица.

2. Видови на туристички услуги

Член 12

Туристичките агенции ги вршат следниве услуги:
1) организирање продажба и реализирање на туристички пакет-аранжмани;
2) продажба и посредување на продажба на угостителските и други туристички услуги;
3) посредување и давање на услуги на патувања и престој и други услуги врзани со нив;
4) организирање продажба на билети и спроведување на излетнички програми;
5) прифаќање и превоз на патници;
6) продажба и посредување во продажба на билети или резервација на места за сите видови превозни средства;
7) резервирање на сместување и други услуги во угостителските објекти;
8) застапување на домашни и странски туристички агенции;
9) давање на туристички информации и туристички промотивни материјали за свои аранжмани, туристички и други настани;
10) посредување во добивање на визи потребни за аранжмани во странство, како и потребни дозволи за лов, риболов, нуркање и други дозволи потребни за организирање и спроведување на различни видови туризам;
11) организирање и посредување во продажба на услуги на стационираниот, селски, бањски, здравствен, конгресен, спортски, ловен и други видови туризам;
12) организирање на служба на туристички придружници, како и прифаќање на гостите при доаѓање и заминување од местото во туристичката дестинација, како и придружување на малолетни лица во рамките на туристичките аранжмани;
13) организирање на давањето на услуги од страна на туристичките водичи и
14) осигурување на патниците и предметите во случај на репатријација, несреќа и болест.

***ЗАКОН ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ (Сл. бр. 62/2004; 89/2008; 115/2010; 53/2011)***

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршењето на угостителската дејност.

Член 2

Угостителска дејност е давање на угостителски услуги за сместување и угостителски услуги за исхрана.

Член 3

Угостителски услуги се: приготвување и послужување на храна, приготвување оброци заради консумирање на друго место, послужување на алкохолни и безалкохолни пијалаци, приготвување и послужување на топли и ладни напивки и вршење на услуги за сместување.

Член 4

Угостителска дејност можат да вршат трговски друштва и трговци поединци запишани во трговскиот регистар (во натамошниот текст: угостители).

Физичките лица кои согласно со одредбите на овој закон вршат угостителска дејност од мал обем се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје кај градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје.

Формата и содржината, како и начинот на водење на регистарот од ставот 2 на овој член го пропишува министерот надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 16

Угостителските објекти можат да бидат:
1) угостителски објекти за сместување и
2) угостителски објекти за исхрана.

Член 18

Угостителските објекти за сместување се делат на:
1) основни угостителски објекти за сместување во кои спаѓаат хотели, хотелски населби, апартмански населби, мотели, пансиони, резиденции, туристички населби и слично и
2) комплементарни сместувачки објекти, во кои спаѓаат: ноќевалишта, гостилници, кампови, приватни сместувачки капацитети (соби, апартмани, станови, куќи), одморалишта (за деца, младинци, работници, лица со попреченост и слично), други комплементарни објекти (феријални домови, планинарски домови и куќи, објекти за привремено сместување и слично).

Член 19

Угостителските објекти за исхрана можат да бидат:
1) ресторани (ресторани, гостилници, ресторани за самопослужување, експрес ресторани, киосци, млечни ресторани, ресторан бавчи, летни бавчи, кебапчилници, бистро, пицерии, објекти за брза храна и слично);
2) барови (кафеана, кафетерија, ноќен бар, кафе бар, кабаре, дискоклуб, дискоклуб на отворен простор, пивница и слично);
3) кантини и
4) други угостителски објекти за исхрана.

Во угостителските објекти од ставот 1 на овој член мора да има вработено лице со стручна подготовка од областа на угостителството.

5. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

Член 27

Угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, пансион, туристички апартман и камп), како и угостителскиот објект за исхрана - ресторан, пред започнување со вршење на дејноста задолжително се категоризираат според условите и стандардите пропишани за одделни видови на овие објекти во поглед на уредувањето, опремувањето и квалитетот на услугите со ѕвездички.

Куќите, становите и собите за издавање од страна на физичките лица и селските домаќинства задолжително се категоризираат според условите предвидени во ставот 1 на овој член.

## ***ЗАКОН ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (Сл. бр. 95/2005; 25/2007; 7/2008; 57/2010; 135/2011) (У. бр. 66/2006; 214/2005; 48/2006; 220/2005; 119/2008)***

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ
1.Предмет на уредување
Член 1

Со овој закон се уредуваат начинот и условите на издавање и тргување со хартии од вредност; начинот и условите за регистрирање на хартиите од вредност, утврдување и порамнување на трговските трансакции и нетрговските преноси со хартии од вредност како и ограничувањата на правата од сопственоста на

хартиите од вредност; начинот и условите за функционирање на пазарот на хартии од вредност и на овластените учесници на пазарот; обврските за обелоденување од страна на акционерските друштва со посебни обврски за известување, членовите на органите на управување, директорите и одделни акционери; забранетите дејствија во врска со работењето со хартии од вредност; статусот и надлежностите на Комисијата; начинот и условите на работење на овластените учесници на пазарот при стечај и ликвидација и други прашања што се од значење за хартиите од вредност.
За се она што не е уредено со овој закон ќе се применуваат одредбите на Законот за трговските друштва, Законот за стечај и Законот за општата управна постапка.
ИЗДАВАЊЕ , ПОНУДА И ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
Издавање на хартии од вредност

Издавачи на хартии до вредност
Член 3

Хартии од вредност можат да издаваат: Министерството за финансии во името на Република Македонија, Народната банка на Република Македонија, општините и Градот Скопје, акционерските друштва и командитните друштва со акции и други домашни и странски правни лица (во натамошниот текст: издавач), во согласност со овој или друг закон.

Номинална вредност и валута во која се издаваат хартиите од вредност
Член 6

Хартијата од вредност има номинална вредност.
Номиналната вредност на хартиите од вредност може да биде изразена во денари или во странска валута.
Трговските трансакции со хартии од вредност на територијата на Република Македонија се вршат во денари.
Издавањето на хартии од вредност без номинална вредност е забрането.
Хартијата од вредност издадена без номинална вредност е ништовна.

Потврда за странска хартија од вредност
Член 11

Потврда за странска хартија од вредност која се издава, понудува и продава во Република Македонија претставува доказ за сопственост на една или повеќе обични акции, приоритетни акции или должнички хартии од вредност издадени во странство, котирани на берза или тргувани на друг регулиран пазар во земјите на ОЕЦД или Европската унија, или должнички хартии од вредност издадени или гарантирани од владите на земји членки на ОЕЦД или Европската унија или централната банка на некоја од тие земји.
Издавач на потврда за странска хартија од вредност може да биде банка која има добиено дозвола од Народната банка на Република Македонија за купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност и дозвола од Комисијата за вршење на сите услуги предвидени во членот 94 од овој закон.
Издавач на потврда за странска хартија од вредност може да биде и брокерска куќа со дозвола за работење од Комисијата за вршење на сите услуги предвидени во членот 94 од овој закон.
За издавање на потврда за странска хартија од вредност, потребно е да бидат исполнети следниве услови:
странската хартија од вредност, за која се издаваат потврди во Република Македонија да е издадена во нематеријализиран облик и да е регистрирана во овластен депозитар на хартии од вредност во матичната земја на издавачот,
издавачот на потврдата за странска хартија од вредност да има сметка на хартии од вредност во овластен депозитар на хартии од вредност во матичната земја на издавачот на странската хартија од вредност, на која е евидентирано правото на сопственост на странската хартија од вредност за која се издаваат потврди во Република Македонија и
издавачот на потврдата за странска хартија од вредност да осигури дека на неговата сметка на хартии од вредност од алинејата 2 на овој став ќе се запише ограничувањето за располагање со хартиите од

вредност за кои издал потврди во Република Македонија.
Во актот за издавање на потврдата за странска хартија од вредност се предвидува дека приносот остварен од хартиите од вредност од ставот (1) на овој член, во форма на камата, дивиденда или која било друга форма се распределува на имателот на потврдата на странската хартија од вредност и не може да се реинвестира во хартијата од вредност врз основа на која е издадена потврдата за странската хартија од вредност.
Во актот за издавање на потврдата за странска хартија од вредност се предвидува дека приносот остварен при пристигнување на должничките хартии од вредност од ставот (5) од овој член или други хартии од вредност кои имаат рок на достасување, се распределува на имателот на потврдата за странска хартија од вредност и не може да се реинвестира во хартијата од вредност врз основа на која е издадена потврдата за странска хартија од вредност.
Потврдата за странска хартија од вредност задолжително во своето име ги содржи зборовите потврда за странска хартија од вредност.
Одредбите од овој закон кои се однесуваат на издавањето, купувањето, продажбата, нетрговскиот пренос, обврските за известување на издавачот и надлежностите на Комисијата во однос на другите хартии од вредност предвидени со овој закон подеднакво се однесуваат и на потврдите за странски хартии од вредност.

Основање на берза
Член 75

Берза се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија согласно со овој закон и со Законот за трговските друштва.
Берза може да се основа од страна на домашни и странски, правни и физички лица.
Берза мора во секое време да поседува и одржува основна главнина во износ од најмалку 500.000 евра во денарска противвредност, пресметана по средниот курс на Народната банка на Република Македонија, започнувајќи од датумот на стекнување на дозволата за основање на берза.
Комисијата поблиску ја пропишува задолжителната структура и начинот на пресметка на основната главнина за берзата.

Сопственост на акции во берза
Член 76

Правни и физички лица и со нив поврзаните лица можат да стекнат квалификувано учество на акции само во една берза.
Акционер во берза може да ги продава своите акции на кое било правно или физичко лице.
Влогот во акционерскиот капитал на берзата може да им се врати на акционерите во берзата на пропорционална основа само во случај на траен престанок на работата на берзата, по претходно намирување на сите обврски на берзата.
Членка на берзата не мора задолжително да биде акционер на берзата.
Основање на брокерска куќа
Член 98

Брокерска куќа се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија, согласно со овој закон и со Законот за трговските друштва.
Брокерска куќа се основа од најмалку две физички или правни домашни или странски лица, освен во случаите кога основач е банка, или осигурително друштво.
Брокерска куќа треба да има најмалку две лица во редовен работен однос кои поседуваат дозвола за работење на брокер или дозвола за работење на инвестиционен советник издадена од Комисијата.

Основна главнина на брокерска куќа
Член 99

Брокерска куќа мора во секое време да поседува и одржува основна главнина во износ од:
75.000 евра во денарска противвредност пресметана по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија, започнувајќи од денот на стекнување на дозволата за работа, доколку е регистрирана за вршење на услугите од членот 94 точки а), ѓ) и е) на овој закон,
-150.000 евра во денарска противвредност пресметана по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија, започнувајќи од денот на стекнувањето на дозволата за работа за вршење на услугите од членот 94 точки а), в), ѓ) и е) на овој закон и
500.000 евра во денарска противвредност пресметана по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија, започнувајќи од денот на стекнувањето на дозволата за работа за вршење на сите услуги предвидени во членот 94 од овој закон.

Друштво за инвестиционо советување
Член 148

Услуги на инвестиционо советување може да врши друштво за инвестиционо советување, ако има вработено најмалку едно лице со дозвола за работење на инвестиционен советник.
Услугите што ги врши друштвото од ставот (1) на овој член се управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување.
Друштвото за инвестиционо советување мора да има дозвола за работење од Комисијата.
Друштвото за инвестиционо советување не може да се запише во трговскиот регистар пред да добие дозвола за работа од Комисијата.
Комисијата ја пропишува документацијата која се поднесува со барањето за добивање на дозвола за работење на друштво за инвестиционо советување.
Комисијата одлучува за давање на дозвола за работење на друштвото за инвестиционо советување во рок од 90 календарски дена од денот на доставување на барањето до Комисијата.
Решението за давање на дозвола за работење на друштво за инвестиционо советување Комисијата го објавува во "Службен весник на Република Македонија" во рок од осум работни дена од денот на донесување на решението.
Комисијата води регистар на друштва за инвестиционо советување.
Комисијата ги пропишува формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на друштвата за инвестиционо советување.

Основна главнина и ликвидни средства на друштвото за инвестиционо советување
Член 149

Друштвото за инвестиционо советување мора во секое време да поседува и одржува основна главнина во износ од 10.000 евра во денарска противвредност, пресметана по среден курс на Народната банка на Република Македонија започнувајќи од денот на добивање на дозволата од страна на Комисијата.
Комисијата ја пропишува задолжителната структура и начинот на пресметка и основната главнина на друштвото за инвестиционо советување.
Друштвото за инвестиционо советување е должно во секое време да располага со ликвидни средства пропишани од Комисијата, во зависност од обемот и видот на услугите кои ги врши во врска со хартии од вредност и ризиците на кои е изложено при вршењето на тие услуги.
Комисијата подетално ги пропишува износот, видот, одржувањето и начинот на пресметка и контролата на ликвидните средства на друштвото за инвестиционо советување.

Инвестиционен советник
Член 150

Услуги поврзани со инвестиционо советување на клиенти може да вршат само овластени инвестициони

советници (во натамошниот текст: инвестициони советници).
Инвестициониот советник треба да има положен стручен испит за инвестиционо советување што го организира Комисијата.
Инвестициониот советник не треба да биде осудуван со правосилна судска одлука за кривично дело во последните пет години пред поднесување барање за дозвола за инвестиционен советник.
Инвестициониот советник не смее да биде осудуван со правосилна судска одлука за сторено кривично дело предизвикување стечај на правно лице.
Комисијата ги пропишува начинот и условите за полагање на испитот од ставот (2) на овој член.

4.Надзор
Овластување за спроведување надзор
Член 199

Комисијата е овластена да спроведува надзор заради утврдување дали овластен учесник на пазарот за хартии од вредност, операторот со Фондот или друго физичко или правно лице го прекршиле овој закон, правилниците донесени врз основа на овој закон, другите закони во нејзина надлежност и правилата на овластените учесници на пазарот.
Надзорот го вршат овластени лица вработени во Комисијата.

## *ЗАКОН ЗА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ФОНДОВИ (Сл. бр. 12/2009; 67/2010; 24/2011)*

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ
Предмет на законот
Член 1

Со овој закон се уредува основањето и работењето на инвестициските фондови и друштвата за управување со инвестициски фондови, издавањето и продажбата на удели и акции, откуп на удели, промоција на инвестициските фондови, работи кои за инвестициските фондови ги извршуваат трети лица и работењето на депозитарната банка.
За прашањата кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите на Законот за хартии од вредност, Законот за трговските друштва, Законот за стечај и Законот за општа управна постапка.

II ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ
1. ОСН0ВНИ БЕЛЕЗИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ
Активности на друштвото за управување со инвестициски фондови
Член 3

Друштвото за управување со инвестициски фондови (во понатамошниот текст: друштво за управување) врши работи на основање и управување со инвестициски фондови, односно вложување на парични средства во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови и во име и за сметка на акционерите на затворените инвестициски фондови, како и врши други работи утврдени со овој закон.
Едно друштво за управување може да управува со повеќе инвестициски фондови.

Ограничување во работењето на друштвото за управување со инвестициски фондови
Член 4

Друштвото за управување не смее да има квалификувано учество во брокерска куќа или банка која има дозвола за работа со хартии од вредност во Република Македонија.
Друштвото за управување не смее да има квалификувано учество во депозитарна банка. Работењето на друштвото за управување и на депозитарната банка не смеат да бидат организационо поврзани и во нив не смеат да работат исти лица.

Друштвото за управување не може да стекнува удели, односно акции во инвестициските фондови со кои управува.
Друштво за управување не смее да врши производство на стоки, да врши услуги или да врши било каква друга дејност, освен онаа која е наведена во член 6 од овој закон.

Основна главнина
Член 5

Најмалиот номинален износ на основната главнина потребен за основање на друштво за управување изнесува 125.000,00 евра во денарска противвредност, по средениот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на поднесување на барањето за издавање дозвола за работење на друштвото за управување до Комисијата за хартии од вредност (во понатамошниот текст: Комисија).
Во случај кога вредноста на имотот на инвестицискиот фонд, односно фондовите со кои управува друштвото за управување го надмине износот од 100.000.000,00 евра, главнината на друштвото за управување треба да се зголеми за најмалку 0,02% од износот за кој вредноста на имотот на инвестицискиот фонд го надминува утврдениот граничен износ, но најмногу до 10.000.000,00 евра.
Друштвото за управување мора да одржува минимална главнина во износ од една четвртина од неговите предвидени годишни фиксни трошоци наведени во билансот на успех за претходната година. Во случај кога друштвото за управување за прв пат започнува со работа, пресметката на минималната главнина ќе се утврдува врз основа на проектираните трошоци согласно неговиот деловен план.
Комисијата поблиску ги пропишува структурата, пресметката и начинот на одржувањето на средствата на друштвото за управување од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

Предмет на работење на друштво за управување со инвестициски фондови
Член 6

Работи на управување со инвестициски фондови кои ги врши друштвото за управување се:
- управување со имотот на инвестицискиот фонд;
- рекламирање на инвестициските фондови и продажба на удели во отворените инвестициски фондови, односно акции во затворените инвестициски фондови;
- административни работи кои се однесуваат на:
- водење на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи;
- воспоставување и одржување на односи со вложувачите;
- утврдување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд и пресметка на цената на уделот;
- усогласување на работењето на друштвото за управување со законите и други прописи;
- објавувања и известувања на акционерите и сопствениците на удели;
- распределба на добивката на инвестицискиот фонд;
- издавање и откуп на удели во отворените инвестициски фондови и
- водење регистар на сопствениците на удели, односно акционерите.

Друштвото за управување кое има дозвола за работење од Комисијата може да врши и работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио (во понатамошниот текст: индивидуален клиент), како и работи на инвестиционо советување на клиенти во согласност со закон.
Друштвото за управување не може да добие дозвола од Комисијата само за извршување на работите од став (2) на овој член.

2. УСЛОВИ И НАЧИН НА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ
Барање за издавање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови
Член 9

Друштвото за управување се основа од домашни и/или странски физички и/или правни лица и не смее да отпочне со работа пред добивање на дозвола за работење од Комисијата, врз основа на претходно доставено барање за издавање дозвола за работење на друштво за управување.

Друштвото за управување не може да се запише во Трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република Македонија, пред да добие дозвола за работење од Комисијата.
Кон барањето од став (1) на овој член се приложува:

- статут на друштвото за управување;
- доказ за уплата на основната главнина на привремена сметка во банка;
- доказ за потекло на уплатените средства како основна главнина;
- деловен план за основање и работа на друштвото за управување за првите три години кој мора да ја содржи планираната големина на инвестициските фондови со кои друштвото за управување планира да управува;
- докази за исполнување на условите за кадровска, техничка и организациона оспособеност за работа, утврдени од Комисијата;
- податоци за основачите вклучувајќи и податоци за нивното учество во капиталот на други правни лица;
- список на поврзани лица со друштвото за управување;
- акт за назначување на портфолио менаџер и дозвола за работење на инвестиционен советник од Комисијата;
- список на членовите на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори на друштвото за управување и соодветната документација од член 18, став (1) од овој закон;
- акт за назначување на овластен ревизор кој ќе врши ревизија на финансиските извештаи на друштвото за управување и инвестициските фондови со кои тоа ќе управува;
- доказ за платен надомест за издавање дозвола за работење на друштво за управување, согласно тарифникот на Комисијата и
- изјава за точноста, вистинитоста и законитоста на податоците доставени до Комисијата.

Комисијата поблиску ги пропишува начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштвото за управување.
Лица што немаат добиено дозвола од Комисијата не смеат да ги вршат работите од член 6 став (1) од овој закон.

Одобрување на барањето за издавање на дозвола за работење на друштвото за управување со инвестициски фондови
Член 10

Комисијата донесува решение за одобрување или одбивање на барањето од член 9, став (1) од овој закон за издавање на дозвола за работење на друштвото за управување во рок од 90 календарски дена од денот на доставување на барањето.
Комисијата е должна да даде писмено образложение во случај на одбивање на барањето за издавање на дозвола за работење на друштвото за управување.
Против решението за одбивање на барањето за издавање дозвола за работење на друштвото за управување што го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.
Жалбата од став (3) на овој член не го одлага извршувањето на решението на Комисијата.

Подружница на странско друштво за управување со фондови
Член 11

Друштвото за управување кое има добиено дозвола за работење во која било земја членка на Европска Унија (во натамошниот текст: ЕУ) и земја членка на Организацијата за економска соработка и развој (во натамошниот текст: ОЕЦД) може да ги врши истите услуги на територијата на Република Македонија преку своја подружница која има добиено дозвола за работење од Комисијата.
Странското друштво за управување од ставот (1) на овој член со барањето за издавање дозвола за работење на негова подружница на територијата на Република Македонија до Комисијата ги поднесува следните документи:

- оригинал и превод на оригиналот на дозволата за работење на друштвото за управување во

матичната држава;
- оригинал и превод на оригиналот од документот со кој регулаторот на пазарот на хартии од вредност во матичната држава одобрува основање на подружница на друштвото за управување во Република Македонија и
- ревидирани финансиски извештаи за последните три години.
- Покрај документите наведени во ставот (2) од овој член друштвото за управување кое основа подружница во Република Македонија, до Комисијата ги доставува и следните податоци:
- општи податоци за подружницата:
- фирма и седиште на подружницата од каде ќе може да се добијат сите податоци во врска со работењето на подружницата;
- предмет на работа на подружницата и
- име на лицето овластено за застапување на подружницата.
- податоци за инвестициските фондови со кои управува друштвото за управување, и податоци за уделите односно акциите кои друштвото за управување има намера јавно да ги нуди за продажба во Република Македонија преку подружницата:
- точен опис на планираните деловни активности кои друштвото за управување има намера да ги преземе во врска со продажбата на уделите односно акциите на инвестицискиот фонд,
- проспект, статут и годишни извештаи за последните три години, за секој инвестициски фонд со кој што управува и
- изјава за точноста, вистинитоста и законитоста на податоците што се доставени до Комисијата.

Регулаторното тело од земјата членка на ЕУ или на ОЕЦД надлежно за контролирање на учесниците на пазарот на капитал има право да врши надзор над работењето на подружницата во Република Македонија.

Регулаторното тело на земјата во која е регистрирано седиштето на странското друштво за управување кое отвара подружница во Република Македонија и Комисијата соработуваат и разменуваат информации заради ефикасна супервизија и следење на работењето на подружницата во Република Македонија.

Комисијата поблиску ги пропишува начинот, постапката и потребната документација за основање на подружница на странско друштво за управување во Република Македонија.

3.ОБВРСКИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

Начин на остварување на обврските на друштвото за управување со инвестициски фондови

Член 21

Друштвото за управување е должно:
- при извршување на активностите од член 6 од овој закон да се придржува на начелото на совесност и чесност;
- да биде способно навремено да ги исполнува доспеаните обврски;
- навремено и целосно да ги исполнува сите права и обврски предвидени со овој закон, проспектот и статутот на инвестицискиот фонд;
- податоците за акционерите на затворениот инвестициски фонд, односно за сопствениците на уделите на отворениот инвестициски фонд, како и податоците за уплатите и исплатите да ги чува како деловна тајна и истите да ги соопштува само врз основа на судски налог, на барање на Комисијата, на барање на одделен сопственик на удели или акции, како и на барање на депозитарната банка;
- да изготви правилник со кој ќе се уреди судирот на интереси со инвестициските фондови со кои управува како и со акционерите на затворениот инвестициски фонд, односно сопствениците на удели во отворениот инвестициски фонд, судирот на интереси во врска со управувањето со средствата за сметка на индивидуален клиент, како и во врска со вршење активност на инвестициско советување;
- -евиденцијата на финансиските инструменти и готовината на секој индивидуален клиент да ја води одвоено од сопствените сметки, како и одвоено од евиденцијата на имотот на инвестициските фондови со кои управува;
- доколку ги доверило дел од своите обврски и активности на трети лица, да следи дали тие во

своето работење се придржуваат кон одредбите на овој закон, кон проспектот и статутот на инвестицискиот фонд;
- да донесе Кодекс за етичко однесување во работењето;
- да обезбеди систем и механизми на надзор кои јасно покажуваат дека друштвото за управување на долгорочна основа постапува во согласност со овој закон, проспектот и статутот на фондот;
- да обезбеди сите огласни и рекламни содржини, објави и соопштенија кон акционерите, односно сопствениците на удели, да бидат јасни, точни и да не наведуваат на погрешни заклучоци;
- да овозможи продажбата на акциите и уделите на инвестицискиот фонд да се врши согласно овој закон;
- да врши во секое време откуп на удели за сметка на отворениот инвестициски фонд, на барање на сопствениците на удели во фондот;
- да купува имот исклучиво во свое име и за сметка на отворениот инвестициски фонд, односно во име и за сметка на затворениот инвестициски фонд со кои управува;
- да и доставува на депозитарната банка копија од сите оригинални документи поврзани со трансакциите со имотот на инвестициските фондови и тоа непосредно после изготвувањето на тие документи или при нивниот прием;
- евиденцијата за трансакциите со имотот на секој поединечен инвестициски фонд да ја води одвоено од своите сопствени сметки, како и од евиденцијата на трансакциите од останатите фондови, како и во договорените временски интервали да ги потврдува со депозитарната банка;
- да ги води деловните книги и останатата документација;
- да објавува податоци за инвестициските фондови со кои управува, како и податоци за своето работење согласно постапката предвидена со подзаконскиот акт од став (2) на овој член;
- да и поднесува на Комисијата редовни извештаи согласно постапките предвидени во подзаконските акти на Комисијата;
- да ја известува Комисијата за секоја промена во согласност со одредбите од овој закон, промена на условите врз основа на кои е добиена дозволата за работење на друштвото за управување, промените на членовите на управниот, односно извршните членови на одборот на директори на друштвото за управување, како и за секоја промена на статутот, капиталот, структурата или учеството во основната главнина во однос на состојбата која ја одобрила Комисијата;
- да воспостави, и води евиденција за своето работење;
- да и овозможи на Комисијата увид во целокупната своја евиденција, и да и обезбеди на Комисијата усни информации;
- да не склучува договор со кој се намалува или менува одговорноста на друштвото за управување утврдена со овој закон;
- да обезбеди дека неговите вработени и секое лице со кое друштвото за управување склучило договор за продажба на акции или удели во инвестициските фондови во негово име, постапуваат во согласност со овој закон;
- еден член од органите на управување и едно лице од редот на вработените да ги задолжи да бидат одговорни за усогласување на работењето на друштвото за управување со одредбите од овој закон и другите прописи и правила на саморегулирачките организации, како и за остварување соработка со Комисијата, со цел спроведување на известувањата и другите кореспондентни активности кои се бараат согласно одредбите од овој закон;
- да управува со инвестицискиот фонд согласно инвестициските цели на секој поединечен фонд со кој управува;
- да го чува имотот на инвестициските фондови со кои управува, во депозитарната банка;
- да и издава на депозитарната банка налози за остварување на правата поврзани со имотот на инвестицискиот фонд и
- да осигура дека проценката на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд како и цената на уделите е точно утврдена.

Комисијата поблиску го пропишува начинот на работење на друштвото за управување.

Основање на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови
Член 31

Друштво за управување со приватни инвестициски фондови(во понатамошниот текст: друштво за управување со приватни фондови) се основа како друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво согласно Законот за трговските друштва, чиј единствен предмет на работење е основање и управување со приватни фондови во свое име и за сметка на сопствениците на документи за удели во фондот.
Друштвото за управување со приватни фондови се основа со основна главнина од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата ако друштвото управува со еден приватен фонд. Доколку друштвото за управување со приватни фондови се основа за управување со повеќе приватни фондови, основната главнина се зголемува за по 25.000 евра во денарска противвредност за секој нареден фонд.
Едно друштво за управување со приватни фондови може да управува со повеќе приватни фондови.
Друштвото за управување со приватни фондови е должно до Комисијата да достави резиме од проспектот на приватниот фонд.
Друштвото за управување со приватни фондови може да биде сопственик на документи за удел во било кој приватен фонд со кој тоа друштво управува.
На друштвото за управување со приватни фондови не се применуваат одредбите од дел II. Друштво за управување со инвестициски фондови и дел IV. Депозитарна банка, од овој закон.

V. ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ
1. ОПШТИ ОДРЕДБИ
Основање и регистрирање на инвестициски фондови
Член 47

Инвестициски фонд се основа со здружување на парични средства наменети за инвестирање од домашни и/или странски физички и/или правни лица, преку јавен повик или приватна понуда, со кои за сметка на инвеститорите управува друштво за управување, односно друштво за управување со приватни фондови, при што се применува принципот на диверзификација на ризикот.
Инвестициски фонд може да се основа како отворен инвестициски фонд, затворен инвестициски фонд и приватен инвестициски фонд.
Отворениот и затворениот инвестициски фонд ги основа и со нив управува друштво за управување, а приватниот инвестициски фонд го основа и со него управува друштво за управување со приватни фондови.

V. ОТВОРЕНИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ
1. ОПШТИ ОДРЕДБИ
Поим за отворен инвестициски фонд
Член 57

Отворен инвестициски фонд (во понатамошниот текст:отворен фонд) претставува посебен имот, без својство на правно лице, чии сопственици на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на фондот и во секое време имаат право да побараат исплата на уделот, со што ќе истапат од фондот.
Купувањето на удели се врши исклучиво со уплата на парични средства, со што купувачот на удели заснова договорен однос со друштвото за управување кое се обврзува дека со уплатените парични средства ќе управува како со дел од заедничкиот имот во согласност со условите назначени во проспектот.
Називот на отворениот фонд треба да ги содржи зборовите "отворен фонд", односно кратенката "о.ф"

VII ЗАТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД
1. ОПШТИ ОДРЕДБИ
Поим и основање на затворен инвестициски фонд
Член 69

Затворен инвестициски фонд (во понатамошниот текст: затворен фонд) е акционерско друштво кое се основа за прибирање парични средства по пат на јавна понуда на акции и вложување на тие средства при што се применува принципот за диверзификација на ризикот.
На затворениот фонд се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност, ако со овој закон не е поинаку уредено.

VIII. ПРИВАТЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД
Поим за приватен инвестициски фонд
Член 93

Приватен инвестициски фонд (во понатамошниот текст: приватен фонд) преставува посебен имот, без својство на правно лице, формиран со цел прибирање на парични средства преку приватна понуда за продавање на документи за удел во фондот, чии средства се вложуваат во согласност со целите на вложување утврдени со проспектот на приватниот фонд. Сопствениците на документите за удел имаат право, покрај правото на удел во добивката на приватниот фонд, да бараат и исплата на уделот и на тој начин да истапат од фондот, на начин и под услови утврдени со проспектот на фондот.
Приватниот фонд се регистрира во Регистарот на фондови во Република Македонија.

Основање и работење на приватен инвестициски фонд
Член 94

Приватен фонд се основа само на одредено време кое не може да биде пократко од осум години.
Големината на приватниот фонд изнесува најмалку 500.000 евра во денарска противвредност. Под големина на фондот се подразбира запишаната максимална обврска за уплати на сите инвеститори по сите основи за целото време на постоење на
Минималната превземена договорена обврска на вложување на секој поединечен инвеститор во приватниот фонд не може да биде помала од 50.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, која инвеститорот е должен да ја реализира на повик на друштвото за управување со приватни фондови во согласност со одредбите на проспектот.
Максималниот број на инвеститори во приватниот фонд е 20 инвеститори.
Приватен фонд основа и со него управува друштво за управување со приватни фондови.
За основање на приватен фонд друштвото за управување со приватни фондови донесува статут и проспект на фондот.
Приватниот фонд може да се задолжува без ограничување.
На приватниот фонд не се применуваат одредбите од член 52, 53, 54, 55 и 56 од глава V и одредбите од глава VI, VII, IX, X, XI, XII, XIII и XIV од овој закон.

## *ЗАКОН ЗА ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ (Сл. бр. 34/2001; 49/2001; 103/2001; 54/2002; 51/2003; 81/2008; 24/2011; 135/2011) (У. бр. 32/2003)*

Општи одредби
1.1.Предмет

Член 1

Со овој закон се регулираат:

1. Тековните и капиталните трансакции и нивна реализација во вид на плаќања и трансфери меѓу резиденти и нерезиденти, меѓу резиденти ако работат со странски платежни средства или ако предмет на работењето се странските платежни средства и едностран пренос на средства од и во Република Македонија, кои не претставуваат трансакции меѓу резиденти и нерезиденти и
2. Девизниот надзор и контрола.
3. Трансакции и трансфери
4. Трансакции меѓу резиденти и нерезиденти

Член 3

Трансакциите меѓу резиденти и нерезиденти се слободни, освен ако со овој закон поинаку не е утврдено.
2.2. Трансакции меѓу резиденти

Член 4

Резидентите меѓу себе можат да склучуваат трансакции во странски платежни средства, како и трансакции чиј предмет е странско платежно средство, само под услови и начин утврдени со овој закон.
Резидентите можат да имаат странски платежни средства на девизни сметки или како девизни влогови кај банки во Република Македонија, овластени согласно со Законот за банките.
Народната банка на Република Македонија го утврдува начинот на кој резидентите отвораат девизни сметки.
Употреба на девизи и други меѓународни мерила за вредност е дозволена само за вредносно изразување на договорите помеѓу резидентите при што валутата на извршување задолжително е денар.
Се забранува наплата или исплата во ефективни странски пари на побарувања меѓу резиденти.
Одредбите од став 1 од овој член не важат при исплата на плати на работници кои работат во странство врз основа на договор со резидент за повраток на трошоци кои тие ги направиле во странство.

4. Капитални трансакции
4.1. Директни инвестиции
Директни инвестиции на резиденти во странство
Член 7

Директните инвестиции на резиденти во странство се слободни.
Резидентите се доллши во рок од 60 дена од денот на склучувањето на капиталната трансакција која е правна основа за стекнување на директна инвестиција во странство, да го пријават вложувањето и сите понатамошни измени на вложувањето во Централниот регистар на Република Македонија (во понатамошниот текст: Централен регистар).
Министерството за економија врши упис на вложувањето и на сите натамошни измени на вложувањето во регистарот на директни инвестиции на резидентите во странство. Централниот регистар врши упис на вложувања на резиденти во странство и на сите натамошни измени на вложувањата кои се сметаат за директни инвестиции на резидент во странство во Регистарот на директни инвестиции на резиденти во странство.
Централниот регистар води Регистар на директни инвестиции на резиденти во странство, за што на резидентите од став 2 им издава потврда за извршен упис и на секоја натамошна измена на директната инвестиција во странство.

Директни инвестиции на нерезиденти во Република Македонија
Член 8

Директните инвестиции на нерезиденти во Република Македонија се слободни, ако со друг закон поинаку не е уредено.
Резидентите во кои нерезидент има вложување кое се смета за директна инвестиција се должни во рок од 60 дена од денот на склучувањето на капиталната трансакција која е правна основа на стекнување на

директна инвестиција во Република Македонија, да го пријават вложувањето и сите натамошни измени на вложувањето во Централниот регистар.
Централниот регистар врши упис на вложувања на нерезиденти во Република Македонија и на сите натамошни измени на вложувањата кои се сметаат за директна инвестиција на нерезидент во Република Македонија во Регистарот на директни инвестиции на нерезидент во Република Македонија.
Централниот регистар води Регистар на директни инвестиции на нерезиденти во Република Македонија, за што на резидентите од став 2 им издава потврда за извршениот упис и за секоја натамошна измена на директната инвестиција во Република Македонија.
Министерот за економија го пропишува начинот на пријавувањето, уписот како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на директни инвестиции на нерезиденти во Република Македонија.

Пренос на добивка, повлекување на средства и ликвидација на директната инвестиција
Член 9

Преносот на добивка, преносот на финансиски средства добиени со отуѓување и продажба на сопственички дел во директната инвестиција како и преносот на остатокот од ликвидационата маса е слободен, под услов нерезидентот да ја регистрирал директната инвестиција согласно со овој закон и да ги намирил сите законски обврски врз основа на даноци и придонеси во Република Македонија.

Право на надоместок
Член 10

Нерезидентот, кој е директен инвеститор има право на надоместок или обесштетување сразмерно на вложениот капитал за настанатата штета, односно загуба од експропријација или поради други мерки на државата кои имаат сличен ефект под услов на стварен и правен реципроцитет.
Ако со друг закон или ратификуван меѓународен договор поинаку е одредено, нерезидентот инвеститор има право да го избере решението кое за него е поповолно.

4.2. Вложување во недвижности
Вложување на нерезиденти во недвижности во Република Македонија
Член 12

Нерезидентите, филијали на странски банки и подружниците на странски трговски друштва во Република Македонија што стекнале сопственост врз недвижности во Република Македонија под услови определени со посебен закон или ратификувани меѓународни договори, се должни во рок од 60 дена од денот на настанување на правната основа за стекнување сопственост на недвижност во Република Македонија да го пријават вложувањето на средствата и сите измени на вложувањето во недвижности во Централниот регистар.
Централниот регистар врши упис на средствата вложени во недвижности на и на сите измени на вложувањето во регистарот на вложувања во недвижности на нерезидентите во Република Македонија.
Централниот регистар води регистар на средствата вложени во недвижности на нерезиденти во Република Македонија, за што издава потврда за извршениот упис и за секоја натамошна измена. Податоците од регистарот се користат за статистички цели. Министерот за финансии го пропишува начинот на пријавувањето, уписот на вложувањето, како и содржината, формата и начинот на водење на регистарот на вложување во недвижности на нерезиденти во Република Македонија.

Вложување на нерезиденти во хартии од вредност во Република Македонија
Член 16

Нерезидентите можат да вршат упис, да уплатуваат и да тргуваат со хартии од вредност во Република Македонија само преку овластен учесник.
Овластениот учесник е должен за сите вложувања на нерезидентите во хартии од вредност во Република Македонија, како и за измена на овие вложувања, вклучувајќи и нивно отуѓување редовно да доставува

извештај до Народна банка на Република Македонија.
Народна банка на Република Македонија го пропишува начинот и условите за работење на нерезидентите со хартии од вредност во Република Македонија.

Директни инвестиции врз основа на вложување во хартии од вредност
Член 17

Одредбите од член 14 и 16 на овој закон за условите и начинот на вложување во хартии од вредност не се применуваат кога се работи за вложување на вид на директни инвестиции во смисла на членовите 7 и 8 од овој закон.

## *ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Сл. бр. 57/2010; 36/2011) (У. бр. 191/2010)*

Основање
Член 2

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата) се основа заради обезбедување зголемен прилив на странски директни инвестиции и промоција на извозот со што се поттикнува економскиот раст и развој во Република Македонија.

Правен статус
Член 3

(1) Агенцијата има својство на правно лице.
(2) Агенцијата е самостојна во својата работа.
(3) Скратен назив на Агенцијата е АСИПИРМ.
(4) Скратениот назив на Агенцијата во меѓународниот промет е "InvestMacedonia".
(5) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

Активности на Агенцијата
Член 4

Основни активности на Агенцијата се:
1) развивање, на годишна основа, ажурирање и имплементирање на најдобрите практики на стратегии за промоција на инвестиции за привлекување странски директни инвестиции;
2) развивање, на годишна основа, ажурирање и имплементирање на најдобрите практики на стратегии за промоција на извозот;
3) развивање на неопходните вештини за ефективно развивање и имплементирање на стратегијата за промоција на инвестиции и извоз за исполнување и надминување на очекувањата на странскиот инвеститор со диференцирање на Република Македонија од други конкурентни земји преку давање на високо професионални услуги на инвеститорите, во процесот на прединвестирање, инвестирање и реинвестирање и високо професионални услуги во врска со промоција на извозот;
4) вградување на стратегија за идентификување, во рамките на стратегијата за инвестициона и извозна промоција, на оние сектори кои претставуваат најдобри перспективи за максимизирање на нето економската добивка за Македонија;
5) обезбедување услуги на инвеститорите и извозниците;
6) дефинирање и поткрепување на клучните маркетинг пораки насочени кон подобрување на имиџот на Република Македонија како локација атрактивна за инвестирање и генерирање на инвестициони можности;
7) професионално презентирање на секторски специфичните и оперативните добивки кои Република Македонија ги нуди на инвеститорите и извозниците, во електронски и печатени медиуми;

8) развивање и имплементација на иновативни и поактивни промотивни настапи на целните пазари;
9) воспоставување ефективно партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор за екстензивна промоција на Република Македонија и развивање на база на податоци за целните компании и системи за следење за да се помогне идентификувањето и осигурувањето на инвестирањето;
10) развивање и имплементација на акционен план за целосно искористување на Интернет и информатичка технологија како средства за маркетинг и истражување;
11) промовирање на регионите на Република Македонија и искористување на секоја можност за поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија;
12) вршење анализа на условите за инвестирање и извоз и предлагање на измени на законската регулатива во насока на подобрување на климата за инвестирање и извезување;
13) испитување и поттикнување развојни иницијативи како што се стимулирање на порастот на "Greenfield" инвестиции и технолошки индустриски развојни зони, заради зголемување на конкурентноста на Република Македонија како локација за инвестирање;
14) склучување договор во име на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, во кој е определена државната помош која се доделува на корисникот на зоната, согласно со Законот за технолошко индустриска развојна зона, за кој договор Владата на Република Македонија дава претходна согласност;
15) доставување информација за доделената државна помош во технолошко индустриски развојни зони, за изминатата година, во согласност со Законот за технолошко индустриски развојни зони до Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони;
16) давање информативни услуги на извозниците од Република Македонија во врска со надворешната трговија, извозните процедури, царини, даноци и законска регулатива, како и асистенција во обезбедување на сите административни лиценци и дозволи;
17) обезбедување информации за пристап до меѓународни пазари заради олеснување на извозниците во изнаоѓање на странски деловни партнери;
18) вршење на активности за промоција на извозот во земјата и странство и поврзување на македонските извозници со странските купувачи;
19) давање информативни услуги на странски компании за извозните потенцијали во Република Македонија;
20) организирање, учество и поддршка на меѓународни саемски манифестации, семинари и деловни настани за македонските извозници;
21) вршење на маркетинг истражувања за пристап на странски пазари, како и истражувања фокусирани на одредени сектори и пазари на држави и региони;
22) подготвување, промовирање и презентирање на извозните потенцијали на Република Македонија во странство;
23) логистичка поддршка на трговски мисии и делегации во земјата и странство;
24) обезбедување размена на информации меѓу амбасадите, дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија и деловни субјекти, за испитување на пазарот и законодавството;
25) презентирање на можностите на туристичките потенцијали на Република Македонија во странство заради поттикнување инвестиции во туризмот и
26) врши и други работи во согласност со закон.

### *ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Сл. бр. 60/2003; 161/2009; 171/2010)*

ЦЕЛИ НА ЗАКОНОТ
Член 2

Агенцијата се основа за реализација на Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство во Република Македонија и за реализација на други програми донесени од Владата на Република Македонија кои се однесуваат на претприемништвото и малото стопанство.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Член 5

(1) Агенцијата има својство на правно лице.
(2) Агенцијата е самостојна во својата работа.
(3) Скратениот назив на Агенцијата е АППРМ.
(4) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.
(5) Доколку со работата на Агенцијата се остварат поголеми приходи од расходи, истите ќе се употребат за остварување на задачите на Агенцијата.

ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА
Член 6

Предмет на работење на Агенцијата е:
- реализација на Програмата;
- координација и развој на мрежа на институции за поддршка на развојот на претприемништвото и малото стопанство;
- давање поддршка за примена на иновации и воведување современи технологии во малото стопанство;
- учество во реализација на проекти кои обезбедуваат деловна соработка, партнерство и поврзување на економиите во регионот, во ЕУ и пошироко;
- помагање на интегрирањето на малото стопанство во меѓународниот пазар;
- давање поддршка за самовработување, како и за зголемување на вработеноста и едукација на претприемачите за започнување и водење сопствен бизнис;
- создавање и одржување бази на податоци во врска со стопанските субјекти, пазарните потреби, актуелните трендови во стопанството и друго;
- обработка и дистрибуција на пакети информации за различни целни групи-корисници;
- обезбедување информации за закони и други прописи поврзани со започнување и водење сопствен бизнис и
- други работи во врска со поттикнувањето на развојот на претприемништвото и конкурентноста на малото стопанство.


-OVERLAP
* INVESTMENT
2) RESOURCES
3) INITIATIVES
4) PARTNERSHIPS

# ДЕЛ ВТОР – РАБОТНИ ОДНОСИ

Вториот дел на Правниот водич за инвеститори е фокусиран на одредбите што го опфаќаат вработувањето како и пазарот на трудот. Во таа насока, вклучени се законите кои ги регулираат работните односи, вклучувајќи го вработувањето и работата на странците, пензиското и инвалидското осигурување, поттикнувањето на вработувањето како и решавањето на работните спорови.

Најзначајна државна институција во оваа сфера е ***Агенцијата за вработување на Република Македонија*** (www.avrm.gov.mk) во рамките на која се одвива процедурата за пријавување на вработени лица. Имено, истата процедура е поедноставена со скратување на роковите, намалување на надоместоците и документацијата што се бара од фирмите.

Законот за работни односи е прилагоден на стандардите на ЕУ и овозможува флексибилност на пазарот на труд преку повеќе видови на договори за вработување и флексибилност на работното време.

Воведувањето на системот на договарање, пресметка и исплата на бруто плата на работниците во јануари 2009 година се покажа како многу успешно. Составен дел на овој систем претставува и интегрираната наплата на сите социјални придонеси и персоналниот данок на доход од страна на Управата за јавни приходи.

## *ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ (пречистен текст Сл. бр. 158/2010; 47/2011)*

Примена на Законот

Член 4

(1) Овој закон се применува врз работните односи меѓу работодавачите кои имаат седиште или престојувалиште во Република Македонија и кај нив вработените работници, кога работата постојано се врши на територијата на Република Македонија, како и во случаите кога работодавачот привремено ќе го упати работникот на работа во странство.
(2) Овој закон се применува, исто така, за работните односи меѓу работодавач и од територијата на земја членка на Европската унија и работодавач од територијата на земја која не е членка на Европската унија и кај нив вработените работници, коишто се воспоставуваат врз основа на договорот за вработување заради вршење на работа на територијата на Република Македонија.
(3) За работниците кои работодавач и од територијата на земја членка на Европската унија и работодавач од територијата на земја која не е членка на Европската унија ќе ги упати на привремена работа во Република Македонија врз основа на договор за вработување според странското право, се применуваат одредбите на овој и друг закон, кои го уредуваат работното време, дневниот и годишните одмори, ноќната работа, минималниот годишен одмор, минималната плата, заштитата при работа и посебната заштита на работниците.
(4) Овој закон се применува и на работните односи на работниците кои се испратени од нивниот работодавач за давање на услуги на друг работодавач од територијата на земја членка на Европската унија во територијата на Република Македонија и работодавач од територијата на земја која не е членка на Европската унија.
(5) Овој закон не се применува на поморскиот персонал на трговско- поморски претпријатија, на членови на екипаж на авиони и на странци вработени во компаниите за патничкиот и железничкиот сообраќај кои имаат регистрирано седиште во странство.

Член 13

(1) Со потпишување на договорот за вработување се заснова работен однос меѓу работникот и работодавачот.
(2) Правата, обврските и одговорностите врз основа на вршењето на работата од работниот однос и вклучување во задолжителното социјално осигурување врз основа на работниот однос, започнуваат да се остваруваат со денот на стапувањето на работникот на работа, договорени во договорот за вработување.
(3) Работодавачот е должен да поднесе пријава/одјава (образец М1/М2) за работникот во задолжително социјално осигурување (пензиско и инвалидско, здравствено и осигурување во случај на невработеност), во согласност со посебните прописи, во Агенцијата за вработување на Република Македонија, по електронски пат или непосредно во Агенцијата, пред работникот да стапи на работа. Заверена фотокопија од пријавата или извод од компјутерски запис од информацискиот систем на Агенцијата му се врачува на работникот во рок од три дена од денот на стапувањето на работа.
(4) Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, се должни да водат и трајно да ја чуваат евиденцијата на пријавите и одјавите во социјално осигурување и на барање на лицето да му издадат податоци за состојбата и промените во врска со социјалното осигурување на работникот.
(5) Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, вршат размена на податоците во врска со социјалното осигурување.
(6) Ако датумот на стапување на работа не е определен во договорот за вработување, како датум на стапување на работа се смета датумот на потпишувањето на договорот за вработување.
(7) Работникот не може да стапи на работа пред да се склучи договор за вработување и пред работодавачот да го пријави во задолжително социјално осигурување.

(8) Правата, обврските и одговорностите врз основа на вршењето на работата од работниот однос и вклучување во задолжителното социјално осигурување врз основа на работниот однос, започнуваат да се остваруваат со денот на стапувањето на работа, исто така, и во случај ако на тој ден работникот од оправдани причини нема да започне да работи.
(9) Оправдани причини според овој закон, заради кои работникот не отпочнува со работа на денот определен со договорот за вработување, се случаите кога работникот е отсутен од оправдани причини утврдени со закон, колективниот договор и договорот за вработување.

Договор за вработување на неопределено и определено време

Член 14

(1) Договор за вработување се склучува за време чие траење однапред не е определено (работен однос на неопределено време).
(2) Договор за вработување може да се склучи и за време чие траење однапред е определено (работен однос на определено време).
(3) Договор за вработување, во кој не е утврдено времето за кое е склучен договорот, се смета за договор за вработување на неопределено време.

Член 20

(1) Странски државјани или лица без државјанство можат да склучат договор за вработување, ако ги исполнуваат условите определени со овој и со друг посебен закон, со кој се уредува вработување на странци.
(2) Ако се склучи договор за вработување во спротивност со ставот (1) на овој член се смета дека договорот е ништовен.

III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Начин на обезбедување на потребата од работници

Член 22

(1) Работодавачот потребата од работници ја обезбедува преку:
1) огласување на јавен оглас во дневниот печат на товар на работодавачот;
2) објавување во службата надлежна за посредување при вработување, без наплата, во согласност со закон;
3) посредување на службата надлежна за посредување при вработување преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработените лица и
4) агенција за посредување при вработување со наплата од работодавачот, во согласност со закон.
(2) Во јавна установа, јавно претпријатие и друго правно лице што врши дејност на јавна служба, орган на државната власт и орган на единицата на локалната самоуправа, при вработувањето се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија, односно во единиците на локалната самоуправа, без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност.
(3) Во јавна установа, јавно претпријатие и друго правно лице што врши дејност на јавна служба, орган на државната управа и орган на единицата на локалната самоуправа, потреба од работник се обезбедува со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
(4) По исклучок, работодавачот од ставот (2) на овој член, за итни и неодложни работи, работен

однос може да се заснова и без јавно огласување, но најмногу до 30 дена, со посредување на службата надлежна за посредување при вработување.

Права и обврски на работодавачот

Член 25

(1) Работодавачот смее да бара од кандидатот само приложување на докази за исполнување на бараните услови за вршење на работите.
(2) Работодавачот при склучувањето на договорот за вработување не смее да бара податоци за семејниот односно брачниот статус и планирање на семејството, односно доставување на други исправи и докази коишто не се во непосредна врска со работниот однос.
(3) Работодавачот не смее да го условува склучувањето на договорот за вработување со податоци од ставот (2) на овој член или со потпишување на спогодба во врска со престанок на работниот однос.
(4) При склучувањето на договорот за вработување работодавачот може да го провери знаењето, односно способноста на кандидатот за вршење на работата за којашто се склучува договорот за вработување.
(5) При склучување на договор за вработување кандидатот не е должен да достави доказ за здравствената способност, освен ако работодавачот на своја сметка го испрати на здравствен преглед.
(6) Проверката на знаењето, односно способноста на кандидатот или утврдување на здравствените способности на кандидатот не смеат да се однесуваат на околностите коишто не се во непосредна врска со работата на работното место за коешто се склучува договорот за вработување.
(7) Работодавачот мора пред склучувањето на договорот за вработувањето да го запознае кандидатот со работата, условите на работа, како и правата на работниците кои се поврзани со вршењето на работата на работното место за коешто се склучува договорот за вработување.
(8) Работодавачот е должен да ги информира работниците на определено време за слободните работни места преку објава на видно место кај работодавачот, за да ги осигури дека ја имаат истата можност за добивање вработување на неопределено време како и другите работници.
(9) Работодавачот треба колку што е можно повеќе да го олесни пристапот на работниците на определено работно време до соодветни можности за обука за подобрување на нивните способности, развојот во кариерата и професионалната мобилност.

Договор за вработување на определено време

Член 46

(1) Договор за вработување може да се склучи на определено време за вршење на исти работи, со прекин или без прекин до пет години.
(2) Договор за вработување на определено време за замена на привремено отсутен работник може да се склучи до враќање на привремено отсутниот работник.
(3) Работниот однос заснован со договор за вработување на определено време, освен договорот за вработување за вршење на сезонска работа, се трансформира во работен однос на неопределено време, ако работникот продолжи да работи по истекот на рокот од ставот (1) на овој член, под услови и на начин утврдени со закон.
(4) По исклучок работниот однос заснован со договор за вработување на определено време може да се трансформира во работен однос на неопределено време и пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член, ако работникот работи повеќе од две години на работно место кое е ослободено по основ на пензионирање или други основи и за кое се обезбедени финансиски средства, доколку работодавачот утврди дека има трајна потреба од работникот, под услови и на начин утврдени со закон.

Договор за вработување на деловни лица (менаџерски договор)

Член 54

Ако договор за вработување склучуваат деловните лица (менаџери), во договорот за вработување страните можат поинаку да ги уредат правата, обврските и одговорностите од работниот однос особено за:
1) условите и ограничувањата на работниот однос на определено време;
2) работното време;
3) обезбедувањето на дневен и годишен одмор;
4) плаќањето на работата и
5) престанувањето на важноста на договорот за вработување.

Остварување на правата и обврските од работен однос на работоводниот орган (менаџер)

Член 55

Работоводниот орган (менаџер), правата и обврските од работен однос, за времето додека е именуван, односно избран на таа должност, ги остварува кај работодавачот кај кого е именуван, односно избран според одредбите на овој закон и друг закон, колективен договор и договорот за вработување.

Член 104

(1) Работодавачот го прекинува договорот за вработување на работникот кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж.
(2) Работодавачот, на барање на работникот од ставот (1) може да му го продолжи договорот за вработување најмногу до 65 години возраст, доколку со закон поинаку не е утврдено.

XXVI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 264

(1) Глоба во износ од 7.000 евра, во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на работодавач - правно лице ако:
1) не е склучен договор за вработување меѓу работникот и работодавачот и работодавачот не го пријавил работникот во задолжително пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност пред стапување на работникот на работа (член 13 ставови (1),(2),(3) и (7));
2) не обезбеди услови за безбедност на животот и здравјето на работниците во согласност со прописите за безбедност и здравје при работа (член 42);
3) не ги штити и почитува личноста, достоинството, приватноста на работникот и не се грижи за заштита на личните податоци на работникот (членовите 43 ставови (1) и (2) и член 44 ставови (1),(2),(3) и (4)) и
4) го оневозможува или ќе се обиде да го оневозможи инспекторот на трудот во спроведувањето на надзорот.
(2) Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.
(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач - физичко лице.

Член 265

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на работодавач - правно лице ако:

1) договорот за вработување не се чува во работните простории на работодавачот каде што работи работникот и не му е врачен примерок од договорот за вработување на работникот (член 15 ставови (2) и (3));
2) склучи договор за вработување со лице кое не наполнило 15 години возраст и кое нема општа здравствена способност (член 18);
3) склучи договор за вработување или овозможи работа на млади лица спротивно на членот 18 од овој закон или ако склучи договор за вработување спротивно на овој закон (член 19 ставови (1) , (2) и (3));
4) склучи договор за вработување со странец кој не ги исполнува условите определени со овој или со друг закон (член 20);
5) работодавачот направи измени на договор за вработување спротивно на овој закон (член 28-а ставови (2), (3) и (4));
6) не го запознае работникот со мерките за безбедност и здравје при работа и не го обучи за нивната примена, согласно прописите за безбедност и здравје при работа (член 32);
7) на работникот кој работи со скратено работно време му наложи да работи преку договореното работно време (член 48 и 60);
8) не обезбеди заштита на правата во случај на пренесување на трговско друштво или делови на трговско друштво (член 68-а, 68-б, 68-в, 68-г, 68-д);
9) не обезбеди информирање и консултирање на работникот во смисла на членовите 94-а и 95 од овој закон;
10) не исплатил плата, и не уплатил придонеси од плата (членови од 105 до 114);
11) на работникот му нареди да работи со подолго работно време од работното време определено со закон, не води или неправилно води евиденција на работното време и на прекувремената работа и не го извести инспекторот за воведување на прекувремена работа (членови 116, 117, 119 и 120);
12) не ги почитува прописите за прераспределбата и распоредот на работното време (членови 124 и 125);
13) ноќната работа ја организира спротивно на членовите од 127 до 131 од овој закон, односно не го извести инспекторот за воведување на ноќна работа;
14) на работникот не му обезбеди пауза за време на работното време, одмор меѓу два последователни дена, неделен и годишен одмор во согласност со овој закон и не издаде решение за годишен одмор (членови од 132 до 156);
15) на работничка , татко и посвоител на дете со потешки пречки во развојот не им обезбеди право на посебна заштита во согласност со овој закон (членови од 160 до 171);
16) на работници кои се уште не наполниле 18 години возраст не им обезбеди заштита во согласност со овој закон (членови од 172 до 176);
17) на инвалидите и на повозрасните работници не им обезбеди заштита во согласност со овој закон (членови од 177 до 180);
18) вршењето на работа во странство го организира спротивно на овој закон (членови 248 и 249);
19) организира работа на деца, ученици и студенти спротивно на овој закон (член 250)
и
20) не постапи по решението на инспекторот за отстранување на повреда на закон или друг пропис или по налог на инспекторот за труд за забрана на работа (членови 256 до 263).
(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.
(3) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач - физичко лице.

Член 265-а

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на работодавач - правно лице ако:
1) не ги исполнува пропишаните и договорените услови за вршење на работата определени со закон, колективен договор, акт на работодавачот, односно барани од страна на работодавачот (член19);
2) објави слободно работно место во спротивност на овој закон (членови 23 и 24);
3) на инспекторот за труд не му достави примерок од договорот за вработување за вршење на работа

дома (член 50);
4) работодавачот се обиде да оствари или остварува забранет надзор над синдикатот (член 195);
5) не издаде потврда со список или издаде потврда со список со нецелосни податоци за работниците членови на синдикатот кои плаќаат членарина (член 213-в);
6) работник кој организирал или учествувал во штрајк, организиран во согласност со закон, го стави во понеповолна положба со другите работници (член 239);
7) откажувањето на договорот за вработување не биде изречено во писмена форма и содржина, согласно со закон и не биде врачен (членови 70 и 71);
8) тогаш кога е должен да учествува во постапка за мирно решавање на работните спорови (членови 182 и 183) и
9) склучи договор спротивно на членот 252 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на директорот, односно одговорното лице кај работодавачот.
(3) Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач - физичко лице.

### *ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ (пречистен текст Сл. бр. 144/2008; 161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011) (У. бр. 84/2008; 103/2010; 173/2010)*

Член 1

Со овој закон се уредуваат прашањата за размена на трудот, правата и обврските на работодавците, невработените лица и државата, во врска со вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и други прашања од значење за вработувањето.

### *ЗАКОН ЗА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА (Сл. бр. 49/2006; 102/2008; 145/2010; 136/2011)*

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на основање на агенции за привремени вработувања, како и условите и начинот на привременото вработување за вршење на привремени работи кај друг работодавач.

Член 2

Привремени вработувања за вршење на привремени работи кај друг работодавач, може да врши приватна агенција за привремени вработувања со наплата на надоместок (во натамошниот текст: агенција за привремени вработувања), во согласност со овој закон.

Член 3-в

Одредбите од прописите за работните односи, прописите за безбедност и здравје при работа и прописите за еднаквиот третман на жените и мажите што се однесуваат за заштита на жените за време на бременост, раѓање, родителство и нега на дете, заштита на децата и младите лица се однесуваат и на отстапените агенциски работници од Агенција за привремено вработување на работодавач корисник.

II. ОТСТАПУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ РАБОТИ

1. Договор за отстапување на работник на работодавач корисник

Член 11

(1) Отстапувањето на работник за вршење на привремени работи се врши врз основа на договор за отстапување на работник кој го склучуваат агенцијата за привремени вработувања и работодавачот корисник.
(2) Договорот за отстапување на работник задолжително се склучува во писмена форма.
(3) Договорот за отстапување на работник од ставот 1 на овој член содржи особено:
- податоци за договорените страни,
- број на работници кои се потребни на корисникот,
- потребните квалификации на работниците за извршување на работите,
- периодот за кој се бара отстапување на работникот,
- местото во кое ќе се извршуваат работите,
- видот на работите кои ќе ги врши отстапениот работник,
- лице овластено од корисникот за застапување на работниците,
- начин и период во кој корисникот е должен да обезбеди средства за плата, придонеси за социјално осигурување и други додатоци и надоместоци, согласно со закон и колективен договор, на агенцијата за привремени
- обврска на корисникот да достави извештај за остварени ефективни работни часови на работникот и да ги наведе прописите кои кај работодавачот се применуваат за утврдување на платата, периодот и начинот на уплатата,
- висината на надоместокот за услугите на агенцијата за привремени вработувања,
- обврските на корисникот за исплата на додатоците и надоместоците, согласно со закон и колективен договор,
- обврска на работодавачот корисник да обезбеди исто ниво на заштита на здравјето и безбедноста при работа на отстапениот агенциски работник како и за другите работници и
- условите и начинот на користењето на одмори и отсуства на отстапениот работник, согласно закон и колективен договор .
(4) Договор од ставот 1 на овој член не може да се склучи:
- за замена на работник кај корисникот за време на штрајк;
- ако корисникот во претходниот период од шест месеца од деловни причини им го откажал договорот за вработување на работниците кои работеле на работите за кои се бара отстапување на работник и
- за отстапување на работник на друга агенција за привремени вработувања или од еден на друг корисник.

Член 14

Платата на отстапениот работник не може да биде помала од платата на работник кај работодавачот корисник на исти работи, а ако таков работник нема од платата на работник на слични работи од соодветната дејност.

Член 15

Работодавачот корисник во однос на отстапениот работник се смета за работодавач во смисла на примената на одредбите од овој закон и други закони и прописи со кои е уредена заштитата при работа и е одговорен за заштитата при работа на отстапениот работник.

Член 16

(1) Отстапениот работник е должен работата да ја врши согласно со упатствата на работодавачот

корисник.
(2) Работодавачот корисник и работникот се должни да ги почитуваат одредбите од овој закон, друг закон и колективен договор кои го обврзуваат работодавачот корисник во врска со правата и обврските непосредно поврзани со извршувањето на работите.
(3) Доколку работодавачот корисник ги прекршува обврските од ставот 2 на овој член отстапениот работник има право да одбие работа.
(4) Отстапениот работник има право да ја одбие работата и во случај:
- работодавачот корисник да не му обезбеди заштита при работа, согласно прописите и
- да го преотстапи на друг работодавач корисник, спротивно на овој закон.
(5) Отстапениот работник за одбиената работа од ставовите 3 и 4 на овој член е должен писмено да ја извести агенцијата за привремени вработувања и инспекцијата на трудот.

***ЗАКОН ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ (Сл. бр. 80/1993; 3/1994; 14/1995; 71/1996; 32/1997; 24/2000; 96/2000; 5/2001; 50/2001; 85/2003; 50/2004; 4/2005; 84/2005; 101/2005; 70/2006; 153/2007; 152/2008; 81/2009; 156/2009; 83/2010; 156/2010; 24/2011; 51/2011) (У. бр. 128/1995; 229/1995; 178/1996; 202/1996; 98/2000; 23/2001; 24/2001; 48/2001; 193/2005; 151/2006; 25/2008; 266/2007; 83/2009)***

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува задолжително пензиско и инвалидско осигурување на работниците во работен однос и на физичките лица кои вршат дејност, основите на капитално финансирано пензиско осигурување како и посебните услови под кои одделни категории на осигуреници ги остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 2

(1) Системот на пензиското и инвалидското осигурување е составено од:
- задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност
- задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;
- доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;

(2) Задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување поблиску ќе се уредат со посебни закони

Член 5

Права од пензиско и инвалидско осигурување се:
1) право на старосна пензија;
2) право на инвалидска пензија;
3) професионална рехабилитација
4) право на семејна пензија;
5) право на паричен надоместок за телесно оштетување;
6) право на најнизок износ на пензија.

II. ОСИГУРЕНИЦИ

Член 11

Осигуреници со задолжително пензиско и инвалидско осигурување се:

1) работниците во работен однос во претпријатие и друго правно лице кое врши стопанска дејност, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и во домашно и странско физичко и правно лице (во натамошниот текст работодавец);
2) лицата на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија (војници по договор, помлади офицери, офицери и граѓански лица ва служба во Армијата);
3) избраните или именуваните носители на јавна и друга функција, ако за вршењето на функцијата примаат плата, односно остваруваат надоместок на плата за вршење на таа функција;
4) државјаните на Република Македонија кои на територијата на Република Македонија се вработени кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва или се во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или се во лична служба на странски државјани, ако со меѓународен договор не е поинаку определено;
5) државјаните на Република Македонија вработени во странство, ако за тоа време не се задолжително осигурени кај странски носител на осигурувањето;
6) државјаните на Република Македонија вработени кај странски работодавец во држава во која се задолжително осигурени, но во која правата од пензиското и инвалидското осигурување, што како права се утврдени со овој закон, не можат да ги остваруваат или не можат да ги користат надвор од таа држава;
7) самовработените лица - физички лица кои вршат самостојна економска дејност
или професионална и друга интелектуална услуга од која остваруваат приход, во согласност со закон;
8) индивидуалните земјоделци-обврзници на данок од приход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање (индивидуални земјоделци);
9) невработени лица кои примаат паричен надоместок најмногу до навршување на 15 години пензиски стаж;
10) инвалидите на трудот за време на чекање за упатување и за време на професионална рехабилитација и соодветно вработување;
11) самостојните уметници кои со таков статус се здобиле според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на министерот за култура и
12) професионални спортисти кои имаат склучено договор за вработување со професионален спортски клуб.

Член 12

(1) Задолжително се осигуруваат и работниците од член 11 став 1 точки 1 и 3 на овој закон што се упатени на работа во странство и за времето на работа во странство, ако не се задолжително осигурени според прописите на државата во која се упатени или ако со меѓународен договор не е поинаку определено.
(2) Задолжително се осигуруваат и државјаните на Република Македонија кои засновале работен однос кај работодавецот кој врши дејност во странство.

Член 13

Задолжително се осигуруваат и странските државјани и лицата без државјанство кои на територијата на Република Македонија се:
1) во работен однос кај работодавец;
2) во служба на странски физички и правни лица, ако со меѓународен договор не е поинаку определено и
3) во служба на меѓународни организации и установи, на странски дипломатски и конзуларни претставништва, ако таквото осигурување е предвидено со меѓународен договор.

III. СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА

1. Старосна пензија

Член 17, став 1

(1) Осигуреникот стекнува право на пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.

*VII. ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ*

Член 132-а

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се распределува и тоа 65% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност и 35 % за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 132-д

За оданочувањето на придонесите и капитално финансираните пензии се применуваат истите прописи кои важат за задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност.

Член 132-ѓ

Средствата за приватниот пензиски фонд се состојат од износите добиени од акумулираните придонеси од членовите на Фондот и приносите од инвестираните акумулирани придонеси.
Приватниот пензиски фонд ќе биде управуван од Друштво за управување со пензиски фондови.

Член 132-е

Друштвото за управување со пензиски фондови мора да има минимум на акционерски капитал и да исполнува други услови утврдени со закон.
Минимумот на акционерски капитал треба да биде уплатен исклучително во парични средства.
Акционерскиот капитал од став 1 на овој член не може да потекнува од заеми и кредити.

Член 132-ж

Овластување за управување со приватен фонд дава институција определена со закон.
Работењето на Друштвото за управување со пензиски фондови подлежи на постојана супервизија од страна на институцијата од став 1 на овој член.
Ако институцијата од став 1 на овој член утврди дека интересите на членовите на пензискиот фонд се загрозени или оштетени, може да го одземе овластувањето на Друштвото за управување на пензиски фондови согласно со закон.

Член 132-з

Средствата од приватниот пензиски фонд ќе се чуваат одвоено од друштвото за управување со пензиски фондови од страна на посебна банка- чувар на имот. Банката чувар на имот мора да ги исполни условите утврдени со закон.

***ЗАКОН ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ (Сл. бр. 142/2008; 64/2009; 156/2009; 166/2010; 53/2011; 185/2011) (У. бр. 233/2008)***

Глава I
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат видовите на придонеси за задолжително социјално осигурување (во натамошниот текст: придонеси), обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка, роковите на плаќање на придонеси, контрола на пресметување и уплата на придонеси, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на придонесите.

Глава II
ВИДОВИ ПРИДОНЕСИ

Член 5

Во задолжително социјално осигурување спаѓаат придонесите за:
1) пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата;
2) задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;
3) стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење;
4) здравствено осигурување и
5) осигурување во случај на невработеност.

Глава IV
ОБВРЗНИЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ

Член 13, став 1, точки 1 и 2

Обврзник за пресметка и уплата на придонеси е:
1) работодавачот за своите вработени;
2) самовработеното лице само за себе;

Глава V
ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИТЕ

Член 14

(1) Основица за пресметка и плаќање на придонеси е:
1) плата, дополнителни примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување, за лице во работен однос;
2) плата за работа со скратено работно време, односно за часовите поминати на работа, и дополнителни примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување, за работник кој работи со скратено работно време;
3) просечна плата во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, за лицето од членот 7 став (1) точки 10 и 11, лицето од членот 10 став (1) точка 13 и лицата од членот 10-б на овој закон кои оствариле приход поголем од 182.000 денари во претходната календарска година;
4) месечната аконтација на нето приходот, односно на паушално утврдениот нето приход на кој се плаќа данок, согласно со Законот за персонален данок на доход, за самовработено лице;
4-а) просечна плата на работникот остварена во годината пред престанокот на задолжителното

осигурување, усогласена со просечниот годишен пораст на платите во Републиката, за лицата кои пристапиле во продолжено пензиско и инвалидско осигурување, согласно со закон;
5) просечна плата на работникот остварена во година пред упатување на работа во странство, усогласена за просечен месечен пораст на платите кај работодавачот, за работник кој е упатен на работа во земји со кои Република Македонија нема склучено или преземено договор за социјално осигурување, за работник кој е упатен на работа во странство од работодавач;
6) просечна плата на работникот остварена во годината пред упатување на работа во странство, усогласена за просечен месечен пораст на платите кај работодавачот и платата што ја прима во странство, во земји со кои Република Македонија има склучено или преземено договор за социјално осигурување, за работник кој е упатен на работа во странство од работодавач;
7) пензијата, односно надоместок според прописите на пензиското и инвалидското осигурување, за корисник на домашна и/или странска пензија;
8) надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, за корисник на паричен надоместок;
9) надоместок за скратено работно време за нега и чување на потешко хендикепирано дете, за корисник на надоместок;
10) надоместок на плата за време на професионална рехабилитација, за корисник на надоместок;
11) надоместок во случај на невработеност, за невработени лица корисници на паричен надоместок за време на привремена невработеност;
12) 20% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, за индивидуален земјоделец;
13) просечна плата во Републиката објавена во тековниот месец за државјанин на Република Македонија вработен во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен, или според меѓународна спогодба, а имал живеалиште на територијата на Република Македонија непосредно пред засновањето на работниот однос во странство - за членовите на семејството кои живеат во Република Македонија и
14) 50% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика за:
- припадник на монашки и други верски редови и верско службено лице,
- лице корисник на постојана парична помош, лице сместено во згрижувачко семејство и во установа за социјална заштита, корисник на паричен надоместок за помош и нега и парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, согласно со прописите од социјалната заштита, ако не може да се осигури по друга основа,
- лице на издржување на казна затвор, лице кое се наоѓа во притвор, ако не е осигурено по друга основа, и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во воспитно - поправен дом, односно установа,
- лицата од членот 10 став (1) точка 15 на овој закон,
- учесник во НОВ и учесник во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија, воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во НОВ, како и цивилните инвалиди од Втората светска војна, лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на Македонија и нејзината државност, на кои тоа својство им е утврдено со посебни прописи и членовите на семејството и родителите на лицата граѓани на Република Македонија, загинати во војните при распадот на СФРЈ,
- лицата од членовите 8 и 9 на овој закон и
- самовработено лице до истекот на првата календарска година во која започнало со вршење на дејност.
- лицата од членот 10-б кои оствариле приход во износ од 132.000 до 182.000 денари во претходната календарска година.
(2) По лично барање, осигуреникот - самовработено лице и индивидуален земјоделец, придонесите може да ги плаќа и на повисока основица.
(3) Плата, пензија или инвалиднина која се прима во странска валута, поради утврдување на основицата на придонесите од ставот (1) на овој член, се пресметува во денарска противвредност по официјалниот среден курс на Народната банка на Република Македонија кој важи за последниот ден во месецот за кој придонесите се пресметуваат, односно плаќаат.

(4) Износите од ставовите (1) точка 3 и (1) точка 14 алинеја 8 на овој член се усогласуваат на годишно ниво со порастот на платите во претходната година.

Глава VI
НАЈНИСКА И НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ

Член 15

(1) Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување за тековната година не може да биде пониска од 50% од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, со исклучок на основицата утврдена во членот 14 став (1) точки 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 на овој закон.
(2) За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување за тековната година не може да биде пониска од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

Член 16

(1) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите е износот од четири просечни плати.
(2) При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.
(3) Највисоката месечна основица ги вклучува сите примања на обврзникот за плаќање на придонеси од работен однос остварени во тековниот месец.
(4) На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.
(5) Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност изнесува 80% од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

Глава VII
ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ

Член 17

(1) Придонесите ги пресметува, задржува и уплатува обврзникот за пресметка и уплата на придонеси при секоја исплата на плата или дел од плата, надоместок на плата, пензија, односно друг паричен надоместок.
(2) Начинот на пресметка и уплата на придонесите со акт го пропишува министерот за финансии.

Глава IX
СТАПКИ НА ПРИДОНЕСИТЕ

Член 25

(1) Стапки по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите се:
1) 17% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување;
2) 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест;
3) 7% за задолжително здравствено осигурување;

4) 10% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точки 11 и 14 алинеи 1, 2, 3 и 5 на овој закон;
5) 5,4% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точка 14 алинеја 4 од овој закон;
6) 13% за задолжително здравствено осигурување за обврзникот корисник на домашна и/или странска пензија кој придонесот го плаќа на износот на пензијата;
7) 0,5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување и
8) 1% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.
(2) Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење изнесува:
- 8,5% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци,
- 7,08% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци,
- 5,67% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци,
- 4,25% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци,
- 2,83% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеца и
- 1,42% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

Глава XII
ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 28

Глоба во износ од 1.500 до 1.700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на обврзникот за пресметка и уплата на придонесите за сторен прекршок, доколку постапи спротивно на членот 22 став (1) од овој закон.

Член 28-а

Глоба во износ од 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на обврзникот за пресметка и уплата на придонесите за сторен прекршок, доколку:
1) неправилно ја подготви пресметката и уплатата на придонесите ги изврши на погрешен износ и
2) постапи спротивно на членот 18 од овој закон.

Член 28-б

(1) Глоба во износ од 3.000 до 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на обврзникот за пресметка и уплата на придонесите за сторен прекршок, доколку изврши исплата на плата, дел од плата, надоместок на плата, пензија, односно друг паричен надоместок, а не пресмета и уплати придонеси во пропишаниот рок.
(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече глоба во износ од 750 до 900 евра во денарска противвредност.
(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и забрана за вршење на должност во траење од шест месеци до една година.

Глава XIII
ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31, одредби за 2012 г.

(1) Стапките по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите, почнувајќи со исплата на плата за јануари 2012 година се:
1) 17,5% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување;
2) 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест;
3) 7,3% за задолжително здравствено осигурување;
4) 10% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точки 11 и 14 алинеи 1, 2, 3 и 5 од овој закон;
5) 5,4% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точка 14 алинеја 4 од овој закон;
6) 13% за задолжително здравствено осигурување за обврзникот корисник на домашна и/или странска пензија кој придонесот го плаќа на износот на пензијата;
7) 0,5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување и
8) 1,2% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.
(2) Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење изнесува:
- 8,75% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци;
- 7,29% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци;
- 5,83% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;
- 4,38% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;
- 2,92% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци и
- 1,46% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

## *ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ (Сл. бр. 70/2007; 5/2009; 35/2010; 148/2011) (У. бр. 2/2008; 230/2009)*

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат условите и постапката под кои странци можат да се вработуваат или да работат во Република Македонија, освен ако со меѓународен договор поинаку не е утврдено.

(2) Странец се смета како вработено лице во Република Македонија кога врз основа на договор за вработување ќе заснова работен однос кај работодавач чие седиште или место на живеење е во Република Македонија или кога ќе стекне статус на самовработено лице согласно со овој закон.

(3) Услугите обезбедени од странци и другите облици на работа, кои ги извршуваат странци врз основа на договори за работа или други договори согласно со граѓанското право, а кои се спроведуваат на територијата на Република Македонија за ограничен временски период, се сметаат за работа извршена од страна на странци согласно со овој закон.

РАБОТНИ ДОЗВОЛИ

Општи одредби

Член 8

(1) Работна дозвола е документ врз основа на кој домашниот или странскиот работодавач склучува договор за вработување или работа или извршува друга работа со странец, согласно со одредбите од овој закон.

(2) Работната дозвола се издава како:
- лична работна дозвола,
- дозвола за вработување и
- дозвола за работа.

(3) Личната работна дозвола се издава за определен временски период до една, односно до три години или на неопределено време.

(4) Дозволата за вработување по правило се издава за период до една година, ако поинаку не е утврдено со овој закон.

(5) Дозволата за работа се издава согласно со различни временски ограничувања, во зависност од целта заради која е издадена.

(6) Работна дозвола по правило се издава врз основа на барање поднесено од работодавач, освен ако поинаку не е утврдено со овој закон.

(7) На странецот може да му се издаде само една работна дозвола за ист временски период.

(8) Работната дозвола на странецот ќе му биде одземена и поништена, ако:
1) дозволата на странецот за привремен или постојан престој престанала согласно со закон;
2) странецот престојува надвор од Република Македонија за период подолг од шест месеца без прекин, освен во случаи кога странецот е преместен по налог на работодавачот во странска држава или ако е отсутен поради образование, болест, породилно отсуство или отсуство поради нега на дете и
3) странецот врши друга работа, освен онаа за која работната дозвола е издадена.

(9) Одредбите од ставот (8) точка 2 на овој член не се применуваат за странци кои поседуваат лична работна дозвола која важи за неопределен временски период.

(10) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ќе ја пропише постапката за издавање на работни дозволи и формата и содржината на поединечните видови на работни дозволи, како и формата и содржината на образецот на сертификатот.

(11) Барањето за работна дозвола треба да биде пропратено со писмена изјава од барателот дека нема добиено државни средства од Буџетот на Република Македонија за сочувување на продуктивните работни места.

(12) Ако работодавачот заради некоја причина не успее да го заснова работниот или договорниот однос или го прекине работниот или договорниот однос со странецот пред истекот на важноста на работната дозвола, е должен да ја врати работната дозвола на органот кој ја издал дозволата. Истата обврска важи и за самовработени лица, ако тие престанат да ја вршат дејноста пред истекот на дозволата.

НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

Член 9

(1) Издавањето на работните дозволи, продолжувањето на работните дозволи, одземањето на работните дозволи и постапките за издавањето на сертификати, пропишани согласно со овој закон, се спроведуваат од Агенцијата за вработување, во рок од 45 дена од денот на поднесувањето на барањето со потребната документација.

(2) Против решението на Агенцијата за вработување, како првостепен орган со кое се одбива барањето на странецот за работна дозвола, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерството надлежно за работите од областа на трудот.

(3) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ќе донесе решение во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(4) Против решението на министерот надлежен за работите од областа на трудот, може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

(5) Во случај кога ќе се утврди дека постојат условите утврдени во членот 8 став (8) од овој закон, Агенцијата за вработување донесува решение за одземање на работната дозвола и за поништување на веќе издадениот сертификат.

(6) При одземање на работната дозвола, односно при донесување на негативно решение во однос на барањето за работна дозвола, Агенцијата за вработување е должна во решението да ја образложи причината за одбивање на барањето за работна дозвола, односно причината за одземање на работната дозвола, со правна поука за жалба против решението.

(7) За донесување на решение за одземање на работната дозвола Агенцијата за вработување го известува Министерството за внатрешни работи.

Член 9-а

(1) Доколку Агенцијата за вработување не донесе решение во рокот од членот 9 став (1) од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на Агенцијата за вработување заради донесување на решение од страна на директорот на Агенцијата за вработување.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(3) Кон барањето за донесување на решение од ставот (1) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од членот 8 став (6) од овој закон.

(4) Директорот на Агенцијата за вработување е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член до писарницата на Агенцијата за вработување да донесе решение со кое ќе го уважи или одбие барањето. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Агенцијата за вработување.

(5) Доколку директорот на Агенцијата за вработување не донесе решение во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши инспекциски надзор во Агенцијата за вработување и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Агенцијата за вработување во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(8) Доколку директорот на Агенцијата за вработување не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој директорот на Агенцијата за вработување ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку директорот на Агенцијата за вработување не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (5) на овој член или не поднел пријава согласно со ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција на инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Агенцијата за вработување дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку директорот на Агенцијата за вработување не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.

ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РАБОТНА ДОЗВОЛА ВРЗ ОСНОВА НА БАРАЊЕ НА СТРАНЕЦ

Член 10

(1) Барањето за издавање на работна дозвола странецот го поднесува до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, во државата чиј државјанин е или во државата каде што тој престојува врз основа на дозвола за престој.

(2) Во случај кога во државата во која странецот живее, односно престојува врз основа на дозвола за престој, нема дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија, странецот барањето за издавање на работна дозвола го поднесува до дипломатско-конзуларното претставништво на државата со која Република Македонија има склучено договор за заедничко претставување.

(3) Доколку во државата во која странецот живее, односно престојува врз основа на дозвола за престој, нема дипломатско-конзуларно претставништво од ставовите (1) и (2) на овој член, странецот барањето го поднесува во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во најблиската држава.

(4) Барањето од ставовите (1), (2) и (3) на овој член треба да содржи податоци, документи и докази за видот на дејноста која странецот сака да ја реализира во РепубликаМакедонија местото, како и временскиот период во кој таа ќе биде реализирана и квалификационата структура (специјалноста) на странецот.

(5) Дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во соодветната држава добиеното барање го доставува до надлежните служби на Министерството за надворешни работи кое по извршената проверка на истото го доставува до Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за вработување за постапување согласно со нивните надлежности во Република Македонија.

(6) Министерството за внатрешни работи по извршената проверка на барањето од ставот (5) на овој член мислењето по истото го доставува до Агенцијата за вработување.

(7) Агенцијата за вработување на странецот за кој е добиено позитивно мислење во однос на неговото самовработување во Република Македонија од Министерството за внатрешни работи, му издава работна дозвола која ја доставува до Министерството за надворешни работи кое ја препраќа до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во соодветната држава.

(8) Агенцијата за вработување на странецот за кој е добиено негативно мислење во однос на неговото самовработување во Република Македонија, изготвува решение со кое се одбива барањето за работна дозвола и истото го доставува до Министерството за надворешни работи кое ја препраќа до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во соодветната држава.

(9) По добивањето на визата за долгорочен престој, односно решението со кое се дозволува привремен престој во Република Македонија, странецот може да влезе во Република Македонија и е должен во рок од пет дена од денот на влегувањето во Република Македонија да се јави во Министерството за внатрешни работи, заради издавање на дозвола за привремен престој во Република Македонија.

(10) По добивањето на дозволата за привремен престој од Министерството за внатрешни работи, странецот е должен да го завери почетокот и престанокот на работата во Агенцијата за вработување - Центарот за вработување, во седиштето каде што е пријавена компанијата (трговско друштво).

(11) По исклучок од ставовите (1), (2) и (3) на овој член барањето за издавање на работна дозвола странец

може да го поднесе до Агенцијата за вработување, доколку поседува:
- дозвола за привремен престој врз основа на семејно обединување,
- дозвола за привремен престој на член на потесното семејство на државјанин на Република Македонија,
- дозвола за привремен престој поради хуманитарни причини - жртва на трговија со луѓе и
- лична карта за признаен бегалец, лична карта за лице под хуманитарна заштита и идентификациона исправа согласно со Законот за азил и привремена заштита.

(12) За продолжување на лична работна дозвола, согласно со членот 12 став (9) од овој закон, странецот до Агенцијата за вработување треба да достави мислење од Министерството за економија.

(13) Кон барањето за добивање на мислење од Министерството за економија, странецот треба да достави Информација за економско-финансиската состојба на субјектот за претходната година и деловен план со показатели за економската подобност од самовработувањето на странецот.

(14) Министерството за економија, мислењето по барањето од ставот (13) на овој член го доставува до странецот во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(15) Агенцијата за вработување, на странецот за кој е добиено негативно мислење од Министерството за економија во однос на неговото самовработување во Република Македонија, изготвува решение со кое се одбива барањето за продолжување на работната дозвола.

(16) Постапките за условите за регистрација или бришење на странец кој извршува регистрирана стручна или друга комерцијална дејност ќе се спроведуваат од страна на органите утврдени во одделни закони.

РАБОТА ОД СТРАНА НА СТРАНСКИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА КОМПАНИИ

УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Член 25

(1) Компании или компании сами сопственици, кои се основани во согласност со закон кој важи за трговските компании, се обврзани да добијат работна дозвола за странец кој тие го назначуваат како нивен претставник, во согласност со одредбите од овој закон.

(2) Компанија (трговско друштво) во која работат десет или помалку од десет работници, може да добие една работна дозвола за странски претставник на компанија (трговско друштво) и една работна дозвола за странски претставник на филијала, без оглед на бројот на филијалите.

(3) Компанија сам сопственик која вработува десет или помалку од десет работници, може да добие една работна дозвола за еден странски претставник на сопственикот или една работна дозвола за странски претставник на филијала, без оглед на бројот на филијалите.

(4) Странска компанија (трговско друштво) која изведува деловни операции во Република Македонија, а има една или повеќе филијали, може да добие една дозвола за работа за претставникот на посебна филијала, ако филијалата вработува десет или помалку од десет работници.

(5) На странските претставници ќе им се издаде дозвола за работа врз основа на барањето кое го поднесува работодавачот, без оглед на состојбата и условите на пазарот на работна сила, за период до една година со можност за продолжување.

(6) Дозволата за работа може повторно да се продолжи, доколку работодавачот докаже дека компанијата (трговско друштво) или сопственикот ја извршувале својата дејност во текот на рокот на важење на претходната дозвола за работа.

(7) Лицата кои имаат обврска да го регистрираат почетокот и престанокот на работата која ја извршува странецот е работодавачот.

***ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА (Сл. бр. 44/2000; 16/2004; 62/2005; 113/2005; 29/2007; 88/2008; 161/2008; 99/2009; 136/2011)***

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат посебните услови за вработување и работење на инвалидни лица: кога самостојно вршат дејност како трговец поединец кај работодавец или има својство на работодавец во државната администрација, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, агенции и фондови и други државни институции, како и условите за основање и погодностите за работење на трговското друштво за вработување на инвалидни лица - заштитно друштво (во натамошниот текст: заштитно друштво).

Член 2

Инвалидно лице, во смисла на овој закон, е лице со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидно лице, лице со пречки во интелектуалниот развиток и лице со комбинирани пречки кое поради степенот на инвалидност има специфични потреби во работењето.

Инвалидно лице се смета и инвалид на трудот со преостаната или намалена работна способност и ако се води во евиденцијата на Агенцијата за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенција) како невработено лице.

Инвалидноста врз основа на поднесено барање од инвалидно лице, неговиот родител или старател ја утврдува комисија за оцена на работната способност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фондот), освен ако инвалидноста на лицето не е утврдена од друг надлежен орган.

Член 3

На инвалидните лица и заштитните друштва се применуваат и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

II. МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ИНВАЛИДНО ЛИЦЕ

Член 4

Мерки за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидно лице се:
- доделување на неповратни средства за вработување на неопределено време на невработено инвалидно лице, адаптација на работното место на кое ќе работи инвалидното лице доколку таа е потребна и набавка на опрема според критериумите и на начин утврден со акт на министерот за труд и социјална политика
- ослободување од даноци и обезбедување на средства за придонеси и
- финансиска поддршка во работењето.

Член 4-а

Работодавец не може да вработи или да распореди од едно на друго работно место инвалидно лице кое за тоа работно место не ги исполнува општите и посебните услови, односно кое не е оспособено за вршење на работите на тоа работно место.

Работите кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветното работно место ги определува Комисија при Министерството за труд и социјална политика која со акт ја формира министерот за труд и социјална политика, со кој го определува и составот на Комисијата.

Министерот за труд и социјална политика со акт го определува начинот за донесување на Наодот и мислењето на Комисијата од ставот 2 на овој член.

Средствата за работа на Комисијата од ставот 2 на овој член се обезбедуваат од Посебниот фонд од членот 15 став 1 на овој закон.

Инвалидно лице може да биде работодавец или да врши работа на одговорно лице кај работодавец, доколку добие позитивно мислење од комисијата од членот 4-а став 2 на овој закон.

Член 4-б

Работодавецот е должен на вработеното инвалидно лице да му исплаќа плата согласно со закон, колективен договор и договор за вработување.

Платата од ставот 1 на овој член работодавецот е должен на вработеното инвалидно лице да му ја исплаќа преку трансакциска сметка, а платата може да ја подигне самото лице со инвалидност, брачниот другар, неговиот родител  или неговиот старател.

## *ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА (Сл. бр. 92/2007; 136/2011) (У. бр. 255/2009; 160/2010)*

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се утврдуваат мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и преземањето на мерки за безбедност и здравје при работа.

II. ОПШТИ ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

Член 5

1) Работодавачот има обврска да обезбеди безбедност и здравје при работа за неговите вработени од секој аспект поврзан со работата. Во рамките на неговите обврски, работодавачот мора да презема мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства.
2) Работодавачот има обврска да воведе такви заштитни мерки и да избере такви работни и производствени методи кои ќе го подобрат нивото на безбедноста и здравјето при работа, а ќе се вклучат

во сите дејности на работодавачот и на сите нивоа на организацијата.

Член 8

Работодавачот е должен да планира мерки и средства за обезбедување развој и унапредување на безбедноста и здравјето при работа и за менување на постојните технолошки процеси со помалку опасни, односно со побезбедни процеси и да ги прилагоди мерките земајќи ги предвид променливите околности за подобрување на постојните состојби.

Член 9

Работодавачот ги спроведува мерките за безбедност и здравје при работа врз основа на следниве основни начела:
- избегнување на ризици;
- проценување на ризиците кои не можат да се избегнат;
- справување со ризиците на самиот почеток;
- прилагодување на работата кон поединецот, особено во однос на карактеристиките на работното место и работната средина и олеснување на монотоната работа и работата со претходно утврдено работно темпо;
- изборот на личната заштитна опрема;
- изборот на хемиски супстанции или препарати;
- изборот на работни и производни методи;
- спроведување на мерките потребни за одржување и зајакнување на здравјето;
- прилагодување кон техничко-технолошкиот напредок;
- замена на опасното со безопасно или помалку опасно;
- развивање на целосна безбедносна стратегија која опфаќа, технологија, организација на работа, работни услови, меѓучовечки односи и фактори кои влијаат врз работната средина;
- давање приоритет на колективните безбедносни мерки наспроти поединечните мерки и
- обезбедување на соодветни упатства и инструкции и известувања на вработените.

Член 10

Работодавачот мора работниот процес да го прилагоди кон способностите на вработените, при што работната средина и средствата за работа мора да бидат безбедни и безопасни по здравјето, земајќи ја предвид природата на работа.

Член 11

1) Секој работодавач мора да изготви и спроведе изјава за безбедност за секое работно место, прецизирајќи го начинот, како и мерките кои треба да се преземат.
2) Ако се променат условите или се појави нова опасност на работното место и во работната средина за која претходно е изготвена изјава, работодавачот мора да направи нова изјава за безбедност.
3) Изјавата за безбедност се заснова врз идентификација на опасноста и процена на ризиците по безбедноста и здравјето на работното место и во работната средина на која се однесува изјавата за безбедност.
4) Изјавата за безбедност на работното место се изготвува на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на друг јазик кој што е службен јазик на подрачјето на општината.
5) Начинот на изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова процената на ризикот, ги пропишува со правилник министерот надлежен за работите од областа на трудот во согласност со министерот надлежен за работите од областа на здравството.

Член 14

1) Работодавачот мора да обезбеди пристапот до работните места изложени на специфична и сериозна опасност, да е дозволен само на оние вработени кои добиле посебни упатства за работа на таквите работни места.
2) Работодавачот мора опремата за работа и средствата за работа да ги обезбеди со знаци за опасност и упатства за безбедна работа во согласност со посебен пропис.

Член 17

Работодавачот мора да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа особено со:
- назначување на едно или повеќе стручни лица за безбедност при работа;
- ангажирање на овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа;
- донесување на безбедносни мерки против пожар во согласност со посебни прописи;
- донесување мерки за прва помош и евакуација во случај на опасност,
- обука на вработените за безбедно извршување на работата врз основа на сопствена програма;
- обезбедување опрема за лична заштита за вработените и нејзината употреба, доколку преземените безбедносни мерки во работната средина не се доволни;
- вршење повремени прегледи и испитување на работната средина и опрема и
- следење на здравствената состојба на вработените.

Член 22

1) Работодавачот мора да обезбеди здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 24 месеца.
2) Видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи поблиску ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на здравството, во согласност со министерот надлежен за работите од областа на трудот.
(3) Висината на трошоците за здравствените прегледи , која ќе се определи во ценовникот, се утврдува врз основа на видот, начинот и обемот на вршење на здравствените прегледи.

Член 23

1) Работодавачот е должен да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот за започнување со вршење на дејноста, осум дена пред започнување со истата.
2) Изведувачот на градежни објекти е должен пред започнување со градежните работи писмено да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот, за местото каде што ќе се изведуваат работите.
3) Образецот за известување го пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

6. Евиденција и извештаи

Член 36

1) Работодавачот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, писмено да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот за:
- секој смртен случај;
- колективна несреќа и повредите при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од три работни дена и
- секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа.
2) Известувањето на работодавачот од ставот 1 на овој член покрај општите податоци содржи и краток опис на настанот и неговите последици.

Член 37

1) Работодавачот е должен да води евиденција за:
- стручното обучување и оспособување на вработените за безбедна работа;
- извршените прегледи на средствата за работа;
- спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките штетноста и на микроклимата во работните и помошните простории, односно на работните места;
- претходните и периодичните здравствени прегледи на вработените и
- професионалните болести, заболувањата во врска со работата, повредите при работа и смртните случаи при работата.
2) Евиденцијата од ставот 1 на овој член ги содржи и сите технички документи, исправи, извештаи, наоди, мислења и слично.
3) Министерот надлежен за работите од областа на трудот со правилник го пропишува начинот на водењето на евиденцијата од ставот 1 на овој член.

## *ЗАКОН ЗА МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ (Сл. бр. 87/2007)*

Член 1

Со овој закон се уредуваат начинот и постапката на мирно решавање на колективните и одделни индивидуални работни спорови, изборот, правата и обврските на помирувачот и арбитрите и другите прашања од значење за мирното решавање на работните спорови.

Постапката за мирно решавање на работните спорови се покренува и води во согласност со овој закон, ако за истиот спор не е одлучено во согласност со прописите за работните односи.

ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Начело на доброволност

Член 5

Учесниците во склучувањето на колективниот договор се слободни доброволно да одлучат за учеството на помирувачот во колективното договарање.

Страните во спорот се слободни доброволно да одлучат за пристапување кон мирно решавање на спорот, ако со овој закон поинаку не е определено.

Начело на трипартизам, неутралност и непристрасност

Член 6

Во постапката за мирно решавање на работниот спор учествуваат страните во спорот и помирувачот, односно арбитерот, во согласност со овој закон.

Помирувачот, односно арбитерот е должен да постапува неутрално и непристрасно во однос на страните или предметот на спорот.



# ДЕЛ ТРЕТ – ОТПОЧНУВАЊЕ СО БИЗНИС

Република Македонија направи интензивни реформи во областа на олеснувањето на процедурите за отпочнување на бизнисот. Според Извештајот на Светската банка „Дуинг бизнис 2012“, земјата беше прогласена за најдобар бизнис реформатор во Југоисточна Европа и се најде на 22то место во светот.

Република Македонија спроведе реформи кои го олеснуваат добивањето градежни дозволи, регистрирањето имот, обезбедувањето кредит и решавањето на неликвидноста. Беше извршено натамошно намалување на трошоците и процедурите за административни документи преку воведување на електронско аплицирање и добивање на дозволи и лиценци.

Значително се олеснети процедурите и подобрени процедурите во функционирањето на Агенцијата за катастар на недвижности (www.katastar.gov.mk). Со зајакнување на човечките ресурси и воведувањето на информациска технологија, значително беше подобрен квалитетот на услугите во однос на запишување на правата на сопственост.

И покрај глобалната економска криза, банкарскиот сектор во земјата функционираше без проблеми. Беше формирано првото кредитно биро. Народната банка на Република Македонија (www.nbrm.mk) во функција на подобро известување на пазарните учесници, започна да применува нов начин на дневно објавување на податоците за ликвидноста на банкарскиот систем.

Тарифите и надоместоците за поголем број на услуги поврзани со започнувањето на бизнис во земјата беа значително намалена од страна на повеќе државни институции и органи (Агенцијата за катастар на недвижности, Царинска управа, Биро за метрологија, итн.).

Имајќи го предвид приоритетот за привлекување на странски инвестиции, во изминатиов период посебен акцент беше ставен на законодавството поврзано со технолошките индустриски развојни зони.

Во овој дел на Правниот водич за инвеститорите ќе биде опфатено законодавството поврзано со регулирањето на банките, кредитите, лизингот, сопственост и другите стварни права, заштитата на животната средина како и технолошките индустриски развојни зони.

# 1. КРЕДИТИРАЊЕ И ОСИГУРУВАЊЕ

### *ЗАКОН ЗА БАНКИТЕ (Сл. бр. 67/2007; 90/2009; 67/2010) (У .бр. 228/2007; 182/2007; 229/2007; 149/2008)*

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува основањето, работењето, супервизијата и престанокот на работењето на банките и на филијалите на странски банки во Република Македонија, како и отворањето и работењето на филијали на банки од земји членки на Европската унија.

V. ФИЛИЈАЛИ НА СТРАНСКИ БАНКИ
1. Право за вршење финансиски активности

Член 46

(1) Странска банка може преку филијала во Република Македонија да ги врши финансиските активности од членот 7 на овој закон за кои е овластена од надлежен орган во земјата во која се наоѓа седиштето на банката.
(2) Филијалата на странска банка работи согласно со законите на Република Македонија.
(3) Во правниот промет на територијата на Република Македонија, филијалата на странска банка настапува во име и за сметка на банката, има право да стекнува права и да презема обврски и има право на пристап пред судовите и другите органи на Република Македонија под истите услови како и банките основани согласно со овој закон.
(4) За обврските на филијалата на странска банка настанати во Република Македонија, банката одговара со целиот свој имот.
(5) Филијалата на странска банка е должна да пласира средства во Република Македонија во износ од најмалку 20% од прибраните депозити од резиденти во Република Македонија. Депозитот од членот 48 став (2) на овој закон не се пресметува во износот на пласирани средства во Република Македонија.
(6) Средствата на филијалата можат да се употребат за исплата на обврски на странската банка настанати надвор од Република Македонија само откако ќе се намират обврските произлезени од работењето на филијалата во Република Македонија.
(7) Сите филијали на иста странска банка отворени во Република Македонија се сметаат за една филијала во однос на одржување на потребното ниво на средства согласно со членот 48 став (2) од овој закон.
(8) Со филијалата на странска банка управуваат најмалку две лица кои добиле претходна согласност од гувернерот и барем еден од нив мора да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и да има постојано живеалиште во Република Македонија. Лицата кои управуваат со филијалата мора да ги исполнуваат условите за член на управен одбор пропишани со овој закон.

2. Отворање на филијала на странска банка

Член 47

(1) Странска банка може да отвори филијала во Република Македонија по претходно добиена дозвола од гувернерот за отворање и работа на филијала.
(2) За добивање дозвола за отворање и работа на филијала странската банка поднесува барање до Народната банка кон кое приложува:
1) овластување од надлежен орган на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банката во кое се наведени финансиските активности за кои е овластена банката;
2) дозвола од надлежен супервизорски орган на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка за отворање на филијала во Република Македонија или изјава дека не се противи на отворањето на

филијала во Република Македонија;
3) статут на странската банка, односно друг соодветен акт согласно со прописите на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка;
4) список на акционери на странската банка кои поседуваат над 5% од акциите на банката;
5) податоци за членовите на органите на управување и надзор на странската банка и за идентитетот, професионалното искуство и квалификациите (образованието) на предложените лица кои ќе управуваат со филијалата;
6) ревидирани ревизорски извештаи за странската банка за последните три години;
7) податоци за системот за спречување на перење пари на странската банка;
8) доказ дека странската банка е оценета со најмалку БББ согласно со рејтингот на Standard & Poor's, Fitch IBCA или Thompson Bапк Watch или со Баа2 согласно со рејтингот на Moody's;
9) план за работа на филијалата кој вклучува и банкарски и други финансиски активности што ќе ги извршува филијалата;
10) доказ за уплата на средствата на сметка на Народната банка и
11) доказ дека супервизорскиот орган во земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка практикува адекватна супервизија на консолидирана основа, најмалку на начин и во обем пропишани со овој закон.
(3) По барањето од ставот (2) на овој член гувернерот одлучува со решение за издавање на дозвола за отворање и работење на филијала на странската банка или за одбивање на барањето, во рок од најмногу 30 дена од денот на поднесувањето на документацијата.
(4) Гувернерот го одбива барањето од ставот (2) на овој член во случаите од членот 18 став (2) точки 1, 2 и 3 и став (3) и членот 92 на овој закон.
(5) Гувернерот го одбива барањето од ставот (2) на овој член и доколку, заради прописите во земјата во која странската банка има регистрирано седиште или заради начинот на кој се спроведуваат тие прописи, оцени дека не е можна ефикасна соработка и размена на информации меѓу Народната банка и супервизорскиот орган на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка или дека извршувањето на супервизијата во согласност со овој закон ќе биде оневозможено.
(6) Странската банка е должна веднаш писмено да ја извести Народната банка за каква било промена на податоците содржани во барањето од ставот (2) на овој член.
(7) Странската банка може дополнително да отвори и друга филијала во Република Македонија само ако претходно до Народната банка и до трговскиот регистар што се води во Централниот регистар достави писмено известување од надлежниот орган на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка дека нема пречки за отворање на филијала.

2. Средства на филијалата

Член 48

(1) Филијалата на странска банка е должна да располага со парични средства во износ од најмалку 120.000.000 денари. Паричните средства ги уплатува странската банка пред добивањето на дозволата за отворање и работење на филијалата, на посебна сметка во Народната банка. По запишување на филијалата во трговскиот регистар паричните средствата се пренесуваат на една или повеќе депозитни сметки на филијалата во банки со седиште во Република Македонија.
(2) Депозитот од ставот (1) на овој член странската банка е должна да го одржува во износ од најмалку 5% од вкупните депозити на филијалата во Република Македонија, но не помалку од 120.000.000 денари, зависно од тоа кој износ е поголем. Во вкупните депозити не се вклучуваат депозитите на странската банка која ја отворила филијалата.
(3) Депозитот од ставот (2) на овој член има третман на сопствени средства на филијалата и не смее да биде предмет на оптоварување и вкаматување од страна на странската банка која ја отворила филијалата.
(4) Странската банка може да повлече дел од депозитот само во случај кога износот е повисок од определениот со ставот (2) од овој член и по претходна согласност од гувернерот.

3. Сметководствена евиденција

Член 49

Странската банка ги води сметководствената евиденција, финансиските извештаи и другата документација за работењето на филијалата во Република Македонија на македонски јазик.

4. Укинување на дозвола за отворање и работење

Член 50

(1) Гувернерот ја укинува дозволата за отворање и работење на филијала на странска банка, во следниве случаи, ако:
1) надлежен орган го одзел овластувањето за вршење на банкарски активности на странската банка која отворила филијала или е покрената стечајна или ликвидациона постапка на странската банка која отворила филијала;
2) странската банка донесе одлука за престанување со работа на филијалата;
3) филијалата престане да ги исполнува обврските во врска со осигурувањето на депозитите;
4) филијалата на странската банка престане да ги исполнува условите и критериумите врз основа на кои е издадена дозволата;
5) депозитот се намали под износот утврден со членот 48 став (2) од овој закон или
6) кај филијалата ги утврди случаите од членот 154 став (1) точки 1, 4, 7, 8, 9, 11, 12 и 14 на овој закон.
(2) Во случај на одземање на дозвола за отворање и работење на филијала на странска банка, соодветно се применуваат одредбите од овој закон за ликвидација и стечај на банка и одредбите од Законот за стечај со кои се уредуваат стечајните постапки со странски елемент.
(3) Депозитот од членот 48 став (2) на овој закон може да се пренесе од депозитните сметки само за исплата на доверителите на филијалата на странска банка во случај на поведени постапки за стечај или ликвидација на филијалата.

5. Известувања и соработка

Член 51

(1) Лицата кои управуваат со филијалата на странска банка и странската банка се должни веднаш да ја известат Народната банка ако кон странската банка или кон некоја нејзина подружница или филијала е покрената постапка за изрекување на мерки од страна на надлежен орган.
(2) За одземањето на дозволата за отворање и работење на филијала на странска банка гувернерот е должен да го извести надлежниот орган на земјата каде што странската банка има регистрирано седиште, а доколку е тоа можно и пред донесувањето на одлуката за одземање на дозволата за отворање и работење. Известувањето мора да ги содржи и правните последици од одземањето на дозволата за отворање и работење.
(3) Странската банка е должна во писмена форма да ја извести Народната банка најмалку еден месец пред денот на донесувањето на одлуката за престанување со работа на филијала во Република Македонија.

Член 52

Надлежните органи на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка која отворила филијала во Република Македонија и Народната банка соработуваат и разменуваат информации заради ефикасна супервизија и следење на работењето на странската банка и нејзината филијала во Република Македонија.

6. Примена на одредбите од овој закон
Член 53

(1) На филијала на странска банка соодветно се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на супервизорски стандарди, управен одбор, извештаи, сметководство и ревизија, банкарска тајна, супервизија, надзор и мерки, освен мерките докапитализација и администрација, стечај на банка, ликвидација на банка и казнени одредби.
(2) Советот на Народната банка поблиску ја утврдува соодветната примена на одредбите од ставот (1) на овој член на филијалата на странска банка.

7. Осигурување на депозитите

Член 54

Депозитите во филијала на странска банка задолжително се осигуруваат во Фондот за осигурување на депозити на Република Македонија под исти услови, како и депозитите на банките со седиште во Република Македонија.

8. Членство во професионални здруженија

Член 55

Странските банки кои имаат филијали во Република Македонија можат да бидат членки на професионалните здруженија во Република Македонија со еднакви права и обврски како и банките со седиште во Република Македонија.

## *ЗАКОН ЗА ЛИЗИНГ (Сл. бр. 4/2002; 49/2003; 13/2006; 88/2008; 35/2011; 51;2011)*

Основни одредби
Член 1

Со овој закон се уредува начинот и условите на вршење на лизинг со подвижен и недвижен предмет, како и правата и обврските на страните во договорот за лизинг.

Даватели на лизинг
Член 3

(1) Даватели на оперативен лизинг се трговски друштва и странски трговски друштва кои имаат основано подружница во Република Македонија, кои вршат оперативен лизинг според начинот и условите утврдени со овој закон.
(2) Даватели на финансиски лизинг се друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва основани со дозвола од министерот за финансии и кои вршат лизинг според начинот и условите утврдени со овој закон.
(3) Давател на финансиски лизинг не смее да врши други активности освен лизинг и активности поврзани со лизингот.

Основна главнина
Член 3-а

(1) Давател на финансиски лизинг се основа со основна главнина од најмалку 6.000.000 денари.
(2) Основната главнина и сите натамошни зголемувања на основната главнина мора да бидат во паричен облик и да бидат уплатени во целост и не смее да потекнува од заеми и кредити.

(3) Основната главнина не смее да се намали под износот од ставот (1) на овој член.

Договор за лизинг

Член 5

(1) Договорот за лизинг задолжително се заверува кај нотар.
(2) Договорот за лизинг задолжително содржи: опис на предметот, вкупната вредност на предметот, износот на аконтацијата, временски период на кој е склучен договорот за лизинг, вкупен износ на надоместокот што го плаќа корисникот на лизинг, број и износ на одделни плаќања и рокот на нивното пристигнување.

***ЗАКОН ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ (Сл. бр. 5/2003; 4/2005; 87/2007; 51/2011)***

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат начинот, условите и постапката за засновање, постоење, реализација и престанување на договорното заложно право врз подвижни ствари, хартии од вредност, побарување и други права (рачен залог) и врз недвижности (хипотека), (во натамошниот текст: залог, заложно право).

Член 2

Со залогот се обезбедуваат парични и друг вид побарувања, чија вредност е изразлива во пари, што доверителот ги има во однос на својот должник од одреден облигационен однос.

Побарувањата обезбедени со залог, ако не бидат исполнети во рокот на нивната пристигнатост, заложниот доверител нив може да ги намири од вредноста на предметот на залогот или под услови и начини предвидени со овој закон за да се стекне со право на сопственост врз предметот на залогот (lex commissoria).

Побарувањата од ставот 1 на овој член, се сметаат доволно одредени ако е определен нивниот носител, должникот, правната основа и износот, односно видот на побарувањата.

Член 3

Рачниот залог може да се заснова со предавање на предметот во владение (владетелски залог) или без негово предавање во владение (невладетелски залог), а хипотеката се засновува само како невладетелска.

Член 4

Предмет на рачниот залог може да биде подвижна ствар, хартија од вредност, одредено имотно побарување или друго право, а предмет на хипотеката само одредена недвижност, односно ствар изедначена со недвижност, со овој или друг закон.

Член 5

Со залог може да се оптовари целиот предмет на залог или само идеален негов дел, како и повеќе одделни предмети.

Член 6

Во залог може да се даде и предмет врз кој веќе е заснован залог.

Член 7

Залог може да се заснова и врз иден предмет.

Член 8

Залог може да биде даден и за идна или условна обврска и врз нив да се заснова подзалог.

Член 9

Кога предмет на залогот се хартии од вредност, определени облигациони побарувања или други права, ако поинаку не е уредено со овој закон и друг закон, на нив соодветно се применуваат одредбите за залогот.

Член 10

Предметот на залогот мора да е во сопственост на заложниот должник и да е во правен промет.

По исклучок од ставот 1 на овој член, предмет на залог може да биде и предмет што не е во сопственост на заложниот должник, ако тој врз него во моментот на заснoвањето на залогот има стекнато право на залог ( подзалог).

Член 21

Договорот за залог се склучува во писмена форма, освен договорот за владетелски залог кој може да биде склучен во која било форма.

Договорот за невладетелски залог што не е склучен во писмена форма, не произведува правно дејство.

Член 23

Договорот за залог содржи:
- податоци за договорните страни: име и презиме, живеалиште или престојувалиште и единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), односно назив или фирма, седиште и единствен матичен број на субјектот (ЕМБС),
- податоци за договорните страни кои се странски лица: за физичко лице- име и презиме, адреса, број на патната исправа и државата која ја издала патната исправа, а за странско правно лице-назив или фирма, седиште, идентификационен број кој се води во странскиот регистар на правни лица и име на државата во која се наоѓа неговото седиште,
- опис на предметот на залог со доволна спецификација да може да се идентификува,
- правна основа на побарувањето што се обезбедува со залог и неговиот износ,
- рокот на пристигнатост на побарувањето,
- време и место на склучување на договорот,
- согласност на заложниот должник, заложниот доверител да бара да се изврши запишување на правото на залог, во заложниот регистар, односно во јавната книга (клаузула интабуланди),
- идентификација на должникот ако не е заложен, односно хипотекарен должник,
- кој било друг релевантен факт, вклучувајќи какво било ограничување на правото на пренос на залогот или правото на употреба или отуѓување на предметот на залогот,

- правото на заложниот доверител во случај на доцнење од страна на заложниот должник да може да презема заштитни мерки во однос на залогот, со цел да се зачува, одржи или зголеми продажната вредност на предметот на залог, но со вложените средства да не се стекнува сопственост врз заснованиот залог и
- клаузула според која заложниот доверител, во случај на неисполнување на обврската од должникот, има право при доцнење на заложниот должник, а со цел да се зачува, одржи или продаде залогот, да го земе предметот на залог во владение, доколку е заснован со договор кој има својство на извршна исправа.

Покрај елементите од ставот 1 на овој член, договорот за залог може да содржи и клаузула за продажба на предметот на залогот на еден од комерцијалните начини (непосредна спогодба, јавно наддавање, преку агенција за продажба на подвижни и недвижни ствари, берза за тргување на хартии од вредност и слично), како и за избор на еден од овластените субјекти кој ќе ја изврши реализацијата на залогот (нотар, извршител, агенција за промет на подвижни предмети и недвижности, берза за тргување со хартии од вредност и слично).

ЗАЛОЖЕН РЕГИСТАР

Член 50

Заложниот регистар е вид на основен регистар во состав на Централниот регистар, без својство на правно лице, во кој задолжително се запишува невладетелскиот залог врз подвижна ствар, хартии од вредност, побарување и други права.

Податоците содржани во Заложниот регистар се јавни и никој не може да се повикува на нивно непознавање.

Секое лице има право да изврши увид и да добие податоци лично или на друг начин (по електронски пат и слично).

Издадената исправа од Заложниот регистар има карактер на јавна исправа.

## 2. СОПСТВЕНОСТ

### *ЗАКОН ЗА СОПСТВЕНОСТ И ДРУГИ СТВАРНИ ПРАВА (Сл. бр. 18/2001; 92/2008; 139/2009; 35/2010) (У. бр. 173/2007)*

Член 2

Право на сопственост можат да стекнуваат сите домашни и странски физички и правни лица, вклучувајќи ја и државата и единиците на локалната самоуправа, под услови и на начин предвидени со овој и друг закон.

Член 5

Правото на сопственост и другите стварни права се остваруваат врз основа на слободна диспозиција со нужни ограничувања предвидени во Уставот и законите.

Член 6

Се гарантира правната заштита на сопственоста.

Член 7

Стекнувањето, заштитата и престанокот на правото на сопственост и на другите стварни права се уредуваат со закон.

Член 8

Сопственикот има право својата ствар да ја држи, целосно да ја користи и да располага со неа по своја волја, доколку тоа не е спротивно на закон или на некое право на друго лице.

Секој е должен да се воздржува од повреди на правото на сопственост на друго лице.

Предмет на правото на сопственост

Член 12

Предмет на правото на сопственост се сите ствари, коишто можат да припаѓаат на физички и правни лица, освен оние што според својата природа или врз основа на закон не можат да бидат предмет на ова право.

Ствар, во смисла на овој закон, е дел од материјалната природа што може да биде во власт на човекот и што може да се индивидуализира.

Постојат различни видови на ствари зависно од нивната природа, положбата во просторот, составот, намената и другите особини врз кои правото на сопственост со закон се уредува на различни начини, водејќи сметка за општата природа на правото на сопственост.

Ствари од општ интерес за Република Македонија

Член 16

Сите природни богатства, растителниот и животинскиот свет, стварите во општа употреба, градежното земјиште, шумите и земјоделското земјиште, пасиштата и водите, како и стварите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се ствари (добра) од општ интерес за Републиката.

Стварите кои врз основа на Уставот или со посебни закони се прогласени за ствари од општ интерес за Републиката можат да бидат предмет на правото на сопственост на државата односно на физички и правни лица.

Облиците на сопственост врз градежното, земјоделското и шумското земјиште, пасиштата и водите се уредуваат со посебни прописи.

Ствари во општа употреба се ствари во државна сопственост кои ги користат сите физички и правни лица.

За стварите во општа употреба се грижи и со нив управува Република Македонија, ако поинаку не е определено со закон.

Стварите од општ интерес за Републиката уживаат посебна заштита и правата врз нив можат да се ограничуваат согласно со закон.

Со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени ствари од општ интерес во државна сопственост можат да се отстапат на користење на физички и правни лица (концесија).

Член 30

Кога една проста или сложена ствар е предмет на правото на сопственост на повеќе лица, ова право се јавува како сосопственост, заедничка сопственост или етажна сопственост.

Член 112

Право на сопственост се стекнува според закон врз основа на правна работа и со наследување.

Право на сопственост се стекнува и со одлука на надлежен државен орган, на начин и под услови определени со закон.

СТВАРНИ ПРАВА НА СТРАНСКИ ЛИЦА

Член 240

Одредбите на овој закон се применуваат и на странски физички и правни лица, освен ако со закон или меѓународен договор поинаку не е определено.

Член 241

Како странско физичко лице, според овој закон, се смета она физичко лице кое нема државјанство на Република Македонија, освен ако со закон поинаку не е определено.

Како странско правно лице, според овој закон, се смета она правно лице кое има регистрирано седиште надвор од територијата на Република Македонија, освен ако со закон поинаку не е определено.

Сопственост врз подвижни ствари

Член 242

Странските физички и правни лица можат да стекнуваат право на сопственост врз подвижни ствари како и домашните лица.

Стекнување права на сопственост врз недвижни ствари по пат на наследување

Член 243

Странски физички лица државјани на државите кои не се членки на Европската унија и Организација за економска соработка и развој (во натамошниот текст: ОЕЦД), можат со наследување да стекнуваат права на сопственост врз недвижни ствари на територијата на Република Македонија под услови на реципроцитет, како и државјаните на Република Македонија, ако со меѓународен договор поинаку не е определено.

Странски физички лица, државјани на државите членки на Европската унија и на ОЕЦД, можат со наследување да стекнуваат права на сопственост врз недвижни ствари на територијата на Република Македонија под исти услови како и државјаните на Република Македонија.

Странски правни лица, можат под услови на реципроцитет, да стекнуваат права на сопственост врз недвижни ствари на територијата на Република Македонија со наследување врз основа на тестамент.

Стекнување на права на сопственост на стан, станбена зграда и деловен простор

Член 244

Странски физички и правни лица резиденти на држави членки на Европската унија и на ОЕЦД, можат да стекнат право на сопственост на стан, станбена зграда и деловен простор на територијата на Република Македонија под исти услови како и државјаните на Република Македонија.

Странски физички и правни лица резиденти на држави кои не се членки на Европската унија и на ОЕЦД, можат да стекнат право на сопственост на стан, станбена зграда и деловен простор на територијата на Република Македонија, како и државјаните на Република Македонија под исти услови на реципроцитет.

Стекнување стварни права на градежно земјиште

Член 245

Странски физички и правни лица резиденти на држави членки на Европската унија и на ОЕЦД, можат да стекнат право на сопственост и право на долготраен закуп на градежно земјиште на територијата на Република Македонија под исти услови како и домашни правни и физички лица државјани на Република Македонија.

Странски физички и правни лица резиденти на држави кои не се членки на Европската унија и на ОЕЦД, можат да стекнат право на сопственост и право на долготраен закуп на градежно земјиште на територијата на Република Македонија под услови на реципроцитет.

Стекнување стварни права на земјоделско земјиште

Член 246

Странски физички и правни лица не можат да стекнуваат право на сопственост на земјоделско земјиште на територијата на Република Македонија.

Странски физички и правни лица можат под услови на реципроцитет да стекнуваат право на долготраен закуп на земјоделско земјиште на територијата на Република Македонија, врз основа на согласност од министерот за правда, по претходно прибавено мислење на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за финансии.

Член 247

Постоењето на реципроцитет предвиден во овој закон, го утврдува министерот за правда, под услови и постапка утврдени со закон.

Член 248

Странски држави за потребите на своите дипломатски и конзуларни претставништва, како и организациите и специјализираните агенции на Обединетите нации и Советот на Европа, со претходна согласност на министерот за надворешни работи, можат да стекнуваат право на сопственост врз згради и станови, како и врз градежно земјиште за изградба на такви згради.

Член 249

Ако за стекнување на стварните права на недвижности е потребно прибавување согласност од министерот за правда, правното дело за стекнување на овие права не произведуваат правно дејство без оваа согласност.

Член 250

Странско лице не може да биде сопственик на недвижност, која поради заштита на интересите и безбедноста на Република Македонија, со закон е прогласена за подрачје на кое странски лица немаат право на сопственост, освен ако со закон поинаку не е определено.

Член 251

Странски физички и правни лица можат со правни дела да го пренесат правото на сопственост на домашни лица, како и на странско лице кое може да стекне право на сопственост.

Член 252

Во однос на другите стварни права на странците (залог, службеност и друго) соодветно се применуваат одредбите од овој закон и од други закони.

Член 252-а

Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од пет дена од извршениот упис на правото на сопственост на странско лице, податоците да ги достави до Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски заради водење на евиденција.

## *ЗАКОН ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ (Сл. бр. 40/2008; 158/2010; 17/2011; 51/2011)*

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување
Член 1

Со овој закон се уредуваат основните геодетски работи, премерот на недвижностите во функција на катастарот на недвижностите, востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижностите, државните топографски карти, регистарот на просторни единици, содржината и управувањето со податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем на Република Македонија, воспоставувањето,одржувањето и јавниот пристап до Националната инфраструктура на просторните податоци, како и основањето на Агенција за катастар на недвижности.

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Основање на Агенција за катастар на недвижности
Член 6

(1) За вршење на работите на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижностите, управувањето со геодетско - катастарскиот информационен систем, како и воспоставувањето, одржувањето и јавниот пристап до Националната инфраструктура на просторните податоци се основа Агенција за катастар на недвижности (во натамошниот текст: Агенцијата).
(2) Агенцијата има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со овој закон.

(3) Агенцијата има статут.
(4) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.
(5) Агенцијата за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

Надлежност на Агенцијата
Член 8

(1) Надлежност на Агенцијата е:
- формирање и управување со Геодетско-катастарскиот информационен систем,
- вршење на основни геодетски работи,
- вршење на премер на недвижностите,
- запишување на правата на недвижностите,
- востановување и одржување на катастарот на недвижностите,
- геодетските работи за посебни намени од значење за Република Македонија утврдени од Владата на Република Македонија,
- изготвување на државни топографски карти,
- водење на регистар на просторни единици,
- воспоставување, одржување и овозможување на јавен пристап до Националната инфраструктура на просторните податоци и
- вршење надзор на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи.
(2) Работите од ставот (1) алинеја 6 на овој член ги врши Агенцијата без надоместок.

## *ЗАКОН ЗА ГРАДЕЊЕ (пречистен текст, Сл. бр. 59/2011)*

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ
Член 1

Со овој закон се уредуваат градењето, основните барања на градбата, потребната проектна документација за добивање на одобрение за градење, правата и обврските на учесниците во изградбата, начинот на употреба и одржување на градбата, како и други прашања од значење за градењето.

ОСНОВНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБАТА
Член 3

(1) Секоја градба, зависно од намената, треба да ги исполни основните барања за градбата предвидени со параметрите од урбанистичкиот план или државната, односно локалната урбанистичка планска документација или проектот за инфраструктура и други услови пропишани со овој закон и посебните закони.
(2) Основните барања за градбата се однесуваат на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, заштита од пожар, санитарна и здравствена заштита, заштита на работната и животната средина, заштита од бучава, сигурност во употребувањето, ефикасно користење на енергијата и топлинската заштита, непречен пристап и движење до и во градбата и техничките својства на градежните производи што се користат за изградба.
(3) Основните барања за градежните производи, нивните технички својства и другите технички барања мора да се во согласност со законот и со другите прописи со кои се уредува квалитетот на градежните производи.

УЧЕСНИЦИ ВО ИЗГРАДБАТА
Член 12

(1) Учесници во изградбата се носителот на правото на градење и правни лица кои ги вршат работите на

проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградбата.
(2) Странско правно и физичко лице може да биде учесник во изградбата под услови утврдени со овој закон.
(3) Правата и обврските меѓу учесниците во изградбата се уредуваат со овој и друг закон.

## *ЗАКОН ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (Сл. бр. 17/2011; 53/2011)*

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат правата и обврските во поглед на градежното земјиште, уредувањето на градежното земјиште, условите и начинот на располагање со градежното земјиште, како и други прашања од областа на градежното земјиште.

Член 3

(1) Градежното земјиште е добро од општ интерес за Републиката и ужива посебна заштита на начин и под услови утврдени со овој закон.

(2) Уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес.

Член 4

(1) Градежно земјиште, во смисла на овој закон, е изградено и неизградено земјиште, планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација согласно со Законот за просторното и урбанистичкото планирање.

(2) Изградено градежно земјиште е градежното земјиште на кое е изграден објект од траен карактер согласно со документација утврдена со закон и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Член 5

(1) На градежно земјиште може да се стекнат право на сопственост и други стварни права, определени со овој и друг закон.

(2) На правото на сопственост на градежното земјиште и на другите стварни права се применуваат прописите за сопственост и другите стварни права, за договорен залог, за облигационите односи, за запишување на правата на недвижностите и други прописи.

Член 6

Сопственоста врз градежното земјиште создава права и обврски и служи за доброто на сопственикот и на заедницата.

Член 7

Градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и во сопственост на домашни и странски физички и правни лица, под услови утврдени со овој и друг закон.

Член 8

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што со него е трајно поврзано, а се наоѓа на површината или под неа, ако со овој или друг закон поинаку не е определено.

Право на долготраен закуп

Член 21

(1) На градежно земјиште може да се заснова право на долготраен закуп во корист на домашни и странски физички и правни лица.

(2) Закупот од ставот (1) на овој член може да трае најмалку пет, а најмногу 99 години.

6. Право на краткотраен закуп

Член 40

(1) На градежно земјиште сопственост на Република Македонија може да се заснова право на краткотраен закуп во корист на домашни и странски физички и правни лица, согласно со одредбите од овој закон, кој може да трае најмногу до пет години.

(2) Градежно неизградено земјиште може да се даде под краткотраен закуп, заради поставување на времени објекти согласно со Законот за градење.

(3) Градежно изградено и неизградено земјиште може да се даде под краткотраен закуп, заради организирање на градилиште врз основа на проект за подготвителни работи пропишан согласно со Законот за градење.

(4) Градежно земјиште предвидено со урбанистички план или урбанистичка планска документација за плажи, може да се даде под краткотраен закуп.

***ЗАКОН ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ (Сл. бр. 4/2005; 13/2007; 165/2008; 146/2009; 18/2011; 51/2011) (У. бр. 140/2005)***

Член 12

(1) Градежното земјиште може да се приватизира од државна сопственост во сопственост на странски физички и правни лица корисници на градежно земјиште согласно со одредбите на овој закон и Законот за сопственост и други стварни права.

## 3. ЖИВОТНА СРЕДИНА

***ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (Сл. бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 47/2010; 124/2010; 51/2011) (У. бр. 151/2005; 233/2005; 154/2005; 152/2005; 146/2009;146/2009)***

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 4
Цели на Законот и начинот на нивното постигнување

(1) Цели на овој закон се:
1) зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
2) заштита на животот и на здравјето на луѓето;
3) заштита на биолошката разновидност;
4) рационално и одржливо користење на природните богатства и
5) спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.
(2) Целите од ставот (1) на овој член се постигнуваат особено со:

1) предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз животната средина;
2) заштита и уредување на областите од животната средина;
3) зачувување на чистата животна средина и санирање на оштетените делови на животната средина;
4) спречување на ризикот и опасностите за животната средина;
5) поттикнување на користење на обновливи природни извори на енергија;
6) поттикнување на употребата на производи и почисто производство и користење на чисти технологии кои се најповолни за животната средина;
7) интегриран пристап кон заштитата на животната средина и кон економскиот развој;
8) воспоставување на систем на планирање на заштитата, унапредување и управување со животната средина;
9) обезбедување средства за финансирање на мерките и активностите за заштита и за унапредување на животната средина;
10) контрола на активностите кои ја загрозуваат животната средина;
11) развивање на свеста за потребата од заштита на животната средина во образовниот процес и промовирање на заштитата на животната средина;
12) усогласување на стопанските и на другите интереси со барањата за заштита и за унапредување на животната средина;
13) известување на јавноста и на релевантните институции за состојбата на животната средина и нивно вклучување во заштитата на истата;
14) поврзување на системот на заштитата на животната средина и на институциите на Република Македонија од областа на заштитата на животната средина со меѓународните институции;
15) стабилизирање на концентрациите на гасовите коишто го предизвикуваат ефектот на стаклена градина во атмосферата и
16) справување со опустинувањето и ублажување на ефектите од суши.

Член 8
Начело на одржлив развој

Заради задоволување на потребите за здрава животна средина, како и социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без притоа да се загрозат правата на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби, при преземањето на секоја активност или вршење на која било дејност задолжително треба да се води сметка за рационалното и одржливото користење на природните богатства.

Член 9
Загадувачот плаќа

Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мера, во состојба како пред оштетувањето.

Член 23
Забрана на примена на технологии, технолошки линии, производи, полупроизводи и суровини

(1) Секоја домашна или увезена технологија, технолошка линија, производ, полупроизвод и/или суровина којашто не ги исполнува пропишаните норми за заштита на животната средина не може да се користи на територијата на Република Македонија.
(2) Технологиите, технолошките линии, производите, полупроизводите и/или суровините кои се забранети во земјата - производител и во земјата - извозник, не смеат да се увезат во Република Македонија.

(3) За домашни и/или увезени технологии, технолошки линии, производи, полупроизводи и/или суровини во Република Македонија, увозникот и/или корисникот, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, приложува документ издаден од овластен орган на земјата - производител и на земјата - извозник, со кој се докажува дека домашната и/или увезената технологија, технолошка линија, производи, полупроизводи и/или суровини ги исполнуваат пропишаните норми за заштита на животната средина на државата од која потекнуваат и дека истите не се забранети во земјата - производител и во земјата - извозник.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да побара акредитирано правно и физичко лице да изврши оцена на технологијата, технолошката линија, производите, полупроизводите или суровините од ставот (3) на овој член, доколку има одредени сознанија за нивните негативни влијанија врз животната средина.
(5) За да се стекнат со акредитација за оцена на технологија, технолошка линија, производ, полупроизвод или суровина, правните и физичките лица треба да имаат најмалку еден вработен со високо образование од технолошко-металуршката, хемиската област или од областа на животната средина, со тригодишно работно искуство во струката, како и да располагаат со соодветни технички услови и средства, опрема и простории.
(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува поблиските услови во поглед на техничките услови и средства, опремата и просториите кои треба да ги исполнуваат правни и физички лица за да можат да бидат акредитирани за вршење на работите од ставот (4) на овој член, како и постапката за избор на акредитирано правно и физичко лице кое ќе изврши оцена на технологијата, технолошката линија, производите, полупроизводите или суровините.

Член 24, став 1
Елаборат за заштита на животната средина

(1) Правни или физички лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои, согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина (во натамошниот текст: елаборат), пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Член 28
Обврска за заштита на животната средина и еколошко чисто подрачје

(1) Секое правно и физичко лице коешто спроведува проект, односно активности, е должно да преземе мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и враќање на животната средина во задоволителна состојба, на начин утврден со решението со кое се одобрува спроведувањето на проектот, односно на активноста.
(2) Правните и физичките лица од ставот (1) на овој член се должни да ги чуваат податоците за користените природни богатства, суровини и енергија, емисиите на загадувачки материи и супстанции, видовите, карактеристиките и количествата на создадениот отпад, како и другите податоци предвидени со овој или со друг закон.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги прогласува еколошко чистите подрачја.
(4) Критериумите, начинот и постапката за прогласување на еколошко чисто подрачје, како и начинот на водење и содржината на евиденцијата од ставот (5) на овој член, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во соработка со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанство и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата.

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да води, одржува и објавува евиденција на прогласените еколошко чисти подрачја и да ја ажурира евиденцијата најмалку еднаш годишно.

Член 77
Проекти за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина

(1) Владата на Република Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги определува проектите за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и ги определува критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина, за други, генерално определени проекти, кои би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, како и ги определува критериумите врз основа на кои се утврдува потреба од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина при настанување на промени на постојни објекти.
(2) Потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина се утврдува и со испитување на секој одделен случај, врз основа на карактерот, обемот и локацијата согласно со критериумите од ставот (1) на овој член, а имајќи ги предвид најновите научни и технички сознанија и решенијата во прописите со кои се определуваат најниските граници на емисии во животната средина.

Член 78
Проекти кај кои не се врши оцена на влијанието врз животната средина

(1) Владата на Република Македонија, во посебни случаи на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, може да одлучи, испитувајќи случај по случај да не се врши оцена на влијанието врз животната средина, во целост или делумно за проектите, во случај на:
- воена или вонредна состојба,
- за потребите на одбраната на Република Македонија, доколку се утврди дека спроведувањето на постапката за оцена на влијанието врз животната средина има негативен ефект врз одбраната или
- потреба од итно спречување на настаните кои не можеле да се предвидат, а кои можат сериозно да влијаат врз здравјето, безбедноста, имотот на луѓето или врз животната средина.
(2) За проектите од ставот (1) алинеја 2 на овој член, Владата на Република Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува одлука да не се врши оцена на влијанието врз животната средина и истата се објавува на веб страницата на Владата на Република Македонија и на веб страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на одбраната. Одлуката се објавува најмалку во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.
(3) Покрај одлуката од ставот (2) на овој член на веб страниците од ставот (2) на овој член се објавуваат и информации за:
- влијанието на проектот врз животната средина,
- создавање на отпадот и отпадните води (вид и количина, присуство на опасни и штетни материи и супстанции и слично),
- влијанието на проектот врз биодиверзитетот,
- користење на природните богатства,
- меѓусебното влијание на елементите од алинеите 1, 2, 3 и 4 на овој став и
- адреса каде што можат да се доставуваат забелешки, мислења и предлози.
(4) Заради обезбедување на доволно време за информирање на јавноста, информациите од ставот (3) на овој член се достапни на веб страниците најмалку 30 дена.
(5) Во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот од ставот (4) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на одбраната е должен сите добиени забелешки, мислења и предлози, со поединечен или збирен одговор на истите да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(6) Врз основа на добиените податоци од ставот (5) на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува решение со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот согласно со членот 87 од овој закон.
(7) Решението од ставот (6) на овој член се објавува согласно со членот 90 став (5) од овој закон.

Член 80
Известување за намерата за изведување на проектот

(1) Секое правно и физичко лице кое има намера да спроведува проект за кој постои веројатност дека е опфатен со членовите 77 и 78 став (1) алинеја 2 од овој закон (во натамошниот текст: инвеститор) е должно, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да поднесе известување за намерата за спроведување на проектот, како и негово мислење за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина (во натамошниот текст: известување).
(2) Инвеститорот е должен известувањето од ставот (1) на овој член да го поднесе до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во писмена и во електронска форма.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето, го известува инвеститорот за потребата од дополнување на известувањето.
(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, во рок од пет работни дена од денот на приемот на целосното известување, да го објави на начин определен во членот 90 став (1) точка 1 од овој закон.
(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува информациите што треба да ги содржи известувањето. Пропишаните информации треба да бидат доволни за органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да може да ја утврди потребата од оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

Член 83
Студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина

(1) Инвеститорот е должен да ја подготви студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина потребна за спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и да ја достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во писмена и во електронска форма.
(2) Инвеститорот кој ја подготвува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ангажира најмалку едно лице од Листата на експерти од членот 85 став (1) на овој закон, кое ја потпишува студијата како одговорно лице за нејзиниот квалитет. Доколку студијата се изработува од повеќе лица, други експерти или правно лице, инвеститорот назначува најмалку едно лице од Листата на експерти кое ја потпишува студијата како одговорно лице за нејзиниот квалитет.
(3) Органите на државната управа, органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје кои поседуваат информации релевантни за изработката на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, се должни тие информации, на барање на инвеститорот, да му ги направат достапни, во согласност со членот 51 став (1) и членот 53 од овој закон.
(4) Во рок од пет работни дена од денот на приемот, односно комплетирањето, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја објавува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на начин определен во членот 90 став 1 точка 3 од овој закон и ја доставува за консултации до општината или градот Скопје на чиешто подрачје треба да се спроведува проектот.
(5) Секое лице, органите на државната управа, градоначалниците на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, можат да го доставaт своето мислење, во писмена форма, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не е обврзан да гиземе предвид мислењата доставени по истекот на рокот од ставот (5) на овој член.
(7) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина утврди дека доставената студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина не ги содржи барањата пропишани согласно со членот 84 од овој закон, му ја враќа на инвеститорот и определува рок за дополнување или преработка, што не може да биде подолг од 40 дена, почнувајќи од денот на приемот на студијата.
(8) Ако инвеститорот не ја дополни студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во согласност со ставот (7) од овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја доставува студијата до лицето кое согласно со членот 86 од овој закон, е определено да го подготви извештајот за влијанието на проектот врз животната средина.

XII ИНТЕГРИРАНИ ЕКОЛОШКИ ДОЗВОЛИ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНСТАЛАЦИИТЕ КОИШТО ВЛИЈААТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 95
Општа одредба

(1) Активностите на новите инсталации или значителните промени на постоечките, кои ги определува Владата на Република Македонија, можат да се вршат само по претходно добиена интегрирана еколошка дозвола освен, ако:
1) инсталацијата се дефинира како постоечка според членот 5 точка 36 од овој закон во кој случај се применува членот 134 од овој закон и
2) операторот на инсталацијата која започнува со работа пред 31 декември 2009 година одлучил да поднесе барање за дозвола за усогласување со оперативен план, во согласност со временскиот распоред од членот 135 став (5) на овој закон и со одредбите од Главата XIV на овој закон.
(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава како А-интегрирана еколошка дозвола, која ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или Б- интегрирана еколошка дозвола, која ја издаваат општината или градот Скопје, согласно со членот 123 од овој закон.

XIV ДОЗВОЛИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ОПЕРАТИВНИ ПЛАНОВИ

Член 134
Дозволи за усогласување со оперативни планови

(1) Операторите на постојните инсталации, кои се определени од страна на Владата на Република Македонија согласно со членовите 95 став (1) и 122 став (2) од овој закон, се должни да обезбедат дозвола за усогласување со оперативен план како услов за продолжување, односно отпочнување на работата на инсталацијата, до исполнување на условите за добивање на интегрирана еколошка дозвола.
(2) Доколку поинаку не е регулирано во оваа глава, во постапката за добивање на дозволи за усогласување со оперативни планови соодветно се применуваат одредбите од Главата XII на овој закон.

## *ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА (Сл. бр. 67/2004; 14/2006; 84/2007; 35/2010; 47/2011; 148/2011)*

Обем на заштита
Член 3

(1) Заштитата на биолошката разновидност се остварува преку воспоставување и спроведување на систем на мерки и активности за заштита на дивите видови, вклучувајќи го нивниот генетскиот материјал, живеалиштата и екосистемите, со цел да се обезбеди одржливото користење на компонентите на биолошката разновидност и одржување на природната рамнотежа.

(2) Заштитата на пределската разновидност се остварува преку воспоставување и спроведување на систем на мерки и активности за зачувување и одржување на карактеристични вредности на пределот кои произлегуваат од неговата природна конфигурација и/или од видот на човековата активност.

(3) Заштита на природното наследство се остварува преку воспоставување на систем кој ги утврдува мерките, постапките и методите за стекнување на статус на природно наследство и спроведување на неговата заштита.

(4) Заштита на природните реткости се остварува преку воспоставување на систем кој ги утврдува мерките, постапката и методите за прогласување на природна реткост и спроведување на нејзина заштита.

Начела на заштита на природата
Член 7

Заштитата на природата се темели на:
1. Начело на висок степен на заштита - секој е должен при преземањето на активности или вршењето на дејности да обезбеди висок степен на заштита на биолошката и пределската разновидност и природното наследство, како и зачувувањето на општополезната улога на природата;
2. Начело на интегрираност - мерките и активностите за заштита на природата се интегрираат во сите развојни стратешки, плански и програмски документи, плановите за уредување и користење на просторот, како и во плановите за управување и користење на природното богатство;
3. Начело на одржлив развој заради задоволување на потребите за заштита на природата, како и социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без притоа да се загрозат правата на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби, необновливите природни богатства мора да се користат рационално, додека обновливите одржливо;
4. Начело на претпазливост - доколку врз основа на современи научни и техничко-технолошки сознанија се заклучи дека одредена активност или вршење на дејност би предизвикала штетни последици за природата ќе се преземат потребните мерки и активности и пред да се добијат научни докази дека штетните последици би можеле да настанат;
5. Начело на превенција - право и обврска на правните и физичките лица е да преземаат мерки и активности за заштита на природата пред да настанат штетните последици;
6. Начело корисникот плаќа - корисникот на природата е должен да ги надомести трошоците за одржување на природната рамнотежа при користењето на природата и за уживањето на природното наследство, како и за санација на деградацијата на природата која настанува со користењето на природата и уживањето на природното наследство;
7. Начело на учество на јавноста - јавноста има право на слободен пристап до информациите за состојбата на природата, право на навремено известување за настанатите штети во природата и преземените активности за отстранување на штетите, како и право на учество во одлучувањето во врска со заштитата на природата и
8. Начело на соработка – надлежните органи на државата и на единиците на локалната самоуправа и другите организации и институции при вршењето на работите од нивна надлежност се должни да постапуваат во согласност со начелата, целите, мерките и активностите за заштита на природата и притоа остваруваат целосна меѓусебна и меѓународна соработка.

Должности на сопственикот, односно корисникот кон заштитеното подрачје
Член 113

(1) Носителот на правото на користење, односно сопственикот на имот во заштитено подрачје, е должен природното наследство да го чува, да се грижи за неговото одржување и навреме да ги презема пропишаните техничко-заштитни и други мерки потребни за заштита и одржување, во согласност со актот за прогласување на заштитеното подрачје, планот за управување, како и во согласност со одредбите на

овој закон.

(2) Носителот на правото на користење, односно сопственикот на имот во заштитено подрачје, е должен да побара согласност за сите инвестициони активности на користење, односно уживање на имотот во заштитеното подрачје од субјектот задолжен за вршење на работите на управувањето со заштитеното подрачје.

(3) Правата и обврските на носителот на правото на користење, односно сопственикот на имот во заштитеното подрачје се утврдуваат со актот за прогласување, како и со планот за управување со заштитеното подрачје.

### *ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ (пречистен текст, Сл. бр. 9/2011; 51/2011)*

Член 7
Приоритет при управувањето со отпадот

(1) Создавачите на отпад се должни, во најголема можна мера, да го избегнат создавањето отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
(2) При управувањето со отпадот, по претходно извршената селекција, отпадот треба:
- да биде преработен по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или
- да се користи како извор на енергија.

Член 8
Начело на заштита на животната средина при управувањето со отпадот

(1) При преземањето на одредени дејности и активности во врска со управувањето со отпадот, правните и физичките лица се должни да обезбедат висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.
(2) Правните и физичките лица кои преземаат одредени активности во процесот на производството, се должни да употребуваат суровини со чија преработка се создава помалку отпад, да применуваат технологии кои обезбедуваат почисто производство и кои ги штедат природните ресурси, односно да произведуваат производи коишто, при нивното производство и употреба, не ја загадуваат животната средина или загадувањето да го сведат на најмала можна мера, во согласност со начелата за одржлив развој.
(3) При преработката и отстранувањето на отпадот мора да се користат најдобрите достапни техники и технологии.

Член 12
Начело „загадувачот плаќа"

Создавачот и/или поседувачот на отпадот се должни да ги сносат сите трошоци настанати при управувањето со отпадот, вклучувајќи ги и трошоците за собирање, транспортирање, третман, складирање, отстранување, превенција и мониторинг на отпадот, како и трошоците за санационите мерки за штетата којашто ја предизвикал отпадот или штетата којашто би била предизвикана со отпадот.

Член 13
Систем на кауција

При купувањето на определени производи, купувачот ќе биде обврзан да плати определен додаток на цената на производот, кој ќе му биде вратен тогаш кога на продавачот ќе му ги врати искористените производи и пакувањето, доколку искористените производи и пакувањето

можат да се преработат, а тоа е обележано на начин што е утврден во согласност со закон и со друг пропис.

III. ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДОТ
Член 24

Правила за постапување со отпадот

Постапувањето со отпадот мора да се изведува со должно внимание и на начин со кој се избегнува:
1) загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
2) загадување на водите, воздухот и почвата над пропишаните граници;
3) создавање бучава и непријатна миризба;
4) уништување на природните услови за живот на животните и на растенијата;
5) уништување на заштитените природни области и на заштитеното културно наследство и
6) нагрдување и неуредување на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјата надвор од урбаните зони.

Член 26

Обврски за создавачот и за поседувачот на отпад
(1) Создавачот и/или поседувачот е должен отпадот:
1) да го селектира;
2) да го класифицира според Листата на отпад;
3) да ги утврдува карактеристиките на отпадот;
4) да врши контрола на влијанијата на отпадот врз животната средина, животот и врз здравјето на луѓето;
5) да го складира отпадот на места предвидени за таа намена и
6) да го преработува отпадот, а доколку неговата преработката е технички неизводлива и економски неисплатлива, да го предаде на правното и на физичкото лице кое има дозвола за собирање и за транспортирање, преработка, отстранување и/или извезување на отпадот.
(2) Ако отпадот има една или повеќе опасни карактеристики, создавачот и/или поседувачот се должни да го класифицираат отпадот во категоријата опасен отпад и да постапуваат со него како со опасен отпад.
(3) Физичките лица во домаќинствата се должни да ги извршуваат обврските од ставот (1) точки 1 и 5.

Член 32- а
Дозволи за трговија со неопасен отпад

(1) За вршење на дејност трговија со неопасен отпад, правните и физичките лица се должни да поседуваат дозволи за трговија со неопасен отпад.
(2) Барањето за добивање на дозвола од ставот (1) на овој член се поднесува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Дозволата од ставот (1) на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за период од десет години за што се води посебен регистер.
(4) Формата и содржината на дозволата од ставот (1) на овој член, формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член, начинот и постапката за нејзино издавање како и формата и содржината на регистарот од ставот (3) на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(5) По исклучок од став (1) на овој член, не е потребно поседување на дозвола во следни случаи:
- за неопасен отпад кој потекнува од сопствено производство,
- за неопасен отпад кој потекнува од оштетена и употребена сопствена опрема и
- за продажба на неопасен отпад од страна на индивидуални собирачи на отпад доколку купувачите поседуваат дозвола во согласност со ставот (1) од овој член.
(6) Правните и физичките лица од ставот (1) на овој член се должни да водат евиденција и да го утврдува потеклото на примениот или испорачан отпад на посебни обрасци за примениот или

испорачан отпад, како и евиденција на индивидуалните собирачи на неопасен отпад од кои примиле отпад.
(7) Правните и физичките лица од ставот (1) на овој член доколку не можат да го утврдат потеклото на примениот или испорачаниот отпад не смеат истиот да го откупат.
(8) Начинот на водење на евиденцијата, формата и содржината на обрасците од став (6) на овој член како и начинот и условите за вршењето на дејноста трговија со неопасен отпад, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(9) Во случаите од ставот (7) на овој член правните и физичките лица се должни да го пријават случајот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи.
(10) Правните и физичките лица од ставот (1) на овој член се должни да поставaт видео надзор на местото на прием на отпад, како и на други места на локацијата или објектите преку кој ќе се забележува приемот, ракувањето и чувањето на отпадот.
(11) Податоците од видео надзорот од ставот (10) на овој член, правните и физичките лица се должни да ги чуваат најмалку шест месеци.
(12) Производите и материјалите што се во општа употреба како што се: метални и електрични делови од железничка опрема; метални делови од електрични водови и далноводи; метални делови и метална жица од воздушни телефонски водови; сите видови шахти, сливници за атмосферска канализација и граничници на шахти; бакарни каблови со висок пресек; алуминиумски каблови; еластични оград-браници за патишта; сите видови на сообраќајни знаци и патокази; громобрани; бисти споменици и други уметнички и археолошки предмети и делови од нив (букви од натписи и слично) и други производи и материјали со чие оштетување или одземање може да се загрозува животот и здравјето на луѓето, сигурноста на јавниот сообраќај или објекти на јавни инсталациии, како и нивното нормално функционирање (во понатамошниот текст: материјали и добра во општа употреба) вршителите на дејноста трговија со неопасен отпад не смеат да ги откупуваат од индивидуалните собирачи на отпад.
(13) По исклучок од ставот (12) на овој член вршителите на дејноста трговија со неопасен отпад можат да откупуваат производи и материјали што се во општа употреба од физички или правни лица доколку се поднесе доказ дека производите и материјалите што се во општа употреба се во нивна сопственост.

Член 52
Обврска на продавачот, производителот или увозникот

(1) Производите и пакувањата кои предизвикуваат негативни влијанија врз животната средина и кои можат да се реупотребат и/или преработат, по нивното искористување задолжително се враќаат на продавачот на начин и постапка утврдени согласно со закон или друг пропис.
(2) Производите и пакувањата од ставот (1) на овој член се означуваат со посебна ознака.
(3) Продавачот на производи од ставот (2) е должен да ги прими назад искористените производи и пакувања, доколку купувачот му ги донесе на продавачот и приложи доказ дека производот и пакувањето му го продал истиот тој продавач.
(4) Продавачот од ставот (1) на овој член е должен да склучи договор за прием или за откуп на искористените производи и пакувања со произведувачот, увозникот или со друго овластено правно и физичко лице коешто може да ги преработи искористените производи и пакувања, како и да формираат заеднички систем на поврат на производи и пакувања.
(5) Произведувачот или увозникот на производи и пакувања од ставот (1) на овој член, можат за своите производи и пакувања да формираат системи на прием и откуп на искористени производи и пакувања од ставот (1) на овој член.
(6) Купувачот е должен по искористувањето на производот и пакувањето од ставот (1) на овој член да го врати на продавачот, односно произведувачот или увозникот или на од нив овластено правно и физичко лице согласно со закон или друг пропис.

Член 122
Надоместок за постапување со отпад

Произведувачот и/или увозникот кои пуштаат на пазар производи и пакувања кои на крајот на животниот

циклус на производите кои ги произведуваат, односно увезуваат создаваат отпад којшто ја оптоварува животната средина, се должни да плаќаат надоместок за нивно постапување согласно со овој или друг закон.

XII-а Кривични дела при трговија со отпад

Член 138-а
Вршење на недозволена трговија со неопасен отпад

(1) Тој што врши трговија со неопасен отпад без дозвола ќе се казни со затвор од три до пет години.
(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е извршено од организирана група составена од повеќе од три лица сторителите ќе се казнат со казна затвор најмалку четири години.

Член 138-б
Вршење на откуп на производи и материјали што се во општа употреба

(1) Тој што врши откуп на производи и материјали што се во општа употреба ќе се казни со затвор од три до десет години.
(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е извршено од организирана група составена од повеќе од три лица сторителите ќе се казнат со казна затвор најмалку четири години.

## *4. СЛОБОДНИ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ*

### *ЗАКОН ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ (Сл. бр. 14/2007; 103/2008; 130/2008; 139/2009; 156/2010)*

Предмет на Законот
Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат погодностите за инвестирање во технолошките индустриски развојни зони, условите, начинот и постапката за основањето, развојот и работењето на технолошките индустриски развојни зони, дејностите кои се вршат во технолошките индустриски развој ни зони и посебните услови за нивно вршење, примената на царинските прописи во технолошките индустриски развојни зони, како и престанокот на работа на технолошките индустриски развојни зони и на корисникот на технолошките индустриски развојни зони.
(2) Овој закон претставува шема на помош согласно прописите за државна помош.

Цел на законот
Член 2

Целта на овој закон е забрзување на економскиот развој со привлекување на странски и домашен капитал за развој на нови технологии и нивна примена во националната економија, зголемување на конкурентноста и зголемување на вработувањето.

Значење на употребени поими
Член 4

"Корисник на технолошката индустриска развојна зона" е секое домашно или странско физичко или правно лице, кое е регистрирано за вршење на дејност согласно со Законот за трговските друштва и кое заради користење на технолошката индустриска развојна зона склучило договор со основачот на технолошката индустриска развојна зона. Основачот на технолошката индустриска развојна зона едновремено може да биде и корисник на технолошка индустриска развојна зона;

"Основач на технолошка индустриска развојна зона" е Владата на Република Македонија или домашно или странско правно лице;
"Странска стока/добра" е стока различна од онаа наведена во точката 3 од овој став. Статус на странска стока ќе добие и домашната стока кога ќе биде изнесена од царинското подрачје;
"Технолошка индустриска развојна зона" (во натамошниот текст: зона) е дел од територијата на Република Македонија како дел од царинско подрачје, одвоен од останатиот дел од царинското подрачје, посебно ограден и означен простор што претставува функционална целина во која се вршат дејности под услови пропишани со овој и друг закон и во кој важат царинските и даночните погодности утврдени со овој и друг закон. Технолошката индустриска развојна зона се формира заради развој на високо пропулзивни и современи технологии со воведување на економски профитабилно производство и ефикасна употреба на ресурсите со примена на највисоки еколошки стандарди. Технолошката индустриска развојна зона е слободна зона од аспект на царинскиот и даночните закони;
„Почетна инвестиција“ е инвестиција во материјални и нематеријални средства во врска со:

- воспоставување на ново претпријатие,
- надградба на постоечко претпријатие,
- диверзификација на производството на едно претпријатие со нови, дополнителни производи и
- фундаментална промена на севкупниот производствен процес на постоечкото претпријатие.

Инвестицијата за замена не се смета за почетна инвестиција;

ПОГОДНОСТИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА

Даночни ослободувања и олеснувања и постапувања
Член 5

Даночниот обврзник, корисник на зоната подлежи на ослободувања и олеснувања од плаќање на:

- данок на добивка за период од десет години од започнувањето на вршењето на дејноста во зоната, под услови утврдени со овој закон и
- персоналниот данок на доход на примањата по основ на платите на вработените лица, во висина од 50% за период од 5 години, од започнувањето на вршење на дејност во зоната, под услови утврдени со овој закон.

Прометот на добра и услуги во технолошките индустриски развојни зони, освен прометот наменет за крајна потрошувачка, не е предмет на оданочување со данок на додадена вредност.
Од плаќање данок на додадена вредност се ослободува увозот на добра во технолошките индустриски развојни зони, под услов добрата да не се пуштени во слободен промет, односно не се наменети за крајна потрошувачка.

Царински ослободувања и олеснувања
Член 6

Корисникот на зоната, подлежи на царински ослободувања и олеснувања согласно со одредбите на Царинскиот закон, освен ако поинаку не е уредено со овој закон.
Корисникот на зоната кој врши производствена дејност и дејности од областа на информатичката технологија (изработка на софтвери, склопување хардвер, дигитални записи, компјутерски чипови и слично), научно - истражувачка дејност и производство засновано на нови технологии со високи еколошки стандарди се иззема од обврската за поднесување на гаранција како инструмент за обезбедување на царинскиот долг кој настанал или може да настане по одредувањето на царински дозволено постапување или употреба на стоката. (3) Ослободувањата или олеснувањата од ставот (1) на овој член не се однесуваат на алкохол и алкохолни пијалаци, како и на тутун и производи од тутун.
Корисникот на зоната може да користи поволност за увоз на опрема согласно со членот 42 од овој закон.

Член 7

Корисникот на зоната ослободувањата и олеснувањата утврдени во членовите 5 и 6 од овој закон ги

остварува за вршење на:

- производни дејности;
- дејности од областа на информатичката технологија (изработка на софтвери, склопување хардвер, дигитални записи, компјутерски чипови и слично), научно - истражувачка дејност и производство засновано на нови технологии со високи еколошки стандарди и
- услуги кои се директно поврзани со увоз на добра кои се внесуваат во зоната, под услов добрата да не се наменети за крајна потрошувачка.

Член 8 Други погодности

Корисникот на зоната кој врши некоја од дејностите утврдени во членот 7 на овој закон, ги остварува и следниве погодности:

- по исклучок од одредбите на Законот за градежното земјиште корисниците на зоната се ослободени од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- надоместокот за уредување на градежното земјиште за кој се ослободени корисниците на зоната го надоместува Владата на Република Македонија во корист на единиците на локалната самоуправа;
- по исклучок од одредбите на Законот за заштита и спасување, корисникот на зоната се ослободува од обврска да гради засолниште при градба на објекти во зоната, како и од плаќање на придонес за изградба, одржување и опремување на засолништето и
- Владата на Република Македонија може да учествува во трошоците за изградба на градежен објект за корисник во зоната во висина до 500.000 евра во денарска противвредност под следниве критериуми:
    - 100.000 евра во денарска противвредност - за инвестициони вложувања од 1 до 2 милиони евра во денарска противвредност или 20 нови вработувања,
    - 200.000 евра во денарска противвредност - за инвестициони вложувања од 2 до 5 милиони евра во денарска противвредност или 40 нови вработувања,
    - 300.000 евра во денарска противвредност - за инвестициони вложувања од 5 до 10 милиони евра во денарска противвредност или 60 нови вработувања,
    - 400.000 евра во денарска противвредност - за инвестициони вложувања од 10 до 15 милиони евра во денарска противвредност или 80 нови вработувања,
    - 500.000 евра во денарска противвредност - за инвестициони вложувања над 15 милиони евра во денарска противвредност или 100 нови вработувања.

За исполнување на условите од точката 4 на овој став, на предлог на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони одлучува Владата на Република Македонија во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на поднесувањето на предлогот.

По исклучок од одредбите на Законот за градежното земјиште основачот на зоната е ослободен од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште. Надоместокот за уредување на градежното земјиште за кој е ослободен основачот на зоната, го надоместува Владата на Република Македонија во корист на единиците на локалната самоуправа.

Земјиштето за основање на зона се дава под закуп на основачот на зона за период до 99 години.

Земјиштето во зоната се дава под закуп од основачот на зоната на корисниците за период од 99 години.

Периодот на закуп на земјиштето и висината на закупнината на земјиштето за основачите на зона, како и за корисници на зона кога Владата на република Македонија е основач, ги определува Владата на Република Македонија за секој поединечен случај.

Корисникот на зоната е должен на доделеното земјиште за користење да започне со градба во рок од девет месеца од склучувањето на договорот за закуп, а најдоцна за 30 месеца да заврши со градбата и да почне со производство.

Договорот за закуп на земјиштето еднострано се раскинува, доколку закупецот на земјиштето во рок од девет месеца од денот на потпишувањето на договорот за закуп не започне со градба на градежниот објект и ако во рок од 30 месеца не започне со производство.

Услови и постапка за остварување на даночни ослободувања и олеснувања
Член 9

Корисникот на зоната остварува даночни ослободувања и олеснувања, ако:
- врши нова дејност, а не ја пренесува дејноста од друго подрачје на Република Македонија во зоната;
- нема ненамирени пристигнати даночни или царински обврски и;
- не е отворена стечајна постапка.

За остварување на даночни ослободувања и олеснувања од членот 5 став (1) точки 1 и 2 на овој закон, корисникот на зоната поднесува даночно барање до надлежниот даночен орган преку Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони до 31 март наредната година.

Согласно со ставот (2) од овој член кон даночното барање корисникот на зоната е должен да приложи:
- договор за вршење дејност со основачот на зоната;
- решение од членот 29 став (4) односно решение од членот 33 став (3) на овој закон;
- годишна сметка и даночен биланс за претходната година заедно со образец СПД - Структура на приходите по дејности;
- доказ од Централниот регистар за тековна состојба на бонитетот на корисникот не постар од шест месеца;
- уверение издадено од надлежен орган дека корисникот на зоната нема пристигнати, а ненамирени даночни и царински обврски и
- уверение издадено од надлежен суд и Централниот регистар дека над корисникот на зоната не е отворена стечајна постапка или постапка за ликвидација.

Врз основа на одлуката за компатибилност на доделена државна помош на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно со овој закон даночниот орган донесува решение за даночно ослободување.

Доказите од ставот (3) точки 1, 2 и 4 на овој член се поднесуваат во рок од 15 дена по добивање на решението за започнување со работа од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Доказите од ставот (3) точки 3, 5 и 6 на овој член се поднесуваат секоја година од работењето во зоната, најдоцна до 31 март во тековната година.

Доколку се исполнети условите од овој член, даночниот орган ја спроведува одлуката на Комисијата за заштита на конкуренцијата и на корисникот му издава решение за соодветно даночно ослободување и олеснување во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето. Истото го доставуа до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во рок од осум дена на донесувањето.

Општи услови за основање технолошка индустриска развојна зона
Член 10

Зоната се основа, ако:
- се обезбедени просторни, енергетски, технички и други услови за вршење дејност во зоната;
- не се применуваат производно - технолошки процеси и не се произведуваат и складираат стоки, односно не се вршат услуги што ја загрозуваат животната средина и природата и
- основачот на зоната обезбеди средства за основање на зоната.

Условите за основање на зоната од ставот (1) точка 1 на овој член до границата на зоната ги обезбедува Владата на Република Македонија.

Основачот на зоната обезбедува средства за основање и почеток на работата на зоната, како и соодветни просторни, инфраструктурни, еколошки, енергетски, технички и други услови за вршење на дејност во зоната и донесува акт за нејзино основање.

Основачот на зоната, освен кога како основач се јавува Владата на Република Македонија, регистрира трговско друштво кое врши економски, технички, административни и други работи во врска со вршењето на дејностите во зоната.

Просторни услови за основање технолошка индустриска развојна зона
Член 11

Зоната се основа на подрачје утврдено со просторен план, со урбанистички план или со урбанистички проект на земјиште во сопственост на Република Македонија како локалитет од јавен интерес. Зоната може да биде основана во урбано подрачје или надвор од урбано подрачје.
Зоната може да се состои од повеќе одделни делови на територијата на Република Македонија, кои сочинуваат стопанска и функционална целина и секоја од нив треба да биде оградена и означена.

Основач на технолошка индустриска развојна зона
Член 23

Зона може да основа едно или повеќе домашни или странски правни лица (во натамошниот текст: основач на зона).
Зона може да основа и Владата на Република Македонија.
Основачите од ставовите (1) и (2) на овој член донесуваат акт за основање.
Работите во врска со основање, управување и развој на зоните во име на Владата на Република Македонија ги врши Дирекцијата.
Кога зоната ја основаат повеќе основачи, склучуваат меѓусебен договор за основање зона.
Основачот на зоната, освен кога Владата на Република Македонија е основач на зона може да биде истовремено и корисник на зоната.
Основачот на зоната од ставовите (1) и (5) на овој член треба да има:

- обезбеден писмен доказ за финансиската состојба со кој ќе се утврди дека има потребни средства на сметка во банка, како и извештај од овластена ревизорска куќа и
- доказ за претходно искуство од трговска дејност или од работење во зона.

Акт, односно Договор за основање технолошка индустриска развојна зона
Член 24

Актот, односно договорот за основање на зона од членот 23 ставови (3) и (5) на овој закон содржи:

- назив на основачот, односно основачите на зоната;
- назив на зоната;
- подрачје на зоната;
- дејности што се вршат во зоната и
- период за кој се основа зоната.

Барање за основање технолошка индустриска развојна зона
Член 25

За основање зона, освен кога основач е Владата на Република Македонија основачот поднесува писмено барање до Дирекцијата.
Барањето од ставот (1) на овој член треба да содржи податоци за:

- називот, седиштето, односно адресата на подносителот на барањето;
- дејностите што се вршат во зоната;
- периодот за кој се основа зоната;
- условите за градба на зоната со извод од просторен или урбанистички план, кои ги издава надлежен орган на државната управа;
- организацијата и начинот на работењето на зоната;
- техничко - технолошките и други услови за работа во зоната и
- начинот на обезбедување на услови за работа на Дирекцијата, царинскиот и даночниот орган во зоната.

Кон барањето, основачот на зоната е должен, покрај доказите од членот 23 став (7) на овој закон, да приложи:

- акт, односно договор за основање на зоната;
- физибилити студија или деловен план и
- согласност од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и просторно планирање дека се исполнети условите предвидени со прописите од областа на животната средина.

Образецот на барањето од ставот (2) на овој член го пропишува Дирекцијата.

Согласност за основање технолошка индустриска развојна зона
Член 26

Дирекцијата издава одобрение за основање зона врз основа на податоците содржани во барањето и доказите од членот 25 ставови (2) и (3) на овој закон (во натамошниот текст: одобрение).
Одобрението од ставот (1) на овој член се издава доколку се исполнети условите пропишани со овој и друг закон за основање на зоната.
Дирекцијата, одобрението го доставува до Владата на Република Македонија, заедно со барањето и доказите од членот 25 ставови (2) и (3) на овој закон.
Владата на Република Македонија, врз основа на одобрението на Дирекцијата, дава согласност за основање зона ако се исполнети условите пропишани со овој и друг закон и ако постои општ економски интерес за основање на зона;
Согласноста дадена на основачот, по предлог на Дирекцијата ќе биде одземена во секое време доколку:

- е донесена правосилна судска пресуда со која се забранува на основачот вршење на дејност;
- основачот на зоната поднел неверодостојни податоци или документи во неговото барање;
- градежните работи во зоната не започнат во рок од шест месеца од денот на правосилно одобрение за градба;
- основачот на зоната не обезбеди започнување со работа во зоната и
- не поднесе извештај од членот 32 на овој закон и
- отстапува спротивно на одредбите од овој закон.

Со одземањето на согласноста од ставот (4) на овој член престанува да важи одобрението од ставот (1) на овој член.
Против одлуката за одземање на согласност од ставот (5) на овој член не е дозволена жалба и може да се поведе управен спор.

Почеток на работа на технолошка индустриска развојна зона
Член 31

Зоната започнува со работа по донесувањето на решението за работа на зоната од страна на Дирекцијата, најдоцна во рок од 12 месеца од денот на донесувањето на решението.
Решението за започнување со работа на зоната Дирекцијата го донесува по претходно обезбедени согласности, одобренија, односно дозволи пропишани со овој и друг закон, вклучувајќи и претходно добиено одобрение за начинот и формата за водење на евиденција од централната управа на Царинската управа согласно со членот 41 од овој закон.
Ако зоната не започне со работа во рокот од ставот (1) на овој член, Дирекцијата со акт го укинува решението за започнување со работа на зоната.

Корисник на технолошка индустриска развојна зона
Член 33

Корисникот на зоната, дејноста во зоната ја врши врз основа на договор склучен со основачот на зоната.
При склучување на договор меѓу основачот и корисникот на зоната, предност имаат корисниците кои ги исполнуваат следниве критериуми:

- зголемување на вработувањето,
- сертификат за производство со високи еколошки стандарди,
- производство засновано на нови технологии и

- висок степен на енергетска ефикасност.

Корисникот во зоната започнува со работа по донесувањето на решение за работа од Дирекцијата.

Решението за работа од ставот (3) на овој член Дирекцијата го издава по претходно добиено одобрение за евиденција од централната управа на Царинската
управа согласно со членот 41 од овој закон и склучен договор меѓу основачот и корисникот на зоната.

Корисникот на зоната е должен на царинскиот или друг надлежен орган да му овозможи царински или друг надзор.

Решението за работа од ставот (3) на овој член Дирекцијата го укинува во следните случаи:

- ако не работи согласно со овој закон;
- ако е донесена правосилна судска пресуда со која се забранува на корисникот вршење на дејност;
- доколку се утврди дека корисникот поднел неверодостојни податоци или документи во неговото барање и
- доколку корисникот на зоната не започне со работа во зоната во согласност со одредбите од овој закон.

Решението со кое се укинува решението за работа, Дирекцијата по службена должност го доставува до Царинската управа на Република Македонија и до надлежниот даночен орган.

Против решението за укинување на решението за работа незадоволната странка може да поведе управен спор.

Дејности што се вршат во технолошка индустриска развојна зона
Член 35

Во зоната се вршат производствени и услужни дејности, научно - истражувачки дејности, складирање, банкарски и други финансиски работи, работи на осигурување и реосигурување на имоти и лица и други работи исклучиво за потребите на работењето на зоните.

Дејностите во зоната се вршат под следниве услови:

- деловниот потфат да е во согласност со приложената физибилити студија или деловен план од членот 25 став (3) точка 2 на овој закон;
- потеклото и квалитетот на суровините, полупроизводите и готовите производи да можат да се утврдат и контролираат;
- работењето да не ја загрозува јавната безбедност, животната средина и здравјето на луѓето во зоната и
- корисникот на зоната да ги осигура основните средства и вработените од ризици кои произлегуваат од работењето.

Во зоната не смее да се врши активност поврзана со:

- трговија на распаднати, расипани стоки, со истечен рок или инфицирани, отпадни материи кои ја загадуваат животната средина или кои не се за човечка и животинска употреба;
- радиоактивни материјали, освен оние кои се потребни за индустриски, медицински и научно - истражувачки цели одобрени од надлежните органи на Република Македонија;
- droги, хемиски и биолошки материјали, хемиски и биохемиски деривати со исклучок на оние кои се употребуваат во индустриски, преработувачки, медицински и фармацевтски цели, според сертификати издадени од Министерството за здравство;
- оружје, муниција и експлозиви, освен стопански експлозиви;
- производство и услуги кои потекнуваат од земји или фирми кои се предмет на ембарга и блокади наложени од национални и меѓународни органи и власти;
- производство и услуги кои ги загрозуваат јавниот морал, јавната безбедност и одбраната и
- производство и услуги кои не се во согласност со законите на Република Македонија и на меѓународните договори ратификувани во Република Македонија кои се однесуваат на заштитата на интелектуалната и
- индустриската сопственост.

Член 36

Во зоната корисникот на зоната може да врши складирање на стоки за свои потреби.
Ако капацитетите на складовите на корисниците во зоната не се целосно искористени, со согласност на Царинската управа, домашните стоки кои не се наменети за извоз можат да се складираат во зоната, но одделно од стоките на корисниците во зоната.
Царинската управа нема да дозволи складирање на стоки од ставот (2) на овој член, ако со тоа се оневозможи вршење контрола над работењето во зоната.
Домашните стоки кои се наоѓаат на подрачјето на зоната врз основа на согласноста од ставот (2) на овој член, се евидентираат согласно со одредбите од членот 41 на овој закон.
Даночните ослободувања и олеснувања од овој закон не се однесуваат на стоките од ставот (2) на овој член.

Примена на закони, договор за надминување на разликите и работни односи
Член 38

Споровите меѓу корисниците во зоната, меѓу корисниците и основачот на зоната и меѓу основачот на зоната и државните органи се решаваат во согласност со законите на Република Македонија.
Работните односи меѓу работодавачите и вработените во зоната се уредуваат согласно со Законот за работните односи и колективен договор.

Престанок на работа на технолошка индустриска развојна зона
Член 43

Зоната престанува со работа во следниве случаи:
- по поднесено барање од основачот до Дирекцијата, зоната престанува со работа по истек од шест месеца од денот на поднесувањето на барањето,
- со престанок на договорот за закуп на земјиштето,
- кога основачот изврши измена на зоната спротивно на членот 27 од овој закон,
- врши или овозможи вршење на дејности во зоната кои не се содржани во актот, односно договорот за основање на зоната од членот 24 на овој закон или не се во согласност со дејностите кои е дозволено да се вршат во зоните од членовите 35 и 36 на овој закон,
- кога царинската управа ќе констатира дека повеќе не се исполнети условите за спроведување на царински надзор, по истекот на рокот од членот 29 став (3) на овој закон,
- основачот не достави извештај за работењето на зоната согласно членот 32 на овој закон или
- основачот не донесе правила согласно со членот 34 на овој закон.

Престанок на работа на корисникот во технолошка индустриска развојна зона
Член 44

Ако во текот на работата во зоната основачот на зоната или надлежен суд го раскине договорот на корисникот на зоната со основачот, корисникот на зоната е должен за тоа да го извести царинскиот и преку Дирекцијата, даночниот орган, да им ги достави евиденциите и пресметките од работењето во зоната и да им овозможи да утврдат дали во врска со неговото работење во зоната настанал царински, односно даночен долг, кој се пресметува согласно со царинските, односно даночните прописи.
Дирекцијата ќе го укине решението од членот 33 став (3) на овој закон, ако:
- се раскине договорот меѓу основачот и корисникот на зоната;
- добие известување од царинскиот орган за неисполнување на условите за спроведување на царински надзор;
- врши стопанска дејност во зоната кога не е утврдена во актот, односно договорот за основање на зоната согласно со членот 24 од овој закон;
- не му овозможи на царинскиот или друг орган надзор врз работењето во зоната согласно со членот 29 став (4) од овој закон и

- врши стопански дејности во зоната кои не се во согласност со членовите 35 и 36 од овој закон.

Член 45

За залихите на стоки во зоната на денот на престанокот со работа се врши пресметка на даноци, царини и други давачки за секој основач/корисник на зоната, согласно со даночните, царинските и други прописи.
Во случај на престанок на работа на зоната, основачот/ корисниците ја задржуваат сопственоста врз објектите кои ги изградиле во зоната, како и врз правата и капиталот кои ги инвестирале во зоната и можат да продолжат со своето работење во согласност со законската регулатива на Република Македонија.

Прекршочни одредби
Член 46

Глоба од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правнотото лице - основач на зоната, кое:
- започне со работа во зоната пред Владата на Република Македонија да издаде согласност утврдена со членот 26 од овој закон или пред да добие решение за работа на зоната утврдено со членот 31 од овој закон;
- не побара измена на решението на Царинската управа во случаите предвидени од членот 30 став на овој закон;
- не поднесе докази, односно не го запази рокот за доставување на доказите за исполнување на изменетите обврски согласно со членот 30 став (2) од овој закон;
- овозможи вршење, односно врши стопанска дејност во зоната спротивно на општите услови и корисниците ги става во нееднаква положба од членот 34 став (3) на овој закон,
- не поднесе извештај за работењето на зоната во рокот од членот 32 на овој закон и
- не поднесе Барање за измена на зоната во рок утврден согласно со членот 27 став (3) на овој закон.

Глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член на одговорното лице на правното лице.

Член 47

Глоба од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице - корисник на зона, кое:
- започне со работа во зоната пред да добие решение од Дирекцијата согласно со членот 33 став (3) од овој закон и
- не ја стави на увид опремата и резервните делови на царинскиот орган при нивното изнесување на територија на Република Македонија согласно со членот 42 став (3) од овој закон

Глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член на одговорното лице на правното лице.
Глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на физичкото лице - корисник на зоната.



# ДЕЛ ЧЕТВРТИ – ДАНОЧНО ОПТОВАРУВАЊЕ

Четвртиот дел на Правниот водич е посветен на даночното оптоварување при започнување или водење на бизнис во Република Македонија. Во таа насока, опфатени се законите кои ги регулираат најзначајните даночни оптоварувања од интерес за инвеститорите (данокот на добивка, персоналниот данок на доход, данокот на додадена вредност, данокот на имот, итн.).

Во насока на спроведување политика за поголема економска слобода за бизнисите, подолг временски период во земјата се применува рамен данок на добивка и персонален данок на доход кој изнесува само 10%. Со тоа Република Македонија има најнизок пакет на даноци во Европа. Дополнителни даночни олеснувања се применуваат во технолошките индустриски развојни зони и вклучуваат ослободување од персонален данок и данок на добивка во траење од 10 години.

Во рамките на *Управата за јавни приходи* (www.ujp.gov.mk) се воведени посебни канцеларии за мали и средни претпријатија со што ќе се прилагодат и олеснат административните постапки за плаќање на даноците на овој тип даночни обврзници. Големите даночни обврзници пак, можат преку интернет да ги достават даночните формулари и мислења до Канцеларијата за големи даночни обврзници со што значително е забрзано процесуирањето и времето потребно за плаќање на данок.

*Договорите за одбегнување на двојното оданочување* ја унапредуваат економската соработка меѓу Република Македонија и другите држави, посебно во доменот на размена на стоки и услуги и заеднички вложувања, со што се овозможува стимулирање и интензивирање на економско-финансиските односи меѓу државите. Република Македонија има ратификувано преку 30 договори за одбегнување на двојното оданочување.

***ЗАКОН ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА (Сл. бр. 80/1993; 33/1995; 43/1995; 71/1996; 5/1997; 28/1998; 11/2001; 2/2002; 44/2002; 51/2003; 120/2005; 139/2006; 160/2007; 159/2008; 85/2010; 47/2011; 135/2011) (У. бр. 51/2008)***

II. ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК
Член 4

Обврзник на данокот на добивка е правно лице (субјект) - резидент на Република Македонија кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство.
Резидент, во смисла на став 1 од овој член е субјектот кој е основан или има седиште на територијата на Република Македонија.

Член 5

Обврзник на данокот на добивка е и постојана деловна единица на странско лице за добивката што ја остварува од вршење на дејност на територијата на Република Македонија.

III. ДАНОЧНА ОСНОВА
Член 8

Основа за пресметување на данокот за соодветниот даночен период претставува износот на непризнаените расходи и помалку искажаните приходи.
Сметководствената бруто добивка се утврдува според прописите за сметководство и воспоставените деловни политики и практики. Сметководствената бруто добивка за одреден даночен период, намалена за данокот платен на основата од ставот 1 на овој член, подлежи на оданочување само во случај на нејзина распределба во вид на исплати за дивиденди и други исплати од добивката.
Основа за пресметување на данокот од ставот 2 на овој член претставува износот кој се распределува, односно исплатува во вид на дивиденди и други распределби од добивката.

V. ДАНОЧНА СТАПКА

Член 28

Стапката на данокот од добивка изнесува 10%.

V-а. ЗАДРЖУВАЊЕ НА ДАНОК НА ПРИХОД ПЛАТЕН НА СТРАНСКИ ПРАВНИ ЛИЦА

Член 29-а

Освен ако поинаку не е регулирано со Меѓународните договори за одбегнување на двојно оданочување, лицата од ставот 3 на овој член кои вршат исплата на приходи на странско правно лице наведени во член 29-б на овој закон, должни се при исплатата на приходот да го задржат и да го уплатат данокот на соодветната уплатна сметка истовремено со исплатата на приходот.
Задржаниот данок за било кој приход на странското правно лице, е конечно намирена даночна обврска на лицето за тој приход.
Следниве лица го задржуваат данокот на приход платен на странско лице и тоа:
а) домашно правно лице;
б) домашно физичко лице - регистрирано за вршење на дејност; и
в) странско правно лице или физичко лице-нерезидент со постојана деловна единица во Република Македонија.

Член 29-б

Задржувањето на данок се применува на следниве приходи, без оглед дали се исплатени во Република Македонија или во странство:

1) приход од дивиденди;

2) приход од камата од резидент;

3) приход од камата од нерезидент кој има постојана деловна единица во Република Македонија, ако каматата е на трошок на постојаната деловна единица;

4) приход од авторски хонорар исплатен од резидент;

5) приход од авторски хонорар исплатен од нерезидент со постојана деловна единица во Република Македонија, ако авторскиот хонорар е на трошок на постојаната деловна единица;

6) приход од забавни или спортски активности кои се вршат во Република Македонија;

7) приход од вршење на менаџмент, консалтинг, финансиски услуги и услуги на истражување и развој, ако приходот е исплатен од резидент или е на трошок на постојаната деловна единица во Република Македонија;

8) приход од осигурителни премии за осигурување или реосигурување од ризици во Република Македонија;

9) приход од телекомуникациски услуги помеѓу Република Македонија и странска држава и

10) приход од закуп на недвижности во Република Македонија.

По исклучок од став 1 на овој член, данокот не се задржува на следниве приходи:

1) на трансфер на дел од добивката на постојана деловна единица на странско правно лице во Република Македонија, на која претходно е платен данок на добивка;

2) на приход од камата од должнички инструменти издадени и/или гарантирани од страна на Македонската Влада, Народна банка на Република Македонија и банки или други финансиски институции кои делуваат како претставник на Македонската Влада;

3) на приход од камата од депозити во банка лоцирана во Република Македонија; и

4) на приход остварен од посредување или консалтинг со државни хартии од вредност на меѓународен финансиски пазар.

Член 29-в

Данокот што ќе се задржи во согласност со одредбите од член 29-б на овој закон, се пресметува на бруто приходите по стапка од 10%.

За целите од став 1 на овој член, бруто приходот е приходот кој би бил исплатен на странското правно лице доколку не се изврши задржување на данок од приходот кој би се исплатил.

Член 29-г

Доколку примателот на приход врз кој се применува задржување на данок е резидент на странска држава која има договор со Република Македонија за одбегнување на двојното оданочување во однос на даноците на доход и капитал, тогаш за целите од член 29-в на овој закон, даночната стапка која е утврдена за тој приход не смее да ја надмине даночната стапка која се применува за приходот одредена во договорот.

Даночно ослободување или пониска стапка одредена во договорот со странска држава се применува на приход врз кој се применува задржување на данок ако исплатителот на приходот располага со пропишан образец заверен од надлежен даночен орган на странската држава и од Управата за јавни приходи, или одобрение за даночно ослободување издадено од Управата за јавни приходи.

Член 29-д

Лицето кое има обврска да го задржи данокот во согласност со одредбите од оваа Глава поднесува еднаш годишно Извештај за уплатениот данок по одбивка до органот за јавни приходи до 15-ти февруари наредната година, по годината во која постоела обврска за задржување на данокот.

Извештај за уплатениот данок по одбивка за една година ги вклучува следниве информации за секое странско правно лице во чие име е извршено задржување на данокот за односната година:

1) име на исплатувачот, фирма, седиште;
2) име на лицето- обврзник и држава во која лицето е резидент;
3) вид и износ на приход врз кој се применува задржување на данок;
4) износ на данок кој треба да се задржи и датата на доспевање на обврската; и
5) износ на данокот кој е задржан и дата на уплатата.

Органот за јавни приходи за задржаниот данок на странското правно лице го известува органот за јавни приходи во странство по негово писмено барање.

VI. ДАНОЧНИ ОЛЕСНУВАЊА И ОСЛОБОДУВАЊА

Член 32-а

Обврзникот кој е корисник на технолошка индустриска развојна зона, се ослободува од плаќање на данокот на добивка за период од десет години од започнувањето на вршењето на дејност во зоната, под услови и по постапка утврдени со Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Член 36-г

Даночниот обврзник се ослободува од обврската за плаќање данок на нераспределена добивка остварена за тековната година.

Под нераспределена добивка се подразбира разликата меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени со сметководствените прописи и сметководствените стандарди намалени за платениот данок утврден во даночниот биланс.

Износот којшто се распределува во вид на дивиденди и други распределби од добивката, било да е во паричен или непаричен облик, се оданочува во моментот на нивната исплата, освен дивидендите коишто даночниот обврзник ги исплатува на правни лица резиденти на Република Македонија.

За правни лица резиденти на Република Македонија од ставот 3 на овој член, не се сметаат лицата основани во согласност со Законот за здруженија и фондации.

VII. ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНО ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА

Член 37

На обврзникот - резидент на Републиката кој на добивката што е остварена со работа во странство платил данок во друга држава му се намалува пресметаниот данок во земјата за износот на данокот на добивка платен во странство, а најмногу до износ на данокот што би се добил со примена на даночната стапка од член 28 на овој закон.

Даночниот обврзник кој остварува приходи во странство, доставува соодветен доказ за платениот или задржан данок од надлежниот даночен орган на странската држава.

VII-а Поедноставен даночен режим за трговски друштва

Член 38-б

Општа одредба

Трговските друштва класифицирани како мали и микротрговци и правните лица резиденти на Република

Македонија кои водат сметководство и изготвуваат годишни сметки согласно со Законот за трговските друштва, согласно со условите утврдени во членот 38-г од овој закон можат да се определат да плаќаат годишен данок на вкупен приход.
Трговските друштва ако извршуваат банкарска, финансиска и осигурителна дејност и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри, не припаѓаат во поедноставен даночен режим на плаќање на годишен данок на вкупен приход според ставот 1 на овој член.

Член 38-в

Трговски друштва кои се ослободени од плаќање на годишен данок на вкупен приход

Трговските друштва од членот 38-б став 1 од овој закон, се ослободени од обврската за плаќање на годишен данок на вкупен приход под услов вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот од кој било извор да не го надминува износот од 3.000.000 денари на годишно ниво.

Член 38-г
Трговски друштва кои може да се определат да плаќаат годишен данок на вкупен приход

Трговските друштва од членот 38-б став 1 од овој закон можат да се определат да пресметуваат и плаќаат годишен данок на вкупен приход под услов:
1) да извршуваат стопанска дејност, освен банкарска, финансиска, осигурителна и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри и
2) вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот од кој било извор да изнесува од 3.000.001 до 6.000.000 денари на годишно ниво.
Трговските друштва одбраниот модел на оданочувањето од ставот 1 на овој член не може да го менуваат во наредните три години вклучувајќи ја и годината за која се плаќа данок на вкупен приход, доколку во наредните три години остваруваат вкупен приход од 3.000.001 до 6.000.000 денари на годишно ниво.

Член 38-д
Пресметување на годишен данок на вкупен приход

Годишниот данок на вкупен приход се пресметува врз основа на остварениот вкупен приход по сите основи во деловната година за која се утврдува данокот.
Под деловна година се подразбира календарска година.
Данокот на вкупен приход се пресметува во висина од 1% од износот на остварениот вкупен приход искажан во Билансот на успех во годишната сметка и финансиските извештаи според одредбите од Законот за трговските друштва, за деловната година за која се утврдува данокот.

Член 38-ѓ
Евиденција/Регистар на трговски друштва за годишен данок на вкупен приход

Трговските друштва од членовите 38-в и 38-г од овој закон, Управата за јавни приходи ги евидентира во Регистарот на трговски друштва за годишен данок на вкупен приход.
Управата за јавни приходи евидентирањето го врши врз основа на податоците за искажаниот вкупен приход во Билансот на успех кон годишната сметка и финансиските извештаи според одредбите од Законот за трговските друштва, за деловната година за која се утврдува данокот.
Трговските друштва од членот 38-в од овој закон се должни до Управата за јавни приходи да достават даночна пријава на образец "ДБ-ВП - Годишен данок на вкупен приход" во рокот пропишан за поднесување на годишна сметка согласно со Законот за трговските друштва и прописите за сметководство.

VIII. УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА
Член 39

Даночниот период за кој се утврдува данокот на добивка е една календарска година.
Доколку даночниот обврзник работел за период пократок од една календарска година, за даночен период ќе се смета периодот од годината за која работел.

Член 39-а

Даночниот обврзник е должен утврдувањето и плаќањето на данокот на добивка да го врши врз основа на образецот "ДБ - даночен биланс за оданочување на непризнаени расходи" што се доставува до Управата за јавни приходи во рокот пропишан за поднесување на годишната сметка согласно со Законот за трговските друштва и прописите за сметководство.
Даночниот обврзник којшто врши распределби од добивката, согласно со одредбите на членот 9 од овој закон, утврдувањето и плаќањето на данокот го врши врз основа на образецот "ДД-ИД - Пресметка на данок на добивка на исплатени дивиденди и други исплати од добивката" кој се доставува до Управата за јавни приходи најдоцна до денот на исплатата.
Субјектите од членот 38-б на овој закон годишниот данок на вкупен приход го утврдуваат на образецот "ДБ-ВП - Годишен данок на вкупен приход" кој се доставува до Управата за јавни приходи во рокот пропишан за поднесување на годишната сметка согласно со Законот за трговските друштва и прописите за сметководство во годината што следи по годината за која се врши оданочувањето, а плаќањето на данокот се врши најдоцна во рок од 30 дена по рокот за доставување на образецот.

Член 39-б

Трговските друштва кои се во системот на поедноставен даночен режим на плаќање на годишен данок на вкупен приход согласно со одредбите од овој закон и кои распределуваат дивиденда од добивката остварена во деловната година кога не биле во системот на поедноставен даночен режим, се должни да поднесат пресметка на данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивка на пропишаниот образец “ДД-ИД“ до Управата за јавни приходи за плаќање на данок на добивка најдоцна до денот на исплатата.
Член 40

Месечните аконтации на данокот на добивка на непризнаени расходи во даночниот биланс(образец ДБ - даночен биланс за оданочување на непризнаени расходи) се утврдуваат во износ од една дванаестина од утврдениот данок во даночниот биланс за претходната година зголемени за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката од претходниот период од годината односно до 31 јануари наредната година, во однос на просечните цени на мало во претходната година.
Месечните аконтации се плаќаат во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец.

Член 41

Разликата меѓу уплатената аконтација според членот 40 на овој закон и вистинската обврска на пресметаниот данок на добивка согласно со членот 39-а став 1 на овој закон, обврзникот е должен да ја уплати во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за предавање на годишната сметка.
Ако обврзникот на данокот во вид на аконтација платил поголем износ на данок од износот што бил должен да го плати, може од органот за јавни приходи да бара враќање на повеќе платениот износ.
Органот за јавни приходи е должен повеќе платениот данок на добивка да му го врати на обврзникот на негово барање, во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето за враќање.
Доколку Управата за јавни приходи не одлучи по барањето за враќање на повеќе уплатениот данок во рокот од членот 41 став 3 од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на Управата за јавни приходи за одлучување по барањето. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на

седиштето на Управата за јавни приходи.
Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 4 на овој член ги пропишува министерот за финансии.
Кон барањето од ставот 4 на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од членот 41 став 3 од овој закон.
Директорот на Управата за јавни приходи, или од него овластено лице, е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот 4 на овој член во писарницата на директорот на Управата за јавни приходи да одлучи дали барањето е уважено или одбиено.
Доколку директорот на Управата за јавни приходи, или од него овластено лице, не донесе решение во рокот од ставот 7 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена. Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 8 на овој член да изврши надзор во Управата за јавни приходи дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
Инспекторот од Државниот управен испекторат од ставот 9 на овој член по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Управата за јавни приходи, или од него овластено лице, во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести испекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.
Доколку директорот на Управата за јавни приходи или од него овластено лице не одлучи во рокот од ставот 10 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој директорот на Управата за јавни приходи, или од него овластено лице, ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
Доколку директорот на Управата за јавни приходи, или од него овластено лице не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 11 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 8 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.
Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот 13 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите 9 и 10 и/или не поднесе пријава согласно со ставовите 11 и 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Управата за јавни приходи дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 14 на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
Во случајот од ставот 15 на овој член директорот на Државниот управен испекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот.
Во случаите од ставот 16 на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 14 на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.
Доколку функционерот кој раководи со Управата за јавни приходи, или од него овластено лице, не одлучи

во рокот од ставот 12 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежен суд.
Постапката пред Управниот суд е итна.
Ако обврзникот на данокот на добивка не бара враќање на повеќе уплатениот данок, повеќе платениот износ ќе се смета како аконтација за наредниот период.

***ЗАКОН ЗА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД (пречистен текст Сл. бр. 74/2006; 139/2006; 06/2007; 160/2007; 159/2008; 20/2009; 139/2009; 171/2010; 135/2011) (У. бр. 27/1996; 43/1996)***

ПРВ ДЕЛ
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се воведува персонален данок на доход и се уредува начинот на оданочување на доходот на граѓаните.

Член 2
Персоналниот данок на доход (во натамошниот текст: данок на доход) се плаќа годишно на збирот на нето приходите од сите извори, освен на приходите што се изземени од оданочување со овој закон.

Член 3
Доходот што подлежи на оданочување го сочинуваат следниве видови приходи остварени во земјата и во странство:
1) лични примања;
2) приходи од самостојна дејност;
3) Приходи од имот и имотни права;
4) приходи од авторски права и права од индустриска сопственост;
5) приходи од капитал;
6) капитални добивки;
7) добивки од игри на среќа и други наградни игри; и
8) други приходи.
На оданочување подлежат сите приходи од став 1 на овој член што се остварени во пари, хартии од вредност, во натура, или во некој друг вид.

1. Даночен обврзник
Член 7

Обврзник на данокот на доход е секое физичко лице резидент на Република Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство.
Резидент во смисла на овој закон е физичко лице кое на територијата на Републиката има постојано живеалиште и престојувалиште.
Резидентот има престојувалиште ако на територијата на Републиката престојува непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена во кој било 12 месечен период.

Член 9

Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое не е резидент на Републиката за доходот што е остварен на територијата на Републиката.
Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое непријавено врши дејност и остварува приходи кои подлежат на оданочување според одредбите на овој закон.

2. Даночна основа

Член 10

Основа на данокот на доход претставува доходот за оданочување, според член 3 на овој закон намален за:
1) придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и вработување, освен за придонесите од земјоделска дејност што ги плаќаат земјоделците на катастарскиот приход;
2) придонесите за доброволно пензиско и инвалидско осигурување платени од обврзникот;
3) лично ослободување во износ од 84.000 денари, при годишно пресметување на данокот на доход и
4) таксите и другите јавни давачки платени од приходите на обврзникот.
Намалувањата од став 1 на овој член не се признаваат при пресметување на данокот на доход остварен од нерезидентни лица на територијата на Републиката.

Член 11

Износот на личното ослободување од членот 10 точка 3) на овој закон, пред почетокот на секоја година се валоризира со планираниот пораст на платите на вработените во Републиката за годината, утврдени во Макроекономската политика на Владата на Република Македонија.
Износот на личното ослободување од став 1 на овој член го објавува министерот за финансии пред почетокот на секоја година.

3. Даночни стапки

Член 12

Данокот на доход се плаќа по стапка од 10%.

Член 13
Заради одбегнување на двојно оданочување на обврзникот му се намалува пресметаниот данок на доход за износот на платениот данок на доход во друга држава, најмногу до износот што би се добил со примена на даночната стапка од член 12 на овој закон.

ТРЕТ ДЕЛ
УТВРДУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИТЕ ВИДОВИ ПРИХОДИ
3. Приходи од самостојна дејност

Член 30-к

На обврзникот му се намалува даночната основа за извршените вложувања во материјални средства (недвижности, постројки и опрема) и во нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти), за проширување на својата дејност, во висина од 30% од извршените вложувања, со тоа што извршеното намалување не може да биде поголемо од 50% од утврдената даночна основа за истиот даночен период.
Како вложувања во материјални и нематеријални средства не се сметаат вложувањата во патнички автомобили, мебел, теписи, аудиовизуелни средства, бела техника, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и други украсни предмети за опремување на административните простории, освен вложувањата во патнички автомобили во дејностите: изнајмување на возила (рент-а-кар), авто такси превозот, возила за обука на возачи и специјални возила (погребални, брза помош, возила за помош на пат и слично), за кои обврзникот има право на намалување на даночната основа во висина на извршеното вложување, но не повеќе од висината на даночната основа за истиот даночен период.
За остварување на правото на даночно намалување од ставовите 1 и 2 на овој член, услов е обврзникот да не ги отуѓи или на друг начин ги пренесе средствата за период од три години, почнувајќи од годината во која е извршено вложувањето.

Ако обврзникот на крајот на секој пресметковен период, документирано не докаже дека износот на намалувањето на даночната основа го вложил за намените од ставовите 1 и 2 на овој член и не ги отстапил основните средства, даночниот обврзник го губи правото на ослободување по оваа основа. Данокот кој би го платил да не го користел ова ослободување се наплатува во износ зголемен со камата пропишана за даноците што не се платени во пропишаниот рок.
По исклучок од ставот 1 на овој член на обврзникот кој е должен согласно членот 2 од Законот за регистрирање на готовински плаќања, да воведе и да користи одобрен систем за регистрирање на готовинските плаќања, му се намалува пресметаниот данок за набавени до десет фискални апарати, во висина на нивната вредност.
Даночното ослободување од став 5 на овој член обврзникот може да го користи од првиот нареден месец од тековната година од воведувањето во употреба на одобрениот систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања до крајот на годината, сразмерно на износот на вложените средства.
Доколку обврзникот даночното ослободување од ставот 6 на овој член не го искористи до крајот на тековната година, има право да го пренесе во наредниот период.
Даночното ослободување од став 5 на овој член обврзникот го остварува со одобрение од органот за јавни приходи, по поднесено писмено барање.

7) Капитални добивки

Член 52

Капиталната добивка остварена со продажба на хартии од вредност, учество во капиталот и недвижен имот, се внесува во даночната основа во висина од 70% од разликата.
При утврдување на основата за пресметување на данокот од капитални добивки од продажба на недвижен имот, покрај добивката се земаат предвид и вредноста на инвестициите и издатоците за инвестиционо одржување.

ЧЕТВРТИ ДЕЛ
УТВРДУВАЊЕ, ПРЕСМЕТУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК ОД ДОХОД

3. Пресметување на аконтацијата на данокот од доход во текот на годината
а) Аконтација на данокот по одбивка

Член 75

Утврдување и наплата на аконтација на данокот на доход по одбивка се врши за следните видови приходи:
1) личните примања;
2) приходите од авторски права и права од индустриска сопственост;
3) приходите од капитал;
4) приходите од имот и имотни права, ако исплатувачот на приходите води деловни книги;
5) добивките од игри на среќа и други наградни игри;
6) другите приходи за кои данокот на доход не се утврдува со решение на органот за јавни приходи.

Член 76

Аконтација на данокот на доход за приходите од член 75 на овој закон пресметува исплатувачот за секој обврзник и за секој поединечно исплатен приход.
Аконтацијата на данокот на доход на приходите од членот 75 на овој закон се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена на стапката од членот 12 на овој закон.
Министерот за финансии донесува поблиски прописи за начинот на пресметување и плаќање на аконтациите на данокот.

Член 77

Исплатувачот од член 76 од овој закон е должен на обврзникот при секоја исплата да му издаде примерок од пресметката за аконтацијата на данокот и наплатените придонеси и збирен податок по истекот на годината најдоцна до 15 февруари наредната година, за вкупно платената аконтација.
Исплатувачот е должен на органот за јавни приходи да му доставува годишен извештај за бруто остварените приходи на обврзникот за пресметаниот и платениот данок и придонес по одбивка и вкупно исплатените нето приходи, најдоцна до 15 февруари наредната година.
Исплатувачот кој врши откуп на земјоделски производи од физички лица кои не се трговци поединци е должен на органот за јавни приходи да му доставува годишен извештај за исплатените приходи.
Обврзникот за пресметка и уплата на персонален данок од плата, надоместок на плата и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот е должен пресметката да ја врши месечно, поединечно за секој обврзник за плаќање за соодветниот месец и податоците за пресметана плата или дел од плата, надоместок на плата и исплата по основ на деловна успешност да ги доставува до органот за јавни приходи најдоцна до 10-ти во тековниот за претходниот месец по електронски пат на образец пропишан со Правилникот за начинот на пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување.
Министерот за финансии донесува поблиски прописи за формата, содржината и начинот на пополнување на годишниот извештај од став 2 на овој член и го пропишува образецот-пресметка од став 3 на овој член.
Формата и содржината на образецот годишен извештај од став 3 на овој член ја пропишува министерот за финансии.

***ЗАКОН ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ (Сл. бр. 44/1999; 59/1999; 86/1999; 11/2000; 8/2001; 21/2003; 19/2004; 33/2006; 45/2006; 101/2006; 114/2007; 103/2008; 114/2009; 133/2009; 95/2010; 102/2010; 24/2011; 135/2011) (У. бр. 154/1999; 164/1999; 233/1999; 37/2000; 189/2003)***

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој закон се воведува данокот на додадена вредност и се уредува неговото пресметување и плаќање.
(2) Данокот на додадена вредност, како општ потрошувачки данок, се пресметува и плаќа во сите фази на производството и трговијата, како и во целокупниот услужен сектор, освен ако не е поинаку пропишано со овој закон.

II. ПРЕДМЕТ НА ОДАНОЧУВАЊЕ

Член 2

Предмет на оданочување со данокот на додадена вредност е:
1. Прометот на добра и услуги (во натамошниот текст: промет) кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и
2. Увозот на добра.

III. ДАНОЧНА ОСНОВА
1. Даночна основа за промет во земјата

Член 16

(1) Даночна основа на данокот на додадена вредност е вкупниот износ на надоместокот што е добиен, или што треба да се добие за прометот, во кој не е вклучен данокот на додадена вредност.

(2) Под надоместок во смисла на став 1 од овој член се подразбираат пари, добра, услуги и други бенефиции според пазарната цена која ја плаќа или треба да ја плати примателот на доброто или корисникот на услугата или некое друго лице.

Член 17

Даночната основа ги опфаќа:
1. Даноците, вклучувајќи ги акцизите, таксите, придонесите и други давачки пропишани со посебни закони, освен данокот на додадена вредност;
2. Зависните трошоци за пакување, натовар, истовар, превоз и осигурување, како и провизиите и другите трошоци кои даночниот обврзник му ги пресметал на примателот на доброто или на корисникот на услугата и
3. Субвенциите кои се директно поврзани со цената на прометот на доброто или услугата.

Член 18

Даночната основа не ги опфаќа:
1. Намалувањето на цената во форма на дисконт за авансни плаќања;
2. Ценовниот дисконт, рабатот и другите видови на намалување на цената одобрени на примателот на доброто или на корисникот на услугата во време на извршувањето на прометот, ако тие се посебно искажани во фактурата и евидентирани во книговодството и
3. Износот што го добива даночниот обврзник од примателот на доброто или од корисникот на услугата како плаќање за трошоците што ги направил во нивно име и за нивна сметка, ако тој износ е евидентиран во книговодството.

2. Даночна основа за увозот на добра

Член 21

(1) Даночна основа за увозот на добра е вредноста на увезеното добро утврдена според царинските прописи. Ако увезеното добро не подлежи на прописите за царинење или на плаќање царина, даночната основа ќе се утврди според надоместокот што е платен или што би требало да се плати или ако е тоа непознато, односно ако надоместокот е нереално искажан, според вредноста што ќе ја одреди надлежниот царински орган.
(2) Во даночната основа од став 1 на овој член се вклучуваат:
1. Царината, даноците, вклучувајќи ги акцизите, таксите, другите увозни давачки, освен данокот на додадена вредност;
2. Зависните трошоци, вклучувајќи ги трошоците за провизии, пакување, превоз и осигурување кои настануваат до првото место на крајната дестинација на доброто во земјата, како што е искажано во документите за превоз, или ако такви податоци нема, до местото на првиот истовар на доброто.
(3) Кога доброто било привремено извезено во странство за да биде поправено, ремонтирано или облагородено на друг начин, а потоа е пак увезено во земјата од страна на извозникот, или од друго лице за него, даночна основа претставува надоместокот кој е платен за извршените работи, или ако не е платен надоместок, или ако е тој непознат, тогаш вредноста што ќе се утврди според царинските прописи, вклучувајќи ги износите од став 2 точки 1 и 2 на овој член. Ова важи и во случај ако наместо облагороденото добро се увезе друго добро, кое по количина и квалитет одговара на извезеното добро.

IV. ДАНОЧНИ ОСЛОБОДУВАЊА
1. Даночни ослободувања во земјата без право на одбиток на претходниот данок
Член 23, став 1, точки 5 и 6

Се ослободуваат од данок на додадена вредност:
5. Банкарски и финансиски промет и тоа:

а) прометот, вклучувајќи го посредувањето, во врска со девизи, банкноти и монети кои служат како законско платежно средство, со исклучок на банкноти и монети кои не се користат како законско платежно средство, или кои имаат нумизматичка вредност,
б) прометот, вклучувајќи го посредувањето, во врска со акции, удели во претпријатија или здруженија, обврзници и други хартии од вредност, освен чувањето и управувањето со хартии од вредност,
в) управувањето со фондови за социјално осигурување и со специјални инвестициони фондови,
г) одобрувањето и посредувањето на кредити, како и управувањето со нив од страна на кредитодавачот,
д) прометот, вклучувајќи го посредувањето во врска со работењето со тековни сметки, депозити, штедни влогови, плаќања, вирмани, меници, чекови, жиро сметки, кредитни карти, дознаки, со исклучок на наплатата на туѓи побарувања и
ѓ) превземањето кредитни гаранции или други обезбедувања, посредувањето со нив, како и управувањето со кредитни гаранции од страна на кредитодавачот;
6. Услуги на осигурување и реосигурување, вклучувајќи ги со нив поврзаните услуги на осигурителни брокери и агенти;

V. ДАНОЧНИ СТАПКИ

Член 28

Данокот на додадена вредност се пресметува со примена на пропорционални даночни стапки врз даночната основа за оданочивиот промет на стоки и услуги и увоз и тоа:
1. според општата даночна стапка од 18%,
2. според повластената даночна стапка од 5%.

1. Општа даночна стапка

Член 29

Општата даночна стапка од 18% се применува врз целокупниот промет и увоз, освен врз прометот и увозот кој се оданочува со повластената даночна стапка.

## *ЗАКОН ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ (Сл. бр. 61/2004; 92/2007; 102/2008; 35/2011; 53/2011)*

ПРВ ДЕЛ

Општа одредба

Член 1
Со овој закон се уредува начинот на оданочувањето на следните видови даноци на имот:
Данок на имот;
Данок на наследство и подарок; и
Данок на промет на недвижности.

Даночна основа
Член 5

(1) Основа на данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот
имот.
(2) За утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, советот на општината, советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје формираат комисија.
(3) Пазарната вредност од став (1) на овој член се утврдува според Методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

(4) Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот од став (3) на овој член ја пропишува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии.
(5) Контрола и ревизија на утврдувањето на пазарната вредност од комисијата од став 2 на овој член, врши Министерството за финансии.

Даночни стапки
Член 6

(1) Стапките на данокот на имот од член 3 на овој закон се пропорционални и изнесуваат од 0,10% до 0,20%.
(2) Стапките на данокот на имот можат да се утврдуваат според видот на имотот.
(3) Стапките на данокот на имот за земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство можат да се зголемат од три до пет пати во однос на стапките пропишани во став (1) на овој член.
(4) Висината на стапките од ставовите (1) и (3) на овој член со одлука ја утврдува советот на општината.
(5) Висината на стапките од ставовите (1) и (3) на овој член со одлука ја утврдува советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје согласно Законот за градот Скопје.

2. ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК

Даночен обврзник
Член 11

(1) Обврзник на данокот на наследство и подарок е физичко и правно лице- резидент на Република Македонија кое наследува имот од членот 10 9 на овој закон, како и физичко и правно лице кое прима имот на подарок, во земјата и во странство.
(2) Обврзник на данокот на наследство и подарок е и странско физичко и правно лице-нерезидент за недвижниот и подвижниот имот што го наследува, односно прима на подарок на територијата на Република Македонија.

Даночни стапки
Член 16

(1) Стапките на данокот на наследство и подарок се пропорционални и различни во зависност од наследниот ред.
(2) Данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 2% до 3%, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот данокот се пресметува по стапка од 4% до 5%.
(3) Висината на стапките од ставот (2) на овој член со одлука ја утврдува советот на општината.
(4) Висината на стапките од ставот (2) на овој член со одлука ја утврдува советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје согласно Законот за Градот Скопје.

3. ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Даночни стапки
Член 22

(1) Стапките на данокот на промет на недвижности се пропорционални и изнесуваат од 2% до 4%.
(2) Висината на стапките од ставот (1) на овој член со одлука ја утврдува советот на општината.
(3) Висината на стапките од ставот (1) на овој член со одлука ја утврдува советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје согласно Законот за градот Скопје.

## *ЗАКОН ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ (Сл. бр. 61/2004; 64/2005; 92/2007)*

Член 3 Предмет на оданочување

Комуналните такси се плаќаат за:
- секоја фирма, односно назив на деловна просторија;
- користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;
- истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;
- поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради;
- користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност;
- користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината;

## *ЗАКОН ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ (Сл. бр. 17/1993; 20/1996; 7/1998; 13/2001; 24/2003; 19/2004; 61/2004; 95/2005; 7/2006; 70/2006; 92/2007; 88/2008; 130/2008; 6/2010; 145/2010; 17/2011)*

Член 1

За списите и дејствата во управните работи кај органите на државната управа, органите на општината, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје се плаќаат административни такси според одредбите на овој закон, доколку со друг пропис поинаку не е уредено.

Член 2

Како органи во смисла на член 1 од овој закон се сметаат:
- органите и организациите во Република Македонија; и
- дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

Како органи во смисла на член 1 на овој закон се сметаат и трговските друштва, здруженијата на граѓаните и другите правни лица кога во вршењето на јавни овластувања што им се доверени со закон, решаваат во управните работи по барање на странките.

Член 3

Таксите се плаќаат по таксената тарифа, која е составен дел на овој закон.

Член 6

Ако со таксената тарифа не е поинаку пропишано, таксената обврска настанува за:
- поднесоците - во моментот кога се предаваат, а за поднесоците дадени на записник - кога записникот се составува;
- решенијата, дозволите и други исправи - во моментот на поднесувањето на барањето за нивното издавање;
- управните дејства - во моментот на поднесувањето на барањето за извршување на тоа дејство; и
- решенија, дозволи и други исправи во моментот на издавање на истите, и за поднесоците за нивно издавање кога се поднесуваат во електронски облик.

Член 8

Ако со таксената тарифа е пропишано таксата да се плаќа според вредноста на предметот, како основица за одмерување на таксата се зема вредност означена во поднесокот или во исправата.

Органот што ја води постапката, доколку оцени дека вредноста означена во поднесокот, односно во исправата не одговара на вистинската вредност на предметот, може по службена должност со решение да ја утврди основицата за одмерување на таксата.
Против решението од став 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението, но жалбата не ја одлага наплатата на таксата.

Член 9

Кога со таксената тарифа е пропишана такса за вршење самостојна стопанска и професионална дејност, таксата се плаќа на актот со кој се стекнува право за вршење на основната дејност (акт за основање, односно одобрение за конституирање, одобрение за работа, дозвола и слично).

Член 10

Кога исправата која е подложена на такса по барање на странката се издава во два или повеќе примероци, за вториот и за секој натамошен примерок, се плаќа такса како за препис и за заверка на препис.
Таксата од став 1 на овој член не може да биде поголема од таксата за првиот примерок.
За примероците на исправа, кој по барање на странката се составуваат за потребите на самите органи, не се плаќа такса.

Член 15

Од плаќање такса се ослободени:
- државните органи;
- општината и Градот Скопје;
- претпријатијата и другите организации и заедници во вршењето на овластувањата од член 2 на овој закон;
- јавните служби од областа на науката, образованието и воспитувањето, културата, здравството и социјалната заштита;
- Институцијата за платен промет во Република Македонија за списите и дејствата во постапка кај државните органи во работите кои се однесуваат за вршење на работите од својата надлежност;
- Црвениот крст на Македонија;
- доброторните противпожарни друштва, нивните противпожарни единици и сојузи во работите од нивните основни функции;
- куќните совети во работите на управувањето со зградата, а месните заедници во работите на својот делокруг што ги вршат непосредно;
- организациите основани заради борба против алкохолот, ракот, дистрофијата и сидата - за списите и дејствата при вршењето на таа дејност;
- организациите основани за заштита на лицата со физички или психички недостатоци и нарушувања - за списите и дејствата во врска со вршењето на тие дејности;
- Сојузот на глувите и Сојузот на слепите и нивните организации- во работењето во врска со рехабилитацијата на глуви и слепи;
- претпријатија за вработување на инвалиди, освен работите при вршењето на стопанска дејност;
- странските дипломатски и конзуларните претставништва во вршењето на дипломатските и конзуларните работи - под услов на реципроцитет;
- воените инвалиди од војните, мирновремените воени инвалиди и инвалидите на трудот, децата кои се уживатели на семејна инвалиднина и децата уживатели на лична инвалиднина до навршени 25 години од животот - за списите и дејствата во врска со школувањето во сите школи;
- инвалидите кои се ослободени од плаќање на годишни надоместоци за употреба на моторни возила - во постапката за стручен преглед на тие возила заради регистрација;
- граѓаните за пријава на конкурс и оглас за засновање на работен однос и други поднесоци, за актот за засновање работен однос - како и за списите и дејствата во врска со остварувањето и заштитата на правата од работен однос;

- работниците кои привремено се наоѓаат надвор од работен однос, во постапката за добивање на материјално обезбедување и за други права кои по тој основ им припаѓаат;
- учениците во училиштата за задолжително школување за сите списи и дејства во врска со задолжителното школување;
- лицата кои го подаруваат својот имот на Републиката или се откажуваат од правото на сопственост на земјиште во полза на Републиката или бесплатно и ги отстапуваат на Републиката, другите стварни права на недвижности - во постапката за добивање на исправи потребни за пренос на сопственост или други стварни права, како и за самата постапка за пренос;
- граѓаните со слаба имотна состојба, корисници на основни и други права според Законот за социјална заштита;
- иселеници од Република Македонија и лица со потекло од Република Македонија во постапка за стекнување на државјанство; и
- синдикалните организации за барања доставени до Министерството за надворешни работи за кои е потребен ангажман на дипломатските, односно конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, со цел за заштита на права или застапување на државјаните или правните лица на Република Македонија по повод мерките кои се во спротивност со меѓународните договори, начелата на меѓународното право или меѓународните обичаи.

## *ДОГОВОРИ ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ*

Генерално, во овие видови договори се регулира одбегнувањето на двојното оданочување на резидентите од едната односно другата држава договорничка по однос на даноците на доход (персоналниот данок на доход и данокот на добивка) и даноците на капитал (имот). На овој начин резидентите на едната држава договорничка добиваат ист даночен третман во другата држава. Соодветно на тоа, се регулираат и правата на државите договорнички во кои случаи која од нив ќе изврши оданочување а која не, како и на која држава и припаѓа правото да изврши наплата на одредена даночна обврска. Исто така, со договорите се третираат и дивидендите, каматите, приходите од авторски права и др.

Република Македонија има склучено договори за одбегнување на двојното оданочување со следниве држави:[1]

| Бр. | Држава | Датум на влегување во сила на договорот | Датум на примена на договорот | Сл. Весник (бр./година) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Австрија | 20. јан. 2008 | 1. јан. 2008 | 152/2007 |
| 2. | Албанија | 2. сеп. 1998 | 1. јан. 1999 | 16/1998 |
| 3. | Белгија[2] | / | / | 157/2010 |
| 4. | Белорусија | 26. јан. 2006 | 1. јан. 2007 | 96/2005 |
| 5. | Бугарија | 24. сеп. 1999 | 1. јан. 2000 | 23/1999 |
| 6. | В. Британија | 8. авг. 2007 | 1. јан. 2008 | 47/2007 |
| 7. | Германија | 29. ное. 2010 | 1. јан. 2011 | 86/2007 |
| 8. | Данска | 14. дек. 2000 | 1. јан. 2001 | 48/2000 |
| 9. | Египет | / | / | 7/2000 |
| 10. | Естонија | 21. мај. 2009 | 1. јан. 2010 | 55/2009 |
| 11. | Иран | / | / | 7/2002 |
| 12. | Ирска | 23. јун. 2009 | 1. јан. 2010 | 157/2008 |
| 13. | Италија | 8. јун. 2000 | 1. јан. 2001 | 34/1997 |

[1] Извор: http://www.finance.gov.mk/node/385, Министерството за финансии на РМ.

[2] До отпочнувањето со примена на овој договор ќе се применува договорот кој поранешна СФРЈ го има склучено со Кралството Белгија.

| Бр. | Држава | Датум на влегување во сила на договорот | Датум на примена на договорот | Сл. Весник (бр./година) |
|---|---|---|---|---|
| 14. | Катар | 26. сеп. 2008 | 1. јан. 2009 | 103/2008 |
| 15. | Кина | 29. ное. 1997 | 1. јан. 1998 | 49/1997 |
| 16. | Косово | 13.апр.2012 | 1.јан.2013 | 10/2012 |
| 17. | Латвија | 25. апр. 2007 | 1. јан. 2008 | 47/2007 |
| 18. | Литванија | 27. авг. 2008 | 1. јан. 2009 | 103/2008 |
| 19. | Мароко | / | / | 123/2010 |
| 20. | Молдова | 28. дек. 2006 | 1. јан. 2007 | 130/2006 |
| 21. | Норвешка | 1. ное. 2011 | 1. јан. 2012 | 117/2011 |
| 22. | Полска | 17. дек. 1999 | 1. јан. 2000 | 17/1997 |
| 23. | Романија | 16. авг. 2002 | 1. јан. 2003 | 7/2002 |
| 24. | Русија | 5. јул. 2000 | 1. јан. 2001 | 7/1998 |
| 25. | Словачка | 27. апр. 2010 | 1. јан. 2011 | 19/2010 |
| 26. | Словенија | 20. сеп. 1999 | 1. јан. 2000 | 31/1998 |
| 27. | СР Југославија[3] | 22. јул. 1997 | 1. јан. 1998 | 8/1997 |
| 28. | Тајван | 9. јун. 1999 | 1. јан. 2000 | 44/1999 |
| 29. | Турција | 28. ное. 1996 | 1. јан. 1997 | 45/1995 |
| 30. | Украина | 23. ное. 1998 | 1. јан. 1999 | 21/1998 |
| 31. | Унгарија | 14. мар. 2002 | 1. јан. 2003 | 12/2002 |
| 32. | Финска | 22. мар. 2002 | 1. јан. 2003 | 7/2002 |
| 33. | Франција | 1. мај. 2004 | 1. јан. 2005 | 23/1999 |
| 34. | Холандија | 21. апр. 1999 | 1. јан. 2000 | 13/1999 |
| 35. | Хрватска | 11. јан. 1996 | 1. јан. 1997 | 17/1995 |
| 36. | Чешка | 17. јун. 2002 | 1. јан. 2003 | 7/2002 |
| 37. | Швајцарија | 27. дек. 2000 | 1. јан. 2001 | 55/2000 |
| 38. | Шведска | 15. мај. 1998 | 1. јан. 1999 | 21/1998 |
| 39. | Шпанија | 1. дек. 2005 | 1. јан. 2006 | 96/2005 |

[3] Овој договор се применува во однос на Р. Србија и Р. Црна Гора.



# ДЕЛ ПЕТТИ – ДОГОВОРНИ ОБВРСКИ/УСЛОВИ ЗА ТРГУВАЊЕ

Петтиот дел на Правниот водич за инвеститори е фокусиран на регулативата која се однесува на договорните обврски и условите за тргување. Како резултат на тоа, во ова поглавје се сместени законските одредби од областа на трговијата, увозот и извозот, договорните односи, царината и конкуренцијата на пазарот, електронската трговија односно најзначајните области кои влијаат врз водењето бизнис, трговијата и облигационите односи.

Значителен напредок е постигнат во олеснувањето на увозот и извозот. Примената на информациска технологија и континуираната обука во Царинската Управа (www.customs.gov.mk) значително ги поедноставии и ги забрза процедурите за транзит на стоки. Со воведувањето на едношалтерски систем значително се скратени постапките и документите кои се потребни при увоз и извоз на стоки, а фирмите можат електронски да аплицираат за добивање на потребните лиценци и квоти со што дополнително се намалува документацијата и времето за процесирање на барањата.

***ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА (Сл. бр. 15/2004; 129/2006; 63/2007; 88/2008; 159/2008; 20/2009; 99/2009; 105/2009; 115/2010; 158/2010; 36/2011; 53/2011)***

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот за вршење на трговија на внатрешниот и надворешниот пазар, мерките на ограничување на вршење на трговијата и заштитните мерки.

Член 2

Трговија, во смисла на овој закон, е купување и продавање на стоки, како и вршење на трговски услуги.

Трговија може да вршат правни и физички лица кои се регистрирани за вршење на таа дејност во соодветен регистар согласно со закон (во натамошниот текст: трговец).

Член 3

По исклучок од одредбите на членот 2 став 2 од овој закон, одредбите на овој закон соодветно се применуваат и на:
- правни и физички лица регистрирани за вршење на производство кои своите производи ги продаваат на пазарот;
- органи на државна власт, општините и Градот Скопје и правни физички лица кои вршат јавни овластувања кои за остварување на своите надлежности вршат набавка и отуѓување на одделни стоки согласно со закон и
- физичките и правните лица регистрирани, односно евидентирани за вршење на земјоделска дејност ако своите производи ги продаваат на пазарот.

Член 4

Трговецот ја врши трговијата слободно и под еднакви услови на пазарот, на начин со кој не ја попречува конкуренцијата, не предизвикува штета на потрошувачите и на животната средина и здравјето на луѓето и е во согласност со закон, меѓународните спогодби и договори што ги ратификувала Република Македонија и добрите деловни обичаи.

Член 5

Со акти и дејствија на органите на државната власт и органите на општините и на Градот Скопје и на правните и физичките лица кои вршат јавни овластувања, не може да се ограничи правото на трговецот за слободен настап на пазарот, да се попречува конкуренцијата или да се доведуваат одделни трговци во нерамноправна положба, освен во случаи определени со закон.

Член 6

Трговија се врши како трговија на големо, трговија на мало, електронска трговија, вршење трговија од врата до врата и како давање услуги во трговијата.

Трговија на големо и мало се врши во уредени деловни простории (во натамошниот текст: продавници), магацини, складови и деловни простори.

Трговија на големо

Член 9

Трговија на големо, во смисла на овој закон, е купување на стоки заради натамошна продажба на трговците, преработувачите и големите потрошувачи во земјата и странство, без оглед на тоа дали стоката е продадена во неизменета или во изменета состојба по обработка, преработка или доработка.

Работно време

Член 25

Работното време на продавниците, магацините, складовите, деловните простори и бензинските станици го утврдува трговецот зависно од бројот на вработените.

По исклучок од ставот 1 на овој член работното време е 24 часа на бензинските станици на кои точењето на гориво се врши без лица за опслужување, односно со ставање на пари, магнетни или чип картички и функционираат на принцип на самопослужување.

Должината и распоредот на работното време што трговецот самостојно го утврдил треба да се усогласат со правата, обврските и одговорностите на вработените од работен однос утврдени со закон со кој се уредуваат работните односи, особено во поглед на распоредување на работното време и прекувремената работа, ноќната работа, одморите, годишниот одмор и другите отсуства од работа и во согласност со ограничувањата утврдени со прописите од областа на заштита од бучава.

Продавниците што се наоѓаат во колективни станбени згради и деловно-станбени згради не можат да почнат со работа пред 06,00 часот и мора да завршат со работа до 24,00 часот.

Како големи потрошувачи се сметаат трговски друштва, други правни и физички лица кои набавените стоки ги користат за вршење на нивната дејност.

IV. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ ТРГОВИЈА СО СТРАНСТВО

Член 31

Трговија со странство се врши во согласност со закон, прописите донесени врз основа на закон и меѓународните спогодби и договори што ги ратификувала Република Македонија.

Услови кои мораат да ги исполнуваат стоките при увоз

Член 32

Трговецот е должен при увозот на стоки на надлежните инспекциски органи, пред постапката за царинење да им достави доказ дека се исполнети пропишаните услови за квалитетот на стоките, физичко-хемиските и органолептичките својства, бактериолошките својства, количеството, пакувањето, како и условите за превоз на стоката во однос на превозното средство и начинот на транспортирањето согласно со закон.

Член 33

Стоките за кои со закон се определени посебни услови за вршење трговија во земјата можат да се увезат само доколку увозникот пред надлежните испостави на царинската управа приложи доказ за исполнување на посебните услови, издаден од надлежен орган утврден со закон.

Дозвола за извоз и увоз на стоките

Член 34

Извозот и увозот на одделни стоки може да се врши врз основа на дозвола, и тоа за:
- заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата,
- заштита на јавниот морал;
- заштита на животната средина и просторното планирање;
- извозот и увозот на историски и уметнички дела;
- извозот и увозот на одделни благородни метали, банкноти и друго и
- средствата за вооружување и воена опрема наменети за потребите на обезбедувањето на јавната безбедност и одбраната и други стоки.

Стоките кои се извезуваат и увезуваат врз основа на дозвола издадена од надлежен орган ќе ги определи Владата на предлог на Министерството за економија.

Дозволата за извоз и увоз на средствата за вооружување и воена опрема ја издава Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи.

Антидампинг мерки

Член 45-а

Ако некоја стока се увезува во Република Македонија по пониска цена од нејзината нормална вредност (дампинг) и ако во истражна постапка, која ја спроведува Комисијата, се утврди дека таквиот увоз предизвикува или се заканува да предизвика материјална штета на домашното производство, или би можел да го забави развојот на домашното производство Владата може, на предлог на Комисијата, да пропише антидампинг давачка за увозот на таа стока.

Се смета дека стоката е увезена во Република Македонија по пониска цена од нејзината нормална вредност (дампинг), ако цената на таа стока е пониска од споредбената цена на иста стока по која таа под вообичаени услови се продава во земјата извозник за потрошувачка во таа земја.

Ако нема податоци за споредбената цена, или поради посебна состојба на пазарот, или кога поради малиот обем на трговија со определена стока во земјата извозник, расположливите податоци не овозможуваат соодветна споредба, антидампинг давачката ќе се утврди со споредба на цената на стоката која се увезува со:
- цената на истоветна стока која се извезува на соодветен пазар на трета земја, под услов таа цена да е соодветна или
- трошоците на производство во земјата на потеклото зголемени за вообичаен износ на административните трошоци, трошоците за продажба, општите трошоци и добивката.

## *ЗАКОН ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ТРГОВИЈА (Сл. бр. 133/2007; 17/2011)*

Член 1

Предмет на уредување

Со овој закон се уредуваат услугите на информатичко општество поврзани со електронската трговија, одговорностите на давателите на услуги на информатичко општество, комерцијалната комуникација и правилата во врска со склучувањето на договорите во електронски облик.

Член 2

Примена на Законот

Одредбите од овој закон не се применуваат на:
- оданочувањето,
- заштита на личните податоци,
- нотарската дејност или слични професии што вклучуваат директна и посебна врска меѓу корисникот и соодветен надлежен орган на државната управа,
- застапувањето корисник и бранење на неговите интереси во судот и
- игрите на среќа со парични вложувања, вклучувајќи ги и лотариите и трансакциите за обложувања во согласност со одредбите од прописите кои ја уредуваат оваа област.

Член 4

Давање услуги на информатичко општество

(1) Давател на услуги на информатичко општество во Република Македонија е должен да постапува и да дава услуги во согласност со законите и другите прописи на Република Македонија.

(2) Услугите за информатичко општество од давател на услуги основан во земја членка на Европската унија нема да се ограничуваат од причини кои спаѓаат во координираната област, доколку со овој закон поинаку не е утврдено.

Член 5

Исклучоци од примена

Одредбите на членот 4 став (2) од овој закон не се применуваат во следниве подрачја:
- авторски и сродни права и правата од индустриска сопственост,
- емисија на електронски пари,
- активности на осигурителните друштва,
- слобода на страните да го изберат правото на државата кое ќе се применува за нивниот договор,
- договорни обврски во врска со потрошувачки договори,
- валидност на договорите со кои се создаваат или пренесуваат права на недвижен имот и
- дозволивост на небарана комерцијална комуникација преку електронска пошта.

III. ДОГОВОРИ СКЛУЧЕНИ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

Член 10

Форма и важност на договорите во електронски облик

(1) Договорите можат да се склучат по електронски пат, односно во електронски облик.

(2) Понудата и прифаќањето на понудата можат да се даваат по електронски пат, односно во електронски облик.

(3) На договорот склучен во електронски облик нема да му се оспори полноважноста поради тоа што е направен со електронска порака, односно во електронски облик.

(4) Кога за полноважноста и склучувањето на договорот е потребен потпис на лицето, ќе се смета дека тој услов е исполнет со електронска порака потпишана со електронски потпис во согласност со прописите за

електронски потпис.

(5) Одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член не се применуваат на договорите:
- регулирани со прописите за семејството и за наследувањето,
- кои создаваат или пренесуваат права на недвижен имот, со исклучок на правата на закуп,
- за кои според закон има потреба од вклучување на судови, нотари или слични професии и
- за дадена гаранција и за дополнително обезбедување, од страна на лица кои дејствуваат за цели надвор од нивниот трговски, работен или професионален ангажман.

Член 12

Информации што треба да се обезбедат за склучување на договор

(1) Давателот на услугата на информатичкото општество е должен на примателот на услугата пред склучување на договор, на јасен, разбирлив и недвосмислен начин да му ги обезбеди следниве информации:
- различните технички постапки што треба да се следат за да се склучи договорот,
- содржината на договорот,
- општите услови на работење ако се составен дел на договорот,
- дали склучениот договор давателот на услугите ќе го архивира и дали истиот ќе биде достапен,
- техничките средства за препознавање и поправање на погрешно внесени податоци пред да се направи нарачката и
- понудените јазици за склучување на договор.

(2) Давателот на услугата треба да ги наведе сите релевантни кодекси на добра пракса на кои е потписник и информациите за тоа како тие кодекси можат да се користат по електронски пат.

(3) Одредбите содржани во договорите во електронски облик што ги склучуваат давателите на услуги на информатичкото општество мораат да бидат ставени од страна на давателите на располагање на корисниците на услуги на начин кој овозможува складирање и репродуцирање на истите.

(4) Договорните страни кои не се потрошувачи во меѓусебно договорените односи можат да договорат отстапување од одредбите од ставот (1) на овој член.

(5) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се однесуваат на договорите склучени преку електронска пошта или на неа соодветна форма на лична комуникација.

## *ЗАКОН ЗА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ (Сл. бр. 113/2007; 22/2008; 159/2008; 133/2009; 145/2010; 35/2011)*

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува платниот промет во земјата (во натамошниот текст: платниот промет), односите меѓу носителите на платниот промет и учесниците во платниот промет, односите меѓу носителите на платниот промет и Народната банка на Република Македонија во делот за платниот промет, платните системи, порамнувањето на плаќањата, издавањето на електронски пари и надзорот на платните системи.

НОСИТЕЛИ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

Член 3

Носители на платниот промет се Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка), банките кои добиле согласност за вршење на платен промет согласно со закон и филијали на странски банки и Трезорот при Министерството за финансии (во натамошниот текст: Трезорот), како посебен носител на платен промет за буџетските корисници и единките корисници и Трезорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, како посебен носител на платниот промет на здравствените установи (во натамошниот текст: Трезорот на Фондот).

ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

Член 10

(1) Платниот промет се извршува единствено преку трансакциски сметки кои се пријавени во единствениот регистар на трансакциски сметки.
(2) Не е дозволено плаќање меѓу учесниците во платниот промет кое не се извршува преку трансакциски сметки.

IV. ЕЛЕКТРОНСКИ ПАРИ

Член 28

(1) Издавач на електронски пари може да биде само:
1) банка со седиште во Република Македонија која од гувернерот на Народната банка добила претходна согласност за издавање на електронски пари;
2) филијала на банка од земја членка на Европската унија, во согласност со Законот за банките;
3) филијала на странска банка која, согласно со Законот за банките, од гувернерот на Народната банка добила дозвола за отворање и работа и
4) друштво за издавање електронски пари, кое од гувернерот на Народната банка добило дозвола за основање и работа во согласност со овој закон.
(2) Примањето на парични средства заради издавање на електронски пари не значи примање на депозит или други повратни извори на средства во смисла на одредбите од Законот за банките, доколку електронските пари се издадат веднаш при приемот на паричните средства.

ПЛАТНИ СИСТЕМИ

Член 39

Платен систем претставува систем за пренос на средства кој е заснован на формални и стандардизирани договори и заеднички правила за обработка, пребивање и/или порамнување на плаќања меѓу учесниците во платниот систем.

## *ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА (Сл. бр. 145/2010; 136/2011)*

ПРВ ДЕЛ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на Законот
Член 1

Со овој закон се уредуваат забранетите облици на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, мерките и постапките во врска со ограничувањата на конкуренцијата.

Цел на Законот
Член 2

Цел на овој закон е обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите.

Примена на Законот
Член 3

(1) Овој закон се применува на облиците на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата (во натамошниот текст: нарушување на конкуренцијата) што произведуваат дејство на територијата на Република Македонија, дури и кога тие произлегуваат од акти и дејствија сторени или преземени надвор од територијата на Република Македонија.
(2) Овој закон се применува на:
- претпријатија, здруженија на претпријатија, поврзани претпријатија, државна управа и
- јавни претпријатија, претпријатија на кои им е доверено извршување на услуги од општ економски интерес, кои по својата природа претставуваат монополи кои прибираат приходи или имаат посебни и ексклузивни права или концесии, освен во случаите кога примената на одредбите од овој закон би го спречило извршувањето на надлежностите утврдени со закон или за коишто тие субјекти се основани.
(3) Во оцена на облиците на нарушување на конкуренцијата кои можат да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европските заедници, согласно со членот 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, на соодветен начин се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за конкуренција во
Европската унија.

Правни односи на кои Законот не се применува
Член 4

Овој закон не се применува на односите кои се уредени со колективните договори склучени меѓу работодавачите и синдикатите, ако тие не се дискриминаторни кон другите субјекти.

Надлежен орган
Член 6

Надзор над спроведувањето на Законот за заштита на конкуренцијата врши Комисијата за заштита на конкуренцијата.

***ЗАКОН ЗА КОНТРОЛА НА ДРЖАВНАТА ПОМОШ (Сл. бр.145/2010)***

Цел на Законот

Член 2

Цел на овој закон е воспоставување на правна основа и правила за известување, одобрување, доделување и надзор на државната помош, со цел за имплементација на принципите на пазарната економија, обезбедување на слободна конкуренција и исполнување на обврските преземени со меѓународни договори ратификувани од Република Македонија кои содржат одредби за државна помош.

Примена на Законот

Член 3

(1) Овој закон се применува на секој облик на државна помош доделена од давателите на државна помош, независно дали е доделена според шема за помош или како индивидуална помош, која може да влијае врз трговијата во Република Македонија, врз трговијата меѓу Република Македонија и Европската унија, како и врз трговијата меѓу Република Македонија и други земји кои заедно со Република Македонија се договорни страни во меѓународни договори ратификувани од Република Македонија, а кои содржат одредби за државна помош.

(2) Овој закон не се применува на државната помош која се доделува во областа на земјоделството и рибарството.

(3) Во оцена на облиците на државна помош кои можат да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европските заедници, согласно со членот 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, на соодветен начин се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за државна помош во Европската унија.

Поим на државна помош

Член 5

(1) Државна помош се сите потенцијални или реализирани расходи или сите потенцијално или реално намалени приходи на државата, доделени од давателите на државната помош кои ја нарушуваат или можат да ја нарушат конкуренцијата преку овозможување на економска предност на определено претпријатие која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги.

(2) Државната помош од ставот (1) на овој член може да биде доделена во различни облици, а особено преку:
- субвенции,
- отпишување или преземање на долгови,
- изземање, намалување или одлагање на плаќањето на јавните давачки,
- доделување на кредити под поволни услови,
-давање гаранции од давателите на државна помош под поволни услови,
- инвестиции од давателите на државна помош со стапка на поврат пониска од стапката на поврат на инвестиции која може да се очекува при инвестирање под нормални пазарни услови и
- намалување на цените на стоките и/или услугите од страна на давателите на државна помош под пазарните цени, особено во случај на продажба на акции, згради или земјиште во сопственост на давателите на државна помош.

Субјекти на државна помош

Член 6

(1) Давател на државна помош, во смисла на овој закон, се Владата на Република Македонија, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, како и секој друг орган или правно лице кои доделуваат или планираат да доделат државна помош.

(2) Корисник на државна помош, во смисла на овој закон, е претпријатие кое учествува во промет на стоки и/или услуги, а користи некој од облиците на државна помош.

***ЗАКОН ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА (Сл. бр. 4/2002; 36/2007, 67/2010; 35/2011)***

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува начинот и условите за купување на хартии од вредност од акционерско друштво - издавач на хартии од вредност, од страна на правно или физичко лице кое се стекнало или има намера да стекне учество кое обезбедува над 25% од правата на глас кои произлегуваат од хартиите од вредност на тоа акционерско друштво (во натамошниот текст: преземање).

Член 2

(1) Одредбите од овој закон се применуваат за хартии од вредност издадени од акционерските друштва со посебни обврски за известување согласно Законот за хартии од вредност (во натамошниот текст:акционерски друштва).

(2) Одредбите од овој закон се применуваат за хартии од вредност кои се продаваат, односно запишуваат и уплатуваат на примарниот пазар и за хартиите од вредност со кои се тргува на организиран пазар на долгорочни хартии од вредност во согласност со закон.

(3) При откупот на акциите во сопственост на Република Македонија и при откупот на акциите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, кога истите се продаваат во пакет заедно со акциите во сопственост на Република Македонија, не се применуваат одредбите од овој закон.

II. ЈАВНА ПОНУДА ЗА ОТКУП

Член 4

(1) Лицето кое се стекнало со хартии од вредност издадени од определено акционерско друштво, со што овие хартии од вредност, заедно со другите хартии од вредност што веќе ги поседува, му обезбедуваат право на глас во акционерското друштво од најмалку 25%, задолжително дава јавна понуда за откуп на хартиите од вредност, под услови и на начин утврдени со овој закон.
(2) Како хартии од вредност што ги поседува лицето се сметаат:
-акции со право на глас;
-акции со право на глас со кои се стекнало трето лице во свое име и за сметка на лицето од став 1 од овој член;

-акции со право на глас во сопственост на лица и друштва поврзани со лицето од ставот 1 на овој член кои дејствуваат заеднички;
-хартии од вредност со право на конверзија во акции со право на глас на лицето од став 1 и лицата од став 2, алинеи 2 и 3 на овој член;
-опциски договор за купување акции на лицето од став 1 и лицата од став 2 алинеи 2 и 3 на овој член;
-акциите кои што лицето од ставот 1 и лицата од ставот 2 алинеи 2 и 3 на овој член ги стекнале врз основа на нетрговски пренос (судска одлука, компензација, реализиран залог).
(3) При утврдувањето на процентот на учеството од став 2 алинеи 4 и 5 на овој член се смета дека правото на купување или замена е веќе остварено.
(4) Јавна понуда за откуп дава и лице кое, врз основа на успешна понуда за откуп во согласност со овој закон, веќе се стекнало со помалку од 45% од хартиите од вредност од став 2 на овој член, а по завршувањето на таа понуда за откуп се стекнало со дополнителни 5% од тие хартии од вредност.

Член 4а
(1) Во смисла на член 4, став 2, алинеја 3 од овој закон, физички и правни лица се поврзани и дејствуваат заеднички доколку:
- се договориле да дејствуваат усогласено во врска со стекнувањето на акциите издадени од акционерското друштво што е предмет на преземање или во врска со остварувањето на правото на глас од акциите издадени од акционерското друштво што е предмет на преземање;
- едното од нив поседува акции за сметка на другото.
(2) Физичките и правните лица се сметаат за поврзани и дејствуваат заеднички и доколку едното од нив директно или индиректно го контролира другото или другите правни лица.
(3) Во смисла на ставот 2 од овој член се смета дека физичкото или правното лице го контролира другото лице доколку тоа поседува:
- директно или индиректно 25% или поголем дел од акциите со право на глас на правното лице;
- право на управување со деловните и финансиските политики на правното лице врз основа на овластувања од статутот, спогодбата или договорот и
- директно или индиректно преовладувачко влијание врз водењето на работите на друштвото и донесувањето на одлуките.
(4) Трговските друштва се сметаат за поврзани доколку тие се меѓусебно поврзани во смисла на одредбите од Законот за трговските друштва.
(5) Во смисла на овој закон се смета за заедничко дејствување и кога друштво за управување со фондови управува со повеќе инвестициони, односно доброволни пензиски фондови, кои поседуваат акции во исто друштво.
(6) Се смета дека физичките лица се меѓусебно поврзани доколку се во сродство преку брак или посвојување; деца и родители, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, баби, дедовци и внуци; на друг начин се крвно поврзани до втор степен; и живееле во заедница пет години непрекинато во однос на родител- старател и дете, маќеа или очув и посинок и поќерка, снаа зет и родители на брачните другари.
(7) Поврзаноста, односно заедничкото дејствување преку воспоставување на договорниот однос од ставот 1 алинеја 1 на овој член се изедначува со стекнување на акции со право на глас во друштвото.
(8) На гласовите на понудувачот му се додаваат и гласовите на лицата кои се поврзани, односно дејствуваат заедно со него.
(9) Во случај кога согласно со овој закон ќе настане обврска за објавување јавна понуда за откуп поради поврзаноста и заедничкото дејствување воспоставени преку договорниот однос од ставот 1 алинеја 1 на овој член или во случај кога едното од лицата кои дејствуваат заеднички стекне акции со кои се исполнува условот за објавување јавна понуда за откуп, секое од тие лица е должно да објави јавна понуда за откуп под услови и на начин утврден со овој закон, при што се смета дека обврската за објавување на јавната понуда е задоволена доколку понудата ја објави кое било од лицата кои се поврзани, односно дејствуваат заеднички.

Член 4б

(1) Доколку едно лице во еден календарски ден преку една или повеќе трговски трансакции се стекне со хартии од вредност кои заедно со акциите кои претходно ги поседувало му обезбедуваат право на глас во акционерското друштво од најмалку 25%, за ова лице веднаш се создава обврската за објавување на јавна понуда за откуп согласно овој закон.
(2) Доколку цената во јавната понуда за откуп што ја дава лицето од ставот 1 на овој член е повисока од цената на трговската или трговските трансакции од ставот 1 на овој член, лицето е должно да им ја надомести разликата во цената на продавачот или продавачите во трговските трансакции најдоцна до рокот за прифаќање на јавната понудата за откуп. Лицето е должно да го депонира износот потребен за надоместување на разликата во цената во Централниот депозитар за хартии од вредност заедно со износот утврден во членот 29 на овој закон и јавно да ги повика продавачите од трговските трансакции да достават податоци до Централниот депозитар за хартии од вредност за сметка во банка на која ќе се изврши исплатата.

Член 5

Јавна понуда за откуп на хартии од вредност може да даде и лице кое во моментот на јавната понуда за откуп не стекнало повеќе од 25% од хартиите од вредност на друштвото кои обезбедуваат право на глас, а кое сака да изврши преземање при што и за таквата понуда важат одредбите од овој закон.

Член 6

Понудувач, според овој закон, е лице кое дало јавна понуда за откуп на хартии од вредност согласно со член 7 став 1 од овој закон, без оглед на тоа дали понудата за откуп ја дало заради исполнување на своите обврски утврдени во член 4 или во член 5 од овој закон.

Член 7

(1) Јавна понуда за откуп на хартии од вредност (во понатамошниот текст: понуда за откуп) е писмен предлог од страна на понудувачот за склучување на договор за купопродажба на хартии од вредност издадени од определено акционерско друштво, упатен до сите иматели на тие хартии од вредност.
(2) Понудата за откуп се однесува на следниве хартии од вредност:
-акциите со право на глас и
-хартиите од вредност со право на конверзија во акции со право на глас.
(3) Цената, односно односот на замена на хартиите од вредност за замена, која ќе ја определи понудувачот во понудата за откуп, е еднаква за сите хартии од вредност од определен род кои се предмет на понудата за откуп.
(4) Доколку понудувачот во последните шест месеци пред објавувањето на понудата за откуп, стекнал повеќе од 10% од хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп, во понудата за откуп треба да понуди најмалку иста цена како највисоката цена која тој ја платил при стекнување на хартиите од вредност, во последните шест месеца пред објавувањето на понудата за откуп.
(5) Доколку цената од ставот 4 на овој член е пониска од просечната цена на овие хартии од вредност постигната на овластена берза, понудувачот мора да ја понуди најмалку просечната цена постигната на овластена берза.
(6) Доколку понудувачот или лицето кое делува заеднички со него во претходните шест месеци пред објавувањето на понудата стекнале помалку од 10% од хартиите од вредност на кои се однесува понудата, цената во понудата не смее да биде пониска од просечната цена на овие хартии од вредност постигната на овластена
(7) Просечната цена на хартиите од вредност постигната на овластена берза се пресметува како проста аритметичка средина на дневните пондерирани просечни цени постигнати на овластената берза во последните три месеци пред настанувањето на обврската за објавување на понудата за откуп.

Член 8

(1) Во понудата за откуп понудувачот може, наместо во пари, да понуди плаќање со други хартии од вредност кои ги исполнуваат условите од член 10 на овој закон (во натамошниот текст: понуда со хартии од вредност за замена).
(2) Во понудата за откуп понудувачот може да понуди хартии од вредност за замена наместо плаќање на дел од сумата во пари (во натамошниот текст: комбинирана понуда).
(3) Во понудата за откуп понудувачот може да понуди и алтернативна исплата со хартии од вредност за замена или плаќање на целата сума во пари, така што право на избор ќе имаат сопствениците на хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп (во натамошниот текст: алтернативна понуда).
(4) Во случај на комбинирана понуда, понудувачот може да даде и алтернативна понуда, така што правото на избор се однесува или само на делот од сумата кој се исплатува во пари или само на делот од сумата што се исплатува во хартии од вредност за замена.
(5) По исклучок на одредбите од ставовите 1,2, 3 и 4 на овој член, понудувачот кој се здобил со над 25% од хартиите од вредност на начин кој не е во согласност со овој закон, понудува во понудата за откуп плаќање на цената само во пари.
(6) По исклучок на одредбите од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член, понудувачот во понудата за откуп понудува плаќање на цената само во пари, доколку понудувачот во последните шест месеци пред објавувањето на понудата за откуп се стекнал со повеќе од 10% од хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп.

Член 9

Кога понудувачот во понудата за откуп нуди хартии од вредност за замена така што односот на замена не е една хартија од вредност за замена за една хартија од вредност на која се однесува понудата за откуп, понудувачот треба во понудата за откуп до имателите на хартии од вредност кои не располагаат со соодветен број хартии од вредност, за да можат да ја прифатат вкупната понудена цена во хартии од вредност за замена, да им понуди исплаќање на разликата во цената во пари.

## *ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ (Сл. бр. 38/2004; 77/2007; 103/2008; 24/2011)*

ДЕЛ I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува заштитата на правата на потрошувачите, условите и начинот на заштитата на потрошувачите, условите за трговско работење што се од значење за заштита на правата на потрошувачите, правата и обврските на здруженијата на потрошувачите, како и надлежностите на органите на државната управа во однос на заштитата на потрошувачите.

Примена на овој закон и однос спрема другите закони

Член 2

Примената на одредбите од овој закон не влијае на правата кои потрошувачите ги имаат врз основа на другите закони.

Ако со овој закон поинаку не е определено на договорните и други облигациони односи на прометот на стоки и услуги ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Во постапката за инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите на Законот за инспекциски надзор,

доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 3

Одредбите на меѓународните спогодби и договори за заштита на потрошувачите кои ги ратификувала Република Македонија непосредно ќе се применуваат во случаи кога даваат поголема заштита на потрошувачите.

### *ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ (Сл. бр. 33/2006; 63/2007; 24/2011; 51/2011; 148/2011)*

Содржина

Член 1

Со овој закон се уредуваат барањата за општа безбедност на производите, начинот на пропишувањето техничките прописи и принципите на меѓусебното признавање на документите, оцената на сообразност и знаците за сообразност од странско потекло.

Цел

Член 2

Целта на овој закон е производите да бидат безбедни кога се пуштаат на пазар, ставаат во употреба или се употребуваат особено поради:
- остварување и заштита на јавниот интерес;
- заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата и
- заштита на животната средина и природата и заштита на потрошувачите и на другите корисници на производите и заштита на имотот.

Ограничување и забрана

Член 8

Производителите се должни на пазарот да пуштаат само безбедни производи.

Член 9

(1) Производите ќе се сметаат за безбедни, ако со посебни прописи се уредени некои аспекти на опасност, односно видови на опасност, при што овие прописи не се дел од хармонизираната област на Европската заедница и чија цел е да се осигура безбедност на производите, ако ги исполнуваат здравствените и безбедносните услови утврдени со овие прописи.

(2) Производот се смета за безбеден ако ризиците и видовите на ризик се опфатени со соодветни национални стандарди кои се усогласени со соодветните европски стандарди објавени во листата на стандарди од ставот ( 3) на овој член и ако е усогласен со барањата за општа безбедност утврдени во овие стандарди.

(3) Министерот за економија листата на стандарди со чија употреба се смета дека производот е безбеден ќе ја објави во "Службен весник на Република Македонија".

Обезбедување на предупредувања од производителите

Член 11

(1) Производителите во рамките на вршење на нивните дејности, се должни да им ги обезбедат на потрошувачите сите соодветни информации кои им овозможуваат да ги оценат опасностите од производот во текот на вообичаениот или разумно предвидлив период на употреба и да преземат мерки на претпазливост за опасностите од производот и таму каде што таквите опасности не се очигледни веднаш без соодветно предупредување.

(2) Давањето на информации од ставот (1) на овој член не го ослободува производителот од одговорност за усогласеност со другите барања утврдени во овој дел од законот.

Важење на документи и знаци за сообразност од странско потекло

Член 28

Во Република Македонија важат документи и знаци за сообразност од странско потекло кои се издадени во согласност со меѓународни договори кои ги склучила и ратификувала, односно на кои им пристапила Република Македонија.

## *ЗАКОН ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ (Сл. бр. 47/2010)*

Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредуваат координацијата на надзорот на пазарот за производите кои се пуштаат на пазарот, контролата на производите кои се внесуваат на пазарот, како и примената и општите принципи на CE означувањето.

Цел

Член 2

Целта на овој закон е обезбедување координација на надзорот на пазарот на производите за да се осигура дека производите ги исполнуваат барањата за висок степен на заштита на јавните интереси како здравјето и безбедноста воопшто, здравјето и безбедноста на работното место, заштитата на потрошувачите, заштитата на животната средина и безбедноста.

Производи кои претставуваат сериозен ризик

Член 12

(1) Органите за надзор на пазарот обезбедуваат враќање, повлекување или спречување на производите кои се пуштаат на пазарот, а кои претставуваат сериозен ризик за кои е потребна брза интервенција, вклучувајќи го и сериозниот ризик чии последици не настануваат веднаш.

(2) За случаите од ставот (1) на овој член Министерството за економија е должно веднаш да ја извести Европската комисија преку системот за брзо информирање за производите кои претставуваат сериозна опасност (RAPEX).

(3) Одлуката за тоа дали производот претставува сериозен ризик или не, ќе се заснова на соодветна процена на ризикот, за што предвид се зема природата на ризикот и веројатноста од негово настанување. Можноста за постигнување на повисоко ниво на безбедност на производот или постоењето на производи кои носат пониско ниво на ризик нема да се сметаат за оцена на производ кој носи сериозен ризик.

***ЦАРИНСКИ ЗАКОН (Сл. бр. 39/2005; 4/2008; 47/2010; 158/2010; 44/2011; 53/2011) (У. бр. 251/2008; 1/2009)***

ПОГЛАВЈЕ 1
ОПШТИ ОДРЕДБИ

ГЛАВА1
Делокруг и основни дефиниции

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат правата и обврските на лицата и царинските органи во врска со стоката во патничкиот и стоковиот промет меѓу царинското подрачје на Република Македонија и странските царински подрачја.

(2) Царинскиот орган е единствен надлежен орган за спроведување на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Одредбите од овој закон не ја исклучуваат примената на прописите со кои се регулираат други области на тргување со други земји.

Член 2

(1) Одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон се применуваат еднообразно на целото царинско подрачје на Република Македонија, освен ако поинаку не е утврдено со овој закон, со друг закон или со меѓународен договор што го ратификувала Република Македонија.

(2) Одредени одредби од царинските прописи можат, исто така, да се применуваат и надвор од царинското подрачје на Република Македонија во согласност со меѓународни договори што ги ратификувала Република Македонија.

Акти кои се однесуваат на примената на царинските прописи
Член 7

(1) Ако со овој закон поинаку не е определено, царинскиот орган што ја води царинската постапка го применува Законот за општата управна постапка.
(2) Доколку царинскиот орган во царинската постапка целосно го прифати барањето, може да го одобри во вид на забелешка на самото барање.
(3) Против решение, што во управна постапка го донесува царинскиот орган, може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на доставување на решението, преку царинскиот орган до Министерството за финансии, по која одлучува министерот за финансии или од него овластено лице.
(4) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(5) По исклучок на ставот (4) на овој член, царинскиот орган ќе го одложи извршувањето на донесеното решение, целосно или делумно, се до правосилноста на предметното решение, во случај кога има основани причини да верува дека оспореното решение не е во согласност со царинските прописи или дека би била предизвикана ненадоместлива штета на засегнатото лице. Кога решението има за ефект наплата на увозни или извозни давачки, одложувањето на извршувањето на тоа решение може да се одобри само доколку давачките се обезбедени со поднесување на соодветна гаранција.
(6) Кога решението има за ефект наплата на увозни или извозни давачки, на износот на неплатени давачки ќе се наплатува казнена камата согласно член 244 став (1) точка б) на овој закон.

Примена на други прописи
Член 8

Одредбите на овој закон не се применуваат при плаќање на увозни давачки или спроведување на царинските постапки, доколку плаќањето на увозните давачки или спроведувањето на постапките е поинаку уредено со меѓународен договор кон кој Република Македонија пристапила, го прифатила или ратификувала.

ГЛАВА 2
Потекло на стока
Дел 1
Непреференцијално потекло на стока

Член 21

Со одредбите на членовите 22, 23, 24 и 25 од овој закон се дефинира непреференцијалното потекло на стока за:
а) примена на Царинската тарифа на Република Македонија со исклучок на мерките од членот 19 став (3) точки г) и д) на овој закон;
б) примена на други мерки различни од тарифни мерки утврдени со прописите со кои се регулираат посебни области поврзани со трговијата со стока и
в) изготвување и давање на уверенија за потекло.

Член 22

(1) Стока со потекло од една земја е онаа стока која е целосно добиена или произведена во таа земја.
(2) Поимот “стока целосно добиена од една земја” опфаќа:
а) минерални производи извадени во таа земја;
б) растителни производи набрани во таа земја;
в) живи животни родени и одгледани во таа земја;
г) производи добиени од живи животни одгледани во таа земја;
д) производи од лов или риболов извршен во таа земја;
ѓ) производи од морски риболов и други производи извадени од морето надвор од територијалните води на таа земја, со пловни објекти регистрирани или заведени во таа земја и кои пловат под знамето на таа земја;
е) стока добиена или произведена на бродови-фабрики од производи наведени во точката ѓ) на овој став, со потекло од таа земја, под услов таквите бродови-фабрики да се регистрирани или заведени во таа земја и да пловат под нејзино знаме;
ж) производи земени од морското дно или тлото под него надвор од територијалните води, под услов таа земја да има ексклузивни права на искористување на морското дно или тлото под него;
з) отпадоци и остатоци добиени од производни операции и од веќе употребувани предмети, ако тие се собирани во таа земја и ако одговараат само за повторно добивање на суровини и
ѕ) стока произведена во таа земја само од стока наведена во точките од а) до з) на овој став или од неа добиени производи во која било фаза на производство.

(3) За примена на ставот (2) од овој член поимот “земја” ги опфаќа и територијалните морски води на таа земја.

Член 23

Стока чие производство се врши во повеќе од една земја, се смета дека потекнува од земјата каде што била подложена на нејзината последна, суштинска, економски оправдана преработка или обработка во објект опремен за таа намена која доведува до изработка на нов производ или претставува значајна фаза во таа изработка.

Член 24

Секоја преработка или обработка нема под никакви околности да се смета за доволна за така произведената стока да го стекне потеклото на земјата каде што преработката или обработката е извршена, во смисла на членот 23 од овој закон, за која е утврдено или за која утврдените факти ја оправдуваат претпоставката дека нејзина единствена цел била да се избегнат одредбите кои се применуваат во Република Македонија за стока од одредени земји.

Член 25
(1) Со царинските или други прописи на Република Македонија со кои се регулираат посебни области, може да се пропише задолжително поднесување на документ како доказ за потекло на стока.
(2) Покрај поднесувањето на таков документ од ставот (1) на овој член, царинскиот орган може, во случај на основани сомневања, да бара поднесување дополнителен доказ за да се осигури дека наведеното потекло навистина е во согласност со царинските прописи.

Дел 2
Преференцијално потекло на стока

Член 26

(1) Со правилата за преференцијално потекло се пропишуваат условите за стекнување на потекло кои стоката мора да ги исполни за да се остварат поволностите од мерките од членот 19 став (3) точки г) и д) на овој закон.
(2) Правилата од ставот (1) на овој член се утврдуваат:
а) за стока опфатена во договорите од членот 19 став (3) точка г) на овој закон, во тие договори и
б) за стока која ги користи преференцијалните тарифни мерки од членот 19 став (3) точка д) на овој закон, во согласност со прописот од членот 257 на овој закон.

ГЛАВА 3
Обврска за одредување на царински дозволено постапување или употреба на стока ставена на увид на царински орган

Член 58

За странска стока ставена на увид кај царински орган, се одредува царински дозволено постапување или употреба на стока дозволено за таа странска стока.

ГЛАВА 6
Одредби кои се применуваат на странска стока во транзитна постапка

Член 64
Одредбите од членот 48 на овој закон, освен одредбите на ставот (1) точка а) од тој член и членовите од 49 до 63 на овој закон, не се применуваат на стока која при внесување во царинското подрачје веќе е ставена во транзитна постапка.

Член 65
Кога странска стока која се движела во транзитна постапка пристигне до нејзиното крајно одредиште во царинското подрачје и се стави на увид на царинскиот орган во согласност со царинските и други прописи кои го уредуваат транзитот, се применуваат одредбите на членовите 52 до 63 од овој закон.

ГЛАВА 2
Царински постапки
Дел 2
Пуштање на стока во слободен промет

Член 91

Со пуштање во слободен промет странската стока добива статус на домашна стока.
За да се пушти стоката во слободен промет, треба да се применат мерките на трговска политика, да се завршат другите формалности пропишани за увоз на стока и за плаќање на сите давачки пропишани со царински и други прописи.

Дел 3
В. Царински складови

Член 118

(1) Кога има економска потреба и кога со тоа царинскиот надзор не е загрозен, царинскиот орган може да одобри:
а) домашна стока која не е наведена во членот 110 став (1) точка б) од овој закон да се чува во простории на царински склад;
б) странска стока да се преработува во простории на царински склад во постапка на увоз за облагородување, согласно со условите определени за таа постапка. Формалностите за постапката на увоз за облагородување од кои може да отстапи во царинскиот склад се определуваат согласно со прописот од членот 257 на овој закон и
в) странска стока да се преработува во простории на царински склад во постапка на преработка под царинска контрола согласно со условите определени за таа постапка. Формалностите за постапката на преработка под царинска контрола од кои може да се отстапи во царинскиот склад се определуваат согласно со прописот од членот 257 на овој закон.
(2) Во случаите наведени во ставот (1) на овој член, стоката не е предмет на постапка на царинско складирање.
(3) Царинскиот орган може да бара стоката од ставот (1) на овој член да се внесе во евиденција за стоката пропишана со членот 117 од овој закон.

Ѓ. Привремен увоз

Член 150

Со постапката на привремен увоз се овозможува употреба на странска стока во царинското подрачје, со целосно или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки и без примена на мерки на трговска

политика, ако истата е наменета за повторен извоз во непроменета состојба, освен вообичаеното намалување на вредноста заради нејзината употреба.

ГЛАВА 3
Други видови на царински дозволено постапување или употреба на стока
Дел 1
Слободни зони и слободни складови
Б. Внесување на стока во слободна зона или слободен склад

Член 180

Во слободна зона или слободен склад може да се внесе домашна и странска стока. Царинскиот орган може да бара стоката која претставува опасност или која може да расипе друга стока, или за која поради други причини се потребни посебни услови да се смести во простории специјално опремени за нејзин прием.

В. Работење во слободни зони или слободни складови

Член 184

Странска стока ставена во слободна зона или слободен склад може, додека се наоѓа во нив:
а) да се пушти во слободен промет под условите пропишани со таа постапка и со членот 188 од овој закон;
б) да биде предмет на вообичаените форми на ракување од членот 121 став (1) на овој закон, без одобрение;
в) да се стави во постапка на увоз за облагородување под условите пропишани со таа постапка;
г) да се стави во постапка на преработка под царинска контрола под условите пропишани со таа постапка;
д) да се стави во постапката на привремен увоз под условите пропишани со таа постапка;
ѓ) да се отстапи во корист на државата согласно со членот 191 од овој закон и
з) да се уништи, под услов странката да ги достави сите информации кои царинскиот орган смета дека се потребни.

Член 185

(1) Странската стока и домашната стока од членот 176 точка б) на овој закон смее да се троши или употребува во слободни зони или слободни складови само кога се применува членот 184 од овој закон.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, може да се одобри трошење или употреба на стока, со чие пуштање во слободен промет или привремен увоз не би било потребно да се наплатат увозни давачки или да се применат мерки на трговска политика. Во овој случај не е потребна царинска декларација за пуштање на стоката во слободен промет или за привремен увоз. Царинска декларација е потребна ако стоката е предмет на квоти или плафони.

Член 186

(1) Сите лица кои вршат дејност која вклучува чување, обработка или преработка, или продажба или набавка, на стока во слободна зона или слободен склад, мора да водат евиденција за стоката во облик одобрен од страна на царинскиот орган. Стоката се внесува во евиденцијата веднаш по нејзиното внесување во просториите на тоа лице. Евиденцијата мора да му овозможи на царинскиот орган идентификација на стоката и мора да го евидентира нејзиното движење.
(2) Кога стоката се претовара внатре во слободната зона, документите кои се однесуваат на претоварот се чуваат за да му бидат на располагање на царинскиот орган. Краткорочното чување на стоката во врска со таков претовар се смета како составен дел на претоварот.

Г. Изнесување на стока од слободни зони или слободни складови

Член 188

(1) Кога настанал царинскиот долг за странска стока и царинската вредност на таа стока се утврдува врз основа на вистински платената цена или цената која треба да се плати, а во која се вклучени и трошоците за складирање или нивно зачувување за времето додека се сместени во слободната зона или слободниот склад, таквите трошоци нема да се вклучат во царинската вредност доколку тие трошоци се прикажани одвоено од цената која е вистински платена или треба да се плати за таа стока.
(2) Кога предметната стока во слободната зона или слободниот склад била предмет на една од вообичаените форми на ракување согласно со членот 121 став (1) од овој закон, при утврдувањето на износот на увозните давачки, на барање на декларантот и под услов тоа ракување да било опфатено со одобрение дадено во согласност со членот 121 став (3) на овој закон, видот на стоката, царинската вредност и количината кои се земаат предвид се истите оние кои би се зеле предвид за стоката во моментот наведен во членот 230 на овој закон како стоката да не била предмет на такво ракување. Отстапувања од оваа одредба се пропишуваат со прописот од членот 257 на овој закон.

Член 189

(1) Кога стока се внесува или враќа на другиот дел на царинското подрачје или се става во царинска постапка додека се наоѓа во слободната зона или слободниот склад, потврдата од членот 181 став (4) на овој закон може да се употреби како доказ за домашниот или странскиот статус на таа стока.
(2) Кога со потврдата или на други начини не е докажано дека стоката има домашен или странски статус, се смета дека стоката е:
- домашна стока за примена на извозни давачки или извозни дозволи или пропишани извозни мерки и
- странска стока во сите други случаи.

Дел 2
Повторен извоз, уништување и отстапување

Член 191
(1) Странската стока може :
- повторно да се извезе од царинското подрачје,
- да се уништи и
- да се отстапи во корист на државата.
(2) Повторниот извоз, кога тоа е потребно, вклучува примена на царински формалности пропишани за стока која се извезува или изнесува, вклучувајќи и примена на мерки на трговска политика. Случаите во кои не се применуваат мерки на трговска политика при извоз на странска стока ставена во одложувачка постапка, се определуваат со прописот од членот 257 на овој закон.
(3) За повторниот извоз или уништувањето на стока царинскиот орган мора однапред да биде известен освен во случаите утврдени со прописот од членот 257 на овој закон. Царинскиот орган го забранува повторниот извоз доколку тоа е предвидено со формалностите или мерките од првата реченица од ставот (2) на овој член. Кога стока, која е ставена во царинска постапка со економски ефект додека се наоѓа во царинското подрачје, е наменета за повторен извоз, се поднесува царинска декларација во смисла на членовите 69 до 90 од овој закон. Во такви случаи се применува членот 174 ставови (3) и (4) од овој закон. Отстапувањето на стока во корист на државата се врши во случаите утврдени со прописот од членот 257 на овој закон.
(4) Уништувањето или отстапувањето на стока во корист на државата не смее да биде на трошок на државата.
(5) За секој отпадок или остаток настанат со уништувањето на стоката мора да се одреди царински дозволено постапување или употреба на стока пропишано за странска стока. Отпадокот или остатокот останува под царински надзор до рокот пропишан со членот 47 став (2) од овој закон.

ПОГЛАВЈЕ 6
ПОВЛАСТЕНИ ПОСТАПКИ
ГЛАВА1
Ослободување од плаќање на увозни давачки

Член 196

Од плаќање увозни давачки се ослободени:
1) неупотребувани опрема и резервни делови (освен автомобили и канцелариски мебел и материјал) врз основа на влог на странско лице, а кои служат за вршење на претежната дејност на друштвото. Влогот на странското лице треба да е подолг од три години и да изнесува 20% од вкупно вложениот траен капитал, под услов имателот на одобрението кој го користел ослободувањето да работи најмалку уште три години по истекот на последната година во која го користел ослободувањето од плаќање увозни давачки. Под влог на странско лице се смета и откупот на акции од страна на странски лица;
2) предметите што се увезуваат, а имаат образовен, научен и културен карактер, согласно со прописот од членот 199 на овој закон, како и научни инструменти и апарати, како и нивни резервни делови кои се увезуваат во некомерцијални цели и кои не се произведуваат во Република Македонија;
3) терапевтски супстанци од човеково потекло, реагенси за определување на крвни групи и на типови ткива;
4) лабораториски животни и биолошки или хемиски супстанции наменети за истражување;
5) мостри на стока со мала вредност;
6) печатен рекламен материјал;
7) производи наменети за употреба на саеми, трговски изложби или слични манифестации;
8) стока која се увезува заради испитување, истражување, анализирање или тестирање;
9) трговски марки, модели или дизајни и нивните придружни документи, како и поднесоци за признавање на патенти за пронајдоци или слично, што им се доставуваат на организациите за заштита на авторските права или правата од индустриска сопственост;
10) туристички пропаганден материјал;
11) фармацевтските производи за здравствена или ветеринарна намена што се употребуваат при меѓународни спортски манифестации организирани во Република Македонија;
12) материјали потребни за прицврстување и за заштита на стоката во текот на нејзиниот транспорт;
13) подлога и храна за добиток и животни во текот на нивниот транспорт;
14) материјали за изградба, одржување или украсување на спомен обележја на жртвите од војните или гробишта за жртвите од војните ;
15) ковчези со тела, погребни урни со пепел и придружни погребни предмети и
16) пратки со мала вредност испорачани од странство за примачи во земјата.

## *ЗАКОН ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА (Сл. бр. 82/2005; 84/2007; 158/2010; 136/2011)*

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите под кои може да се врши извоз, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба, надлежноста на државните органи во контролата над извозот, брокерингот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба и правата и обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз, трансфер, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба.

Член 6

(1) Извозникот може да врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба врз основа на дозвола за извоз на стоки и технологии со двојна употреба (во натамошниот текст: дозвола за извоз).

(2) Дозволата за извоз од ставот (1) на овој член ја издава Министерството за економија (во натамошниот текст: Министерството).

(3) Дозвола за извоз е потребна и во случаите кога стоките и технологиите не се опфатени со Листата од членот 5 точка 1 на овој закон, доколку извозникот е известен од страна на Министерството за економија, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Царинската управа на Република Македонија или друг надлежен орган дека таа стока или технологија во целина или нејзини делови се или може да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, ускладиштување, откривање, препознавање или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или за развој, производство, одржување и складирање на ракети способни за пренос на такво оружје.

(4) Дозвола за извоз е потребна и во случаите кога стоките и технологиите не се опфатени со Листата од членот 5 точка 1 на овој закон доколку извозот се врши во земја купувач или земјата со крајна дестинација кон која Советот за безбедност на ООН со обврзувачка резолуција има воведено ембарго за извоз на оружје или со одлука на ОБСЕ или со ембарго за извоз на оружје на ЕУ кон кое Република Македонија се има придружено.

(5) Дозвола за извоз се издава и за извоз на стоки со двојна употреба што не се опфатени со Листата од членот 5 точка 1 на овој закон, ако извозникот е информиран од страна на органот од ставот (3) на овој член дека стоките се или можат да бидат наменети во целост или делум- но, за употреба како делови или компоненти од воени стоки.

(6) Извозникот на кого му е познато, или има основа да се сомнева дека стоката или технологијата со двојна употреба ќе биде употребена за намените од ставовите (3) и (5) на овој член, а таа стока или технологија не е на Листата од членот 5 точка 1 на овој закон, е должен за тоа да ги извести Комисијата и Министерството. Комисијата, во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на приемот на известувањето, одлучува дали за таа стока или технологија е потребна дозвола за извоз. За својата одлука Комисијата веднаш ги известува извозникот и Министерството.

Член 6-а

(1) Брокерот може да врши брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба врз основа на дозвола за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба (во натамошниот текст: дозвола за брокерски услуги).

(2) Дозволата за брокерски услуги од ставот (1) на овој член ја издава Министерството.

(3) Дозвола за брокерски услуги е потребна за стоките и технологиите со двојна употреба од Листата од членот 5 точка 1 на овој закон, доколку брокерот е известен од страна на Министерството, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Царинската управа на Република Македонија или друг надлежен орган, дека таа стока или технологија во целина или нејзини делови се или можат да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, ускладиштување, откривање, препознавање или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или за развој, производство, одржување и складирање на ракети способни за пренос на такво оружје.

(4) Дозвола за брокерски услуги е потребна и во случаите кога стоките и технологиите не се опфатени со Листата од членот 5 точка 1 на овој закон доколку брокерската услуга се однесува на земја купувач или земјата со крајна дестинација кон која Советот за безбедност на ООН со обврзувачка резолуција има воведено ембарго за извоз на оружје или со одлука на ОБСЕ или со ембарго за извоз на оружје на Европската унија кон кое Република Македонија се има придружено, ако брокерот е информиран од органот од ставот (3) на овој член дека стоката може да биде наменета делумно или во целост за воени

крајни употреби.

(5) Дозвола за брокерски услуги се издава и за стоки со двојна употреба што не се опфатени со Листата од членот 5 точка 1 на овој закон, ако брокерот е информиран од страна на органот од ставот (3) на овој член дека стоките се или можат да бидат наменети во целост или делумно, за употреба како делови или компоненти од воени стоки.

(6) Брокерот на кого му е познато, или има основа да се сомнева дека стоката или технологијата со двојна употреба ќе биде употребена за намените од ставовите (3), (4) и (5) на овој член, е должен за тоа да ги извести Комисијата и Министерството. Комисијата, во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од известувањето одлучува дали за таа стока или технологија е потребна дозвола за брокерски услуги.

Член 14

(1) Извозникот кој врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба е должен:
- да води посебна евиденција за извршениот извоз на стоки и технологии со двојна употреба;
- да ја извршува дејноста во согласност со условите и барањата утврдени во дозволата за извоз и
- за секоја промена во условите на вршење на извоз на стоки и технологии со двојна употреба веднаш во писмена форма да го извести Министерството.

(2) Извозникот не смее да ја пренесе дозволата за извоз на друг извозник.

(3) Брокерот кој врши брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба е должен:
- да води посебна евиденција за извршените брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба,
- да ја извршува дејноста во согласност со условите и барањата утврдени во дозволата за брокерски услуги и
- за секоја промена во условите на вршење на брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба веднаш во писмена форма да го извести Министерството.

***ЗАКОН ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ (Сл. бр. 27/2002; 79/2007; 88/2008; 67/2010; 44/2011) (У. бр. 100/2002; 203/2003; 154/2007; 218/2008; 121/2011)***

ДЕЛ ПРВИ
ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Основни одредби
Член 1

Со овој закон се уредуваат условите под кои можат да се вршат работи на осигурување на живот, неживотно осигурување и реосигурување, работи на застапување во осигурувањето, осигурително брокерски работи, основање, работење, супервизија и престанок со работа на трговските друштва за осигурување и реосигурување (во натамошниот текст: друштва за осигурување), осигурителните брокерски друштва и друштвата за застапување во осигурувањето како и основањето и работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Право на осигурување
Член 2

Правните лица и физичките лица кои вршат дејност и граѓаните во Република Македонија, се осигуруваат во друштвата за осигурување основани согласно со овој закон.

Друштва за осигурување

Член 3

(1) Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија, под условите утврдени со овој закон и со Законот за трговските друштва.
(2) Името "друштво за осигурување" или изведени зборови од зборовите: "друштво за осигурување" не можат да влезат во називот на трговско друштво или друго правно лице кое не ги исполнува условите од ставот 1 на овој член и истото не може како такво да биде запишано во трговскиот регистар.

Работи на осигурување и работи на реосигурување
Член 4

(1) Друштвото за осигурување може да врши само работи на осигурување и/или реосигурување.
(2) Работи на осигурување се:
1) склучување и исполнување на договори за осигурување на живот и неживотно осигурување;
2) склучување и исполнување на договори за соосигурување
(3) Работи на реосигурување се склучување и исполнување на договори за реосигурување, од страна на друштвата за осигурување регистрирани за активно реосигурување, на вишоците на ризици над нивото на максимално покритие на друштвата за осигурување.
(4) Во рамките на работи на осигурување и реосигурување од ставовите 2 и 3 на овој член, друштвата за осигурување можат да ги вршат следниве работи директно поврзани со работите на осигурување:
1) посредување во договарање на осигурување и реосигурување;
2) операции со фјучерс договори, опции, како и други слични финансиски инструменти, доколку истите се користат како обезбедување од ризици настанати како резултат на флуктуации на девизниот курс и каматните стапки, а во согласност со одредбите од членот 87 на овој закон;
3) снимање на ризици;
4) снимање и процена на штети;
5) посредување при продажба и продажба на остатоците од осигурени оштетени предмети;
6) воведување мерки за спречување, намалување и отстранување на штетите и ризиците кои претставуваат опасност во неживотното осигурување;
7) укажување правна помош во осигурувањето и реосигурувањето и
8) укажување на други интелектуални и технички услуги поврзани со работи на осигурување и реосигурување.
(5) Задолжителното осигурување се уредува со закон.

Примена на Законот на странски друштва за осигурување
Член 11

(1) Одредбите од овој закон ќе се применуваат на друштва за осигурување со седиште на територијата на странска земја, доколку истите склучуваат договори за осигурување на територијата на Република Македонија, или ако нивните услуги на било кој начин се рекламираат во Република Македонија.
(2) Посебните одредби од овој закон кои се однесуваат на друштво за осигурување со седиште на територијата на Швајцарската конфедерација (во натамошниот текст: швајцарско друштво за осигурување) и неговите филијали, ќе се однесуваат исклучиво на неживотно осигурување.

Друштво за осигурување
Член 12

(1) Друштво за осигурување е акционерско друштво со седиште во Република Македонија кое има дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување за вршење работи на осигурување.
(2) Друштвото за осигурување може да се основа како:
1) друштво за осигурување;

2) друштво за реосигурување и
3) друштво за осигурување и реосигурување.
Основање на друштво за осигурување
Член 13

Друштво за осигурување можат да основаат домашни и странски физички и правни лица.

## ***<u>ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР</u>***

### ***ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД (Сл. бр. 35/1997; 29/2002; 36/2011)***

Член 1

Со овој закон се уредуваат организацијата и работата на Државниот инспекторат за труд (во натамошниот текст: Инспекторат) кој врши инспекциски надзор над примената на законите и другите прописи за работни односи, вработување и заштита при работа и на колективните договори, договорите за работа и другите акти, со кои се уредуваат и остваруваат правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавците во областа на работните односи, вработувањето и заштитата при работа.

Член 13

Инспекторот е должен најмалку еднаш годишно да изврши инспекциски надзор над примената на прописите за работни односи и заштита при работа кај работодавците во областа на индустријата, трговијата, градежништвото, земјоделството, шумарството, сообраќајот, комуналните дејности, занаетчиството, угостителството и во училишните и факултетските работилници и лаборатории за практична настава, а кај другите работодавци, според програмата за работа, најмалку еднаш во три години.

Член 17

Во согласност со закон заради отстранување на утврдените неправилности инспекторот има право и обврска на субјектот на надзорот:
1) да му укаже на утврдените неправилности и да определи рок за нивно отстранување;
2) да му нареди да преземе соодветни мерки и активности во рокот кој ќе го определи инспекторот и
3) да забрани работа во работна просторија, на дел од техничка технолошка целина , на одделно работно место или на орудие за работа.

### ***ЗАКОН ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ (Сл. бр. 81/2005; 81/2008; 105/2009; 145/2010) (У. бр. 169/2006; 112/2009; 218/2010)***

II. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА, ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ
1. Делокруг на работа на Управата за јавни приходи
Член 4

(1) Управата за јавни приходи ги извршува управните и други стручни работи кои се однесуваат особено на:
- спроведување на законите и други прописи за даноците;
- регистрација на даночните обврзници со доделување на единствен даночен број и водење единствен регистар на даночните обврзници;
- примање на даночни пријави и внесување на даночните побарувања во даночната евиденција;

- утврдување на даноците во согласност со закон;
- инспекциски надзор во согласност со закон;
- наплата на даноците;
- водење даночна евиденција;
- враќање на повеќе или погрешно наплатен данок;
- воведување, организирање, користење и развој на единствен даночен информационен систем;
- следење и анализирање на даночните приходи;
- следење и анализирање на примената на прописите за даноците и функционирањето на даночниот систем;
- соработка со даночни органи на други држави и проучување на даночни системи;
- следење на примената на меѓународните договори од областа на даноците;
- давање меѓународна правна помош во даночни предмети;
- издавање уверенија, потврди и други документи за платени даноци;
- донесување финансиски план, програма и планови за работа;
- донесување оперативни инструкции;
- планирање и спроведување обуки за усовршување и оспособување на службениците;
- давање појаснување на даночни обврзници во примена на прописите за даноците и обезбедување јавност во работата.

(2) Управата за јавни приходи собира и обработува податоци за утврдените и наплатените даноци и предлага измени во даночната политика, прописите за даноците и на други прописи заради унапредување на даночниот систем и зголемување на ефикасноста и ефективноста во наплатата на даноците.
(3) Управата за јавни приходи, покрај работите од ставовите (1) и (2) на овој член, врши и работи што се однесуваат на утврдување и наплата на други јавни давачки, доколку тие работи и се доверени со закон, или основа на склучен договор, со надоместок кој е приход на Буџетот на Република Македонија.
(4) Управата за јавни приходи го управува и извршувањето заради наплата на паричните казни, односно глобите и трошоците изречени во парничните, прекршочните, кривичните и управните постапки во корист на Република Македонија.
(5) Одлуката со која се утврдува паричната казна односно глоба и трошоците изречени во корист на Република Македонија од ставот (4) на овој член, се доставува до Управата за јавни приходи од страна на судот или од надлежниот орган кој ја донел.

***ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (Сл. бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 47/2010; 124/2010; 51/2011) (У. бр. 151/2005; 233/2005; 154/2005; 152/2005; 146/2009;146/2009)***

XX НАДЗОР
Член 194
Надлежни органи

(1) Надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Инспекцискиот надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот инспекторат за животна средина, преку државните инспектори за животна средина и државни инспектори за заштита на природата (во натамошниот текст: државни инспектори).
(3) За работите од надлежност на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, утврдени со овој закон, инспекциски надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон вршат овластени инспектори за животна средина на општината, овластени инспектори за животна средина на градот Скопје и овластени инспектори за животна средина на општините во градот Скопје (во натамошниот текст: овластени инспектори).
(4) Инспекциски надзор над примена на овој закон во делот на прометот со производи, полупроизводи, суровини, хемиски супстанции и пакувања и означувањето на производите и пакувањата со информации за влијанието врз животната средина врши Државниот пазарен инспекторат, преку државните пазарни

инспектори, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, преку државните санитарни и здравствени инспектори, Фитосанитарната управа преку фитосанитарните инспектори и Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство.
(5) Инспекциски надзор над примената на овој закон во делот на прометот со производи, полупроизводи и суровини наменети за човекова употреба за исхрана и пиење и нивните пакувања и означување со информации за влијанието врз животната средина врши Дирекцијата за храна преку инспекторите за храна.

## *ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА (Сл. бр. 157/2010; 53/2011)*

ДЕЛ I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Предмет

Со овој закон се уредуваат основните начела за безбедност на храна и храна за животни, општите и посебните хигиенски барања за храната, организационите структури на системот на безбедност на храна и официјални контроли на храна и храна за животни.

Член 3
Примена на Законот

(1) Одредбите на овој закон се применуваат во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храна и храна за животни.
(2) Одредбите на овој закон не се применуваат на примарно производство на храна за домашна употреба или домашно подготвување, ракување или складирање на храна за приватно домашно консумирање.

Член 117
Квалитет на храна

(1) Операторите со храна може да произведуваат и ставаат во промет единствено храна која ги исполнува пропишаните барања за квалитет.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, операторот со храна може да стави во промет храна која не ги исполнува пропишаните барања за квалитет, под услов да не се изменети карактеристичните својства на дадениот тип на храна, храната одговара на пропишаните барања за здравствена исправност и означување на храна и е соодветно означено за кои отстапувања се однесува тој тип на храна.
(3) Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува барањата во однос на квалитетот на храната, доколку материјата за квалитет на храната не е уредена со Законот за квалитет на земјоделски производи:
- класификација, категоризација и називи на храната,
- физички, хемиски, физичко хемиски и сензорни карактеристики и состав на храната од аспект на квалитет,
- физичко-хемиските и сензорните карктеристики и видот и количеството на суровини, адитиви и други материи кои се употребуваат во производството и преработката на храна од аспект на квалитет,
- методи на земање на мостри и аналитички методи на контрола на квалитетот на храната и
- посебните барања за пакување и означување на храна во однос на квалитетот и потеклото на храната од животинско потекло.

ДЕЛ VII
НАДЗОР

Член 118

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон и на поблиските прописи донесени врз основа на овој закон врши Агенцијата.
(2) Инспекциски надзор од ставот (1) на овој член врши Агенцијата за храна и ветеринарство преку државните инспектори за храна и официјалните ветеринари, Државниот инспекторат за земјоделство, преку државните инспектори за земјоделство и државните фитосанитарни инспектори.
(3) За државен инспектор за храна може да биде назначено лице кое покрај општите услови пропишани со прописите за државни службеници, има завршено високо образование од областа на медицината, ветеринарната медицина, земјоделските науки, биологијата, технологијата на храна и биотехнологија.
(4) Инспекторите наведени во ставот (2) од овој член, своето службено својство го докажуваат со легитимација.
(5) Директорот на Агенцијата ги пропишува формата и содржината, како и начинот на издавањето и одземањето на легитимацијата.

Член 135
Прекршочен орган

(1) За прекршоците од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Агенцијата (во натамошниот текст: Прекршочниот орган).
(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочната комисија) формирана од страна на директорот.
(3) Прекршочната комисија е составена од овластени службени лица вработени во Агенцијата, од кои едно е претседател на Прекршочната комисија.
(4) Директорот на Агенцијата го пропишува начинот на работата на Прекршочната комисија, условите кои треба да ги исполнат членовите на Комисијата и времетраењето на изборот.
(5) Против решенијата на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.
(6) За прекршоците кои се во надлежност на Државниот инспекторат за земјоделство, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува комисијата за прекршоци согласно со одредбите на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

## *ЗАКОН ЗА ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ (Сл. бр. 24/2007; 81/2007; 36/2011) (У. бр. 184/2007)*

III. НАДЛЕЖНОСТ

Член 8

Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на законите и прописите донесени врз основа на закон во работењето на трговските друштва, правните и физичките лица (во натамошниот текст: субјект на надзор), како и изрекување на инспекциски мерки со цел за отстранување на утврдените неправилности.

## *ЗАКОН ЗА САНИТАРНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ИНСПЕКЦИЈА (Сл. бр. 71/2006; 139/2008; 88/2010; 18/2011; 53/2011)*

Член 2

Санитарната и здравствената инспекција опфаќа инспекциски надзор над спроведувањето на законите и другите прописи донесени врз основа на законите од областа на санитарно - хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението, здравственото осигурување и евиденциите во областа на здравството.

Инспекцискиот надзор ги опфаќа просторот, објектите, просториите, уредите и опремата, дејностите и лицата кои вршат здравствена дејност, како и лицата кои на кој било начин можат штетно да влијаат врз здравјето на луѓето.

Член 3

Работите на санитарната и здравствената инспекција ги врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на Министерството за здравство.

Член 4

Во областа на санитарно-хигиенската и епидемиолошката заштита, Инспекторатот врши надзор особено над:
1) спроведувањето на општите и посебните мерки за спречување на појавата, раното откривање, спречувањето на ширењето и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите, а по епидемиолошка индикација кога постои опасност од причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;
2) безбедност на предметите за општа употреба во производството и прометот и тоа: детски играчки, средства за одржување на чистотата, козметички производи, супстанции за производство и амбалажата за тие производи и определени предмети што при употреба доаѓаат во непосреден допир со кожа и слузница;
3) исполнување на условите за вршење на дејност согласно со посебни прописи во објекти од надлежност на санитарната и здравствената инспекција;
4) производство и промет на опојните дроги, отровите и прекурзорите распоредени согласно со прописите во групата на отрови;
5) спроведувањето на мерките за заштита од штетни материи и влијанија врз здравјето на луѓето;
6) санитарно-хигиенските услови во објектите, просторот, просториите, уредите и опремата во кои се врши здравствена дејност и дејности во областа на образованието, културата, социјалната заштита, спортот и рекреацијата, јавниот превоз, угостителството, туризмот, трговијата и другите стопански гранки;
7) лицата кои на работните места со својата здравствена состојба можат да го загрозат здравјето на населението, а по епидемиолошки индикации кога постои опасност од причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;
8) ексхумацијата и преносот на умрените лица на територијата на Република Македонија и преку нејзините граници;
9) лицата, стоките и превозните средства на граничните премини, а во врска со заштитата на здравјето на населението од внесувањето и ширењето на заразните болести, како и над увозот на предметите за општа употреба, козметичките производи и опасните материи;
10) инфраструктурните и другите објекти во случај на кризни состојби и други вонредни услови;
11) создавањето, селектирањето, пакувањето и одлагањето на медицинскиот отпад и
12) заштитата од штетните дејствија на пушењето на тутун и другите производи од тутун.

Инспекторатот дава согласности и мислења во постапката за издавање на одобренија за градба за

изградба на градби за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, како и други согласности и мислења на барање од надлежен орган утврдени со закон или друг пропис донесени врз основа на закон. Инспекторатот е должен во рок од 30 дена од денот на приемот на писменото барање за увид во проектната документација од органот кој ја спроведува постапката за издавање на одобрение за градење, да изврши увид и да даде согласност или да даде забелешки на записник до колку не се исполнети условите за согласност.

Инспекторатот врши и други работи што се во негова надлежност согласно закон.

Член 5

Во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, Инспекторатот врши надзор особено над:
1) остварувањето на правата од здравствената заштита;
2) остварувањето на правата од здравственото осигурување;
3) вршењето на здравствена дејност согласно со одобрение донесено од надлежен орган;
4) вршењето на дополнителната дејност на здравствените работници;
5) придржувањето на условите во текот на работењето во поглед на просторот, опремата и кадарот за вршење на определени здравствени дејности согласно со прописите од здравствената заштита;
6) распоредот, почетокот и завршувањето на работното време во здравствените установи;
7) извршувањето и содржината на систематските и превентивните здравствени прегледи на вработените;
8) евиденциите во областа на здравството;
9) спроведувањето на прописите од областа на здравството и
10) општите акти на здравствените установи особено на:
- организацијата и начинот на укажувањето на итна медицинска помош,
- начинот на користењето и одржувањето на медицинската опрема,
- нега на болните и домашно лекување,
- приемот на корисниците при укажувањето на примарна, специјалистичко-консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита,
- начинот на спроведувањето на внатрешниот надзор над стручната работа на здравствените работници и соработници и
- видот и користењето на работна облека.

### *ЗАКОН ЗА ТЕХНИЧКАТА ИНСПЕКЦИЈА (Сл. бр. 88/2008; 119/2010; 36/2011; 136/2011) (У. бр. 9/2009)*

Член 1

Со овој закон се уредуваат надлежноста и организацијата на Државната техничката инспекција, начинот на вршење на техничката инспекција при користење на техничката опрема и условите кои треба да ги исполнуваат независните правни лица за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, како и начинот на пропишување на техничките прописи за техничка опрема.

Член 3

Работите на инспекцискиот надзор на техничка опрема ги врши Државниот инспекторат за техничка инспекција (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на министерството надлежно за работите од областа на економијата (во натамошниот текст: министерство), преку државни технички инспектори.

Член 5

Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на законите и техничките прописи при користење на техничката опрема во следниве области:
- опрема под притисок,
- преносилва опрема под притисок,
- лифтови, жичари, дигалки и транспортери,
- производи и постројки наменети за работа во експлозивна атмосфера,
- електроенергетски постројки, електрични производи и уреди и
- експлоатација на минерални суровини.

Инспекторатот врши инспекциски надзор и над примената на законите и другите прописи при вршењето на геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини согласно со Закон за минералните суровини.

1.Техничка инспекција при ставање во употреба

Член 28

Секој корисник е должен да спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема во согласност со соодветниот технички пропис за вршење на технички преглед и периодично испитување.

2.Техничка инспекција при користење

Член 31

Корисникот на техничката опрема е одговорен за нејзината безбедност и за одржување на безбедноста на истата за цело време на нејзиното користење.

Корисникот на техничката опрема е должен да ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во соодветниот технички пропис.

Корисникот има право да изврши сопствен избор на независното правно лице кое ги изведува активностите од ставот 2 на овој член.

Член 31-а

Корисниците на техничката опрема се должни во секое време да овозможат непречено вршење на инспекцискиот надзор од страна на државните технички инспектори со непосреден увид на техничката опрема и техничката документација.

## *ЗАКОН ЗА ГРАДЕЊЕ (пречистен текст, Сл. бр. 59/2011)*

X. НАДЗОР

1. Инспекциски надзор
Член 128

(1) Работите на инспекциски надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон ги вршат градежни инспектори на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам (во натамошниот текст: градежни инспектори) и градежни инспектори на општините и на општините во градот Скопје (во натамошниот текст : овластени градежни инспектори).

(2) Градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од прва и втора категорија, а овластен градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од трета, четврта и петта категорија од членот 57 на овој закон.

Член 129

(1) Градежен инспектор, односно овластен градежен инспектор е службено лице кое е самостојно во вршењето на инспекцискиот надзор и својот идентитет и овластувања ги докажува со легитимација и амблем. Легитимацијата ја издава и одзема органот кој го назначил.
(2) Формата и содржината на образецот на легитимацијата и амблемот на градежниот инспектор и начинот на нејзиното издавање и одземање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работата од областа на уредување на просторот а на овластениот градежен инспектор градоначалникот на општината.

## ***<u>МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА</u>***

Република Македонија тековно применува пет договори за слободна трговија кои опфаќаат 40 трговски партнери: 27 држави на ЕУ, 4 земји на ЕФТА, 7 членки на ЦЕФТА, Турција и Украина.

Главната цел на склучувањето на Договорите е да се поттикне растот на трговијата помеѓу членките, да се зголемат странските директни инвестиции, да се отстранат царините и нецаринските бариери во меѓусебната трговија и да се постигне поголема транспарентност на трговските политики.

### ***МУЛТИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ***

Република Македонија има склучено три мултилатерални договори за слободна трговија:
- Договорот за стабилизација и асоцијација
- ЕФТА и
- ЦЕФТА

**Договор за стабилизација и асоцијација (ССА) со Европската Унија (28/2001)**

Со овој договор Република Македонија презеде обврски за либерализација на пазарот со Унијата, потпишување на договори за слободна трговија со државите од регионот и стабилизација на земјата.

Република Македонија е првата земја со која преговорите за Стабилизација и асоцијација завршија успешно и со која официјално е потпишан договор. Европската комисија ги започна преговорите во Скопје на 5 март 2000 и по три рунди преговори, ССА беше парафиран на 24 ноември 2000, на маргините на Самитот во Загреб. Истата е потпишана на 9 април 2001 година.

Спогодбата за стабилизација и асоцијација е поделена на делови и е фокусирана на следните главни елементи:
- Формирање на асоцијација помеѓу Европската заедница и нејзините земји-членки, од една страна и Република Македонија, од друга, во преоден период од најмногу десет години.
- Почитување на меѓународниот мир и стабилност, развивање на добрососедски односи, демократски принципи и човекови права, права на малцинствата, меѓународните правни принципи и владеење на правото.
- Политички дијалог со Република Македонија.
- Одредби за засилена регионална соработка со изгледи за формирање зони на слободна трговија помеѓу земјите во регионот.

- Перспектива за формирање на зона на слободна трговија помеѓу Заедницата и Република Македонија во рок од десет години по стапувањето во сила на Спогодбата.
- Одредби за движење на работната сила, слобода на основање, давање услуги, тековни исплати и движење на капиталот.
- Заложба на Република Македонија да го приближи своето законодавство до законодавството на ЕЗ, особено во клучните области на внатрешниот пазар.
- Одредби за соработка со Република Македонија во голем број области, вклучувајќи ја правдата и внатрешните работи.
- Одредба за формирање на Совет за стабилизација и асоцијација кој ќе ја надгледува имплементацијата на Спогодбата, формирање на Комисија за стабилизација и асоцијација и Парламентарна комисија за стабилизација и асоцијација.

Спогодбата за стабилизација и асоцијација стапи во сила на 1 април 2004 година. Деловите од ССА кои ги регулираат трговијата и трговските прашања стапија во сила на 1 јуни 2001 година со посебната Времена спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европската заедница. Со оваа спогодба се обезбеди асиметричен пристап во одвивање на трговијата со индустриските и земјоделско - прехранбените производи во полза на Република Македонија. Со тоа, македонските индустриски производи се извезуваат слободно без царина на пазарите на ЕУ, а трговијата со индустриски производи при увозот од ЕУ предвидено е постепено да се либерализира во период од 10 години. Во 10-та година од примената на Спогодбата (2011 година), размената во двете насоки започна да се одвива без царина.

**ЕФТА - Швајцарија, Норвешка, Исланд, Лихтенштајн ( 89/2001 и 62/2003)**

ЕФТА Договорот е мултилатерален Договор склучен помеѓу Република Македонија и (Швајцарската Конфедерација, Кралството Норвешка, Република Исланд и Кнежеството Лихтенштајн) на 19.06.2000 година во Цирих. Собранието на РМ го ратификува Договорот во ноември 2001 година (Службен весник на РМ број 89/2001), а неговата примена започна на 1 мај 2002 година. Со овој Договор се обезбедува асиметричен пристап во одвивање на трговијата со индустриските и земјоделско - прехранбените производи во полза на РМ. Со тоа, македонските индустриски производи се извезуваат слободно без царина на пазарите на ЕФТА државите, за потребите на 12 милиони жители. Од друга страна, трговијата со индустриски производи при увозот од ЕФТА државите во РМ се одвива во различен транзиционен период поединечно за секоја држава на ЕФТА и тоа во период од четири, седум и девет години. Во 10-та година од примената на Договорот, размената во двете насоки ќе се одвива без царина.

**Централноевропски договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006) Србија, Хрватска, Р Албанија, Босна и Херцеговина, Р.Молдавија, Р Црна Гора, Косово (УМНИК) (69/2007)**

Договорот за изменување и пристапување во ЦЕФТА наречен ЦЕФТА 2006 е потпишан на 19 декември 2006 година во Букурешт. Од 22.11.2007 година стапи на сила во однос на сите потписнички на Договорот и тоа: Р. Македонија, Р. Албанија, Босна и Херцеговина, Р. Хрватска, Р. Молдова, Р. Црна Гора, Р. Србија и УНМИК за територијата на Косово. ЦЕФТА 2006 претставува значаен чекор во напорите за економско интегрирање на земјите од Југоисточна Европа (регионот). Од економски аспект окрупнувањето, односно можноста за создавање на единствена зона на слободна трговија особено е поволна за земјите со мали пазари како Р. Македонија. Овој Договор покрај либерализацијата на трговијата со стоки, за прв пат отвори простор за зголемена соработка помеѓу нејзините членки и во следниве области: трговијата со услуги, јавни набавки, инвестиции и заштита на интелектуалната сопственост.

## *БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ*

Република Македонија има склучено билатерални договори за слободна трговија со Турција и Украина.

**Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција**

Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција ја регулира трговијата меѓу двете држави и се применува од 1 септември 2000 година.

**Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина**

Договорот за слободна трговија меѓу РМ и Украина претставува правна рамка со која се регулира билатералната трговска соработка меѓу двете земји и се применува од 10 септември 2001 година.



# ДЕЛ ШЕСТИ – ЗАШТИТА НА ИНВЕСТИТОРИТЕ

Во овој дел на Водичот се опфатени релевантните одредби за заштита на инвеститорите содржани во неколку најзначајни закони за потенцијалните инвеститори.

За заштита на правата на инвеститорите и подобрување на корпоративното работење во Република Македонија целосно се применува Законот за трговски друштва. Истовремено, Комисијата за хартии од вредност донесе нови подзаконски акти со кои се зајакнаа одредбите за известување и објавување информации на акционерските друштва и се воведоа мерки со кои се санкционира користењето на инсајдерски информации. Регулативата во оваа сфера особено внимание посветува и на заштитата на малцинските акционери со цел да се избегне повторувањето на одредени случаи од минатото кога истите беа попречувани слободно да располагаат со својот капитал.

Во однос на странските инвеститори, легислативата во Македонија гарантира слободен трансфер и репатријација на капитал и профит. Беше подготвена сеопфатна Стратегија за привлекување на странски инвестиции. За избегнување на двојното оданочување и поголема взаемна заштита на инвестиции, Владата континуирано склучува билатерални договори кои го гарантираат истото. Имено, договорите за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите се склучуваат со цел привлекување на странски инвестиции а во рамките на заложбите и активностите на државата за унапредување на соработката со другите држави.

Законот за меѓународна трговска арбитража е подолг временски период во сила.

## *ЗАКОН ЗА МЕЃУНАРОДНА ТРГОВСКА АРБИТРАЖА (Сл. бр. 39/2006)*

Член 1 Подрачје на примена

(1) Овој закон се применува на меѓународната трговска арбитража, доколку местото на арбитражата е на територија на Република Македонија. Одредбите од членовите 8, 9 и 37 на овој закон ќе се применуваат и кога местото на меѓународната трговска арбитража не е на територијата на Република Македонија. Меѓународната трговска арбитража, врз основа на спогодба на странките, ги решава споровите за правата со кои странките слободно располагаат.
(2) Арбитражата е меѓународна, доколку:
1) барем една од странките, во времето на склучување на арбитражната спогодба, е физичко лице со живеалиште или трајно престојувалиште надвор од територијата на Република Македонија, или е правно лице чие седиште не е на територија на Република Македонија или
2) местото каде што треба да се изврши значителен дел од обврските на трговскиот однос или местото со кое предметот на спорот е во најтесна врска, не се наоѓа на територија на Република Македонија.
(3) За примената на ставовите 3 и 5 од овој член, ако:
1) една од странките има повеќе седишта, нејзиното седиште е она кое е во најтесна врска со арбитражната спогодба и
2) странката која е правно лице нема седиште, ќе се земе предвид нејзината деловна единица.
(4) За решавање на споровите од ставот 2 на овој член, странките можат да договорат арбитража чие место е надвор од територијата на Република Македонија, единствено доколку барем една од странките, во времето кога се согласила да ги подложи споровите на арбитража согласно со членот 7 од овој закон, била физичко лице со живеалиште или трајно престојувалиште надвор од територијата на Република Македонија, или правно лице чие седиште е надвор од територијата на Република Македонија.
(5) Овој закон не се однесува на прашања за кои со закон е пропишано дека за решавањето на одредени спорови исклучиво е надлежен судот во Република Македонија.
(6) Република Македонија, правните лица основани од Република Македонија, сите други државни органи, единиците на локалната самоуправа и правните лица основани од нив можат да склучуваат спогодби за меѓународна трговска арбитража.

Член 36 Правна сила на арбитражната одлука

Арбитражната одлука донесена според одредбите на овој закон спрема странките има сила на правосилна судска пресуда и претставува извршна исправа.

Член 37 Признавање и извршување на странските арбитражни одлуки

(1) Како странска арбитражна одлука се смета арбитражната одлука што не е донесена во Република Македонија.
(2) Странската арбитражна одлука има припадност на државата во која е донесена.
(3) На признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки, ќе се применуваат одредбите на Конвенцијата за признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки потпишана на 10 јуни 1958 година во Њујорк ("Службен лист на СФРЈ, Меѓународни договори" бр. 11/81).

## *ЗАКОН ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ (Сл. бр. 21/2009; 24/2011)*

ПРВ ДЕЛ
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Содржина на Законот
Член 1

Со овој закон се уредуваат стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост.

Права од индустриска сопственост
Член 2

(1) Права од индустриска сопственост се: патент, индустриски дизајн, трговска марка, ознака на потеклото и географска ознака.
(2) Со патент се штити пронајдок.
(3) Со индустриски дизајн се штити нова форма на тело, слика, цртеж, контура, композиција на бои или нивна комбинација-дизајн.
(4) Со трговска марка се штити трговски знак.
(5) Со ознака на потеклото и географска ознака се штити географскиот назив.

Начело на законитост
Член 4

Правата признаени врз основа на овој закон не можат да се користат спротивно на Уставот, законите и на добрите деловни обичаи.

Субјекти на правата од индустриска сопственост
Член 5

(1) Субјекти на правата од индустриска сопственост се домашни и странски правни и физички лица.
(2) Странските правни и физички лица, во согласност со овој закон, во поглед на заштитата на правата од индустриска сопственост во Република Македонија ги уживаат истите права како и домашните правни и физички лица, ако тоа произлегува од меѓународните договори и конвенции или од применување на начелото на реципроцитет.
(3) Постоењето на реципроцитет од ставот (2) на овој член го докажува лицето коешто се повикува на него.

Права на субјектите на правата од индустриска сопственост
Член 6

(1) Пронајдувачот на патентот и авторот на индустрискиот дизајн имаат морални и исклучиви права на своите творби утврдени со закон.
(2) Субјектите од ставот (1) на овој член, како и носителот на патент, индустриски дизајн, трговска марка, овластениот корисник на ознака на потеклото и овластениот корисник на географска ознака, имаат и други права утврдени со меѓународни договори и конвенции, друг закон, општи акти и договор.

Надлежна институција
Член 9
(1) Работите во врска со стекнувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост ги извршува Државниот завод за индустриска сопственост (во натамошниот текст: Заводот).
(2) Заводот е управна организација со статус на самостоен орган на државна управа со надлежности утврдени со овој и друг закон.

(3) Заводот има својство на правно лице.
(4) Седиштето на Заводот е во Скопје.

Регистри и објавување податоци од регистрите на Заводот

Член 16
(1) Заводот води регистри на пријавени и признаени права од индустриска сопственост и регистар на застапници во областа на индустриската сопственост.
(2) Во регистрите се впишуваат и подоцнежните промени кои се однесуваат на подносителот на пријавата, носителот на правото и на самото право.
(3) Регистрите од ставот (1) на овој член се јавни.
(4) Регистрите на Заводот се водат во електронска форма.
(5) Податоците за поднесените пријави и признаените права од индустриска сопственост се објавуваат во службеното гласило во согласност со одредбите на овој закон.
(6) Службеното гласило се издава во електронска форма и се објавува на веб страницата на Заводот.

ЕДИНАЕСЕТТИ ДЕЛ

НАДЗОР

Член 316
Надзор на спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија.

Член 317
Инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите од овој закон по однос на прометот и употребата на заштитените права од индустриската сопственост врши Државниот пазарен инспекторат по службена должност (во натамошниот текст: Инспекторат) и по барање на носителот на правото.

***ЗАКОН ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА (Сл. бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 47/2010; 24/2011) (У. бр. 177/2008; 153/2008; 75/2010; 169/2010)***

ОДДЕЛ 3
ГОДИШНА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Обврска за составување годишна сметка и финансиски извештаи
Член 476

(1) Секој трговец од членот 469 став (1) на овој закон и подружница на странско друштво, по истекот на деловната година, составува годишна сметка.
(2) Трговците од членот 469 став (1) точка 1 на овој закон, по истекот на деловната година, составуваат и финансиски извештаи.
(3) За целите на подготвување годишна сметка и финансиски извештаи, под деловна година се подразбира календарска година.
(4) Годишната сметка вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки. Финансиските извештаи вклучуваат биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување од членот 469 став (1) точка 1 на овој закон.

(5) Трговецот во согласност со ставовите (1) и (2) на овој член составува годишна сметка и финансиски извештаи и во покус период од наведениот во ставот (3) на овој член, во случај на статусни промени (присоединување, спојување, поделба), ликвидација, стечај и во други случаи определени со закон.
(6) Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени согласно со одредбите на овој закон и со прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на друштвото за деловната година.
(7) Годишната сметка и финансиските извештаи ги потпишува извршниот член на одборот на директори, односно раководното лице именувано од страна на управниот одбор или, ако нема такво, претседателот на управниот одбор, односно управителот при што го наведува датумот на нивното составување и потпишување.
(8) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на годишната сметка и не може да ја менува во текот на една фискална година.

Изготвување и доставување на годишните сметки и на финансиските извештаи
Член 477

(1) Рокот за изготвување на годишната сметка од членот 476 став (1) на овој закон и на финансиските извештаи од членот 476 став (2) на овој закон не може да биде подолг од два месеца по истекот на деловната година, освен ако надлежниот државен орган не го продолжи на три месеца.
(2) По исклучок на одредбите од ставот (1) на овој член, трговците со сезонски карактер на дејност можат годишната сметка и финансиските извештаи да ги изготват за деловна година којашто е различна од календарската година, за што министерот за финансии издава решение врз основа на посебно барање на трговецот.
(3) Со договорот за друштвото и со статутот може да се уреди, покрај годишната сметка и финансиските извештаи предвидени со ставот (1) на овој член, да се изготвуваат и финансиски извештаи за покуси периоди од деловната година.
(4) Годишната сметка се доставува до Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година, односно во рок од 60 дена од денот на отворањето на постапката за ликвидација или стечајна постапка или на настанувањето на статусна промена, а сметките изготвени за покуси периоди од ставовите (1) и (2) на овој член се доставуваат до крајот на наредниот месец по истекот на последниот месец од пресметковниот период. Централниот регистар има обврска да ги обработува годишните сметки за потребите на Министерството за финансии. Надоместокот за стварните (оперативните) трошоци за обврската се уредуваат договорно.
(5) Друштвото коешто три години по ред не ја доставува до Централниот регистар годишната сметка, а кога тоа е определено со овој и друг закон и финансиските извештаи, престанува со бришење од трговскиот регистар на предлог на Централниот регистар. Судот, на предлог на Централниот регистар, во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот, назначува ликвидатор кој спроведува ликвидација на трговското друштво.
(6) Органот на управување, покрај годишната сметка за трговците од членот 469 став (1) на овој закон, односно финансиските извештаи за трговците од членот 469 став (1) точка 1 на овој закон, е должен, по завршувањето на секоја деловна година, да изготви и извештај за работата на друштвото во претходната деловна година со содржината определена во членот 384 став (7) од овој закон.

Ревизија на финансиски извештаи
Член 478

(1) Под ревизија се подведуваат следниве трговци:
1) големи и средни трговци организирани како акционерски друштва;
2) друштва чии хартии од вредност котираат на берза и
3) големи и средни трговци организирани како друштва со ограничена одговорност.
(2) Друштвото е должно да има ревизорско мислење на финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржувањето на собирот на содружниците, односно собранието.

Избор на овластен ревизор
Член 479

(1) Финансиските извештаи кои во согласност со членот 478 од овој закон се предмет на ревизија не можат да бидат одобрени ако на нив не е извршена ревизија од овластено друштво за ревизија или овластен ревизор - трговец поединец (во натамошниот текст: овластен ревизор).
(2) Овластениот ревизор го избира собирот на содружниците, односно собранието.
(3) Овластениот ревизор се избира пред истекот на деловната година за којашто се врши ревизијата.
(4) Извршните членови на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор или управителот на друштвото се должни да му овозможат на овластениот ревизор увид целокупната документација, вклучително и она што се смета за деловна тајна.
(5) Овластениот ревизор е должен да бара од лицата од ставот (4) на овој член објаснувања и докази што се потребни за вршење на уредно испитување на финансиските извештаи.
(6) Овластениот ревизор на финансиските извештаи поднесува извештај за извршена ревизија, според Меѓународните ревизорски стандарди (МРС) објавени во „Службен весник на Република Македонија“, што се ажурираат на годишна основа заради усогласување со тековните стандарди онака како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC).

Обврска за доставување на извештајот на ревизијата
Член 480

(1) Извршните членови на одборот на директори, односно управниот одбор или управителот веднаш по добивањето на извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка и финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото им ги доставуваат на одборот на директори, на надзорниот одбор, односно на контролорот. Истовремено, на одборот на директори, на надзорниот одбор, односно на контролорот му се доставува и предлог на одлука за распределба на остварената добивка, којашто ќе биде доставена на собирот на содружниците, односно до собранието за одлучување.
(2) Неизвршните членови на одборот на директори, надзорниот одбор, односно контролорот е должен да ги провери годишните сметки и финансиските извештаи и предлогот на одлуката за распределба на добивката. На барање на неизвршните членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, овластениот ревизор е должен да присуствува на состанокот на одборот на директори, односно на надзорниот одбор.
(3) Неизвршните членови на одборот на директори, надзорниот одбор, односно контролорот му поднесува на собирот на содружниците, односно на собранието писмен извештај за резултатите од контролата. Во извештајот неизвршните членови на одборот на директори, надзорниот одбор, односно контролорот го соопштуваат начинот на којшто извршиле контрола и обемот на контролата над управувањето со друштвото за време на претходната деловна година. Во извештајот се изјаснува и за резултатите од извршената ревизија спроведена од страна на овластениот ревизор за годишната сметка и за финансиските извештаи и за приговорите на ревизорот на составената годишна сметка и на финансиските извештаи и предлага дали тие да бидат усвоени или не.

***КРИВИЧЕН ЗАКОНИК (Сл. бр. 37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 135/2011) (У. бр. 220/2000; 210/2001; 206/2003; 228/2005)***

5. КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРАВНО ЛИЦЕ

Услови за кривична одговорност на правно лице

Член 28-а

(1) Во случаите определени со закон, правното лице е одговорно за кривичното дело сторено од

одговорно лице во правното лице, во име, за сметка или во корист на правното лице.

(2) Правното лице е одговорно и за кривично дело сторено од негов вработен или застапник на правното лице со кое е остварена значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета, ако:
1) извршувањето на заклучок, наредба или друга одлука или одобрение на орган на управување, орган на раководење или надзорен орган претставува сторување на кривично дело или
2) до сторување на делото дошло поради пропуштање на должниот надзор на органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган или
3) органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган не го спречил кривичното дело или го прикрил или не го пријавил пред покренувањето на кривична постапка против сторителот.

(3) Под условите од ставовите (1) и (2) на овој член, кривично се одговорни сите правни лица со исклучок на државата.

(4) Единиците на локалната самоуправа се одговорни само за делата извршени надвор од нивните јавни овластувања.

(5) Под условите од ставовите (1) и (2) на овој член, странско правно лице е кривично одговорно ако делото е сторено на територијата на Република Македонија, без оглед дали има свое претставништво или подружница која врши дејност на нејзина територија.

Граници на одговорноста на правното лице

Член 28-б

(1) Одговорноста на правното лице не ја исклучува кривичната одговорност на физичкото лице како сторител на делото.

(2) Под условите од членот 28-а ставови (1) и (2) на овој член правното лице е одговорно за кривично дело и кога постојат фактички или правни пречки за утврдување на кривичната одговорност на физичкото лице како сторител на делото.

(3) Ако кривичното дело е сторено од небрежност, правното лице е одговорно под условите од членот 28-а на овој законик, ако со закон е предвидено казнување за кривично дело сторено од небрежност (член 11 став 2).

Одговорност во случај на стечај и промена на статусот на правното лице

Член 28-в

(1) Правното лице што е во стечај е одговорно за кривичното дело сторено до донесување на решение за отворање на стечајна постапка под условите од членот 28-а на овој законик, ако со делото е стекната за него значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета.

(2) Ако пред завршувањето на кривичната постапка против правното лице дојде до присоединување, спојување, поделба или друга статусна промена согласно со закон поради која тоа го изгубило статусот на правно лице, кривичната постапка ќе продолжи против неговиот правен следбеник или следбеници.

Видови казни

Член 33

(1) За кривични дела на кривично одговорните сторители може да им се изречат следниве казни:

1) казна затвор;
2) парична казна;
3) забрана на вршење професија, дејност или должност;
4) забрана на управување со моторно возило и
5) протерување странец од земјата.

(2) Казната затвор може да се изрече само како главна казна.

(3) Паричната казна може да се изрече како главна и како споредна казна заедно со казната затвор или со условната осуда со која е утврдена казна затвор.

(4) Ако за едно кривично дело се пропишани казната затвор или паричната казна, како главна казна може да се изрече само едната од нив, освен кога со закон е пропишано дека може да се изречат и двете казни.

(5) Заедно со главната казна може да се изрече една или повеќе споредни казни, под условите за нивното изрекување предвидени во законот. Со закон може да се пропише и задолжително изрекување на споредна казна.

(6) Казната забрана на вршење професија, дејност или должност може да се изрече само како споредна казна заедно со казната затвор или со условна осуда со која е утврдена казна затвор.

(7) Казните забрана на управување со моторно возило и протерување странец од земјата можат да се изречат ако на сторителот му е изречена казна затвор или парична казна, условна осуда или судска опомена.

(8) Казната забрана на управување со моторно возило може да се изрече и како единствена казна на сторителот на небрежно дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до една година, ако делото го сторил под особено олеснувачки околности.

Повреда на правата од работен однос

Член 166

(1) Тој што свесно не се придржува кон закон, друг пропис или колективен договор, за засновање или престанок на работниот однос, за платата и надоместоците на платата, работно време, одморот или отсуството, заштитата на жената, младината и инвалидите или за забрана на прекувремената или ноќната работа и со тоа повреди, одземе или ограничи право што на работникот му припаѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Повреда на правото од социјално осигурување

Член 167

(1) Тој што свесно не се придржува кон закон, друг пропис или колективен договор, за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и други видови социјално осигурување и со тоа повреди, одземе или ограничи право што на работникот му припаѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Злоупотреба на правата од социјално осигурување

Член 168

Тој што со симулирање или предизвикување болест или неспособност за работа ќе оствари право на здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и други видови социјално осигурување, што според закон, друг пропис или колективен договор не му припаѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Повреда на правата за време на привремена невработеност

Член 169

Тој што со злоупотреба на службената должност не се придржува кон закон, друг пропис или колективен договор за правата на граѓаните за време на привремена невработеност и со тоа на друг потешко ќе му го повреди или одземе правото што му припаѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Непреземање мерки за заштита при работа

Член 170

(1) Одговорно лице во правно лице кое свесно не се придржува кон закон, друг пропис или колективен договор за мерките за заштита при работата, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) При изрекувањето условна осуда судот може на сторителот да му наложи во определен рок да постапи според прописите за мерките за заштита при работата.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Лажен стечај

Член 254

(1) Тој што со намера да избегне обврска за плаќање ќе предизвика стечај со привидно продавање на имотот или негов дел, со префрлање на средства на други сметки или отстапување без надоместок или отуѓување со несразмерно ниска вредност, со склучување лажни спогодби за долг или признавање невистинити побарувања или со прикривање, уништување, преправање или водење деловни книги така што да не може да се утврди неговата вистинска имотна состојба, ќе се казни со затвор од една до пет години и со парична казна.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Предизвикување стечај со несовесно работење

Член 255

(1) Тој што знае дека самиот или некој друг како должник е неспособен за плаќање со неразумно трошење и отуѓување предмети и права за несразмерно ниска цена, со прекумерно задолжување, со преземање несразмерни обврски, склучување или обновување договори со лица неспособни за плаќање , со пропуштање да се оствари побарување или на друг начин ги повредува своите должности при управувањето со имотот или при водењето на работите и со тоа ќе предизвика стечај, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ, ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ И СТОПАНСТВОТО

Перење пари и други приноси од казниво дело

Член 273

(1) Тој што ќе пушти во оптек или промет, прими, преземе, замени или раситни пари или друг имот што го прибавил со казниво дело или за кој знае дека е прибавен со казниво дело, или со претворање, промена, пренос или на друг начин ќе прикрие дека потекнува од таков извор или ќе ја прикрие неговата локација, движење или сопственост, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што поседува или употребува имот или предмети за кои знае дека се прибавени со извршување на казниво дело или со фалсификување на исправи, непријавување на факти или на друг начин ќе прикрие дека потекнуваат од таков извор, или ќе ја прикрие нивната локација, движење и сопственост.

(3) Ако делото од ставовите 1 и 2 е сторено во банкарско, финансиско или друго стопанско работење или ако со разделување на трансакцијата ја избегнува должноста за пријавување во случаите определени со закон, сторителот ќе се казни со затвор најмалку три години.

(4) Тој што ќе го стори делото од ставовите 1, 2 и 3, а бил должен и можел да знае дека парите, имотот и други приноси од казниво дело се прибавени со казниво дело, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(5) Тој што делото од ставовите 1, 2 и 3 ќе го стори како член на група или друго здружение што се занимава со перење пари, противправно прибавување на имот или други приноси од казниво дело, или со помош на странски банки, финансиски установи или лица, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(6) Службено лице, одговорно лице во банка, осигурително друштво, друштво што се занимава со приредување игри на среќа, менувачница, берза или друга финансиска институција, адвокат, освен кога постапува како бранител, нотар или друго лице кое врши јавни овластувања или работи од јавен интерес, што ќе овозможи или ќе дозволи трансакција или деловен однос, спротивно на неговата законска должност или ќе изврши трансакција спротивно на забраната изречена од надлежен орган или привремена мерка одредена од суд или нема да го пријави перењето пари, имот или имотна корист, за кое дознало во вршењето на својата функција или должност, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(7) Службено, одговорно лице во банка или друга финансиска институција, или лице кое врши работи од јавен интерес, кое според закон е овластен субјект за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, кое неовластено ќе открие на клиент или на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за спречување на перење пари, ќе се казни со затвор од три месеца до пет години.

(8) Ако делото е сторено од користољубие или заради користење на податоци во странство, сторителот ќе се казни со затвор најмалку една година.

(9) Ако делото од ставот (7) на овој член е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(10) Ако постојат фактички или правни пречки за утврдување на претходното казниво дело и гонење на

неговиот сторител, постоењето на такво дело се утврдува врз основа на фактичките околности на случајот и постоењето на основано сомнение дека имотот е прибавен со такво дело.

(11) Знаењето на сторителот, односно должноста и можноста да знае дека имотот е прибавен со казниво дело можат да бидат утврдени врз основа на објективните фактички околности на случајот.

(12) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(13) Приносот од казнивото дело се одзема, а ако одземањето не е можно од сторителот ќе се одземе друг имот што одговара на неговата вредност.

Измама при работењето со хартии од вредност и удели

Член 275

(1) Тој што при преземање на акционерско друштво или пуштање во промет хартии од вредност или удели и друга документација која се однесува на хартиите од вредност или уделите, врз основа на невистинита, нецелосна или пристрасна информација лажно ќе ја прикаже имотната состојба на правното лице кое ги пушта во промет хартиите од вредност или уделите, податоците за добивката или загубите, неговото финансиско работење или други податоци за работењето на правното лице што влијаат врз пазарната вредност на хартиите од вредност или уделите, со што ќе наведе едно или повеќе лица да ги продаваат или купуваат акциите или другите хартии од вредност или уделите, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што во правното лице спротивно на својата должност за чување деловна тајна, ќе соопшти на неовластено лице или на друг начин ќе искористи податок кој претставува деловна тајна што влијае врз цената на хартиите од вредност или уделите и со тоа ќе ги доведе во нееднаква положба физичките или правните лица на пазарот на хартиите од вредност или уделите.

(3) Одговорно лице во правно лице, лице со посебни овластувања, друг вработен во правното лице, акционерите или содружниците во правното лице или надворешен соработник на правното лице што има пристап до внатрешни информации, кое во своето работење ќе стекне доверливи информации или други внатрешни информации од значење за работењето на правното лице и вредноста на хартиите од вредност или уделите и нив неовластено самиот ќе ги искористи или ќе ги пренесе на трето лице кое врз основа на тие информации со купување или продавање на хартии од вредност или уделите на правното лице или се обелоденуваат други невистинити податоци и ќе прибави за себе или за друг поголема имотна корист, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Тој што на пазарот на хартии од вредност ќе склучи трансакција или ќе даде налог за тргување кој содржи невистинити податоци за понудата, побарувачката или цената на хартиите од вредност, ќе даде невистинити информации или ќе пропушти да даде неопходни информации кои се однесуваат на цената на хартиите од вредност или со друго измамничко дејствие ќе предизвика заблуда кај продавачите или купувачите на хартии од вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(5) Ако со делото од ставовите 1, 2 и 3 сторителот прибавил за себе или за друг поголема имотна корист или за друг предизвикал поголема имотна штета, или се оштетени поголем број лица или предизвикал нарушување или растројство на пазарот на хартии од вредност, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(7) Судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од овој законик.

Повреда на правата од хартии од вредност

Член 275-а

(1) Одговорно лице во правно лице, друг вработен во правното лице, акционер или содружник или лице овластено од одговорното лице кое попречува сопственик на хартии од вредност во остварувањето на правата од хартии од вредност или врши повреда на правата од хартии од вредност, ќе се казни со парична казна и затвор до три години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено спрема две или повеќе лица, сторителот ќе се казни со парична казна и затвор од една до пет години."

Незаконито постапување на овластен ревизор

Член 275-б

(1) Овластен ревизор кој потпишал неточен или некомплетен финансиски извештај , односно финансиски извештај што предизвикува заблуда или кој е во спротивност со меѓународните стандарди за финансиско известување и меѓународните стандарди за ревизија на издавач на хартии од вредност кои се тргуваат на овластена берза и со тие активности довел определено лице да претрпи штета или оствари имотна корист преку влијание на обемот на тргување или цената на хартијата од вредност на издавачот на начин што се зголемува или намалува цената на хартиите од вредност и ги наведува инвеститорите да ги купуваат или продаваат хартиите од вредност или се предизвикува привид на активно тргување со хартии од вредност за да се наведат инвеститорите да купуваат односно продаваат хартии од вредност, ќе се казни со парична казна и затвор до пет години.

(2) Ако делото е сторено спрема повеќе лица, сторителот ќе се казни со парична казна и затвор од една до пет години.

(3) Ако со делото од ставовите (1) и (2) на овој член сторителот прибавил за себе или за друг поголема имотна корист или за друг предизвикал поголема имотна штета, или се оштетени поголем број лица, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од овој законик.

Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство

Член 275-в

(1) Тој што свесно ќе ги повреди прописите за постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство со поднесување невистинита документација, со договарање со други можни учесници заради изигрување на постапката за доделување на договори за јавна набавка, со неизвршување на обврските од договорот со намера истиот да се изигра или на друг начин намерно ќе ги повреди правилата на таа постапка и со тоа за себе или за друг ќе оствари поголема имотна корист, или ќе предизвика поголема штета, ако не се исполнети обележјата на друго потешко дело, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако сторителот со извршување на делото од ставот (1) на овој член остварил за себе или за друг

значителна имотна корист или предизвикал значителна штета, ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(3) Ако сторителот со извршување на делото од ставот (1) на овој член остварил за себе или за друг имотна корист од поголеми размери или предизвикал штета од поголеми размери, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Обидот на делото од ставот (1) на овој член е казнив.

(6) Судот ќе му изрече на сторителот од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б на овој законик.

(7) Со паричната казна, судот ќе му изрече на правното лице и забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка.

Даночно затајување

Член 279

(1) Тој што со намера самиот или некој друг да одбегне целосно или делумно плаќање данок, придонес или некоја друга давачка на која е обврзан со закон, дава лажни податоци за своите приходи или за приходите на правното лице, предметите или другите факти од влијание за утврдување на износот на ваквите обврски или тој што со иста намера во случај на задолжителна пријава не пријави приход, односно предмет или друг факт од влијание за утврдување на ваквите обврски, а износот на обврската е од поголема вредност, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години и со парична казна. 9

(2) Ако износот на обврската од став 1 е значителен, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години и со парична казна.

(3) Ако делото од став 1 го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Повреда на рамноправноста во вршењето на стопанска дејност

Член 282

(1) Тој што со злоупотреба на својата службена положба или овластување ќе го ограничи слободното движење на средства за репродукција на определено подрачје, ќе го одземе или ограничи правото на претпријатие и друго правно лице на определено подрачје да се занимава со промет на стоки и услуги, ќе стави правно лице во нерамноправна положба спрема други правни лица во поглед на условите за работа или за вршење промет на стоки и услуги или ќе го ограничи слободното вршење на дејноста или слободната размена на стоки и услуги, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што ќе ја искористи својата општествена положба или влијание да се изврши делото.

Спречување, ограничување или нарушување на конкуренција

Член 283

(1) Одговорно лице во правно лице кое ќе склучи договор или ќе учествува во склучување на договор, одлука или договорена практика, забранети со закон, кои имаат за цел спречување, ограничување или

нарушување на конкуренцијата, па поради тоа правното лице ќе се здобие со имотна корист од големи размери или ќе предизвика штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Нелојална конкуренција во работи на надворешно-трговскиот промет

Член 284

(1) Застапник или претставник на домашно правно лице кој знаејќи дека друго домашно правно лице претходно постигнало спогодба со странска фирма за работа во надворешно-трговскиот промет или дека претстои склучување договор за таа работа, ќе и даде понуда на таа фирма за продажба или за купување на ист вид стока, односно за извршување на иста услуга, па поради тоа странската фирма ќе се откаже од склучување на договорот или договорот ќе се склучи под понеповолни услови за домашното правно лице, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член се здобил со имотна корист од големи размери или предизвикал штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Повреда на права од индустриска сопственост и неовластена употреба на туѓа фирма

Член 285

(1) Тој што спротивно на прописите за индустриска сопственост со намера да измами купувачи или корисници на услуги ќе повреди туѓа заштитена трговска марка, туѓ заштитен индустриски дизајн, туѓа заштитена ознака на потеклото на производот и географска ознака, ќе се казни со казна затвор од најмалку три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што со намера да измами купувачи неовластено ќе произведе, пушти во промет, увезе, извезе, понуди на продажба или складишти производи што се предмет на заштита на правата од ставот (1) на овој член.

(3) Тој што неовластено ќе употреби туѓа фирма или неовластено ќе внесе во својата фирма обележја од правата од ставот (1) на овој член, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(4) Тој што со делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член прибавил значителна имотна корист или предизвикал значителна имотна штета, ќе се казни со затвор од една до пет години и парична казна.

(5) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од организирана група или со делото е предизвикана опасност за животот и здравјето на луѓето, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(7) Предметите што се направени или употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат.

Повреда на правото од пријавен или заштитен пронајдок и топографија на интегрални кола

Член 286

(1) Тој што со намера да оштети друг или да прибави противправна имотна корист неовластено ќе поднесе пријава на патент или во пријавата нема да го наведе или лажно ќе го наведе пронаоѓачот или ќе ја направи достапна на јавноста суштината на пронајдокот пред тој да биде објавен на начин утврден со

закон, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што со намера да оштети друг или да прибави противправна имотна корист неовластено ќе произведе, пушти во промет, увезе, извезе, понуди на продажба, складишти или користи производ или постапка која е предмет на заштита со патент или неовластено ќе употреби, репродуцира, увезе, извезе или дистрибуира заштитена топографија на интегрално коло или софтвер.

(3) Тој што со делото од ставовите (1) и (2) на овој член прибавил значителна имотна корист или предизвикал значителна имотна штета, ќе се казни со затвор од една до пет години и парична казна.

(4) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено од организирана група или со делото е предизвикана опасност за животот и здравјето на луѓето, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор од најмалку три години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(6) Предметите кои се направени или употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат.

Злоупотреба на овластување во стопанството

Член 287

(1) Одговорно лице кое со намера да прибави противправна имотна корист за правното лице во кое работи или за друго правно лице: создава или држи недозволени фондови во земјата или во странство или со составување на исправа со невистинита содржина, со лажен биланс, процена или инвентарисување или со друго лажно прикажување или со прикривање на факти ја прикажува невистинито состојбата и движењето на средствата и на резултатите на работењето и на тој начин ќе ги доведе во заблуда органите на управување во правното лице при донесувањето на одлуки, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни одговорно лице во правно лице со кое е склучен договор за сместување на стоковни резерви, кое стоките неовластено ги користи или ги отуѓи или им ја промени намената или складишниот простор, или на друг начин располага со стоките спротивно на договорот.

(3) Ако со делото од став 1 е прибавена значителна имотна корист, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

## *ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА (Сл. бр. 28/2002; 46/2004; 126/2006; 10/2008; 161/2008; 145/2010) (У. бр. 190/2002; 44/2005; 160/2006)*

(1) Одговорно лице во трговско друштво или друго правно лице не смее да ја искористи својата положба, да прими награда или каква и да е друга корист или ветување за тоа, за себе или за друг, заради:

- создавање монополска положба на пазарот;
- дискриминација на други трговски друштва или други правни лица;
- предизвикување растројство на пазарот и причинување штета на друго физичко или друго правно лице, о што не е резултат на лојална конкуренција на пазарот

(2) Трговско друштво или друго правно лице не смее да воспостави односи на деловна соработка со трговско друштво или друго правно лице кога постои судир на интереси.

(3) Договорите и другите правни акти што се резултат на корупција на одговорното лице, како и договорите што се резултат на корупција, односно остварување противправна корист за правното лице, се ништовни.
(4) Настапувањето на последицата од став 1, 2 и 3 и на овој член претставува основа за поднесување тужба од оштетеното лице за надоместок на штета (вистинска штета и изгубена добивка).
(5) Ако постои основано сомневање во вистинитоста на годишната завршна сметка што ја поднесува правното лице или на другите деловни книги и финансиски документи, на барање на Државната комисија Управата за јавни приходи ќе изврши контрола на материјално-финансиското работење.
(6) Ако постои основано сомневање во вистинитоста на податоците за материјално финансиското работење на трговското друштво или друго правно лице, на барање на Државната комисија, надлежните органи ќе извршат контрола на материјално - финансиското работење на тоа правно лице.
(7) Ако по извршената контрола од ставот (6) на овој член се констатираат неправилности, Управата за јавни приходи против одговорното лице во трговското друштво и другото правно лице, односно членовите на органот на управување во правното лице, ќе покрене постапка за испитување на имотната состојба. Постапката се води според одредбите на членот 36 и членот 36-а од овој закон.

## *ДОГОВОРИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ВЗАЕМНА ЗАШТИТА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ*

Вообичаено овие видови договори се потпишуваат во насока на правна заштита на инвестициите направени од инвеститорите на една држава на територијата на друга држава. Во таа насока, Република Македонија и останатите држави потписнички се обврзуваат дека на инвестициите направени од инвеститори на другата Договорна страна ќе им овозможат третман кој не е помалку од третманот што им се дава на инвестициите на сопствените инвеститори. Со овие договори обично се регулираат и начинот на решавањето на евентуално настанати спорови меѓу инвеститор и Договорна страна или спорови меѓу двете Договорни страни.

Република Македонија има склучено ваков вид договори со следните држави:

| Држава | Датум на склучување (потпишување) | Датум на стапување во сила | Објавен во Сл. Весник (бр./година) |
|---|---|---|---|
| 1. Кралство Мароко | 11.05.2010 г. | 06.11.2010 г. | 143/2010 |
| 2. Република Белорусија | 20.06.2001 г. | 08.07.2002 г. | 47/2002 |
| 3. Романија<br>- Протокол на изменување на договорот | 12.06.2000 г.<br>27.02.2008 г. | 08.02.2002 г.<br>31.01.2009 г. | 7/2002<br>10/2009 |
| 4. Црна Гора | 15.12.2010 г. | 09.09.2011 г. | 117/2011 |
| 5. Република Австрија | 28.03.2001 г. | 08.02.2002 г. | 7/2002 |
| 6. Република Словачка | 25.06.2009 г. | 25.12.2009 г. | 150/2009 |
| 7. Република Бугарија<br>- Протокол кон Договорот | 22.02.1999 г.<br>03.11.2006 г. | 05.06.1999 г.<br>10.06.2007 г. | 23/1999<br>68/2007 |
| 8. Република Индија | 17.03.2008 г. | 16.10.2008 г. | 126/2008 |
| 9. Република Босна и Херцеговина | 16.02.2001 г. | 08.02.2002 г. | 7/2002 |
| 10. Република Унгарија | 13.04.2001 г. | 24.02.2002 г. | 12/2002 |
| 11. Кралство Шпанија | 20.06.2005 г. | 24.12.2005 г. | 110/2005 |
| 12. Кувајт | 08.04.2008 г. | 04.05.2010 г. | 57/2010 |
| 13. Република Чешка | 21.06.2001 г. | 20.09.2002 г. | 7/2002 |

| Држава | Датум на склучување (потпишување) | Датум на стапување во сила | Објавен во Сл. Весник (бр./година) |
|---|---|---|---|
| - Протокол за измена на договорот | 05.05.2009 г. | 28.09.2010 г. | 123/2010 |
| 14. Исламската Република Иран | 12.06.2000 г. | 08.02.2002 г. | 7/2002 |
| 15. Република Хрватска | 06.07.1994 г. | 04.11.1995 г. | 17/1995 |
| 16. Република Турција | 14.07.1995 г. | 27.10.1997 г. | 5/1997 |
| 17. Република Словенија | 05.06.1996 г. | 21.09.1999 г. | 55/1996 |
| 18. Сојузна Република Југославија | 04.09.1996 г. | 22.07.1997 г. | 69/1996 |
| 19. СР Германија | 10.09.1996 г. | 17.09.2000 г. | 8/1997 |
| 20. Швајцарија | 26.09.1996 г. | 06.05.1997 г. | 8/1997 |
| 21. Република Полска | 28.11.1996 г. | 22.04.1997 г. | 17/1997 |
| 22. Република Италија | 26.02.1997 г. | 28.05.1999 г. | 34/1997 |
| 23. Народна Република Кина | 09.06.1997 г. | 01.11.1997 г. | 49/1997 |
| 24. Руска федерација | 21.10.1997 г. | 09.07.1998 г. | 7/1998 |
| 25. Малезија | 11.11.1997 г. | 17.03.1999 г. | 7/1999 |
| 26. Демократска Народна Република Кореја | 15.12.1997 г. | 30.04.1998 г. | 15/1998 |
| 27. Република Франција | 29.01.1998 г. | 31.03.2000 г. | 16/1998 |
| 28. Украина | 02.03.1998 г. | 25.03.2000 г. | 21/1998 |
| 29. Кралство Шведска | 07.05.1998 г. | 01.10.1998 г. | 31/1998 |
| 30. Кралство Холандија | 07.07.1998 г. | 01.06.1999 г. | 13/1999 |
| 31. Кралство Белгија | 16.02.1999 г. | 04.11.2002 г. | 23/1999 |
| 32. Република Бугарија | 22.02.1999 г. | 05.06.1999 г. | 23/1999 |
| 33. Република Кина | 09.06.1999 г. | 09.06.1999 г. | 44/1999 |
| 34. Република Финска | 25.01.2001 г. | 22.03.2002 г. | 7/2002 |
| 35. Босна и Херцеговина | 15.02.2001 г. | 25.10.2001 г. | 7/2002 |
| 36. Република Унгарија | 13.04.2001 г. | 14.03.2002 г. | 12/2002 |
| 37. Република Чешка | 21.06.2001 г. | 20.09.2002 г. | 7/2002 |
| 38. Кралство Шпанија | 20.06.2005 г. | 30.01.2007 г. | 110/2005 |
| 39. Република Албанија | 04.12.1997 г. | 03.04.1998 г. | 15/1998 |



# ДЕЛ СЕДМИ – ЗАТВОРАЊЕ НА БИЗНИС

Финансиските средства и времето што е потребно да се ликвидира или затвори едно трговско друштво претставуваат главните прашања кои ќе бидат обработени во осмиот дел на Правниот водич за инвеститори. Кога станува збор за Република Македонија и постапките за затворање на бизниси, Законот за стечај предвидува поевтино и побрзо спроведување на стечајните постапки кои во просек траат околу девет месеци. Во таа насока, во овој дел на Водичот ќе бидат опфатени најзначајните одредби на Законот за стечај во врска со затворањето на бизнис.

***ЗАКОН ЗА СТЕЧАЈ (Сл. бр. 34/2006; 126/2006; 84/2007; 47/2011) (У. бр. 184/2007; 11/2009)***

Дел први
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на законот
Член 1

Со овој закон се уредуваат целите и условите за отворање на стечајната постапка; органите на стечајната постапка; управувањето и располагањето со имотот што влегува во стечајната маса; намирувањето на побарувањата на доверителите во стечајната постапка; правните последици од отворањето на стечајната постапка; планот за реорганизација; личното управување; ослободувањето од другите обврски; посебните видови стечајни постапки за поединци со статус на трговец; стечајни постапки со странски елемент и други прашања во врска со стечајот.

Цели на стечајната постапка
Член 3

(1) Стечајната постапка има за цел колективно намирување на доверителите на стечајниот должник (во натамошниот текст: должник) со впаричување на должниковиот имот и распределба на остварените средства (приходи) на доверителите или со склучување на посебен договор за порамнување на побарувањата утврдени со планот за реорганизација што е насочен кон натамошно одржување на должниковиот деловен потфат (во натамошниот текст: претпријатието).
(2) Со реорганизација може да се врши и порамнување на побарувањата пред отворањето на стечајната постапка под условите утврдени со овој закон.

Лица над чиј имот се спроведува стечајот
Член 4

(1) Стечајна постапка се спроведува над имотот на должникот - правно лице, како и над имотот на должник - поединец кој имал регистрирана дејност, освен ако со овој закон поинаку не е предвидено.
(2) Стечајна постапка може да се спроведе и над имот на стопанска интересовна заедница, над имот на умрено лице и над заедничкиот имот на брачните другари.
(3) Стечајна постапка не може да се спроведе над имотот на Република Македонија, над фондовите што се финансираат од Буџетот на Република Македонија, фондовите за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, единиците на локалната самоуправа, над органите на државната управа, како и на други правни лица со јавно овластување, ако тие со закон се изземени од стечајната постапка.
(4) За обврската на правното лице од ставот (3) на овој член, над кое не се спроведува стечајна постапка, солидарно одговараат неговите основачи, односно содружници или акционери.
(5) Одредбите од овој закон не се применуваат на стечајната постапка над банки, штедилници, друштва за осигурување и други финансиски организации, освен одредбите со кои се уредуваат прашања кои не се уредени со посебните закони.
(6) Стечајна постапка може да се отвори и по ликвидацијата на трговско друштво, сé додека не е извршена распределба на ликвидационата маса.

Услови за отворање стечајна постапка
Член 5

(1) Стечај или реорганизација над стечајниот должник се спроведува кога стечајниот должник е неспособен за плаќање.

(2) Ќе се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање.
(3) Одредбите од ставот (2) на овој член нема да се применуваат ако должникот во текот на претходната постапка ги исплатил сите побарувања кои требало врз основа на важечки основи за наплата да ги исплати од сите негови сметки, или ако дојде до преземање на долг. Намирената обврска должникот може да ја докаже само со јавна исправа или со потврда издадена од Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централниот регистар).
(4) Постоењето на околностите од ставовите (2) и (3) на овој член за тоа дека должникот е неспособен за плаќање се докажува со потврда издадена од Централниот регистар. Централниот регистар е должен без одлагање на предлагачот, на негово барање, да му издаде таква потврда, во спротивно одговара за штета што доверителот поради тоа би можел да ја претрпи.

Месна надлежност
Член 6

(1) Во стечајната постапка месно надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на должникот. Еднаш заснована месна надлежност на судот, од денот на поднесувањето на предлогот за отворање стечајна постапка, не може да се измени без оглед на околностите на случајот.
(2) Судот кој донел решение за отворање на стечајната постапка е исклучиво надлежен за решавање по тужбите за утврдување на оспорените побарувања кои настанале по отворањето на стечајната постапка. Судот пред кој се водат постапките е должен по барање на судот којшто донел решение за отворање на стечајна постапка, без одлагање, да го достави предметот со сите списи.

Начела на постапката
Член 8

(1) Стечајната постапка се поведува по предлог.
(2) Стечајната постапка е итна.
(3) Судот може да ги донесува одлуките и без усна расправа.
(4) Судот може да се откаже од сослушување на должникот кога тоа е пропишано со овој закон, или ако лицата овластени за застапување на должникот врз основа на закон или лицата кои имаат удел или акции кај должникот, односно самиот должник - поединец, се со непознато престојувалиште или се наоѓаат во странство, па нивното сослушување би довело до прекумерно одолжување на постапката.
(5) Предлози, изјави и приговори не можат да се даваат, односно да се поднесуваат, ако се пропушти рокот или рочиштето, односно собранието на кое требало да се дадат или поднесат, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Во стечајната постапка не може да се бара враќање во поранешната состојба, освен ако со овој закон поинаку не е определено.
(6) Табелите и извештаите можат да се изработуваат и обработуваат во електронска форма.

Дел единаесетти
МЕЃУНАРОДЕН СТЕЧАЈ

Глава прва
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Обем на примена
Член 319

(1) Меѓународниот стечај се спроведува кога:
1) странски суд или странски претставник (странски стечаен управник, доверители и други) побара помош во врска со постапката што се води во странска држава;

2) странска држава побара помош во врска со постапката која се води во Република Македонија во согласност со овој закон;
3) постапка во странска држава се води истовремено со постапка која се води во Република Македонија врз основа на овој закон и
4) доверители или други лица од странска држава кои имаат правен интерес, бараат поведување постапка или учествуваат во постапка која се води во согласност со овој закон.
(2) Одредбите од ставот (1) на овој член кои се однесуваат на меѓународниот стечај не се применуваат спрема лицата и имотот наведени во одредбите на членот 4 став (3) од овој закон.

Глава втора
МЕЃУНАРОДНА НАДЛЕЖНОСТ НА СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Исклучива меѓународна надлежност
Член 320

(1) Судот на Република Македонија исклучиво е надлежен за спроведување на стечајна постапка против стечаен должник чие седиште е во Република Македонија.
(2) Се претпоставува дека претежното деловно работење на стечајниот должник е во местото во кое го има запишано своето седиште.
(3) Ако се докаже дека претежното деловно работење на стечајниот должник се наоѓа во странство, а неговото седиште е запишано во Република Македонија, надлежниот суд во Република Македонија е исклучиво надлежен за спроведување на стечајната постапка против тој стечаен должник ако според правото на државата во која стечајниот должник има претежно деловно работење не може да се отвори стечајна постапка по таа основа.
(4) Постапката од ставот (1) на овој член го опфаќа целиот имот на должникот, без оглед на тоа дали имотот се наоѓа во Република Македонија или во странство (главна стечајна постапка).
(5) Кога запишаното седиште на стечајниот должник се наоѓа во странство, а неговото претежно деловно работење е во Република Македонија, за стечајната постапка исклучиво е месно надлежен судот на чие подрачје се наоѓа претежното деловно работење на стечајниот должник.

Меѓународна надлежност спрема деловната единица, односно имотот на странскиот стечаен должник во Република Македонија

Основни начела
Член 322

Стечајната постапка и нејзините правни последици се определуваат според правото на државата во која постапката е отворена, доколку овој закон во натамошните одредби не предвидува нешто друго.

Глава трета
ПРЕТПОСТАВКИ И ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Примена на општите правила за признавање странска судска одлука
Член 327

За признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка на соодветен начин се применуваат општите правила на правото на Република Македонија за признавање странски судски одлуки, ако со одредбите на овој закон поинаку не е предвидено.

Глава четврта
ВАЖЕЊЕ НА ПРИЗНАТА СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Признавање по отворање на стечајната постапка во Република Македонија

Признавање странска одлука во случај на претходно отворена стечајна постапка во Република Македонија
Член 337

(1) Странската одлука за отворање на стечајна постапка која ги исполнува претпоставките за признавање според членот 330 од овој закон ќе се признае иако пред поднесувањето на предлог за признавање против должникот е отворена стечајна постапка во Република Македонија според одредбата од членот 321 став (1) или (2) на овој закон.
(2) Признатата странска одлука за отворање на стечајна постапка произведува дејство предвидено во одредбите на членовите од 346 до 350 на овој закон. Странскиот стечаен управник не може да ги оспори побарувањата кои веќе се утврдени во претходно покренатата постапка во Република Македонија.
(3) Ако на денот на поднесувањето на предлогот за признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка истекол рокот од 15 дена од денот на авансната распределба на стечајната маса во стечајната постапка отворена во Република Македонија, делбата нема да се спроведе врз основа на одлуката за делба донесена во странската стечајна постапка.

Признавање без последици од отворање на стечајна постапка во Република Македонија

Општо правило
Член 338

(1) Важноста на признатата странска одлука за отворање на стечајна постапка се определува според правото на државата во која постапката е отворена доколку не е во спротивност со основните начела на стечајното право во Република Македонија и доколку со овој закон поинаку не е предвидено.
(2) Признатата странска одлука важи од денот на објавувањето на решението за признавање на огласната табла во судот според членот 334 став (4) од овој закон.

Признавање странска одлука со последица за отворање на стечајна постапка во Република Македонија
Член 344

(1) Во предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка, странскиот стечаен управник или доверителот може, како непосредна правна последица за признавање, да бара отворање на стечајна постапка во Република Македонија. Отворање на посебна стечајна постапка во Република Македонија стечајниот управник може да бара и со поднесок упатен до судот во рок од 15 дена од приемот на писменото од членот 348 став (2) на овој закон. Отворање на таа стечајна постапка доверителот може да бара и со поднесок што го упатува на судот врз основа на членот 331 став (1) точка 4 од овој закон.
(2) Во случаи од ставот (1) на овој член правните последици ги определува исклучиво стечајното право на Република Македонија, освен ако со членовите од 322 до 326 и од 345 до 350 на овој закон изричито нешто друго не е предвидено. Во тој случај, на соодветен начин, се применуваат членовите од 339 до 342 на овој закон.

Отворање на посебна стечајна постапка во Република Македонија на предлог на доверителите
Член 345

(1) Судот ќе отвори стечајна постапка на предлог на:
1) надлежниот фонд за здравствено осигурување и надлежните фондови за пензиско и инвалидско осигурување за побарувања кои, според закон, задолжително се издвојуваат од приходот, односно од

платата, како и органите на Република Македонија и нејзините единици на локалната самоуправа и Управата за јавни приходи и други побарувања кои влегуваат како приход во Буџетот и
2) вработените кај стечајниот должник со постојано место на работење во Република Македонија.
(2) На предлог од доверителите кои не припаѓаат кон доверителите од ставот (1) на овој член, судот ќе отвори стечајна постапка во Република Македонија само ако на доверителот му се стори веројатно дека намирувањето на некои побарувања во странската стечајна постапка би било врзано со посебни тешкотии.
(3) По исклучок од одредбата во ставовите (1) и (2) на овој член заради остварување што порамномерно и поцелосно намирување на доверителите на меѓународно ниво, судот нема да отвори стечајна постапка во Република Македонија ако оцени дека отворањето на таа постапка, со оглед на големината на побарувањата на доверителите од ставовите (1) и (2) на овој член, би било економски неоправдано. При оценувањето судот може да се консултира со странскиот стечаен управник.

Посебна стечајна постапка во странска држава
Член 348

(1) Ако доверителот делумно ги намири своите побарувања во посебната стечајна постапка која е отворена против стечајниот должник во некоја странска држава, а со која е опфатен само имотот на стечајниот должник во таа странска држава, тој може да го задржи примените. По одбивањето на трошоците кои доверителот ги имал во остварувањето на намирувањата во странската стечајна постапка, применото во таа постапка се пресметува во процент кој му припаѓа во посебната стечајна постапка во Република Македонија. Такво пресметување нема да има, ако доверителот делумното намирување во таа странска стечајна постапка го остварил како разлачен доверител или врз основа на дозволено пребивање.
(2) Одредбите од ставот (1) на овој член ќе се применат и кога доверителот делумно го намирил своето побарување по пат на извршна постапка во странска држава.

Глава петта
НЕПРИЗНАВАЊЕ СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Одбивање предлог за признавање
Член 351

(1) Ако го одбие предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка судот, на предлог од доверителите или стечајниот должник, ако тоа е потребно заради рамномерно намирување на сите должникови доверители, ќе отвори стечајна постапка во Република Македонија.
(2) Предлогот од ставот (1) на овој член може да се поднесе во рок од осум дена од денот на објавувањето на решението за одбивање на предлогот за признавање на странската одлука на огласната табла во судот и во "Службен весник на Република Македонија". Тој предлог може да биде содржан во поднесок кој се доставува во судот, согласно со членот 332 став (1) точка 4 од овој закон.
(3) Стечајната постапка од ставот (1) на овој член го опфаќа само имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во Република Македонија.